РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ


Билтен број 988
Скопје, 15 јуни 2010 година

**Содржина на Билтен број 988 од 15 јуни 2010 година**


**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Институцијата село како суд во традициското народно право на Македонците**, изработена од **м-р Јелена Цветановска**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје……..................................................1-5
2. Реферат за избор на асистент по предмети од областа на етнологијата и антропологијата на Институтот за етнологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**м-р Елизабета Павковиќ**)...............................................................6-9

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебното помагало (интерна скрипта) **Етиката и родот**, од **проф. д-р Сузана Симоновска** и **проф. д-р Денко Скаловски**, пријавено на Филозофскиот факултет во Скопје....................................................................................................10-15

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор во наставно-научното звање вонреден професор во наставно-научната област основи на електротехниката на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (д-р **Весна Арнаутовски-Тошева**)……......16-23

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Борче Размоски, Марина Тодоровска, Ема Димитриеска, Горан Цапевски, Ивана Ѓоргиевска, Филип Петковски, Елена Данилова, Мери Чукалеска, Никола Главинче, Марија Гроздановска, Ивана Пешиќ, Сузана Рунчева, Голуба Велковска, Кристина Ѓорѓиева, Благица Мурговска, Ивона Шушак, Мила Петрушевска, Билјана Ивановска, Александар Блажевски, Александра Тасеска, Блаже Крчински, Никола Димитровски, Марија Илиевска, Јасмина Величкова, Емилија Матевска, Дарко Бајалски, Менче Емшова, Искра Дамчевска Мартин Тодоровски, Петар Стојчески, Драгана Јашевиќ, Јане Војчевски, Димитар Влаинов, Милена Делева, Билјана Божиновска, Анета Стојческа, Цули Стојанова, Игор Мојаноски, Елена Гиновска, Емилио Фришчиќ, Славица Ничоска, Едита Насковска, Надица Гашоска Арнаутовиќ, Марија Петрова Блажевска, Нада Попева, Александра Ангеловска, Елена Иванова, Кристина Куциновска, Наташа Апостолоска, Елена Минова, Елена Паневска, Орде Ѓорѓиоски, Ивана Златкова, Весна Петровска, Добрин Каламатиев, Славчо Чалаковски, Милена Секулоска, Ана Лега, Ивана Стаматовска, Кристина Здравковска, Ирена Јоновска, Зоран Тасевски, Ивана Томовска, Билјана Несторовска, Маријана Барбарова, Љупка Цикарска, Александар Јосимовски, Елена Нешовска, Виктор Пажиќ, Симона Николиќ, Горан Каранфиловски, Симона Ангелеска, Александар Ристовски, Весна Гоцева**)...........24-30

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Горан Михајловски, Петар Клетникоски**)……...........................…......31

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. **Исправка** на Рефератот за подобност на темата за изработка на докторска дисертација под работен наслов: **Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните анти-апоптотични гени NF-kB, сурвивин и bcl-2 во култури на малигни клетки** и оспособеноста на кандидатот **м-р Игор Есмеров** за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје..........................................32

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник во предметот статистика за бизнис и економија на Економскиот факултет во Скопје (**д-р Драган Тевдовски**)....33-46
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Марија Колеќевска, Викторија Драгојевиќ, Александар Величковски, Мирослава Стевановиќ, Милица Миткова, Драгана Старковска, Радица Петревска, Симон Милошески**)....47

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**
1. Реферат за избор во звањето виш научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје (**д-р Љубица Јанчева**)....48-55
2. Рецензија на докторската дисертација **Историско-уметничките аспекти на орнаменталните мотиви во ѕиданото сликарство на споменицате во Пелагониската епархија од XII до XVII век**, изработена од **м-р Атанас Атанасоски**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје....56-58

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
1. Реферат за избор на редовен професор по предметот компаративни проекти на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Лидија Капушевска-Дракулевска**)....59-71

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник во сите звања на група наставна програма ботаника и дендрологија на Шумарскиот факултет во Скопје (**д-р Јане Ацевски**)....72-80

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
1. Рецензија на докторската дисертација **Прозата во албанската литература за деца во периодот 1945-2000 година**, изработена од **м-р Шефќет Зеколи**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....81-84
2. Рецензија на докторската дисертација **Конјункцијата како кохезивно средство во албанскиот стандарден јазик**, изработена од **м-р Зеќирија Ибрахими**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....85-89

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа болести на устата и пародонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**ас. д-р Василка Ренџова**)....90-93
2. Реферат за избор на асистент по предметот болести на забите и ендодонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Николче Јованоски**)....94-97
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Владо Ванковски**)....98-104
4. Рецензија на докторската дисертација **Инхибиција на деминерализацијата на емајлот околу брекетите во тек на ортодонтски третман in vivo и in vitro студијата** од **д-р Ефка Жабокова-Билбилова, м-р с-ци**, пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје....105-112

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**
1. Рецензија на докторската дисертација **Уставноправниот статус на Косово од 1946 до 2008 година**, изработена од **м-р Хазер Сусури**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....113-125

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Идавер Хусеини**)....126
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Наум Маневски, Владимир Бабамов, Бакарема Стивен, Кире Ѓорѓиоски, Ацо Василевски**)....127

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Унапредување на економиката во здравствените системи на земјите во транзиција**, изработена од м-р **Ванчо Велинов**, пријавена на Економскиот институт во Скопје..........128-133

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Истражување на микросателитската ДНК кај различни варијетети на домат (Lycopersicon esculentum Mill.)**, изработена од м-р **Елизабета Мискоска-Милевска**, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје..........134-138

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Механизми за реконфигурабилност на ресурси во интероперабилни хетерогени безжични средини**, изработена од м-р **Владимир Атанасовски**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје..........139-145

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Имер Зенку, Слаѓана Шавкуловска, Сузана Арсова-Костадинова)**..........146

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Златко Славенски, Каролина Накова, Елена Јаневска, Лира Грабулоска)**..........147

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по предметот болести на устата и пародонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Вера Радојкова-Николовска)**..........148-155

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на доцент по предметите: математички методи во хемиското инженерство, моделирање и симулација на хемиските процеси, оптимизација на хемиските процеси и моделирање и симулација на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Мирко Маринковски)**..........156-166

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на помлад асистент по предметите нацртна геометрија, техничко цртање, компјутерско помогнато проектирање и 3Д-моделирање во Институтот за графички комуникации на Архитектонскиот факултет во Скопје **(Филип Цеповски)**..........167-170
2. Реферат за избор на асистент по групата предмети од областа на архитектонските конструкции на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје **(м-р Димитар Папастеревски)**..........171-174

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Исправка** на Рефератот за избор на еден наставник во сите звања по предмети од областите од астрономија и општа физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 987 од 1.6.2010 година..175

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Факторска валидност на некои тестови за проценка на Eurofit-батеријата** изработена од **м-р Фадил Мамути**, пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје..........176-179

## ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија на докторската дисертација **Однесување на армиранобетонски елементи од високојакосен бетон под дејство на променливи товари во тек на време** изработена од **м-р Тони Аранѓеловски**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје..............180-185
2. Рецензија на докторската дисертација **Влијание на микроармирањето со челични влакна на однесувањето на армиранобетонските греди** изработена од м-р **Мерима Шахинагиќ-Исовиќ**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје......................186-191
3. Рецензија на докторската дисертација **Однесување на елементи од самовградувачки бетон под влијание на долготрајни дејства во тек на време** изработена од м-р **Хајдар Садику**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје..........................................192-195


## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"


1. Реферат за избор на асистент на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Наташа Басарова**)..........196-205


## ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Линдита Селмани, Викторија Мангароска, Велимир Граоркоски, Виолета Шоптевска**)..........................................................................206

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНСТИТУЦИЈАТА СЕЛО КАКО СУД ВО ТРАДИЦИСКОТО НАРОДНО ПРАВО НА МАКЕДОНЦИТЕ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈЕЛЕНА ЦВЕТАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.4.2010 година донесе, Одлука бр.07-693/16 од 6.5.2010 година, со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторскиот труд под наслов ИНСТИТУЦИЈАТА СЕЛО КАКО СУД ВО ТРАДИЦИСКОТО НАРОДНО ПРАВО НА МАКЕДОНЦИТЕ од ЈЕЛЕНА ЦВЕТАНОВСКА, магистер на етнолошки науки од Скопје. Постапувајќи според одлуката, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот на докторската дисертација со наслов ИНСТИТУЦИЈАТА СЕЛО КАКО СУД ВО ТРАДИЦИСКОТО НАРОДНО ПРАВО НА МАКЕДОНЦИТЕ, од м-р ЈЕЛЕНА ЦВЕТАНОВСКА, опфаќа обем од 250 страници компјутерски подреден текст со проред (1,5). Ракописот е поделен на 4 (четири) поглавја, при што второто и третото поглавје се носечки содржини во докторската дисертација. Второто поглавје со наслов **„Народен концепт за гревот и казната"** содржи внатрешна поделба на текстот на 8 (осум) тематски дела, и тоа: **Проблем на злото, Поимот на доброто, Дефиниција на гревот и терминологија, Тежината на гревот, Исповед и покајание, Рајот и пеколот, Село како суд и Казнување.** Третото поглавје со наслов **„Гревови и казни"**, исто така содржи внатрешна поделба на текстот на 10 (десет) тематски дела, и тоа: **Убиство, Крвна одмазда, Кражба, Поместување на меѓите, Женски неморал, Бегалка и грабена невеста, Недозволени врски меѓу сродници, Маѓесништво, Проколнување и Пакостите на вампирот.** Текстот на ракописот содржи **Завршни согледувања**, библиографија на консултирани научни и стручни трудови подредени според латиничното и кириличното писмо (вкупно 96 библиографски единици) и список на информатори од рецентните теренски истражувања на кандидатката во разни населени места низ Република Македонија.

Рецензентската комисија истакнува дека **докторската дисертација на кандидатката м-р Јелена Цветановска научно третира тема и проблематика што во македонската етнологија и културна антропологија не била досега систематски обработувана.** Богатиот теренски материјал од литературата и емпириските истажувања ја добил вистинската вредност благодарение на доброто познавање на методологијата и теориската литература од областа на правото и етнологијата, културната и социјалната антропологија. Привлечниот емпириски материјал поврзан со проблематиката на докторска дисертација, во себе крие големи шанси за научникот, но и опасности да навлезе во шпекулативна сфера доколку не поседува избалансирани знаења од областа на правото и етнологијата. Оваа „замка" била успешно избегната благодарение на специфичната стручна подготовка на кандидатката (диплома на Правен факултет и стекнат научен

степен магистер на етнолошки науки). Убедливото познавање на материјата од двете области и овозможило на кандидатката да се движи убедливо низ материјалот и да ги разрешува успешно и најделикатните прашања. Квалитетот убедливо се покажува уште во првото поглавје: **„Народното право на Балканот"**. Кандидатката со примери успешно ги поставува основите на темата, истакнувајќи дека народното право претставува најстар извор на секое право на „старите европски народи", па во таа смисла и на македонскиот. М-р Јелена Цветановска дава хронолошки преглед на културно-историските процеси во Македонија, поврзани со обидите на средновековните балкански држави да препасочат некои норми од старото народно право и да ги доведат во согласност со христијанските учења. Проследен е западноевропскиот процес на оддалечување на правната наука од живите народни општествени правни односи што се случило по „заслута" на учените правници од 18 и 19 век, кои сметале дека народното право не заслужува посебно внимание. Меѓутоа, на Балканот бавно пристигнувале овие европски влијанија. Освен тоа, тука народното право се покажало како отпорен систем на сите притисоци. Кандидатката констатирала двонасочни влијанија уште во времето на средновековното законодавство, од причини што било невозможно да се воведат правила целосно неприфатливи за народот што како реакција би предизвикало „отпор" кон државниот правен систем. Натаму кандидатката го следи процесот на враќање на старите форми на општествена организација во согласност со народното право во феудалните балкански држави што како практика продолжило и за време на турскиот период бидејќи турската држава се приспособувала на сите форми на народен живот кои директно не го загрозувале општествениот и политичкиот систем.

Кандидатката ја објаснува суштината на народното право кое функционира тесно поврзано со народната религија. Овој клучен момент за разбирање на традициското народно право на Балканот, а во таа смисла и на македонското, е поткрепен со конкретни примери, кои натаму се елаборирани во втората и третата глава на докторската дисертација.

Во втората глава, **„Народен концепт за гревот и казната"**, м-р Јелена Цветановска на суптилен начин прави избор на филозофски и теолошките размисли и учења за потеклото и смислата на злото како нужност, како проекција на човекот или негова неупатеност по однос на исходот од одредени (погрешни) постапки. Кандидатката прави преглед на ставовите, размислите и народните религиски основи за потеклото на злото и доброто. Во таа смисла, констатира дека народот **злото** го доживува како резултат на дејствување на црна магија или негативни натприродни духови и суштества (души на умрените, вампири, вештици, демони на болестите, ѓаволот како дуалистички опозит на Господ итн.). Македонските дуалистички верувања за доброто и злото, како две спротивставени сили кои се борат за превласт, се поткрепени со избрани примери на силни и сугестивни космогониски легенди. Кандидатката посочува дека **доброто** народот го одредува според народниот модел: „арно и лошо, они се скоро браќа...ама овој се вика лошо, а оној се вика арно" - односно едното се одредува во однос на другото. Кандидатката констатирала дека постои кај народот извесен идеализам, верба во етички заснованата природа на човекот и способност за разликување на доброто од злото. Со примери се докажува дека кај

Македонците етичката категорија од доменот на религијата - **грев**, се изедначува со етичката категорија од социјалната сфера - **престап**, што се потврдува со мислењето/верувањето дека „што е срамотно - тоа е и греовно". По однос на тој став, се посочува византиската практика бидејќи таму не постоела разлика меѓу световното и црковното право. Секое злосторство против државата било изедначувано со грев против Бога. М-р Јелена Цветановска истакнува дека освен терминот „грев", Македонците ги употребуваат и термините: штета, пакост, беља, грешка. Судејќи според ситуациите кои се обележани со одредени термини, терминот **„срам"** се изедначува со терминот **„совест"**, согласно со поговорката **„срамот го крепи чоека".** Овие ставови ја потврдуваат тезата дека обичајното право функционира со поддршка на народната и официјалната религија. На вредносната скала се подредени вредностите во кои верува и ги почитува народот. Рецентните емпириски теренски истражувања на кандидатката покажале дека кај Македонците на врвот на вредносната скала стојат животот, здравјето и честа, со тоа што во традициската култура, честа е на исто рамниште со животот. Таа констатација се темели врз основа на големината на казната која следува за одземена чест на маж или жена што повлекувала крвна освета како најголема казна кога и одмаздникот го ризикувал животот.

Податоците од теренските интервјуа покажале дека денес меѓу Македонците се зборува за неколку т.н. големи греови, и тоа: убиство, кражба, палење имот, правење магии, лажно заколнување, кодошење, клевета и нејзината варијанта - кудење.

Во III дел **„Гревови и казни",** кој претставува втор главен дел на докторскиот труд, кандидатката ги следи општите престапи кои според народното верување претставуваат „гревови". Списокот на „гревови" на најдобар начин го изразува народниот светоглед и микрокосмосот на селското општество, каде што поединецот бил потчинет на заедницата којашто ги штитела вредностите на традицискиот народен живот преку разни механизми за одбрана од недозволено однесување, меѓу кои најефикасно било дејствувањето на **институцијата село како суд**. Истражувањата од теренот, како и теориската литература се совпаѓаат по однос на ставот дека институцијата колективна селска одговорност одлучувала за постапките на секој член на селската заедница во јавниот и семејниот живот, но и за други престапи што ќе се случеле во нејзина средина и во рамките на селскиот атар, без оглед на тоа дали се работи за познат или непознат сторител. За грешните отстапувања од прокламираниот идеален ред следувале казни кои ги одредувало селото како врвна правна институција. М-р Јелена Цветановска нагласува дека важна алка во системот на институцијата **село како суд,** бил кметот и неговите најблиски соработници и помошници - ази, старци, викач и други. Тие организирано решавале голем број од конфликтите на начин како што пропишувале селските правила (со глоба, со заклетва/ветување од сторителот дека стореното нема да се повтори, со закани, со физички казни, поретко со ликвидација на сторител на тешки дела итн.). Дури до најново време стигаат податоци од теренот за остатоци од преживеани форми на традициските „мировни совети" кои настојувале сите конфликтни ситуации да ги разрешат во селото, за да не се создава „лоша крв" и да не се трошат пари по општини и по судови. Во десетте тематски делови од третото поглавје (**„Гревови и казни"**), насловени како: **Убиство, Крвна одмазда, Кражба, Поместу-**

**вање на меѓите, Женски неморал, Бегалка и грабена невеста, Недозволени врски меѓу сродници, Маѓесништво, Проколнување и Пакостите на вампирот,** м-р Јелена Цветановска ни ја презентира на најдобар начин етичко-моралната лепеза на македонскиот народ, почнувајќи од најтешките престапи и казни, до магиско-виртуелните формули за колективно казнување на непознат сторител.

Студиозниот приод на кандидатката м-р Јелена Цветановска и овозможил да изнесе прифатливи **заклучоци** коишто претставуваат многу значаен придонес кон македонската етнологија/културна антропологија, во поглед на истражувањето на базичните кодови на традициската култура - **традициските микроопштества (село и етнички предел) и механизмите за нивно одржување со помош на воспоставена правна рамка за разликување на „доброто" и „злото" и хиерархијата на етичко-моралните норми, со поддршка на верувањата од доменот на народната религија.**

---

**Со овој дел од докторскиот труд, како важна завршна тематска целина, доследно и сеопфатно е обработена проблематиката по однос на** ИНСТИТУЦИЈАТА СЕЛО КАКО СУД ВО ТРАДИЦИСКОТО НАРОДНО ПРАВО НА МАКЕДОНЦИТЕ. Во секој општествен модел на прифатливо, односно неприфатливо однесување, кандидатката успеала да ги идентификува етнолошките и културно-антрополошките специфичности во овој сегмент од општествената народна култура на Македонците со што наполно ја оправдала целта на темата. Во таа смисла, изнесени се конкретни резултати од истражувањата на различните механизми за одбрана на општеството од "лошо", односно „грешно" однесување, кои ефикасно ја заштитувале заедницата од ризикот на распаѓање и пропаѓање во хаосот на изгубените етичко-морални норми. Како што во повеќе наврати истакнува кандидатката, во озаднината на етичко-моралните норми стоело народното религиско мислење, обредната и магиската практика, вербалните - невербалните симболи, и други форми на народната култура кои претставувале дел од целовитоста на народниот светоглед, а во таа смисла и на народното право.

## ЗАКЛУЧОК

**Рацензентската комисија констатира дека докторската дисертација** ИНСТИТУЦИЈАТА СЕЛО КАКО СУД ВО ТРАДИЦИСКОТО НАРОДНО ПРАВО НА МАКЕДОНЦИТЕ, **на кандидатката м-р Јелена Цветановска, обработува дефицитарна тематика и проблематика во македонската етнологија/културна антропологија. Во поднесениот докторски труд, оваа тематика и проблематика се опфатени продлабочено, со изразито систематичен и методичен пристап по однос на најсуштинските аспекти на материјалот. Во таа смисла, поднесената докторска дисератација претставува многу значаен придонес кон македонската етнологија/културна антропологија, бидејќи се дефинирани посебните манифестации на базичните народни егзистенцијални категории „добро" и „зло" или како што е веќе речено „Злосторство и казна",** во македонската општестве-

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОЛОГИЈАТА И АНТРОПОЛОГИЈАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 07-807/3 од 6.5.2010 година, донесена од Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје на 22.4.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 29.3.2010, за избор на еден **асистент** по предмети од областа на етнологијата и антропологијата на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот. Комисијата се заблагодарува на довербата и по разгледувањето на доставените документи, го доставува до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот, објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 29.3.2010 година, за избор на еден асистент по предмети од областа на етнологијата и антропологијата на Институтот за етнологија и антропологија, се пријави кандидатката **м-р Елизабета Павковиќ - помлад асистент на Институтот при Факултетот.** Кандидатката ги достави до Комисијата следниве документи:

- уверение за степен на образование
- куса биографија
- примерок од објавен стручен труд
- список на објавени трудови
- уверение за државјанство
- уверение за познавање светски странски јазик

КРАТКА БИОГРАФИЈА

**Елизабета Павковиќ (родена Јовановиќ)**
**Професија:** етнолог - дипломиран етнолог и магистер на етнолошки науки.
**Наставно-научно/стручно звање:** помлад асистент за група предмети од областа на етнологијата на Институтот за етнологија и антропологија - Природно-математички факултет - Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.
**Датум на раѓање:** 5.3.1962 год. (Скопје)
**Националност**: Македонка

ОБРАЗОВАНИЕ

2009 Магистрирала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за етнологија и атропологија, со успешна јавна одбрана на магистерскиот труд: „Семејниот албум како извор за проучување на етничкиот идентитет на Мијаците".

2002/03 Се запишала на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за етнологија и антропологија, насока: етнологија на Македонците. Студиите ги завршила со просечен успех **9,62**.

2002 Дипломиран етнолог, Природно-математичкиот факултет – Скопје студии по етнологија на Институтот за географија- Завод за етнологија. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Просечен успех **9,18**.

**на народна култура и нивното препознавање во светлината на религиското мислење, обредната и магиската практика.**

**Врз основа на изнесениот заклучок, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, да ја прифати докторската дисертација „Институцијата село како суд во традициското народно право на Македонците" и кандидатката м-р Јелена Цветановска да ја повика на усна одбрана во законски определениот рок.**

С к о п ј е,
25. 5. 2010

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Анета Светиева, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
2. Д-р Љупчо С. Ристески, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.
3. Д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.
4. Д-р Весна Петреска, научен советник во Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, с.р.
5. Д-р Илина Јакимовска, доцент на ПМФ во Скопје, с.р.

1989 Завршила VI/1 степен - сметководно-финансиска насока на Економскиот факултет во Скопје и се здобила со стручен назив – економист.

1981 Завршила општа гимназија „Цветан Димов" во Скопје.

ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНОТО ИСКУСТВО

2007/08
2009/10 Помлад асистент за група предмети од областа на етнологијата и антропологијата на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот.

2006-2007 Демонстратор за група предмети од областа на етнологијата на Институтот за етнологија и антропологија, ПМФ, Скопје: зимски семестар: етнологија на европски народи I, етнологија на воневропски народи II, етнологија на Македонците I, теренска етнологија III, етнологија на Африка I, етнологија на Америка I. Летен семестар: етнологија на европски народи I, етнологија на Македонците I и теренска етнологија II.

2005-2006 Демонстратор за група предмети од областа на етнологијата на Институтот за етнологија и антропологија, ПМФ, Скопје: зимски и летен семестар: етнологија на европски народи, етнологија на воневропски народи II, етнологија на Македонците I, теренска етнологија II и теренска етнологија III.

2004-2005 Демонстратор за група предмети од областа на етнологијата на Институтот за етнологија и антропологија, ПМФ, Скопје: зимски и летен семестар: етнологија на Македонците I, теренска етнологија I, теренска етнологија II и теренска етнологија III.

2002-2003 Волонтер за техничка и стручна работа на наставните предмети и проекти на (покоен) д-р Ѓорѓи Здравев, редовен професор на ПМФ, на тогашниот Завод за етнологија при Институтот за географија.

СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ:

- англиски и српски јазик.

СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ СТАТИИ ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД 2009 - 2010

2009 Коприната во народното текстилно творештво и обичајниот живот Горна Бојмија", Социјални и духовни аспекти на материјалната култура, Институт за етнологија и антропологија – Природно-математички факултет, Скопје, 325-335.

УЧЕСТВО НА ОБУКИ, СЕМИНАРИ И КОНФЕРЕНЦИИ

2008 (септември) Меѓународна конференција „Социјални и духовни аспекти на материјалната култура", Охрид, Р. Македонија, како учесник со статија и член на организационен тим.

ЧЛЕН НА ФАКУЛТЕТСКА КОМИСИЈА

2010 Член на пописна комисија.

ЧЛЕН НА КОМИСИЈА ЗА ПОЛАГАЊЕ ДИПЛОМСКИ ИСПИТ
2010 Член на шест (6) комисии за полагање дипломски испит.

ЧЛЕНСТВО ВО ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗДРУЖЕНИЈА:
- Македонско етнолошко друштво (МЕД);
- Етнолошки образовен истражувачки центар „Растеш“, с. Растеш, Општина Самоков, Македонија.

ОБЛАСТИ НА ИНТЕРЕС И ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ:
- етнички процеси; иденититети на лица - жртви на политички и воени настани, визуелна антропологија - фотографија и други медиуми. Емпириско и теориско истражување на тема „Културата на текстилното народно творештво и процесите на појава, развој и губење на вредностите“.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ
Учество во промотивни активности на ИЕА и ПМФ:
„Денови на образование и кариера 2009" (април 2009), Скопје.

ТЕМА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД: „Семеен албум како извор за проучување на идентитетот кај Мијаците“.

ОЦЕНА НА ПЕДАГОШКАТА, СТРУЧНАТА И НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА ЕЛИЗАБЕТА ПАВКОВИЌ - ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОЛОГИЈАТА ВО 2009 И 2010 ГОДИНА

Во изборниот период 2009 - 2010, кандидатката м-р Елизабета Павковиќ била редовно ангажирана со 12 или 11 часа теориски (аудиториски) вежби неделно, од шест базични (обврзни) предмети од етнологијата - социо-културната антропологија.Паралелно со овој ангажман, кандидатката редовно вршела консултации со студентите поврзани со појаснувања на некои стручни прашања, како и во врска со процесот на работа на пријавените теми за дипломски работи.

М-р Елизабета Павковиќ е редовен придружник на студентите за време на годишните теренски истражувања, како и во меѓународните студентски проекти во земјата и во странство. Во тие прилики дојде до израз нејзината стручност како резултат на нејзината континуирана надградба во научната област на која целосно и е посветена - етнологијата и социо-културната антропологија.

По однос на научноистражувачката работа, може да се констатира дека кандидатката континуирано го градела своето лично портфолио. Треба посебно да се истакне успешната јавна одбрана на нејзиниот квалитетен магистерски труд со наслов: „Семејниот албум како извор за проучување на етничкиот идентитет на Мијаците“, што претставува резултат од истражувањето на појавите поврзани со визуелните извори добиени преку анализи на фотографиите како визуелна граѓа што говорат за идеалниот и за реалниот ред на ниво на глобалната заедница, група и поединец, односно семејството како негова референтна група.

По однос на стручно-апликативната дејност може да се констатира дека кандидатката м-р Елизабета Павковиќ учествувала во промотивни активности на Институтот и ПМФ. Главно работела на афирмација на етнологијата и социо-културната антропологија преку тематска активност во медиумите и во организираните акции за промоција на студиите по етнологија и антропологија. Кандидатката била вклучена и во дејности од поширок интерес, конкретно како член во три факултетски комисии.

почитувани членови на колективот на Институтот заради нејзината квалитетна работа, коректниот однос кон професорите, разбирањето и трпеливоста во работата со студентите.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**М-р Елизабета Павковиќ со својата досегашна активност во доменот на наставнообразовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и во дејностите од поширок интерес, во изборниот период (октомври 2009 - април 2010), покажала соодветни способности неопходни за извршување на академските обврски. Работејќи ги секојдневните задолженија со енергија и ентузијазам, таа успевала да ги заврши квалитетно и во рок сите преземени обврски што придонело да биде почитувана и ценета од професорите, колегите и студентите. Нејзината афирмација како исклучително трудољубива и надарена во научната област за којашто се определила, се потврдува и со нејзиниот квалитетен магистерски труд што јавно го одбрани во 2009 година. Врз основа на биографските, библиографските и сите други податоци што се однесуваат на стручната подготовка, педагошката, стручната и научноистражувачката активност на м-р Елизабета Павковиќ, може да се констатира дека ги исполнува законските услови и академските норми за здобивање со соработничко звање асистент на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ. Во таа смисла имаме чест да му предложиме на Стручниот совет на Институтот за етнологија и антропологија и на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, да ја избере м-р Елизабета Павковиќ во соработничкото звање АСИСТЕНТ од областа на енологијата и антропологијата.**

Скопје,
24 мај 2010

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Анета Светиева, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.
2. Д-р Љупчо С. Ристески, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.
3. Д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО (ИНТЕРНА СКРИПТА) „ЕТИКАТА И РОДОТ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р СУЗАНА СИМОНОВСКА И ПРОФ. Д-Р ДЕНКО СКАЛОВСКИ

На VII редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје бевме избрани за рецензенти на учебното помагало (интерна скрипта) „Етиката и родот“ од проф. д-р Сузана Симоновска и проф. д-р Денко Скаловски. Благодарејќи на довербата имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Институтот за родови студии на Филозофскиот факултет во Скопје го предложи издавањето на учебното помагало (интерна скрипта) „Етиката и родот“ од проф. д-р Сузана Симоновска и проф. д-р Денко Скаловски. Кон овој предлог е приложен и ракописниот текст на интерната скрипта.

Интерната скрипта „Етиката и родот“ претставува единствен научен и педагошки труд што на соодветен научен и педагошки начин ја обработува меѓусебната условеност на етичките и родовите прашања. Обработува една исклучително значајна област која досега го немаше заземено соодветното место во нашата научна теорија и образовна практика. Ова учебно помагало (интерна скрипта) претставува исклучително значајно учебникарско дело кое ќе им овозможи на студентите по родови студии да се запознаат со предметот на етиката, етичките категории, највлијателните етички теории во рамките на историскиот развиток на етичката мисла, како и да ја спознаат меѓусебната условеност и проникнатост меѓу етичките и родовите прашања.

Интерната скрипта „Етиката и родот“ содржи три глави. Во првата глава насловена „Теорија на етиката“ се обработува прашањето на основната определба на поимите „етика“ и „морал“, се дефинираат и се објаснуваат етичките категории „добро“ и „зло“. Во овој дел се елаборираат основните карактеристики на мета-етиката и се презентираат основните правци на нормативната етика. Во втората глава по хронолошки ред е изложена историјата на развитокот на етичката мисла. Презентирањето на историскиот од на етичката мисла започнува со етичките концепции на Сократ и софистите. Потоа следува презентацијата на Платоновите и Аристотеловите идеи, како и етичките концепции на Епикур, Аристип и стоичката етика, со што се заокружува прегледот на етичките теории од античкиот период. Во рамките на презентирањето на средновековната етичка мисла, експлицирани се основните поставки на христијанската и исламската етика. Во рамките на обработувањето на развиток на етичката мисла во периодот на ренесансата и на фундирањето на нововековните филозофски и етички концепции презентирани се етичките теории на

германскиот теолог, верски реформатор и филозоф Мартин Лутер, концепциите на италијанскиот ренесансен филозоф Николо Макијавели, филозофското и етичко учење на англискиот филозоф Томас Хобс, како и основните принципи на етичкото и филозофско учење на големиот филозоф, претставник на рационализмот, Барух де Спиноза, при што особено се истакнува нераскинливата поврзаност меѓу Спинозиното етичко, онтолошко, гносеолошко, теолошко и антрополошко учење со што всушност непосредно се презентира и се експлицира корелацијата и проникнатоста меѓу теориите на различните филозофски дисциплини во рамките на филозофската синопса. Во рамките на презентирањето на нововековните филозофски концепции особено внимание се посветува на етичките теории на англискиот утилитаризам, етичката мисла на Имануел Кант, етичките доктрини на волунтаристичките концепции на Артур Шопенхауер и Фридрих Ниче и етичката втемеленост на социологизмот на Емил Диркем. Внимателно се презентирани етичките концепции на егзистенцијалистичката филозофска мисла, како и основните принципи на марксистичката етика. Во рамките на презентацијата на современите етички концепции особено внимание е посветено на експликацијата на суштествените прашања на екософијата, биоетиката и еколошката етика како области на етичката мисла кои имаат големо влијание врз развитокот на етички втемелениот светоглед на современиот човек и на препознавањето на етичката одговорност на современата човечка цивилизација кон живиот свет што не окружува и кон идните генерации. Презентацијата на историскиот развиток на етичката мисла е заокружена со елаборирањето на основните поставки на постмодерната етика. Третата глава го одбележува ова дело и го издвојува од другите учебници по етика во рамките на нашата учебникарска дејност. Во третиот дел се презентираат основните принципи, учења и концептуални пристапи на феминистичката етика. Главата започнува со елаборирање на настанокот на феминистичката етика, општествениот контекст во кој таа се јавува, како и со анализа на критичката втемеленост на теориите на феминистичката етика. Следува историски осврт на феминистичките етички пристапи, при што особено внимание се посветува на етичките доктрини на Мери Вулстон Крафт, Џон Стјуарт Мил, Кетрин Бекер, Шарлот Перкинс Гилман, Елизабет Кеди Стентон, како и на интелектуалните концепции на етиката на грижата (Керол Џилиган) и етиката на односите (Нел Нодингс, Фиона Робинс). Во рамките на презентацијата на мајчинските етички пристапи, елаборирани се етичките концепции на Сара Радик, Вирџинија Хелд и Керолајн Витбек. Третата глава е заокружена со елаборација на основните принципи на феминистичките етички пристапи и критичка анализа на разликите помеѓу феминистичките етички пристапи и женските и мајчинските етички пристапи во рамките на етичките теории што во центарот на својот фокус на истражување ја имаат родовата проблемтика.

Во делото на проф. д-р Сузана Симоновска и проф. д-р Денко Скаловски, детално, прегледно и компетентно се презентирани основните

етички прашања, етички проблеми и етички теории со соодветен акцент на етичките прашања, проблеми и теории во рамките на родовата проблематика при што се експлицирани најзначајните концепции на феминистичката етика и се презентирани учењата на највлијателните филозофи и етичари кои се занимавале со овие проблеми.

**Предлог и оцена**

Интерната скрипта „Етиката и родот" од проф. д-р Сузана Симоновска и проф. д-р Денко Скаловски е исклучително вредно дело, кое ќе им овозможи на студентите по родови студии да ги совладаат основните етички доктрини, да се запознаат со основните етички принципи и да стекнат јасна претстава за историскиот развиток на етичката мисла, како и да се запознаат со непосредната проникнатост меѓу етичките и родовите прашања.

Заради исклучителните научни, сознајни, педагошки и етички квалитети на учебното помагало (интерна скрипта) „Етиката и родот" од проф. д-р Сузана Симоновска и проф. д-р Денко Скаловски, имаме чест на Наставно-научниот совет на Филозфскиот факултет во Скопје да му предложиме ова учебно помагало (интерна скрипта) да го одобри за издавање како интерна скрипта за студентите по родови студии.

Скопје, 18.5.2010 година

Рецензент
Доц. д-р Драгор Заревски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ИНТЕРНАТА СКРИПТА **ЕТИКАТА И РОДОТ**
# ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р СУЗАНА СИМОНОВСКА И ПРОФ. Д-Р ДЕНКО СКАЛОВСКИ

И додека денес, од една страна, сè повеќе се етаблира и зема замав „мнението" за непотребноста на филозофијата и нејзините „схоластички продукти", особено за илузорноста и декоративноста на етиката и нејзините напори за правилна изградба на битието во автономна етички самосвесна личност, како и обидот за нивна замена со „науките" за инстант профит и стекнување на материјални добра, од друга страна, истиот тој свет дојде до ситуација на загрозба на основите и можностите на сопствената егзистенција. Во една таква трка по профит, лека полека доаѓа до губење на човечкото во самиот човек, т.е. неговата духовност, се ништи основниот нуклеус на општеството - семејството, се кинат и онака кревките релации помеѓу луѓето, се дискриминира и се стигматизира..., а со тоа се обезвреднува и можноста за разрешување на проблемите кои се напластија. Затоа човештвото мора да се обиде да се сврти кон својата втора страна на постоењето, иако актуелноста на претходно споменатиот тренд е се уште во игра - својата духовност која може да му понуди можни разрешувања на насобраните проблеми, кон разумот, кон филозофијата, посебно кон една нејзина гранка - етиката. Мамон мора да биде супституиран со Софија!

Под мотото дека етиката и родот не се ништо помалку од она што се во теориските обмислувања и дека тие, повторно, како силни орудија за спречување на моралната ерозија на човекот би требало да се приближат и поврзат со останатите дисциплини, науки и професии, овој материјал **Етиката и родот** токму тука го наоѓа своето втемелување и оправдување како наставен прирачник.

Во овој контекст, она што материјалот, кој ми е даден на рецензирање, има да го понуди, барем во своето основно тежнение, се согледбите на авторите за можните начини на разрешување на проблемите кои во многу нешта се чинат повеќе од актуелни и бараат итно разрешување доколку сакаме човештвото да ја продолжи својата егзистенција. Токму поради тоа, поради нудењето на нови можни начини, а со тоа и укажувањата на погрешноста на доминантниот став на денешницата дека може да се живее без духовноста, сметам дека оваа интерна скрипта сосема го оправдува своето постоење и интенција да биде сосема солиден наставен прирачник во културолошката револуција на денешницата.

Оттука, овој материјал се чини како вистинско освежување за студентите по родови студии, иако тој може да се користи и како прирачник во пронаоѓањето или задржувањето на вистинскиот пат на движење на нашето битие кон неговата самореализација - човекот пред сè како етичко

битие! Ова не само поради благородната идеја - да помогне во изградбата на автономна и етички самосвесна личност, на која светот многу полага надеж, туку многу повеќе заради главната образовна и воспитна цел која овој материјал ја има - да покаже дека одуховувањето, културата и родовата освестеност на човекот се од иманентно значење за неговиот вистински развој. Со тоа сметам дека е вреден не само како наставно помагало за студентите по родови студии, како и социјална работа и социјална политика, туку и како добро четиво и дополнителна литература за студентите по филозофија, пред сè при нивната изработка на дипломските трудови.

Интерната скрипта **Етиката и родот** од авторите проф. д-р Сузана Симоновска и проф. д-р Денко Скаловски содржи 135 страници, поделени во три поглавја: „Теорија на етиката", „Кратка историја на етичките теории" и „Феминистичка етика", како што и самите автори наведуваат во својот Предговор: „е претставен основниот поимно-категоријален апарат на етиката, потоа историски приказ на главните етички правци, школи и учења", почнувајќи од Сократ па сè до постмодерната етика, како и „новите обиди за ревидирање и повторно промислување на традиционалните етички категории и вредносни судови од родов аспект", со раѓањето и втемелувањето на феминистичката етика и на нејзините пристапи, кои се чини дека денес се повеќе од нужни во изградбата на една нова „градителска" женска етика која ќе го означи крајот и разединувањето со практиката на „разрушувачката" машка етика.

Во оваа смисла, како што и наведуваат авторите: „истото се прави со цел здобивање на студентите со основни знаења од областа на етиката, но и разбирање на современите морални и етички проблеми и неприлики", кои од своја страна треба да резултираат со развивање и подигнување на нивната морална свест на едно повисоко ниво, како и „изградба на професионална одговорност во однос на изнаоѓањето на нови морални солуции, а сето низ призмата на родово-еднаквата концепција на моралноста".

Заклучно, интерната скрипта **Етиката и родот** настојува да ја изложи реалноста на идејата дека етиката, за жал, е повторно повикана на сцена во обидите да се разрешат проблемите кои останаа како багаж од индолентното однесување на луѓето низ времето, и тоа од аспект на промените кои денес генерално се случуваат во целиот свет, а посебно во философијата, како и во однос на интеркултурната философија и етика, и тоа како нов обид за спознавање и разрешување на проблемите од позиција на различни светови и културни настојувања. Сето ова значи дека ова интересно и повеќе од практично четиво се однесува на најзначајните и горчливи прашања од реалноста на денешното доба, а кои имаат голема социјално-философска, психолошка, родова и културолошка димензија и за нив во последните 15 години мошне бурно се расправа во науката.

Токму затоа, честитајќи им на авторите, овој ракопис го препорачувам за *интерна скрипта* за студентите по родови студии, социјална работа и социјална политика, но и на сите оние од хуманистичките, општествените и другите науки, како и на читателите кои се (не)уверени во можноста за справување и разрешување на моралните проблеми на општеството и денешницата.

Во Скопје, 12 мај 2010.

Рецензент
Насл. доц. д-р Дејан Донев, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР
ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОСНОВИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИКАТА НА
ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата седница одржана на 28.IV 2010 година, со одлуката број 02-1175/5 од 28.IV 2010, нè определи за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во наставно-научната област основи на електротехниката. По прегледот и врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 22.III 2010 година се пријави кандидатката д-р Весна Арнаутовски-Тошева, насловен доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје по предметите од областа основи на електротехниката.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Весна Арнаутовски-Тошева е родена на 15.XI 1961 година во Загреб, Р. Хрватска. Основно училиште и гимназија завршила во Скопје. Дипломирала на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електроника и телекомуникации, во јануари 1986 година, со практичната дипломска работа „Активни филтри". Во 1992 година го одбранила магистерскиот труд „Верификација на NC програми со примена на геометриско моделирање", со што се стекнала со звањето магистер на електротехнички науки. Докторската дисертација со наслов „Придонес кон анализата на заземјувачките системи во слоевита земја во фреквенциски домен" ја одбранила во 2004 на Електротехничкиот факултет во Скопје, со што се стекнала со звањето доктор на технички науки. Во периодот од 1986 до 1989 година д-р Весна Арнаутовски-Тошева работела во УНИС "Сувенир" во Скопје и во Самоков. Во 1989 година таа е примена како соработник на предметите од наставно-научната област основи на електротехниката при Електротехничкиот факултет како помлад асистент, а преизбрана е во истото звање во 1992 година. Во 1994 година таа е избрана во звањето асистент, а во 1999, 2002 и 2005 година е преизбрана во истото звање. За наставник во звањето насловен доцент е избрана во 2005 година.

Во учебната 2006/2007 година, како корисник на грант за индивидуална мобилност од страна на Универзитетската агенција за франкофонија, доц. Арнаутовски-Тошева била на 10-месечен постдокторски студиски престој во лабораторијата LASMEA при Универзитетот „Блез Паскал" во Клермон-Феран, Франција. Д-р Весна Арнаутовски-Тошева е член на Меѓународното здружение IEEE од 1990 година, како и на Студискиот комитет Ц-3: Електроенергетски системи и животна околина на Македонскиот комитет на СИГРЕ, од 1996 година. Активно ги познава англискиот и францускиот јазик.

НАСТАВНО-ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

По изборот во звањето насловен доцент, д-р Весна Арнаутовски-Тошева била ангажирана во изведувањето на наставата и вежбите по предметите: основи на електротехника 1 и 2. Во рамките на овие фундаментални целосно оформени курсеви, доцент Арнаутовски-Тошева пронашла начин, преку современите методи за реализација на настава и во согласност со новите трендови на болоњскиот процес, да внесе свој личен акцент во едукативниот процес низ предностите на информатичката технологија. Паралелно, за предметот компјутерски поддржано инженерство, нова наставна содржина за студентите од насоката КИЕЕ со која се воведуваат софтверските алатки во инженерството, д-р Арнаутовски-Тошева ги организирала и ги подготвила целокупните предавања и вежби, поддржани со интерни материјали за учење. На постдипломските студии на насоката електрична енергија и животна средина, кандидатката била вклучена во оформувањето на курсот електромагнетно моделирање на преодни процеси.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Од изборот во звањето доцент, д-р Арнаутовски-Тошева била исклучително посветена и на научноистражувачката работа. Резултат на нејзината интензивна научноистражувачка работа се трудовите на кои подолу се осврнуваме, како и оние што се рецензирани при претхо-

дните избори. До изборот во звањето доцент, д-р Весна Арнаутовски-Тошева како автор или коавтор има објавено 48 трудови кои се рецензирани во следниве броеви на Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј": бр. 571 од 1992 год., бр. 624 од 1994 год., бр. 716 од 1998 год., бр.793 од 2002 год. и бр.868 и 878 од 2005 год. Од изборот во звањето доцент до денес, д-р Весна Арнаутовски-Тошева има објавено 30 научноистражувачки трудови (реферати и проширени резимеа), од кои во 13 е прв автор (прилог Анекс 2).

Научните трудови на д-р Весна Арнаутовски-Тошева, според третираните проблеми, можат да се класифицираат во следниве групи:

1. Нумерички методи за решавање на електромагнетното поле од Херцов дипол

Трудовите од оваа тема ги истражуваат нумеричките постапки за решавање на Зомерфелдовиот интеграл во Гриновите функции на егзактната формулација на електромагнетното поле од Херцов дипол во бесконечен хомоген простор, полупростор или слоевита средина. Во трудот [72] е направена детална анализа на електричното и магентното поле од Херцов дипол во неограничена хомогена средина од аспект на влијанието на нивната капацитивна, индуктивната и компонентата на зрачење со однос на растојанието на точката на посматрање. Во трудот [75] е прикажана експоненцијална квазистатичка апроксимација на Гриновите функции за магнетниот вектор и електричниот скаларен потенцијал од хоризонтален Херцов дипол во хомоген проводен полупростор, додека во трудот [70] нивна апроксимацијата со методата на ликови во кои е содржан ефектот на простирање. Испитувани се домените на користење на изведените приближни формулации во однос на растојанието до точката на посматрање и фреквенцискиот опсег. Трудот [74] ја претставува експоненцијалната апроксимација на Зомерфелдовиот интеграл во Гриновата функција на полето од вертикален Херцов дипол со примена на методата на дискретни комплексни ликови. Анализирано е изведеното решение во однос на положбата на диполот и точката на посматрање. Потоа развиеното решение е применето во моделот на вертикална антена. Проблемот на решавање на сложените Гринови функции од херцов дипол во двослојно проводно тло е третиран во трудовите [71] и [54]. Во првиот е развиено решението базирано врз модификувани ликови за случај на хоризонтален дипол, додека во вториот апроксимацијата се проширува и за вертикален дипол.

2. Електромагнетни модели на жичени системи во присуство на слоевити средини

Трудовите од оваа тема претставуваат продолжување на истражувањето на д-р Весна Арнаутовски-Тошева работено во докторската дисертација. Се работи за проширување на претходно развиените нумерички модели, за анализа на заземјувачките системи во двослојно тло, за произволни жичени структури напојувани или пасивни, хоризонтални или вертикални, мрежести, поставени во слоевити средини. Моделите се базирани врз теоријата на антени и методата на моменти за решавање на соодветната интегрална равенка за електричното поле. Користени се постапки за директно нумеричко решавање на Зомерфелдовиот интеграл или апроксимација со методата на модификувани ликови со ефект на простирање. Добиените оригинални резултати во истражувањето на заземјувачите во двослојно тло на високи фреквенции изведени од различни аспекти: фреквенциски опсег, конфигурација и параметри на двослојното тло, претставуваат важен придонес и како такви се прифатени во светската научна јавност.

Во трудот [73] е дадена споредбена анализа на распределбата на струјата на хоризонтален заземјувач во хомогена земја според електромагнетниот модел и со модел базиран врз теоријата на модификувани ликови. За разлика од квазистатичкиот пристап, овде е содржан ефектот на простирање. Фреквенциска анализа на импедансата на хоризонтален заземјувач е претставена во трудот [57]. Низ детална анализа е прикажано влијанието на параметрите на двослојното тло и димензијата на заземјувачот врз импедансата на високи фреквенции. Во трудовите [59] и [65] е третиран проблемот на присуство на придружни пасивни хоризонтални спроводници покрај заземјувачот. Анализата на распределбата на струјата е изведена од аспект на различни конфигурации на заземјувачот и пасивниот спроводник, нивната заемна положба и параметрите на двослојното тло.

Особено важен придонес претставува и решавањето на комплексниот проблем на пробив на вертикални жичени структури низ двослојно тло. Врз основа на граничните услови, поставени се соодветните бранови равенки за магнетниот вектор потенцијал и електричниот скалар потенцијал од кои се изведени Гриновите функции во егзактна форма. Тие се вградени во компјутерски модел во кој се користи директно нумеричко решавање на Зомерфелдовите интеграли. Во трудот [66], развиениот модел е применет за фреквенциска анализа на вертикални

заземјувачи кои продираат низ двослојна земја. Изведени се нумерички анализи на влијанието на параметрите на двослојното тло и должината на заземјувачот во однос на распределбата на струјата во фреквенциски домен. Паралелно е развиен и упростен модел кој се базира врз теоријата на ликови со модификација по однос на постоењето на ефектот на простирање. Во трудот [55] е прикажана споредбена анализа на вертикален заземјувач кој продира низ двослојно тло со користење на електромагнетниот модел и моделот на ликови. Анализиран е доменот на употреба на упростениот модел во однос на точноста на пресметката на импедансата на заземјувачот.

Во трудот [50] се прикажани резултати од споредба на нумерички постапки за пресметка на магнетното поле во околина на жичени проводници врз основа на Био-Саваровиот закон, во доменот на пониските фреквенции, и со теоријата на антени и методата на моменти за високи и за ниски високи фреквенции. Прикажани се споредбени резултати добиени за пример на едноставна правоаголна струјна контура. Добиените нумерички резултати се споредени со сопствени мерења врз реален модел на истата контура.

Електромагнетниот модел е успешно проширен и за проблемите на моделирање на печатена плочка со конвертор на моќност како силен извор на електромагнетна интерференција. Во трудот [49] е претставена теориската подлога на моделот, каде што водовите на печатената плочка од конверторот кон товарот се моделирани како антена, додека самата плочка е моделирана како диелектричен слој опкружен со воздух. Идејата е преку анализата на геометријата на колото во однос на распределбата на електромагнетното поле да се процени оптималната конфигурацијата заради минимизирање на влијанието на полето врз присутните електронски елементи на печатената плочка. Во трудот [61], акцентот е поставен врз анализата на влијанието на геометријата на колото спрема транзиентното однесување на електричното поле и напонот на потрошувачот. Како споредба, во трудот [69] е направена анализа во фреквенциски домен на распределбата на електричното поле со користење на комерцијалниот софтвер FEKO. Во трудот [62] се анализира транзиентното електрично поле и напон на потрошувачот истовремено од аспект на геометријата на колото и големината на отпорноста на потрошувачот. Трудот [52] претставува заокружување на целокупното истражување во оваа област со приказ на моделот, теориските поставки, неговата валидација со споредба со FEKO, како и опсежен приказ на нумеричките резултати во фреквенциски и временски домен со соодветните заклучоци.

Нов интерес на истражување на кандидатката претставува проблемот на електромагнетната компатибилност во технологијата на комуникации по електроенергетските водови. Трудот [58] претставува комплетен преглед на истражувањето во овој домен од аспект на: самата технологија, топологија на системот и компонентите, фреквенцискиот опсег, појавите на кондукциона емисија и емисија со зрачење, како и нумеричките постапки за моделирање базирани врз теоријата на антени и теоријата на водови.

Во трудовите [53] и [56], најпрво идејно, а потоа и во развиена форма се третирани проблемите на развој на опрема за следење и анализа на потрошувачката на електрична енергија во електричните централи.

Во трудовите [63], [64] и [78] се прикажани постапките за мерење и добиените резултати за нивото на електромагнетното поле во околина на базните станици на мобилната телефонија и нискофреквентното електрично и магнетно поле во околина на трафостаница и високонапонски водови на реални локации во урбана средина. Резултатите се споредени со дозволените вредности според соодветните регулативи. Осврт на новите можности на новата опрема за мерење на електромагнетното поле од електроенергетски и RF-уреди, како и осврт на состојбата од аспект на воспоставување и хармонизација на регулативите од таа област се дадени во трудовите [76] и [77].

3. Анализа на еквивалентно коло на жичени структури со методата Matrix Pencil

Истражувањето во овој домен е насочено кон примена на методата Matrix Pencil со цел од транзиентниот одѕив на еден систем да се определат половите и нулите на соодветната трансфер функција на системот. Со тоа се отвора можност за определување на модел на еквивалентно коло. Во трудот [68] е прикажана постапката на екстракција на половите од функцијата на одѕив на модел на конвертор на моќност за побуда со скалеста функција. Направена е анализа на функцијата на транзиентниот напон на потрошувачот во однос на геометријата на колото на конверторот по однос на добиените резултати за половите на функцијата системот. Потоа, оваа постапка е проширена и на анализа на вертикални заземјувачи [60] и [67]. Од временскиот

одѕив за импедансата на заземјувачот на двојна експоненцијална побуда, определени се половите на функцијата на заземјувачот. Анализирана е зависноста меѓу параметрите на тлото и геометријата на заземјувачот во однос на добиените вредности на половите на функцијата. Изведено е споредување на вредностите на екстрахираните полови на функцијата со однесувањето на системите во фреквенциски домен. Испитувањата се изведени со варијација на параметрите на системите заради утврдување на меѓусебното влијание. Трудот [51] претставува заокружување на активностите од истражувањето во овој домен со систематизирање на теориските основи на методата и примената во различни системи.

## УЧЕСТВО ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ И СТРУЧНИ ПРОЕКТИ

Како што може да се проследи од Анекс 2, во изминатиов период кандидатката д-р Весна Арнаутовски-Тошева била активно вклучена во подготвување и реализација на научно-истражувачки и стручни проекти. Кандидатката била раководител на 1 билатерален, учесник во 5 меѓународни, 1 национален научноистражувачки и 1 апликативен проект. Кандидатката учествувала во подготвувањето на два меѓународни проекта во рамките на програмата FP7 MC 2008 и 2009 година.

## ЗАКЛУЧОК

Следејќи ја наставно-педагошката, научноистражувачката и стручна дејност на кандидатката, и ценејќи ги покажаните резултати, може да се заклучи дека д-р Весна Арнаутовски-Тошева во периодот од изборот во наставното звање доцент остварила богата активност во сите три дејности и постигнала значајни резултати.

Од наставно-педагошки аспект, кандидатката се развила во квалитетен наставник, успешно и професионално ги извршувала своите обврски во однос на предавањата, вежбите и консултациите со студентите. Во презентирањето на наставните содржини се покажала како квалитетен педагог, со коректен однос кон студентите, што е високо оценето од колегите и од самите студенти. Учествувала во иновирањето на наставата во фундаменталните предмети и воведувањето на нови наставни содржини.

Во поглед на научноистражувачката работа, кандидатката се потврдила како успешен и активен самостоен научен истражувач со досега објавени 78 труда, од кои најголем дел презентирани во странство. Во периодот од изборот во звањето доцент до денес, д-р Весна Арнаутовски-Тошева била автор или коавтор на 30 труда од кои во се претаставува 13 како прв автор. Трудовите се објавени и презентирани на меѓународни и домашни конференции, од кои 5 се печатени во меѓународни научни списанија. Кандидатката учествувала како раководител на 1 билатерален научноистражувачки проект и била учесник во 5 меѓународни и 1 национален научноистражувачки, како и 1 стручно-апликативен проект. Д-р Весна Арнаутовски-Тошева со своето активно учество успешно ги следи и дава придонес во научните достигнувања од областа на нејзината научноистражувачка работа. Се потенцира нејзиниот интерес за усовршување во истражувањето со остварениот постдокторски студиски престој во лабораторијата LASMEA при Универзитетот „Блез Паскал" во Клермон-Феран, Франција. Член е на IEEE, како и секретар на Студискиот комитет Ц-3 при Македонскиот комитет на МАКО СИГРЕ.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека д -р Весна Арнаутовски-Тошева ги исполнува во целост условите предвидени со Законот за високото образование за звањето во кое конкурира. Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја избере д-р Весна Арнаутовски-Тошева за наставник во звањето вонреден професор по предметите во областа основи на електротехниката.

Рецензентска комисија

1. Акад. проф. д-р Леонид Грчев, претседател с.р.
2. Проф. д-р Никола Чекреџи, член с.р.
3. Вон. проф. д-р Марија Кацарска, член с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: _Весна Миле Арнаутовски-Тошева________________________________**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии-Скопје__**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: __основи на електротехниката_______________**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава (прв циклус студии) | 12,6 |
| | - Компјутерски поддржано инженерство (3 ч), лет. 2005/06<br>- Компјутерски поддржано инженерство (3 ч), лет. 2007/08<br>- Основи на електротехника 1 (3 ч), зим. 2008/09<br>- Основи на електротехника 2 (3 ч), лет. 2008/09<br>- Основи на електротехника 1 (3 ч), зим. 2009/10<br>- Основи на електротехника 2 (3 ч), лет. 2009/10<br>- Компјутерски поддржано инженерство (3 ч), лет. 2009/10 | 1,8<br>1,8<br>1,8<br>1,8<br>1,8<br>1,8<br>1,8 |
| 2 | Одржување на вежби (прв циклус студии) | 36,9 |
| | - Основи на електротехника 1 (4+10 ч), зим. 2005/06<br>- Основи на електротехника 2 (4+4 ч), лет. 2005/06<br>- Компјутерски поддржано инженерство (2 ч), лет. 2005/06<br>- Основи на електротехника 1 (4+10 ч), зим. 2007/08<br>- Основи на електротехника 2 (4+4 ч), лет. 2007/08<br>- Компјутерски поддржано инженерство (2 ч), лет. 2007/08<br>- Основи на електротехника 1 (4+10 ч), зим. 2008/09<br>- Основи на електротехника 2 (4+8 ч), лет. 2008/09<br>- Основи на електротехника 1 (2+4 ч), зим. 2009/10<br>- Основи на електротехника 2 (2 ч), лет. 2009/10<br>- Компјутерски поддржано инженерство (2 ч), лет. 2007/08 | 6,3<br>3,6<br>0,9<br>6,3<br>3,6<br>0,9<br>6,3<br>3,6<br>2,7<br>0,9<br>0,9 |
| 3 | Одржување на консултации (прв циклус студии) | 3,286 |
| | - зимски 2005/06 (220 студенти) и летен 2005/06 (234 студенти)<br>- зимски 2007/08 (220 студенти) и летен 2007/08 (226студенти)<br>- зимски 2008/09 (217 студенти) и летен 2008/09 (205 студенти)<br>- зимски 2009/10 (205 студенти) и летен 2009/10 (116 студенти) | 0,908<br>0,892<br>0,844<br>0,642 |
| 4 | Одржување на настава (втор циклус студии) | 2,252 |
| | - Електромагнетно моделирање на преодни процеси (3 ч), зим. 2008/09<br>- консултации (1 студент) | 2,25<br>0,002 |
| 5 | Настава во летни школи и работилници | 2,0 |
| | - учесник-обучувач во акредитирана обука во програмата за модернизација на образованието во средните училишта: „Примена на современи софтверски алати за моделирање и симулација – втор дел MATLAB" (2 обуки) | 2 |
| 6 | Ментор на дипломска работа (1) | 0,2 |
| 7 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипл. работа (4) | 0,2 |
| 8 | Интерна скрипта од предавања - нов предмет: „Компјутерски поддржано инженерство | 4 |
| 9 | Интерна скрипта од вежби - нов предмет: компјутерски поддржано инженерство | 3 |
| 10 | Пакет материјали за одреден предмет - основи на електротехника 1 и 2 | 2 |
| | ВКУПНО | *66,538* |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на меѓународен научен проект | 9 |
| | - Билатерален македонско-француски научноистражувачки проект: „Електромагнетно зрачење во технологијата на пренос на информации со користење на електроенергетската мрежа во станбени комплекси", 2008-2010. | 9 |
| 2 | Учесник во меѓународен научен проект | 25 |
| | - FP6 SAFE EMF - Upgrading the Research Capacities for Safety and Health Effects of Hyman Exposure to Electromagnetic Fields, раководител: Л. Грчев, 2007-09.<br>- Joint Project for Collaboration of the Departments of Theoretical Engineering", DAAD Germany, раководител: Л. Грчев, 2007.<br>- ELISE – University Network for Academic Training in EE&IT in South-Eastern Europe (SEE), Joint German-South-Eastern European Network Project, DAAD, Germany, раководител: Л. Грчев, 2009.<br>- Modelisation electromagnetique en architecture parallele des phenomenes transitiores, ECONET 12543RM, Joint Macedonian-Croatian-French Project, раководител: Л. Грчев, 2006-07.<br>- Билатерален македонско-кинески научноистражувачки проект "Large-scale modeling for safety and quality in future efficient power systems using parallel, раководител: Л. Грчев, 2007-2009. | 5<br>5<br>5<br>5<br>5 |
| 3 | Учесник во национален научен проект | 3 |
| | - Развојно-истражувачки проект софинансиран од МОН: „Електромагнетни ефекти и методи на унапредување на заштитата", раководител: Л. Грчев. | 3 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор | 19,2 |
| | [49] **V. Arnautovski-Toseva**, Y. Rousset, K. El Khamlichi Drissi, L. Grcev, "Radiated EMI from power converters", *Serbian Journal of Electrical Engineering*, Vol. 2, No. 2, Nov. 2005, pp. 117-124.<br>[50] S. Filiposka, **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, V. Filiposki, "Computation and Measurement of Low Frequency Magnetic Field near Thin-Wire Structures", *Facta Universitatis Series: Journal of Electronics and Energetics*, Vol. 20, no. 1, April 2007, pp. 1-8.<br>[51] **V. Arnautovski-Toseva**, K. El Khamlichi Drissi, L. Grcev, "Equivalent Circuit Model of Electromagnetic Behaviour of Wire Objects by Matrix Pencil Method", *Serbian Journal of Electrical Engineering*, Vol. 5, No. 1, May 2008, pp. 1-10.<br>[52] **V. Arnautovski-Toseva**, K. El Khamlichi Drissi, Y. Rousset, L. Grcev, "Modelisation d'un Convertisseur d'energie par la Methode des Antennes", *Revue Internationale de Génie Électrique*, vol. 11, no. 2-3, Mar.-Jun. 2008, pp. 333-354.<br>[53] M. Kacarska, **V. Arnautovski-Toseva**, S. Veleva, "Automatic control of industrial peak loads", *Facta Universitatis Series: Electronics and Energetics*, vol. 22, no. 3, Dec. 2009, pp. 329-339. | 3,6<br>3,6<br>4,8<br>2,4<br>4,8 |
| 5 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | 47,1 |
| | [54] **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, K. El Khamlichi Drissi, "Comparison of Exact and Image Formulation of the Electric Field Due to Hertz Dipole in Two-Layer Soil", ISEF XIV International Symposium on Electromagnetic Fields in Mechatronics, Electrical and Electronic Engineering, Arras, France, September 10-12, 2009, CD proc. Paper 242, pp. 1-6.<br>[55] **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, "Comparison of Grounding Rod Impedance in Two-Layer Soil by Image and Electromagnetic Theory Approach", 9th International Conference on Applied Electromagnetics ПЕС 2009, Nis, Serbia, August 31 - September 02, 2009, Proc. Extend. Abs. pp.41-42.<br>[56] M. Kacarska, **V. Arnautovski-Toseva**, S. Veleva, "Automatic control of industrial peak loads", 9th International Conference on Applied Electromagnetics ПЕС 2009, Proc. Extend. Abs., pp. 89-90.<br>[57] **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, M. Kacarska, K. El Khamlichi Drissi "Electromagnetic Model for Transient Analysis of Impedance to Ground of Horizontal Grounding Systems in Two-Layer Soil", 6th Mediterranean Conference on Power Generation, Transmission and Distribution (MedPower2008), 2-5 Nov. 2008, Thessaloniki, Greece, CD proc. Paper 79, pp. 1-6.<br>[58] **V. Arnautovski-Toseva**, "EMC of Power Line Communications (PLC)", 4th International PhD Seminar: Computational electromagnetics and bioeffects of electromagnetic fields, Nis, Serbia, August 28-30, 2009, pp. 68-77.<br>[59] **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, K. El Khamlichi Drissi, "High Frequency Electromagnetic Analysis of Horizontal Grounding Conductor and Near-by Passive Parallel Conductor within Two- | 2,4<br>2,7<br>2,4<br>1,8<br>3<br>2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | layer Soil", 15th International Conference SoftCOM – Symposium on EMC, 27-29 Sept. 2007 Split, Croatia, CD proc. Paper 1753, pp. 1-6. | |
| | [60] **V. Arnautovski-Toseva**, K. El Khamlichi Dr, L. Grcev, "Equivalent Circuit Model of Electromagnetic Behaviour of Wire Objects by Matrix Pencil Method", 8th International Conference on Applied Electromagnetics ПЕС 2007, Nis, Serbia, August 31 - September 02, 2007, CD proc. Paper O3_1, pp. 1-4. | 2,4 |
| | [61] **V. Arnautovski-Toseva**, Y. Rousset, K. El Khamlichi Drissi, L. Grcev, "Transient Electromagnetic Analysis of a Power Converter Circuit", Macedonian-Polish Symposium on Applied Electromagnetics (SAEM'06), 8-10. June 2006, Ohrid, Macedonia, Symposium CD, pp. 1-6. | 1,8 |
| | [62] Y. Rousset, **V. Arnautovski-Toseva**, K. El Khamlichi. Drissi, L. Grcev, "Electric Field From High Frequency Power Converter", NUMELEC'06, 29,30 Nov - 1 Dec. 2006, Lille, France, CD proc. Extend. Abs. pcn-81. | 1,8 |
| | [63] Lj. Karajanovski, S. Petkoski, M. Kacarska, **V. Arnautovski-Toseva**, "RF Base Stations in Urban Areas and Its Radiation", International PhD Seminar: Computational electromagnetics and bioeffects of electromagnetic fields, August 28-30, 2009, Nis, Serbia, pp. 83-86. | 1,8 |
| | [64] S. Petkoski, Lj. Karajanovski, **V. Arnautovski-Toseva**, M. Kacarska, "Electric and Magnetic Field Near the Substations and Power Lines in Urban Environment", International PhD Seminar: Computational electromagnetics and bioeffects of electromagnetic fields, August 28-30, 2009, Nis, Serbia, pp. 78-82. | 1,8 |
| | [65] **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, S. Petkoski, K. El Khamlichi Drissi, "High Frequency Electromagnetic Analysis of Horizontal Grounding Conductor and Near-By Passive Parallel Conductor within Two-layer Soil", International Symposium on Electromagnetic Compatibility (EMC Europe 2008), 8-12 Sep. 2008, Hamburg, Germany, CD proc. Paper 294, pp. 1-5. | 1,8 |
| | [66] **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev K. El Khamlichi Drissi, "High Frequency Analysis of Vertical Ground Rod Penetrating Two-Layer Soil by using Complete Electromagnetic Model", International Symposium European Electromagnetics EUROEM 2008, 21-25 July 2008, Lausanne, Switzerland, CD proc. Paper E415, pp. 1-2. | 2,4 |
| | [67] **V. Arnautovski-Toseva**, K. El Khamlichi Drissi, C. Pasquier, K. Kerroum, D. Poljak, L. Grcev, "Application de la methode de «PENCIL» pour l'analyse des reponses impulsionnelles des conducteurs filaires", 14ème colloque sur la CEM, 20-23 Mai 2008, Paris, France, Session B1 pp. 1-6. | 1,8 |
| | [68] **V. Arnautovski-Toseva**, K. El Khamlichi Drissi, Y. Rousset, L. Grcev, "Modèle Equivalent Complet d'une Piste de Circuit Imprimé par la Méthode de « PENCIL »", TELECOM'2007 & 5èmes JFMMA, 14-16 Mars 2007, Fès, Maroc, pp. 248-252. | 1,8 |
| | [69] Y. Rousset, **V. Arnautovski-Toseva**, C. Pasquier, K. El Khamlichi. Drissi, L. Grcev, "Using Feko software for analysis of radiated electric field by power converters", 22nd Annual Review of Progress in Applied Computational Electromagnetics, 12-16 Mar. 2006, Miami, USA, pp. 881-888. | 1,8 |
| | [70] O. Gavriloska, M. Miroslav, **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, "Approximative Image Formulation for the Fields of a Horizontal Hertzian Dipole in Homogenous Soil", International PhD-Seminar: Numerical field computation and optimization in electrical engineering, 21-25 Sept. 2005, Ohrid, Macedonia, pp. 89-93. | 1,8 |
| | [71] G. Vladev, **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, "Approximative Image Formulation for the Fields of a Horizontal Hertzian Dipole in Two-layer Soil", International PhD-Seminar: Numerical field computation and optimization in electrical engineering, 21-25 Sept. 2005, Ohrid, Macedonia, pp. 181-186. | 2,4 |
| | [72] E. Zdravevski, **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, "Fields of a Horizontal Hertzian Dipole in an Infinite Homogenous Space", International PhD-Seminar "Numerical field computation and optimization in electrical engineering", 21-25 Sept. 2005, Ohrid, Macedonia, pp. 197-202. | 2,4 |
| | [73] M. Angelova, **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, "Comparison Between Exact and Image Model of grounding Systems", International PhD-Seminar: Numerical field computation and optimization in electrical engineering, 21-25 Sept. 2005, Ohrid, Macedonia, pp. 5-10. | 2,4 |
| | [74] E. Zdravevski, **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, "Application of Discrete Complex Images Method in Calculation of Sommerfeld Integrals", International PhD-Seminar: Computational Electromagnetics and Technical Applications, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, 28 Aug.-1 Sept. 2006, pp 257-260. | 2,4 |
| | [75] M. Miroslav, O. Gavriloska, **V. Arnautovski-Toseva**, L. Grcev, "Quasi-Static Closed-Form Green's Functions of a Horizontal Hertzian Dipole in Homogenous Soil", International PhD-Seminar: Computational Electromagnetics and Technical Applications, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, 28 Aug.-1 Sept. 2006, pp 167-170. | 1,8 |
| 6 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 3,6 |
| | [76] Л. Грчев, М. Кацарска, С. Петкоски, **В. Арнаутовски-Тошева**, „Хармонизација на стандардите и легислативата на Р. Македонија со стандардите на ЕУ за ограничување на изложеноста на електромагнетните полиња", 6 Советување на Мако Сигре, Охрид, 4-6 октомври 2009, зборник, C3-5R, pp. 1-8. | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | [77] М. Кацарска, Л. Грчев, С. Петкоски, **В. Арнаутовски-Тошева**, „Нови истражувачки можности за проценка и идентификација на електромагнетна изложеност на Центарот за електромагнетна компатибилност при ФЕИТ-Скопје", 6. Советување на Мако Сигре, Охрид, 4-6 октомври 2009, зборник, C3-5R, pp. 1-8. | 1,2 |
| | [78] Л. Грчев, М. Кацарска, С. Петкоски, Љ. Карајановски, **В. Арнаутовски-Тошева**, „Мерење на електрично и магнетно поле во урбани средини под влијание на 110 kV далноводи и 110/35/10kV трафостаници", 6 Советување на Мако Сигре, Охрид, 4-6 октомври 2009, зборник, C3-4R, pp. 1-9. | 1,2 |
| 7 | Учество на научен/стручен собир со реферат (8) | 8 |
| | ВКУПНО | *114,9* |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

**Дејности од поширок интерес**

| | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Студиски престој во странство повеќе од 6 месеци (1 престој): LASMEA Univ. Blaise Pascal Clermont-Ferrand France (1/9/2006 - 30/6/2007) | 2 |
| 2 | Студиски престој во странство до 3 месеци (5 престои): LASMEA Univ. Blaise Pascal Clermont-Ferrand France (06/2006, 11/2007, 06/2008, 02/2009, 09/2009) | 2,5 |
| 3 | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект - носител: - Билатерален македонско-француски научноистражувачки проект (2008), „Електромагнетно зрачење во технологијата на пренос на информации со користење на електроенергетската мрежа во станбени комплекси" | 2 |
| 4 | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект - соработник: - FP7 MC People 2008 - Modelling of the electromagnetic transients phenomena and their effects on electronic equipment and human beings; - FP7 MC People 2009 - Modelling of electromagnetic transients and PLC energy services | 3 |
| 5 | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - соработник: Програма за модернизација на образованието во средните училишта (2007), „Примена на современи софтверски алати за моделирање и симулација" (раководител: С. Чундева) | 0,5 |
| 6 | Учесник во стручен проект: - Програма за модернизација на образованието во средните училишта (2007), „Примена на современи софтверски алати за моделирање и симулација" | 1 |
| 7 | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир: International PhD-Seminar:n Numerical field computation and optimization in electrical engineering, Ohrid 21-25 Sept. 2005 | 1 |
| 8 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: International PhD-Seminar: Numerical field computation and optimization in electrical engineering, Ohrid 21-25 Sept. 2005 | 1 |
| 9 | Член на факултетска комисија (2) | 1 |
| | ВКУПНО | *14,0* |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | *66,538* |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | *114,9* |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | *14,0* |
| | **195,438** |

Членови на комисијата

1. Акад. проф. д-р Леонид Грчев, претседател с.р.
2. Проф. д-р Никола Чекреџи, член с.р
3. Вон. проф. д-р Марија Кацарска, член с.р

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Борче Размоски | Системот на казни во римското право со посебен осврт на институтот parricidium | Д-р В.Бучковски |
| Марина Тодоровска | Меѓународен тероризам | Д-р В.Камбовски |
| Ема Димитриеска | Жртвата и криминалот | Д-р М.Каневчев |
| Горан Цаневски | Казнено поправни установи од отворен вид | Д-р М.Каневчев |
| Ивана Ѓоргиевска | Децата како жртви на семејното насилство | Д-р М.Каневчев |
| Филип Петковски | Криминал на „белите јаки„ | Д-р М.Каневчев |
| Елена Данилова | Феноменолошки и етиолошки карактеристики на проституцијата во Република Македонија и во светот | Д-р М.Каневчев |
| Мери Чукалеска | Малолетничка деликвенција | Д-р М.Каневчев |
| Никола Главинче | Нужна одбрана | Д-р М.Каневчев |
| Марија Гроздановска | Заштита на сведоци-меѓународните аспекти и законодавството на Република Македонија | Д-р Н.Тупанчески |
| Ивана Пешиќ | Спречување на организираниот криминал | Д-р Н.Тупанчески |
| Сузана Рунчева | Казнените дела на семејното насилство во Кривичниот законик на Република Македонија | Д-р Н.Тупанчески |
| Голуба Велковска | Спречување на перење пари-компаративни аспекти | Д-р Н.Тупанчески |
| Кристина Ѓорѓиева | Семејно насилство-казнено правни аспекти | Д-р Н.Тупанчески |
| Благица Мурговска | Сообраќајна деликвенција | Д-р Г.Бужаровска |

| | | |
|---|---|---|
| | осигурување-зелен картон | |
| Драгана Јашевиќ | Правно регулирање на пазарот на недвижности | Д-р Димитар Гелев |
| Јане Војчевски | Правно регулирање на на градењето | Д-р Димитар Гелев |
| Димитар Влаинов | Управување на банките и осигурителните компании наспроти управувањето на другите акционерски друштва | Д-р Тито Беличанец |
| Милена Делева | Препорака за наградување на директорите и другите регулативи на Европската унија наспроти регулативите на Њујоршката берза | Д-р Тито Беличанец |
| Билјана Божиновска | Компаративна анализа на институционалните форми на осигурување на Република Македонија и во земјите членки на Европската унија | Д-р Тито Беличанец |
| Анета Стојческа | Компаративна анализа на институционалните форми на осигурување во Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Русија,Јапонија и Австралија | Д-р Тито Беличанец |
| Џули Стојанова | Компаративна анализа на управувањето со societas europea privata и со доо | Д-р Тито Беличанец |
| Игор Мојаноски | Исполнување на обврските на продавачот кај договорот за трговска продажба | Д-р Горан Коевски |
| Елена Гиновска | Компаративна анализа на институциите кои го вршат уписот на субјектите на упис во трговскиот регистар во Република Македонија и во неколку водечки | Д-р Тито Беличанец |

| | | |
|---|---|---|
| Ивона Шушак | Феноменологијата на трговијата со луѓе | Д-р Г.Бужаровска |
| Мила Петрушевска | Вонсудско разрешување спорови во казненото право | Д-р Г.Бужаровска |
| Биљана Ивановска | Вештачењето во кривичната постапка | Д-р Г.Калајџиев |
| Александар Блажевски | Јазични права на националните малцинства | Д-р Г.Силјановска Давкова |
| Александра Тасеска | Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права | Д-р Г.Силјановска Давкова |
| Блаже Крчински | Уставна жалба | Д-р Р.Дескоска |
| Никола Димитровски | Идентитети и глобализација | Д-р Р.Дескоска |
| Марија Илиевска | Уставно-правни инструменти на Собранието на Република Македонија за вршење на политичка контрола на Владата на Република Македонија | Д-р М.Ристовска |
| Јасмина Величкова | Избор и разрешување на судии како предуслов за независност на судството | Д-р М.Ристовска |
| Емилија Матевска | Овластувања на нотарот во вонпарничната постапка во Република Македонија и во споредбеното право | Д-р Т.Зороска Камиловска |
| Дарко Бајалски | Повреда на права од индустриска сопственост и неовластена употреба на туѓа фирма | Д-р Ј.Дабовиќ Анастасовска |
| Менче Емшова | Правни аспекти на потрошувачките кредити и кредитирањето на малото стопанство | Д-р В.Пендовска |
| Искра Дамчевска | Спречување на перење пари | Д-р Н.Тупанчески |
| Мартин Тодоровски | Развој на осигурувањето во Република Македонија | Д-р Тито Беличанец |
| Петар Стојчески | Задолжително | Д-р Тито Беличанец |

| | | |
|---|---|---|
| | земји на ранг листа на Doing business 2010 | |

# П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Емилио Фришчиќ | Доказната важност на документите во казнената постапка | Д-р Гордана Бужаровска |
| Славица Ничоска | Ингеренциите на нотарите во сферата на наследното право | Д-р Д ејан Мицковиќ |
| Едита Насковска | Казнено-правни аспекти на примена на на правото на член 10 одЕвропската конвенција за човекови права во македонската судска пракса | Д-р Владо Камбовски |
| Надица Гашоска Арнаутовиќ | Трансгенерациско научено однесување како фактор на ризик за жена - жртва на семејно насилство | Д-р Методија Каневчев |
| Марија Петрова Блажевска | Расположливи правни форми на јавно приватно партнерство | Д-р Горан Коевски |
| Нада Донева | Евтанзија | Д-р Никола Тупанчески |
| Александра Ангеловска | Казнено правни аспекти на педофилијата | Д-р Никола Тупанчески |
| Елена Иванова | Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт врз трговијата со малолетни лица | Д-р Никола Тупанчески |
| Кристина Куциновска | Финансирање на тероризмот | Д-р Никола Тупанчески |
| Наташа Апостолоска | Точење алкохолни пијалаци на малолетни лица | Д-р Никола Тупанчески |
| Елена Минова | Казнено правни аспекти на недозволената миграција | Д-р Никола Тупанчески |
| Елена Паневска | Спречување и превенција на | Д-р Методија Каневчев |

| | | |
|---|---|---|
| | наркоманијата | |
| Орде Ѓорѓиоски | Казнена одговорност на правните лица | Д-р Методија Каневчев |
| Ивана Златкова | Наркоделиквенција | Д-р Методија Каневчев |
| Весна Петровска | Феноменолошки карактеристики на организираниот криминалитет со посебен осврт на трговијата со луѓе | Д-р Гордана Бужаровска |
| Добрин Каламатиев | Социо-патолошки аспекти на самоубиствата | Д-р ГорданаБ ужаровска |
| Славчо Чалаковски | Економски криминал во стечајните постапки во Република Македонија | Д-р Владо Камбовски |
| Милена Секулоска | Смртна казна | Д-р Никола Тупанчески |
| Ана Лега | Внатрешна и надворешна контрола на друштвата за осигурување споредено со соодветните контроли во банките | Д-р Тито Беличанец |
| Ивана Стаматовска | Посредување во осугурувањето, осигурителни брокери, осигурителни брокерски работи, застапници на осигурувањето и осигурителни брокерски друштва | Д-р Тито Беличанец |
| Кристина Здравковска | Обезбедување на средствата во друштвата за осигурување и нивно управување | Д-р Тито Беличанец |
| Ирена Јоновска | Поим за осигурување, договори за осигурување, полиси за осигурување | Д-р Тито Беличанец |
| Зоран Тасевски | Видови акредитиви | Д-р Димитар Гелев |
| Ивана Томовска | Меѓународните базелски стандарди и нивното влијание врз банкарското работење во Република Македонија | Д-р Весна Пендовска |
| Билјана Несторовска | Електронски аукции | Д-р Димитар Гелев |

| | | |
|---|---|---|
| Маријана Барбарова | Берзански правила | Д-р Димитар Гелев |
| Љупка Цикарска | Правна регулација на ревизорите | Д-р Димитар Гелев |
| Александар Јосимовски | Фискален третман на микро претпријатијата во Република Македонија | Д-р Весна Пендовска |
| Елена Нешовска | Даночна прогресија версус рамен данок | Д-р Весна Пендовска |
| Виктор Пажиќ | Организација на власта во Хрватска од 1991 до денес | Д-р Рената Дескоска |
| Симона Николиќ | Парламентарна контрола над извршната власт | Д-р Саво Климовски |
| Горан Каранфиловски | Овластување на нотарот во постапката за расправање на оставина | Д-р Арсен Јаневски |
| Симона Ангелеска | Односот на медијацијата и парничната постапка во правото на Република Македонија de lege lata и de lege ferenda | Д-р Татјана Зороска Камиловска |
| Александар Ристовски | Флексибилни работни односи и флексибилен пазар на трудот | Д-р Тодор Каламатиев |
| Весна Гоцева | Биро за регионален развој – компаративни искуства | Д-р Борче Давитковски |
| | | |

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд на
Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Горан Михајловски | Јавното приватно партнерство во патната инфраструктура во Република Македонија" | Д-р Билјана Ангелова |
| 2 | Петар Клетникоски | Компаративна анализа на профитабилноста и енергетската ефикасност во органско и конвенционално производство на пченица во Овчеполскиот регион" | Д-р Наташа Данилоска |

# ИСПРАВКА

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје поради техничка грешка врши исправка во Рефератот за подобност на темата за изработка на докторската дисертација под работен наслов: **Ефекти од потиснувањето на прекумерно експримираните анти-апоптотични гени NF-kB, суровини и bcl-2 во култури на малигни клетки** и оспособеноста на кандидатот **м-р Игор Есмеров**, објавен во Билтенот на УКИМ бр. 986 од 14 мај 2010 година, за научна работа, пријавена на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и **наместо** зборовите во првата реченица „Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет“ **треба** да стојат зборовите „Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина“........32

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ СТАТИСТИКА ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.5.2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметот статистика за бизнис и економија.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" од 8.5.2010 година се пријави само кандидатот д-р Драган Тевдовски, досегашен асистент на група предмети по статистика на Економскиот факултет во Скопје.

По проучувањето на поднесената документација, како членови на Рецензентската комисија, чест ни е и задоволство да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот **д-р Драган Тевдовски** е роден на 21.1.1979 година во Скопје. Основното образование го завршил во основното училиште „Браќа Рибар" од Скопје. Средното образование го завршил во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски – Корчагин" од Скопје. Во учебната 1997/98 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје, каде што студиите ги завршил во 2002 година, на Отсекот за деловна (бизнис) економија, насока менаџмент.

Во периодот јуни - декември 2002 година работел во Извозно-кредитна банка А.Д. - Скопје, како помлад референт во девизното одделение. Во декември 2002 година е избран за помлад асистент на група предмети по статистика, а во септември 2007 за асистент на група предмети по статистика, на кое место работи до денес.

Во учебната 2002/2003 година кандидатот д-р Драган Тевдовски се запишал на **постдипломските студии статистичка анализа на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград,** Република Србија. Предвидените десет испити на студиите ги положил со **просечна оценка десет (10,00)** како најдобар студент во повеќе генерации. Магистрирал на 14.12.2006 година, по јавната одбрана на магистерскиот труд под наслов „Статистичко моделирање и портфолио оптимизација хартија од вредности – Пример Македонске берзе", со што се здобил со диплома за завршени постдипломски студии и се стекнал со академскиот степен магистер на статистички науки. Оваа диплома е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија со одлука бр. 09-3711/2 од 7.6.2007 година.

Кандидатот д-р Драган Тевдовски на Економскиот факултет во Скопје, на 17.2.2010 година, успешно **ја одбранил докторската дисертација** под наслов: „Предвидување и портфолио оптимизација на хартии од вредност од Македонската берза" и се стекнал со академскиот степен доктор на економски науки.

Активно го владее англискиот јазик. Ги има завршено сите осум степени за англиски јазик во Центарот за странски јазици од Скопје, а исто така се здобил со сертификати од St. John's School, Оксфорд, Англија, и од Euro Institute for Higher Education, Малта.

## 2. Наставно-образовна и научно истражувачка дејност

Кандидатот д-р Драган Тевдовски, во периодот од неговиот избор за помлад асистент до денес, покажа забележителна активност на полето на наставно-образовната дејност. Притоа особено внимание заслужуваат неговите ангажмани во изведувањето вежби по предметот: **статистика за бизнис и економија** на додипломските студии и лабараториските часови по предметите **мултиваријациони статистички методи, анализа на временски серии, економетриска теорија, финансиска економетрија и математичка статистика** на постдипломските студии статистички методи за бизнис и економија.

Кандидатот д-р Драган Тевдовски е еден од ретките на универзитетите во Македонија кој како асистент е автор на книга или учебник. Тој е дел од авторските тимови на **два универзитетски учебника** и **две монографии:**

1. **Статистика за бизнис и економија, четврто издание**, Економски факултет, Скопје, 2010, 625 страници. Универзитетски учебник. Коавтор: Славе Ристески.
2. **Карактеристики на пазарот на работна сила во избрани економии**, Факултет за економија и бизнис, Марибор, Словенија, 2008, 104 страници. Научна монографија (на англиски јазик). Редактори: Дарја Борших и Аленка Кавклер.
3. **Нобеловци по економија, второ издание**, Економски факултет, Скопје, 2008, 411 страници. Редактор: академик проф. д-р Таки Фити. Прилог за добитникот на Нобеловата награда за економија во 2003 година: Роберт Ф. Енгл Трети.
4. **Статистика за бизнис и економија (со ЦД), трето издание**, Економски факултет, Скопје, 2008, 605 страници. Универзитетски учебник. Коавтор: Славе Ристески.

Во 2010 година кандидатот д-р Драган Тевдовски бил претседател на Рецензентската комисија за средношколски учебник по статистика (економско-правна и трговска струка), формирана од страна на Министерството за образование на Република Македонија.

Покрај во наставно-образовната, д-р Драган Тевдовски е особено активен и во научно истражувачката дејност.Во периодот од изборот во звањето помлад асистент до денес, кандидатот д-р Драган Тевдовски ги има објавено следниве **трудови**:

1. **Cox Regression Models for Unemployment Duration in Romania, Austria, Slovenia, Croatia and Macedonia**, *Romanian Journal of Economic Forecasting*, Institute for Economic Forecasting, Букурешт, Романија, 2009, стр. 81-104. Коавтори: Дарја Борших, Аленка Кавклер, Бернард Бом, Даниела-Емануела Даначица, Ана Габриела Бабучеа, Иво Бичаник и Катерина Тошевска.
2. **Modeling Stock Market Volatility in Macedonia,** *Proceedings of International Scientific Conference: Challenges for Analysis of the Economy,*

*the Business, and Social Progress*, Szeged, Унгарија, 2009. Коавтор: Марија Трпкова.

3. **Two Step Cluster Analysis: Segmentation of 200 largest Macedonian Companies,** *Proceedings of International Scientific Conference: Challenges for Analysis of the Economy, the Business, and Social Progress*, Szeged, Унгарија, 2009. Коавтор: Марија Трпкова.
4. **The Impact of Global Recession and Policy Response – The Case of Macedonian Economy,** *Economic Policy and Global Recession*, Volume 1, University of Belgrade, Faculty of Economics, Белград, Србија, 2009, стр. 129-135. Коавтори: Леонид Наков и Марија Трпкова.
5. **Календарски ефекти на приносите на акции од Македонската берза,** *Годишник на Економскиот факултет,* том.44, Скопје, 2009, стр. 443-452.
6. **Меѓусебното влијание на демографскиот и економскиот развој на Република Македонија,** *Демографската транзиција и популационата политика во Република Македонија,* Македонско научно друштво – Битола, Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија и Здружение на граѓани за унапредување на демографскиот развој во Република Македонија „Семејство и општество", 2009, стр. 139-150. Коавтор: Марија Трпкова.
7. **Глобалната финансиска криза и економско социјалните последици во Македонија**, Прогрес, Скопје, 2009, 31 страници. Коавтори: Јонас Рахкола и Марија Стамболиева. Објавен на македонски и англиски јазик.
8. **Невработеноста во Република Македонија: карактеристики, структура и мерки**, *Годишник на Економскиот факултет,* том 43, Скопје, 2008, стр. 297 - 310. Коавтор: Славе Ристески.
9. **555 дена конзервативно владеење во Македонија**, Прогрес и Фондација Фридрих Еберт, Скопје, 2008, 28 страници. Коавтори: Марија Стамболиева и Александар Љ. Спасов. Објавен на македонски и албански јазик.
10. **Labour Market Particularities in Slovenia: Unemployment Point of View**, *Slovenia and Hungary as Partners in the Processes of National and European Socioeconomic Development*, University of Maribor, Марибор, Словенија, 2007, стр. 87-104. Коавтори: Дарја Боршиќ, Аленка Кавклер, Бернард Бом, Даниела-Емануела Даначица, Ана Габриела Бабучеа, Иво Бичаниќ и Катерина Тошевска.
11. **Elaboration of the Unemployment in the Republic of Macedonia through Duration Models**, *Proceedings of the 9th International Symposium on Operational Research*, Нова Горица, Словенија, 2007, стр. 285-290. Коавтор: Катерина Тошевска.
12. **Demystification of the Unemployment Duration in the Republic of Macedonia**, *Proceedings of International Scientific Round Table: Labour Market and the Role of Education,* Faculty of Economics and Business, University of Maribor, Словенија, 2007, стр. 26-41. Коавтор: Катерина Тошевска.
13. **Оценување и предвидување на бруто домашниот производ на Република Македонија**, *Годишник на Економскиот факултет,* том 42, Скопје, 2007, стр. 153-166. Коавтор: Славе Ристески.
14. **The Main Characteristics of the Unemployment in Macedonia,** *Proceedings from the International Scientific Conference- ECOTREND-2006,*

"Constantin Brancusi" University of Targu-Jiu, Романија, 2006. Коавтор: Катерина Тошевска.

15. **Емпирискиот распоред на приносите на македонскиот берзански индекс**, *Годишник на Економскиот факултет,* том 41, Скопје, 2006.
16. **A Method for Designing Improvements in Organizations, Products, and Services**, *Journal of the Washington Academy of Sciences*, Вашингтон, САД, 2006. Коавтори: Стјуарт Амплемби и Ирина Наумова.
17. **The Behavior of Macedonian Stock Market Index**, *International Society of Business Disciplines Conference Proceedings,* САД, 2006. Коавтор: Џорџ Жабур.
18. **Модели на преферирање на сигурност применети на акции од Македонската берза,** *Годишник на Економскиот факултет,* том 40, Скопје, 2005.
19. **Групирање на земјите во Европа според степенот на нивната развиеност**, *Годишник на Економскиот факултет,* том 39, Скопје, 2004.
20. **Граничните теореми и нивната примена во статистиката**, *Годишник на Економскиот факултет,* том 38, Скопје, 2003.

Во моментов, во подготовка или печат се следниве трудови на кандидатот:

21. **Organizational Learning Culture and Organizational Performance in Macedonian Companies**, *Journal of Knowledge Management,* 2010. Коавтори: Миха Шкерлавај, Владо Димовски, Матеј Черне, Љубомир Кекеновски и Марија Трпкова.
22. **Modeling Fiscal and Monetary Policy Interactions in Macedonia,** *Proceedings of International Conference of the Faculty of Economics - Skopje: The Challenges to Economic Theory and Policy in the Aftermath of the Global Economic Crisis,* Скопје, 2010. Коавтор: Јане Богоев.
23. **Integration of the Selected SEE Equity Markets: Cointegration Approach,** *Proceedings of International Conference of the School of Economics and Business in Sarajevo: Economic Development Perspectives of SEE Region in Global Recession Context*, Сараево, Босна, 2010. Коавтор: Славе Ристески.
24. **Applied Discriminant Analysis in Estimation of Potential EU Members,** *Proceedings of International Conference of the School of Economics and Business in Sarajevo: Economic Development Perspectives of SEE Region in Global Recession Context*, Сараево, Босна, 2010. Коавтор: Марија Трпкова.
25. **Испитување на интегрираноста на Македонската берза со неколку избрани берзи на хартии од вредност**, *Годишник на Економскиот факултет,* том 45, Скопје, 2010.

Во овој дел од рецензијата ќе биде даден краток осврт на некои од позначајните трудови на кандидатот од неговиот последен избор до денес.

1. Најзначаен труд на кандидатот од времето на изборот за асистент до овој избор е неговата докторска дисертација под наслов **Предвидување и портфолио оптимизација на хартии од вредност од Македонската берза.** Крајната цел на дисертацијата е да се определи оптималното портфолио на акции кои котираат на официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност. Решавањето на овој проблем се состои од две фази: (1) оценување на идните вредности на очекуваниот принос и ризик за секоја

хартија од вредност или група на хартии од вредност, и (2) определување на таква комбинација на хартии од вредност која ја постигнува целта - минимален ризик за определено (посакувано) ниво на очекуван принос.

Во дисертацијата, најпрво е докажано дека распоредот на дневните лог приноси на Македонскиот берзански индекс (МБИ10) не е нормален. Екстремните приноси на МБИ10 имаат поголема веројатност за остварување од тоа што го претпоставува нормалниот распоред. Дополнително, анализирано е и присуството на календарските ефекти (аномалии) на приносите на хартии од вредност од Македонската берза.

Во фазата на оценување на идните вредности на очекуваниот принос и ризик е покажано дека временската серија на дневните приноси на МБИ10 е стационарна. Идентификуван и оценет е АРМА(1,2) модел за дневните приноси на македонскиот берзански индекс. Овој модел иако добро ја предвидува просечната вредност на серијата на дневните приноси на индексот, не дава задоволителни резултати во предвидување на волатилноста на приносите.

Присуството на авторегресивните условни хетероскедастични ефекти кај дневните приноси на македонскиот берзански индекс овозможува користење на условен хетероскедастичен модел. Избран е ГАРЧ-М моделот како најадекватен. Овој модел верно го претставува движењето на волатилноста, иако има проблем со апроксимирањето на екстремните вредности.

Со цел да се обезбеди подобра апроксимација на движењата на Македонската берза се испитува нејзината интеграцијата со неколку поважни берзи. Се докажува дека постои интеграција помеѓу балканските берзи на хартии од вредност. Дополнително, извршено е моделирање на приносите на акции од Македонската берза.

Портфолио оптимизацијата се врши во просторот средина – вредност изложена на ризик. Наместо стандардната девијација (варијансата), како мерка на ризикот се користи вредноста изложена на ризик. Причина за ова е фактот што стандардната девијација не е само мерка на ризикот, туку и мерка на можностите за успех. Пресметувањето на вредноста изложена на ризик преку методот на историска симулација дава задоволувачки резултати при мерењето на пазарниот ризик на Македонската берза.

Појдовна основа за портфолио оптимизацијата во просторот средина – вредност изложена на ризик се очекуваните приноси и коваријансната матрица на избрани акции од Македонската берза. Пресметана е вар границата на ефикасни портфолија, портфолиото со глобално најмал вар и вар пазарното портфолио. Овие портфолија имаат значително подобри очекувани перформанси (принос и ризик) од сите можни комбинации на избраните акции.

2. **Коксови регресиони модели за должината на невработеноста во Романија, Австрија, Словенија, Хрватска и Македонија»,** *Romanian Journal of Economic Forecasting*, 2009. Во трудот се користи полу параметарскиот Коксов регресионен метод со цел да се моделира должината на невработеноста во пет земји од Централна и Источна Европа. Се градат Коксови пропорционални хазардни модели и Коксови регресиони модели и нивните податоци се толкуваат и се споредуваат. Се анализира влијанието на променливите возраст, пол, образование и регион на должината на невработеноста.

3. **Календарски ефекти на приносите на акции од Македонската берза**, *Годишник на Економскиот факултет,* том 44, Скопје, 2009. Целта на трудот е да утврди дали постојат календарски ефекти на

приносите на акциите од Македонската берза, односно дали приносите значајно варираат во зависност од ден во неделата или месец во годината. Ова е прво испитување на календарските ефекти на приносите на акциите во нашата земја. Во светската литература постојат бројни студии кои го документираат присуството на календарските ефекти на приносите на акции. За да се утврдат календарските ефекти се креираат два регресиони модела со вештачки променливи. Се докажуваат два календарски ефекта на приносите. Прво, просечниот приноси на македонскиот берзански индекс во понеделник е понизок од просечните приноси во другите денови во неделата во периодот на набљудување. Второ, на Македонската берза на хартии од вредност се присутни сезонски влијанија.

Во овој извештај мора да се истакне и оспособеноста на кандидатот за изработка на квантитативни анализи. Тој одлично ги познава и ги користи статистичките софтверски пакети SPSS, Minitab, SAS и EViews, математичката програма Matlab, како и програмите за графичка обработка Corel Graphics и Quark XPress.

Кандидатот д-р Драган Тевдовски не се ограничува само на академската дејност, туку е често присутен во јавноста со своите ставови за економијата. Негови **објавени колумни** се следниве:

1. **Клиф Грејнџер – омаж за славниот економетричар**, Бизнис (27.5.2010 година);
2. **Таргетирање на инфлацијата**, Бизнис, број 485 (27.4.2010 година);
3. **Ефектот на пеперутката**, Сега, број 9 (25.6.2009 година).

Комисијата сака особено да го потенцира постојаниот процес на академска изградба на кандидатот надвор од границите од нашата земја. Тој **постдипломските студии ги завршил во странство**, а успешно остварил **шест студиски престои**, присуствувал на **шест конференции** и посетил **дванаесет семинари во странство**. Дополнително, кандидатот земал учество и во **четири меѓународни проекти**. Покрај ова вредно за одбележување е дека кандидатот е член на Македонско-американската алумни асоцијација (од октомври 2008 година). Во 2008 година учествувал во процесот на селекција на кандидатите за JFDP програмата на American Councils.

Остварени студиски престои во странство:

1. Department of Statistics, **Universidad Carlos III, Мадрид**, Шпанија (октомври 2007), во рамките на ТЕМПУС-проектот „Статистички методи за бизнис и економија".
2. **Facolta di Economia "Federico Caffe", Universita degli studi Roma Tre, Рим,** Италија (ноември 2006), во рамките на ТЕМПУС-проектот „Статистички методи за бизнис и економија".
3. **The George Washington University**, **Washington DC**, САД (јануари – јуни 2006), **Junior Faculty Development Program,** финансиран од U.S. Department of State's Bureau of Educational and Cultural Affairs.
4. Faculty of Business & Law, **Staffordshire University**, **Stoke-on-Trent**, Велика Британија (октомври 2005), Individual Mobility Grant од **TEMPUS-програмата**.
5. Department for statistics, **Universitat fur Wirzchaft**, **Виена**, Австрија (ноември 2004).

6. Department for statistics and econometrics, **Faculty of Business Administration**, University "St. Kliment Ohridski", **Софија**, Бугарија (октомври 2004).

Учество на конференции, семинари и работилници во странство:

1. **South Eastern Europe as a Joint Economic Area Considering the Social Dimension**, Сараево, Босна и Херцеговина (5-6 јуни 2009). Организатор: Friedrich Ebert Stiftung.
2. **Economic Forum of Young Leaders**, Нови Сач и Крница, Полска (9-12, септември, 2008). Организатори: Youth in Action Programme, Economic Forum, Europejski Dom Spotkan: Fonadacija Nowy Staw и Fundacja Razwoju Systemu Edukacji. Клучни излагачи: Александар Квашњевски, Јан Криштоф Бијелецки, Вофганг Клемент и Роланд Дима.
3. **JFDP Regional Conference: Service Learning Implementation, Impact and Visibility**, Херцег Нови, Црна Гора (27-31 август 2008). Организатори: American Councils for International Education и Fractal.
4. **Second Conference of the Washington Academy of Sciences**, Вашингтон, САД (25-26 март 2006)
5. **International Society of Business Disciplines Conference**, Лас Вегас, САД (19-22 март 2006).
6. **Educating for a Global Workforce – The Roles and Responsibilities of University Faculty**, Вашингтон, САД (3-8 јануари 2006).
7. **Standing Up for Science – Media Workshop,** Љубљана, Словенија (23 март 2010). COST.
8. **Systematic Risks, Financial Crises and Credit – The Roots, dynamics and Consequences of the Subprime Crisis**, Брисел, Белгија (14-15 јануари 2010). COST: IS0902.
9. **Employment and Social Security Systems**, Клина, Косово (19-21 јуни 2009). Организатори: Friedrich Ebert Stiftung, Kalevi Sorsa Saatio и Прогрес институт.
10. **Second Doctoral Summer School on Research Methods**, организиран од страна на Faculty of Economics and Business Administration, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Созопол, Бугарија (7-11 јуни 2007).
11. **Methodology for Sampling in the Production of Official Statistics,** организиран од Facolta di Economia "Federico Caffe", Universita degli studi Roma Tre, во рамките SMEBE TEMPUS - проектот, во Рим, Италија (27 мај 2007).
12. **The Role of Education for the Duration of Unemployment,** организирано од страна на Austrian Science and Research Liaison Office Ljubljana и Constantin Brancusi University, Тиргу-жиу, Романија (30 март – 3 април 2007 година).
13. **Reflexivity and Fallibility: Guiding Principles for Understanding and Acting within Social Systems**, предавач Џорџ Сорос, организиран од George Washington University, Вашингтон, САД (2 мај 2006 година).
14. **Two Epistemologies and their Implications for Administrative Research**, организиран од George Washington University, Вашингтон, САД (26 април 2006 година).

15. **The Moral Consequences of Economic Growth, International Monetary Fund**, Вашингтон, САД (8 февруари 2006).
16. **International Project Management**, организиран од UNESCO и Austrian Science and Research Liason Office Ljubljana, Љубљана, Словенија (9 – 11 ноември 2005 година).
17. **The communication situation as a pedagogical tool to teach management course**, Кишињев, Молдавија (од 4 до 8 април 2005 година).
18. **E-commerce and e-government**, Рејкјавик, Исланд (од 8 до 16 јуни 2005 година).

Учество во меѓународни проекти:

1. **Systematic Risks, Financial Crises and Credit – The Roots, dynamics and Consequences of the Subprime Crisis**, Кост-акција (2009-2014). Член на менаџмент-одборот.
2. **Statistical Methods for Business and Economics**, проект на Европската комисија од ТЕМПУС-програмата (2006-2009).
3. **The Role of Education for the Duration of Unemployment**, финансиран од Austrian Science Liaison Office Ljubljana и Centre for Social Innovation, Виена, под покровителство на Австриското федерално министерство за образование, наука и култура (2006-2007).
4. **Global Competitiveness program**, реализиран од страна на Ohio University, САД и Економскиот факултет во Скопје (2003).

Вреди да се истакне дека кандидатот д-р Драган Тевдовски одржувал предавања и курсеви на бизнис-заедницата. Како позначајни треба да се издвојат:

1. Во рамките на **Првата обука за инвестициони советници**, организирана од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, одржувал предавања по предметите: **квантитативни методи** и **статистика** и **портфолио менаџмент**.
2. **Статистичка анализа во SPSS за вработени од T-Mobile Македонија.**

Кандидатот е секретар на Катедрата за математика, статистика и информатика и на постдипломските студии по менаџмент во осигурувањето.

## Заклучок и предлог

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата во наведениот состав смета дека кандидатот д-р Драган Тевдовски остварил завидни резултати во наставно-образовната и научно-стручната дејност. Најважните аспекти на овој заклучок на Комисијата се следниве:

- Кандидатот д-р Драган Тевдовски успешно ја одбранил докторската дисертација од областа на финансиската економетрија и се стекнал со научниот степен доктор на економски науки.

- Кандидатот со просечна оценка десет (10,00) ги завршил постдипломските студии статистичка анализа.
- Кандидатот е коавтор на два универзитетски учебника и е дел од авторските тимови на две научни монографии. Објавил 20 научни трудови, при што дел од нив се во коавторство со реномирани професори од земјава и од странство.
- Кандидатот континуирано од својот избор во звањето помлад асистент до денес се доусовршувал надвор од нашата земја. Остварил шест студиски престои во странство, земал учество на шест конференции и дванаесет семинари надвор од нашата земја. Работел на четири меѓународни проекти.

Поради тоа, а во согласност со Законот за високото образование и Правилникот на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот да го избере д-р Драган Тевдовски за **наставник по предметот статистика за бизнис и економија, во звањето доцент**.

Скопје, 31.5.2010 година

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Славе Ристески, с.р.
2. Проф. д-р Александар Ќурчиев, с.р.
3. Проф. д-р Драге Јанев, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Драган Стојче Тевдовски**
**Институција: Економски факултет - Скопје**
**Научна област: економија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби (статистика за бизнис и економија: 8ч.н. * 15 нед. * 0,03 * 8 семестри = 28,8 поени) | 28,8 |
| 2. | Консултации со студенти (статистика за бизнис и економија: 800 студенти * 0,002 * 8 семестри = 12,8 поени) | 12,8 |
| 3. | Изменето и дополнето издание на учебник<br>- коавтор (2*3 поени = 6 поени)<br>1. Статистика за бизнис и економија, четврто издание, Економски факултет, Скопје, 2010, 625 страници. Универзитетски учебник. Коавтор: Славе Ристески.<br>2. Статистика за бизнис и економија (со ЦД), трето издание, Економски факултет, Скопје, 2008, 605 страници. Универзитетски учебник. Коавтор: Славе Ристески.) | 6,0 |
| 4. | Рецензент на учебник за средно образование<br>(претседател на Рецензентската комисија за средношколски учебник по статистика (економско-правна и трговска струка), формирана од страна на Министерството за образование на Република Македонија. Рецензија на два учебника: 2*0,05= 1 поен) | 1,0 |
| 5. | Пакет материјали за одреден предмет<br>(статистика за бизнис и економија: Пакет материјали 2008 година – ЦД РОМ и Пакет материјали 2010 година – веб страница: 2 * 1 поен = 2,0 поени) | 2,0 |
| | **Вкупно** | **50,6** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза<br>(„Предвидување и портфолио оптимизација на хартии од вредност од Македонската берза", Економски факултет – Скопје, 2010 година) | 8,0 |
| 2. | Одбранета магистерска теза<br>(„Статистичко моделирање и портфолио оптимизација на хартии од вредност – пример од Македонската берза", Економски факултет во Белград, 2006 година.) | 4,0 |
| 3. | Учесник во меѓународен научен проект (4*5 поени = 20 поени) | 20,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Systematic Risks, Financial Crises and Credit – The Roots, dynamics and Consequences of the Subprime Crisis, COST, член на менаџмент-одборот (2009-2014).<br>2. Statistical Methods for Business and Economics, ТЕМПУС (2006-2009).<br>3. The Role of Education for the Duration of Unemployment, финансиран од Austrian Science Liaison Office Ljubljana и Centre for Social Innovation, Виена, под покровителство на Австриското федерално министерство за образование, наука и култура (2006-2007).<br>4. Global Competitiveness program, реализиран од страна на Ohio University, САД и Економски факултет - Скопје (2003). | |
| 4. | Дел од монографија објавен во странство<br>(Карактеристики на пазарот на работна сила во избрани економии, Факултет за економија и бизнис, Марибор, Словенија, 2008, 104 страници. Научна монографија (на англиски јазик). Редактори: Дарја Боршиќ и Аленка Кавклер) | 6,0 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (труд под реден број 1: 60% од 4 = 2,4 поени; труд под реден број 2: 80% од 4 = 3,2 поена; труд под реден број 3: 60% од 4 = 2,4 поени; труд под реден број 2: 80% од 4 = 3,2 поена. Вкупно: 11,2 поена)<br>1. Cox Regression Models for Unemployment Duration in Romania, Austria, Slovenia, Croatia and Macedonia, *Romanian Journal of Economic Forecasting*, Institute for Economic Forecasting, Букурешт, Романија, 2009, стр. 81-104. Коавтори: Дарја Боршиќ, Аленка Кавклер, Бернард Бом, Даниела-Емануела Даначица, Ана Габриела Бабучеа, Иво Бичаниќ и Катерина Тошевска.<br>2. The Impact of Global Recession and Policy Response – The Case of Macedonian Economy, *Economic Policy and Global Recession*, Volume 1, University of Belgrade, Faculty of Economics, Белград, Србија, 2009, стр. 129-135. Коавтори: Леонид Наков и Марија Трпкова.<br>3. Labour Market Particularities in Slovenia: Unemployment Point of View, *Slovenia and Hungary as Partners in the Processes of National and European Socioeconomic Development*, University of Maribor, Марибор, Словенија, 2007, стр. 87-104. Коавтори: Дарја Боршиќ, Аленка Кавклер, Бернард Бом, Даниела-Емануела Даначица, Ана Габриела Бабучеа, Иво Бичаниќ и Катерина Тошевска.<br>4. A Method for Designing Improvements in Organizations, Products, and Services, *Journal of the Washington Academy of Sciences*, Вашингтон, САД, 2006. Коавтори: Стјуарт Амплемби и Ирина Наумова. | 11,2 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание (Труд под реден број 1: 2 поена; труд под реден број 2: 90% од 2 = 1,8 поени; труд под реден број 3: 80% од 2 = 1,6 поени; труд под реден број 4: 90% од 2 = 1,8 поени; труд под реден број 5: 80% од 2 = 1,6 поени; труд под реден број 6: 90% од 2 = 1,8 поени; труд под реден број 7: 2 поена; труд под реден број 8: 2 поена; труд под реден број 9: 2 поена; труд под реден број 10: 2 поена. Вкупно: 18,6 поени)<br>1. Календарски ефекти на приносите на акции од Македонската берза, *Годишник на Економскиот факултет*, том 44, Скопје, 2009, стр. 443-452.<br>2. Меѓусебното влијание на демографскиот и економскиот развој | 18,6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на Република Македонија, *Демографската транзиција и популационата политика во Република Македонија,* Македонско научно друштво – Битола, Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија и Здружение на граѓани за унапредување на демографскиот развој во Република Македонија „Семејство и општество", 2009, стр. 139-150. Коавтор: Марија Трпкова.<br>3. Глобалната финансиска криза и економско социјалните последици во Македонија, Прогрес, Скопје, 2009, 31 страница. Коавтори: Јонас Рахкола и Марија Стамболиева. Објавен на македонски и англиски јазик.<br>4. Невработеноста во Република Македонија: карактеристики, структура и мерки, *Годишник на Економскиот факултет,* том 43, Скопје, 2008, стр. 297 - 310. Коавтор: Славе Ристески.<br>5. 555 дена конзервативно владеење во Македонија, Прогрес и Фондација „Фридрих Еберт", Скопје, 2008, 28 страници. Коавтори: Марија Стамболиева и Александар Љ. Спасов. Објавен на македонски и албански јазик.<br>6. Оценување и предвидување на бруто домашниот производ на Република Македонија, *Годишник на Економскиот факултет,* том 42, Скопје, 2007, стр. 153-166. Коавтор: Славе Ристески.<br>7. Емпирискиот распоред на приносите на македонскиот берзански индекс, *Годишник на Економскиот факултет,* том 41, Скопје, 2006.<br>8. Модели на преферирање на сигурност применети на акции од Македонската берза, *Годишник на Економскиот факултет,* том 40, Скопје, 2005.<br>9. Групирање на земјите во Европа според степенот на нивната развиеност, *Годишник на Економскиот факултет,* том 39, Скопје, 2004.<br>10. Граничните теореми и нивната примена во статистиката, *Годишник на Економскиот факултет,* том 38, Скопје, 2003. | |
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>(Труд под реден број 1: 90% од 2 = 1,8 поени; труд под реден број 2: 90% од 2 = 1,8 поени; труд под реден број 3: 90% од 2 = 1,8 поени; труд под реден број 4: 90% од 2 = 1,8 поени. Вкупно: 7,2)<br>1. Modeling Stock Market Volatility in Macedonia, *Proceedings of International Scientific Conference: Challenges for Analysis of the Economy, the Business, and Social Progress*, Szeged, Унгарија, 2009. Коавтор: Марија Трпкова.<br>2. Two Step Cluster Analysis: Segmentation of 200 largest Macedonian Companies, *Proceedings of International Scientific Conference: Challenges for Analysis of the Economy, the Business, and Social Progress*, Szeged, Унгарија, 2009. Коавтор: Марија Трпкова.<br>3. Elaboration of the Unemployment in the Republic of Macedonia through Duration Models, *Proceedings of the 9th International Symposium on Operational Research*, Нова Горица, Словенија, 2007, стр. 285-290. Коавтор: Катерина Тошевска.<br>4. The Main Characteristics of the Unemployment in Macedonia, *Proceedings from the International Scientific Conference-ECOTREND-2006,* "Constantin Brancusi" University of Targu-Jiu, Романија, 2006. Коавтор: Катерина Тошевска. | 7,2 | |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>(Труд под реден број 1: 90% од 3 = 2,7 поени; труд под реден број 2: 90% од 3 = 2,7 поени. Вкупно: 5,4) | 5,4 | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Demystification of the Unemployment Duration in the Republic of Macedonia, *Proceedings of International Scientific Round Table: Labour Market and the Role of Education*, Faculty of Economics and Business, University of Maribor, Словенија, 2007, стр. 26-41. Коавтор: Катерина Тошевска.<br>2. The Behavior of Macedonian Stock Market Index, *International Society of Business Disciplines Conference Proceedings*, САД, 2006. Коавтор: Џорџ Жабур. | |
| 9. | Пленарно предавање на научен/стручен собир<br>1. Втора политичка академија за социјална демократија. Организатори: Friedrich Ebert Stiftung, Olof Palme International Center и Прогрес. Предавање на тема: Социјалдемократски економски модел. Период: октомври 2009 година. | 2,0 |
| 10. | Секциско предавање на научен/стручен собир<br>(4 * 1 поен = 4 поени)<br>1. Прва обука за инвестициони советници. Организатор: Комисија за хартии од вредност на Република Македонија. Предмет: портфолио менаџмент. Период: јуни 2007 година.<br>2. Специјалистички курс: Прва обука за инвестициони советници. Организатор: Комисија за хартии од вредност на Република Македонија. Предмет: квантитативни методи и статистика. 8 часа. Период: мај – јуни 2007 година.<br>3. Статистичка анализа во SPSS. Организатор: T-Mobile Македонија. 30 часа. Период: декември 2009 година.<br>4. Статистичка едукација. Организатор: T-Mobile Македонија. Период: ноември-декември 2008 година. | 4,0 |
| | **Вкупно** | **86,4** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Стручна монографија<br>(60% од 8: 4,8 поени)<br>1. Нобеловци по економија, второ издание, Економски факултет, Скопје, 2008, 411 страници. Редактор: акад. проф. д-р Таки Фити. Прилог за добитникот на Нобеловата награда за економија во 2003 година: „Роберт Ф. Енгл Трети". | 4,8 |
| 2. | Експертски активности<br>(2 * 1 поен = 2 поена)<br>1. Поштенска банка АД Скопје<br>2. Прогрес | 2,0 |
| 3. | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот<br>(5 * 0,5 поени = 2,5 поени)<br>1. Саем на образование, 2005.<br>2. Саем на образование, 2006.<br>3. Саем на образование, 2007.<br>4. Саем на образование, 2008.<br>5. Саем на образование, 2009. | 2,5 |

| Дејности од поширок интерес | | |
|---|---|---|
| 1. | Студиски престој во странство<br>- до три месеци (5 * 0,5 поени = 2,5 поени)<br>1. Department of Statistics, Universidad Carlos III, Мадрид, Шпанија (октомври 2007), во рамките на ТЕМПУС-проектот „Статистички методи за бизнис и економија".<br>2. Facolta di Economia "Federico Caffe", Universita degli studi Roma Tre, Рим, Италија (noemvri 2006), во рамките на ТЕМПУС-проектот „Статистички методи за бизнис и економија".<br>3. Faculty of Business & Law, Staffordshire University, Stoke-on-Trent, Велика Британија (oktomvri 2005), Individual Mobility Grant од TEMPUS-programata.<br>4. Department for statistics, Universitat fur Wirzchaft, Виена, Австрија (noemvri 2004).<br>5. Department for statistics and econometrics, Faculty of Business Administration, University "St. Kliment Ohridski", Софија, Бугарија (oktomvri 2004).<br>- до шест месеци (1 * 1 поен = 1 поен)<br>1. The George Washington University, Washington DC, САД (Јануари – Јуни, 2006), Junior Faculty Development Program, финансиран од U.S. Department of State's Bureau of Educational and Cultural Affairs. | 3,5 |
| 3. | Член на факултетска комисија<br>(5 * 0,5 = 2,5 поени)<br>1. Комисија за попис, 2006 година.<br>2. Комисија за AACSB-акредитација, 2005 - 2008 година.<br>3. Комисија за самоевалуација, 2005 - 2009 година.<br>4. Комисија за самоевалуација, 2010 година.<br>5. Комисија за отуѓување на расходуваните средства, 2003 година. | 2,5 |
| | **Вкупно** | **15,3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 50,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 86,4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 15,3 |
| **Вкупно** | **152,3** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Славе Ристески, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Александар Ќурчиев, член, с.р.
3. Проф. д-р Драге Јанев, член, с.р.

# ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Марија Колеќевска | "Микрофинсирањето на малите бизниси-неговата реална моќ и ограничувања" | акад.проф.д-р Таки Фити |
| Викторија Драгојевиќ | "Сметководствениот систем во јавниот сектор во функција на меѓународно финансиско комуницирање" | проф.д-р Зоран Миновски |
| Александар Величковски | "Додадена бизнис вредност на компјутерското работење во облак за претпријатијата" | проф.д-р Сашо Јосимовски |
| Мирослава Стевановиќ | "Електронско банкарство-трендови и предизвици" | проф.д-р Љубе Трпески |
| Милица Миткова | "Улогата на Меѓународниот монетарен фонд во унапредувањето на меѓународната монетарна политика" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Драгана Старковска | "Интеракција на конзумеризмот и етиката во детскиот маркетинг" | проф.д-р Снежана Р. Јовановска |
| Радица Петревска | "Влијание на постkуповното однесување и жалбите на потрошувачите врз стратегиите за позиционирање на пазарните следбеници" | проф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Симон Милошески | "Примена на економетриски методи во оценување на моделот за вреднување на капитални средства (CAPM)" | проф. д-р Весна Буцевска |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за национална историја во Скопје, на својата седница одржана на 17.3.2010 година, не именува за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Нада Јурукова и проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, за кандидатката д-р Љубица Јанчева, научен соработник во ИНИ, која се пријави на објавениот конкурс во весникот „Време" од 24.12.2010 година, за предвремен избор во звањето виш научен соработник. Врз основа на доставените и темелно проучени материјали, Комисијата има чест до Советот на Институтот да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Д-р Љубица Јанчева е родена на 26 јануари 1969 година во Струмица, каде што го завршила основното и средното образование.

Во учебната 1987/88 година се запишала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", - Филозофски факултет - Институт за историја, каде што дипломирала во 1992 година. Во текот на студирањето, за покажаните особени резултати во студирањето и била доделена стипендијата од фондот „Атанас Близнаков", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

На постдипломски студии, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", - Филозофски факултет - Институт за историја се запишала во учебната 1995/96 година. Во 1997 година стапила на работа во Институтот за национална историја (ИНИ), како помлад асистент - истражувач, во Одделението за историјата на македонскиот народ (1941-1991).

На 1.7.2000 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Народната власт во струмичко-радовишкиот регион 1941-1945 година", и се здобила со звањето магистер на историски науки. Веднаш потоа е избрана во звањето асистент - истражувач (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 766 од 15 ноември 2000 година). Согласно со законските норми, со одлука на Советот на ИНИ од 13.10.2005 година, д-р Љубица Јанчева е преизбрана во звањето асистент - истражувач (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 875 од 15 јуни 2005 година).

На 21.7.2006 година, во рамките на Секторот за настава на постдипломските и докторските студии при Институтот за национална историја ја одбранила докторската дисертација „Историско-политичките основи за осамостојувањето на Република Македонија 1971-1991 година" и се здобила со титулата доктор на историски науки. По ова, на 26.12.2006 година, избрана е во научното звање научен соработник (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр. 908 од 1 декември 2006 година).

## Научноистражувачка активност

Кандидатката д-р Љубица Јанчева, во периодот од последниот избор до денес, учествувала во повеќе програмски активности на ИНИ. Основна нејзина научна преокупација е проучување на клучните историски собитија, настани, појави и процеси од новата и најновата историја на Македонија и македонскиот народ. За фундирање на научната дејност во изминатиот период истражувала во повеќе домашни и странски архиви, библиотеки и научни институти.

Раководител е на научноистражувачкиот проект „Економската политика на Извршниот совет на СРМ 1963-1991". Во македонската историографија, во изминатиот период се давале позитивни оценки за економската политика, односно инвестиционите достигнувања во Македонија во посочениот период. Во последната деценија сведоци сме на пласирање на негативни критички опсервации за истото прашање, без соодветна научна анализа на реалните тогашни текови, со која би се добила сосема поинаква димензија на тогашниот економски систем. Токму во тоа и се состои сижето на научното истражување на пријавениот научен проект и очекуваните резултати од него.

Д-р Љубица Јанчева е автор на монографијата „Народноослободителните одбори во струмичко-радовишкиот регион 1941-1945, ИНИ, Скопје, 2009, 247". Монографијата е резултат на повеќегодишни истражувања, со чиешто објавување е надополнета една празнина во македонската историографија во потесна смисла на зборот. Имено, прашањето за создавањето и дејствувањето на НОО, монографски, досега не е обработено. Во монографијата е презентиран процесот на појавата, растот и функционирањето на НОО во струмичко-радовишкиот регион, како и тоа, колку тие одбори имаа влијание врз развојот на НОАВ во регионот, нејзиното победоносно завршување и нивното функционирање во првите месеци по ослободувањето. Таа концепциски е базирана на богата документација и литература од домашна и странска провениенција. Посебен белег во делото претставува презентираната научна фактографија, фундирана наползувани бројни, необјавени архивски документи кои на трудот му даваат научна тежина. Документите кои за првпат се цитираат се ползувани од Државниот архив на Република Македонија, подрачните одделенија во Штип и Струмица, архивот при ИНИ, Архивот на Југославија во Белград, Република Србија, како и од Централниот државен архив на Република Бугарија во Софија. Трудот фактографски е надополнет и со презентираните сеќавања на современиците и неколкуте автентични фотографии. За истата монографија, таа е добитник на годишната општинска награда „Свети петнаесет тивериополски свештеномаченици"- за значаен придонес во истражувањето на историјата и културата, за тековната 2009 година, којашто ја доделува Советот на општина Струмица.

Во известјаниот период, д-р Љубица Јанчева, со свои научни трудови и дискусии учествувала и на повеќе домашни и меѓународни научни собири, конференции и конгреси, меѓу кои: меѓународната научна конференција *Транзициите во историјата и културата*, на којашто кандидатката учествуваше со прилог под наслов „Транзиционите либералистички тенденции во Македонија во текот на 70-тите години на XX век"; меѓународниот научен собир *Македонија и соседите*, со прилог „Македонија и соседите во надворешната политика на Југославија (1971-1991)"; научната конференција *Македонија меѓу Византискиот комонвелт и Европската унија*, со прилог

„СРМ-Република Македонија: чекори кон самостојност и независност"; научниот симпозиум *60 години од егзодусот и Граѓанската војна*, со прилог „Погромот на населението од Кукуш и Кукушко во текот на Втората балканска војна"; меѓународната научна конференција *Македонија-Полска историја, јазик и култура*, со прилог „Македонија и Полска во европските интегративни процеси"; меѓународниот научен собир *Шеесет години од завршувањето на Граѓанската војна во Грција-причини и последици*, со прилог „Британски согледувања за положбата на Македонците во Егејскиот дел на Македонија во Втората светска војна" (коавтор).

Покрај ова, д-р Љубица Јанчева била и рецензент на повеќе монографии и зборници на документи, меѓу кои: *Институционалниот развиток на високото образование во Република Македонија (1919-1949), Документи*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2007, 251; Новица Вељановски, *Македонско-чехословачки културолошки релации во XX век*, Македонска реч, Скопје, 2009, 457; *Чехословачки дипломатски документи за Македонија (1976-1990)*, т.4, ДАРМ, Скопје, 2009, 473.

Кандидатката во изминатиот период била и член на повеќе организациони/редакциски одбори за организирање на научни собири и објавување на научни зборници од нив, меѓу кои во: организациониот одбор на меѓународната научна конференција „Историја, историографија и настава по историја", организациониот одбор на меѓународниот научен собир „Македонскиот идентитет низ историјата" (секретар), редакцискиот одбор за подготовка на зборникот трудови од научниот собир „60 години од егзодусот и Граѓанската војна", како и во редакцискиот одбор за подготовка на зборник трудови од меѓународниот научен собир „Македонскиот идентитет низ историјата" (секретар). Освен тоа, таа е и член на редакцијата на месечникот „Борец", гласило на СЗБ од НОАВМ.

## Наставна дејност

Во Секторот за настава на постдипломските и докторските студии при ИНИ, д-р Љубица Јанчева, со одлука на Советот на ИНИ од 31.1. 2007 година, е избрана за предавач на постдипломските студии, за неколку студиски подрачја. Во извештајниот период таа одржуваше консултации и испити по предметите: национална историја на македонскиот народ 1945-1991 година, современа македонска држава и големите сили по Втората светска војна. Била и член на повеќе комисии за одбрана на магистерски и докторски тези, меѓу кои: Елена Перчинкова, магистерски труд со наслов „НАТО-развој, политика и цели 1949-1989", Зекрија Реџепи, докторска дисертација со наслов „Идејата за обединета Европа-историја, развој и перспективи", како и на комисии за оцена на подобност на теми и подобност на кандидати за магистерски и докторски трудови, меѓу кои: Арсе Петревски, „Дипломатските односи на Обединетото Кралство и Република Македонија (1991-2001)" (докторска дисертација), Гордана Плетварска, „Промената на сопственичките односи во ДФМ (1944-1953)" (докторска дисертација), Елена Перчинкова, „Студената војна како израз на биполарните меѓународни односи 1945-1991" (докторска дисертација), Јордан Поп-Атанасов, „Разузнавачките служби на Балканот и криптологијата како метод на работа (1941-1960)" (докторска дисертација), Јетон Доко, „Иселувањето на муслиманско население во Федеративна Народна Република Македонија со посебен осврт на Албанците од Македонија во Република Турција (1953-1966)" (магистерски труд) и Невен Радичевски, „Либерализмот во Македонија (1966-1974)" (магистерски труд).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погоре изнесеното за научноистражувачката и наставната активност на кандидатката д-р Љубица Јанчева, како членови на Рецензентската комисија сметаме дека таа во изминатиот период покажала и постигнала значајни резултати во доменот на нејзината научно-истражувачка и наставна работа.

Комисијата, констатира дека кандидатката, во согласност со критериумите од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Службен весник на РМ, 82/2009) на Министерството за образование и наука и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (Универзитетски гласник бр. 138/2009), ги исполнува барањата и критериумите за предвремен избор во звањето виш научен соработник.

Затоа имаме чест на Советот на ИНИ да му предложиме д-р Љубица Јанчева, научен - соработник при ИНИ, во Одделението за историјата на македонскиот народ (1941-1991), да ја избере во звањето виш научен соработник.

### РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Марјан Димитријевски, научен советник с.р.

2. Проф. д-р Нада Јурукова, научен советник с.р.

3. Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, научен советник с.р.

## Список на научни трудови објавени по изборот во звањето научен соработник

**Монографии:**

- *Народноослободителните одбори во струмичко-радовишкиот регион 1941-1945*, ИНИ, Скопје, 2009, 247.

**Трудови објавени во научни списанија:**

- Осврт кон формирањето на самостојна, суверена независна Република Македонија, *Гласник на ИНИ* 50/1, Скопје, 2006, 169-179;
- Кратово во административно-територијалните поделби на Македонија 1944-2004, *Музејски гласник, вол.4, пп. 1-257, Кратово 2007,* Општинска установа, Музеј на град Кратово, Кратово, 2008, 51-59 (коавтор);
- Ослободувањето на Кратово и Пролетната офанзива во 1944 година, *Музејски гласник,* 5/2009, Општинска установа Музеј на град Кратово, Кратово, 2009, 197-203 (коавтор).

**Трудови објавени во зборници од научни собири:**

- Малешевијата во НОВ, *Малеш 100 години по Димитар Попгеоргиев-Беровски,* општина Берово, Берово, 2007, 141-152;
- Библиографија на македонската историографија за Шарло, *Методија Шаторов-Шарло и неговото време (1897-1944),* ИНИ, Скопје, 2007, 315-332 (коавтор);
- СРМ-Република Македонија: чекори кон самостојност и независност, *Македонија помеѓу Византискиот комонвелт и Европската унија,* Евро-Балкан прес, Културно-информативен центар-Скопје, Скопје, 2008, 127-134;
- Неколку документи за формирањето на Медицинскиот факултет во Скопје, *Зборник на трудови,* Трет македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Штип, 2008, 308-313 (коавтор);
- Третманот на историските личности од периодот на НОАВМ во современата македонска историографија, *Историја, историографија и настава по историја,* Сојуз на историчарите на Република Македонија,Скопје, 2007, 81-88 (коавтор);
- Транзициските либералистички тенденции во Македонија во текот на 70-тите години на XX век, *Транзициите во историјата и културата,* ИНИ, Скопје, 2008, 241-248;
- Организација и дејност на НОО во Струмичко по ослободувањето, *Струмица и Струмичко: историја, култура и традиции,* Евро Визија, Собрание на општина Струмица, Струмица, 2008, 231-242;
- Македонија и Полска во европските интегративни процеси, *Македонија-Полска: историја, јазик и култура,* ИНИ, Скопје, 2009, 125-131;
- Судскиот процес за осуда 1946 и рехабилитација 1990, на првиот претседател на Собранието на Република Македонија, Методија Андонов-Ченто, *Istražne radnje i pomoćna sredstva u sudskim postupcima kroz povijest,* Univerzitet „Josip Juraj Štrosmaer", Osijek, 2010, (коавтор) (во печат);
- Македонија и соседите во надворешната политика на Југославија (1971-1991), *Македонија и соседите,* Филозофски факултет-Скопје, 2009 (во печат).

**Научна активност**

а. проекти:

- Економската политика на Извршниот совет на СРМ 1963-1991 (раководител).

б. научни собири:

- меѓународна научна конференција *Транзициите во историјата и културата*, Скопје, 30-31 октомври 2006 година;
- меѓународен научен собир *Македонија и соседите*, Скопје, 8-9 декември 2006 година;
- научна конференција *Македонија меѓу Византискиот комонвелт и Европската унија*, Скопје, 9-11 мај 2007 година;
- научен собир *Малеш-100 години по Димитар Попгеоргиев-Беровски, минато, сегашност, иднина,* Берово, 7-8 септември 2007 година;
- меѓународна научна конференција *Историја, историографија и настава по историја*, Скопје, 21-23 ноември 2007 година;
- меѓународен конгрес за историја на медицината, Штип 5-7 јуни 2008 година;
- научен симпозиум *60 години од егзодусот и Граѓанската војна*, Скопје, 19 јули 2008 година;
- научен симпозиум *Струмица и Струмичко: историја, култура и традиции*, Струмица, 11-13 септември 2008 година;
- меѓународна научна конференција, *Македонија-Полска: историја, јазик и култура*, Скопје, 14-15 октомври 2008;
- меѓународен научен собир *Шеесет години од завршувањето на Граѓанската војна во Грција-причини и* последици, Скопје, 17-18 декември 2009 година (коавтор).

в. рецензии

- *Институционалниот развиток на високото образование во Република Македонија (1919-1949), Документи*, избор, редакција и коментар Марјан Димитријевски, Киро Камберски и Илија Пиперковски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2007, 251;
- Марјан Димитријевски, Борис Стојановски, *Општина Ѓорче Петров-вчера, денес, утре*, општина Ѓорче Петров, Скопје, 2007, 128;
- *Медицински факултет 1947-2007 (документи),* избор редакција и коментар: проф. д-р Магдалена Жантева-Наумовска, проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил, проф. д-р Весела Малеска-Иваноска и др. Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Медицински факултет, Скопје, Скопје, 2007, 227;
- Новица Велјановски, *Македонско-чехословачки културолошки релации во XX век*, Македонска реч, Скопје, 2009, 457;
- *Чехословачки дипломатски документи за Македонија (1976-1990)*, т.4, избор редакција и коментар: проф. д-р Новица Велјановски и проф. д-р Јан Рихлик, ДАРМ, Скопје, 2009, 473.

г. други активности

- Организационен одбор на меѓународната научна конференција *Историја, историографија и настава по историја*;
- Организационен одбор на меѓународниот научен собир *Македонскиот идентитет низ историјата* (секретар);

- Редакциски одбор за подготовка на зборникот трудови од меѓународен научен собир *Македонскиот идентитет низ историјата* (секретар);
- Редакциски одбор за подготовка на зборникот трудови од научниот собир *60 години од егзодусот и Граѓанската војна*;
- Редакциски одбор на месечникот *„Борец"*, гласило на СЗБ од НОАВМ;
- член на Комисијата за наука, просвета и култура при Здружението на децата-бегалци од егејскиот дел на Македонија;
- член на Градскиот одбор на СЗБ од НОАВМ на град Скопје.

# ОБРАЗЕЦ
# ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Кандидат: ЉУБИЦА КИРИЛ ЈАНЧЕВА
Институција: ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА-СКОПЈЕ

| Реден број | Научно истражувачка (НИ), наставно – научна (НН) и стручно- апликативна дејност (СА) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга | 8 | |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | 18 | |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 18 | 3 |
| 4 | Учество на научен собир со реферат | 15 | |
| 5 | Раководител на научен проект | 4 | |
| 6 | Член на организационен одбор на научен собир | 2 | |
| 7 | Член на редакциски одбор | 3 | |
| 8 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура | 0,9 | |
| 9 | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат | 3 | |
| 10 | Награди-признанија за научни постигнувања | 5 | |
| 11 | Изготвување и пријавување на научен национален проект (соработник) | 1 | |
| 12 | Учество во работа на комисии за државни натпревари | 1 | |
| 13 | Учество во комисии и тела на државни и други органи | 2 | |
| 14 | Научноистражувачки (студиски) престој до 3 месеци | 0,5 | |
| 15. | Настапи на радио/ТВ-емисии и други јавни настапи | 2 | |
| | МЕЃУЗБИР: | 83,4 | 3 |
| | ВКУПНО : | 86,4 | |

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТОРИСКО-УМЕТНИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ОРНАМЕНТАЛНИТЕ МОТИВИ ВО ЅИДНОТО СЛИКАРСТВО НА СПОМЕНИЦИТЕ ВО ПЕЛАГОНИСКАТА ЕПАРХИЈА ОД XII ДО XVII ВЕК", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АТАНАС АТАНАСОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со одлуката број 10-82/7 од 5.5.2010 година, Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје, на својата редовна седница одржана на 3.5.2010 година, не назначи за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација „Историско-уметничките аспекти на орнаменталните мотиви во ѕидното сликарство на спомениците во Пелагониската епархија од XII до XVII век", поднесена од м-р Атанас Атанасоски. Комисијата, во состав: проф. д-р Анета Серафимова, проф. д-р Милан Бошкоски, проф. д-р Александар Трајановски, проф. д-р Димитар Ќорнаков и доц. д-р Викторија Поповска-Коробар, му благодари на Научниот совет за укажаната чест и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Обемната тема на докторската дисертација „Историско-уметничките аспекти на орнаменталните мотиви во ѕидното сликарство на спомениците во Пелагониската епархија од XII до XVII век", поднесена од м-р Атанас Атанасоски, е елаборирана на 230 страници на кои се приклучени богата листа библиографски референци, табеларен приказ на орнаменталните мотиви и илустративен материјал сочинет од мануелно изработени авторски калкови.

Се работи за прв труд во македонската медиевалистичка историографија којшто е примарно посветен на ѕидната орнаментика во средновековните и доцносредновековните споменици како составен дел на византискиот концепт за сакрално сликарство базиран на источно-христијанската богословска филозофија. Во оваа смисла, докторандот веќе во *Воведот* (стр. 5-9) прецизно ја аргументира потребата од комплексно истражување на ѕидната орнаментика, неговата научна цел, неговите теориско-методолошки рамки и појмовни одредници.

Во првото поглавје *Простор, време и истражувачки рамки* (стр. 10-38), поделено во две потпоглавја, кандидатот прегледно се осврнува на историските прилики во Пелагониската епархија од XII до XVII век, како и на суштествените аспекти во современите културно-уметнички прилики на истото епархиско подрачје. Во овој историски екскурс се презентирани воено-политичките прилики и стратегиското значење на територијата на Пелагонија во средниот век како средиште на многу творечки дамари, но и на многу историски премрежиња.

Второто поглавје *Историографија на истражувањата* (стр. 39-49) на орнаментите во монументалното сликарство е соодветно поделено во три дела: *Општа литература за орнаментиката, Литература за орнаментиката во фрескоживописот* и *Литература за орнаментиката во фрескоживописот во Пелагониската епархија.* Во општата литература доминираат референтните одредници во кои предмет на научниот интерес се орнаментите во илуминираните ракописи како претходници на концептуалната примена на орнаментите во византиското ѕидно сликарство. Од историографскиот преглед може да се заклучи дека е незначителен бројот на трудови кои се целосно посветени на орнаменталните мотиви во фрескосликарството, што само по себе го нагласува пионерското место на овој обемен дисертациски труд.

Во третото поглавје *Преглед на сликарските споменици со опис на орнаменталните мотиви на спомениците на Пелагониската епархија од XII до XVII век* (стр. 50-164), обработени се дваесет и пет сакрални објекти, кои согласно со научната методологија се презентирани по дијахрон редослед, почнувајќи од црквата Св. Ѓорѓи во Курбиново (1191), како најстар пример на појава на ѕидна/фреско орнаментика на подрачјето на Пелагониската епархија, па се до црквата Св. Богородица во Граешница којашто е широко датирана во XVII век, а авторот м-р Атанас Атанасоски ја поставува на крајот на спомeничната низа до укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 година. Секој од црковните објекти е презентиран рамковно и прегледно со примена на научните стандарди во доменот на историјата на средновековната/византиската уметност. Имено, авторот најпрвин кусо се осврнува на архитектурата на објектите и на програмско-тематските и иконографските карактеристики на фрескоживописот, за потоа да даде исцрпен опис на орнаментиката и нејзината местоположба во просторот. Преку овие анализи посветени на орменетиката во конкретните ѕидни ансамбли (цркви), авторот ги изведува прелиминарните заклучоци за ликовната контекстуалност на ѕидосликаната орнаметика.

Разгледувајќи ја и анализирајќи ја *типологијата и аналогијата на орнаменталните мотиви во ѕидното сликарство на спомениците во Пелагониската епархија од XII до XVII век,* што претставува стожерен дел на дисертацијата и според квантитетот и (особено) според квалитетот (стр. 165-211), м-р Атанас Атанасоски прави типолошко разврстување на орнаментите, поткрепено со научни сознанија и компаративни анализи. Резултатите од истражувањата се сумирани во *Завршните согледувања* (стр. 212-229), по што е наведена и користената *литература* од околу 200 библиографски референци (стр. 230-243). Како резултат на целосната лична посветеност на истражувањата, особено како резултат на повеќегодишните теренски истражувања на м-р Атанас Атанасоски, како и на неговата примарна ликовно-уметничка вокација, на крајот од трудот, по направениот *Табеларен приказ на орнаментите* (стр. 243-246), е приложен богат, рачно исцртан илустративен материјал (Таб. I-LXXX) кој, сам по себе, претставува драгоцен научен анекс.

Предложената докторска дисертација претставува целовит истражувачки труд со неспорна научна тежина. Комисијата смета дека треба посебно да се издвои типолошката класификација на орнаменталните мотиви во обработените сакрални споменици која е

базирана на научни опсервации и споредбени анализи. Комисијата, исто така, посебно го нагласува напорот на докторандот за типолошко анализирање и формално/типолошко здружување на орнаментите кои се наоѓаат во просторот на цоклето, што претставува првичен обид во домицилната наука. Во дисертацијата се дадени и размисли за основните правци на влијанија врз византиската орнаментална матрица кои почнуваат да продираат од Запад уште во XIII-XIV век, а зачестуваат (здружени со исламските влијанија) по XV век.

Овој пионерски труд со своите релевантни научни податоци сметаме дека ќе биде неодминлива основа во натамошните истражувања на ѕидните орнаментални мотиви во византиската и поствизантиската уметност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство констатира дека предложената докторска дисертација Историско-уметничките аспекти на орнаменталните мотиви во ѕидното сликарство на спомениците во Пелагониската епархија од XII до XVII век", поднесена од м-р Атанас Атанасоски, е студија која претставува темелен научен дискурс за орнаменталните мотиви како неделив дел на програмскиот концепт на фрескосликаните ансамбли.

Комисијата едногласно предлага предложената дисертација да биде допуштена на усна одбрана.

Скопје, 10 мај 2010

Членови на Комисијата

1.Проф. д-р Анета СЕРАФИМОВА с.р.

2.Проф. д-р Милан БОШКОСКИ с.р.

3.Проф. д-р Александар ТРАЈАНОВСКИ с.р.

4. Проф. д-р Димитар ЌОРНАКОВ с.р.

5. Доц. д-р Викторија ПОПОВСКА-КОРОБАР с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТ( КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Коне во Скопје, на својата шеста редовна седница одржана на 21.IV 2010 годин избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на Лидија Капушевска-Дракулевска на конкурсот, објавен на 9.IV 2010 годин весникот „Дневник", за избор на еден наставник во сите наставно-на звања по предметот компаративни поетики (научна област: книжевно општа и компаративна книжевност). Во врска со тоа, Комисијата има че Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески Скопје да му го предложи следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Лидија Капушевска-Дракулевска е родена на 8. VII 1962 годин Штип. Основното и средното образование ги завршила во Скопје континуиран одличен успех. На Филолошкиот факултет во Скопје, груп општа и компаративна книжевност, се запишала во учебната 1981/82 год а дипломирала на 1.X 1985 година со просечен успех 9,93.

По завршените студии на Филолошкиот факултет во Скопје, Капушевска-Дракулевска завршила постдипломски студии на Филолош факултет во Белград, насока: општа книжевност, каде што го одбран магистерскиот труд под наслов: „Фантастичниот расказ во македонс литература", на 17. XI 1992 година. Докторската дисертација под нас „Модерните поетски струења во Европа и современата македонска поез симболистички и надреалистички импулси" ја одбранила на 27. VI 2 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

На Катедрата за општа и компаративна книжевност на Филолош факултет во Скопје работи од 1986 година, најнапред како стаж приправник, потоа од 1987 како помлад асистент, од 1993 како асистент 2000 како доцент, а од 2005 како вонреден професор по предм *компаративни поетики*. Веќе како доцент се вклучува и во наставата постдипломските студии, насока: наука за книжевност.

Во изминатите години д-р Капушевска-Дракулевска вршела и м други функции на Филолошкиот факултет: член на Наставно-научниот со секретар, заменик-шеф (2001-2003) и шеф на Катедрата за општ компаративна книжевност (2003-2005), член на управата на Факулте член на комисијата за изготвување кредит-трансфер систем, за наста планови и програми, за евалуација и самоевалуација, во неколку навра член на Централната комисија за упис на студенти, на пописни комисии ниво на Факултетот и при Катедрата, уредник на електронското списа „Мираж", член на редакцискиот одбор на Годишниот зборник

ɔт
кт

ски"
а, нè
д-р
на во
чни
ст –
т на
" во

а во
со
а за
ина,

д-р
киот
нила
ката
слов
ија:
ооо

киот
ант-
, од
етот
на

огу
вет,
и
тот,
вни
ки -
на
вие
на

Филолошкиот факултет, член на неколку комисии за магистерски и докторски одбрани, како и на најразлични други комисии и тела.

Била вклучена и во неколку научноистражувачки проекти при Катедрата за општа и компаративна книжевност, МАНУ, Факултетот за драмски уметности (Институт за театрологија), Институтот за македонска литература, Македонскиот ПЕН-центар и ФИООМ. Во рамките на тригодишниот проект ХЕСП што се реализираше на Катедрата за општа и компаративна книжевност во партнерство со Универзитетот „Сорбона Нова", Париз III, а под раководство на акад. д-р Ката Ќулавкова, остварила студиски престој на Универзитетот во Париз, и тоа во периодот: јануари-март 2003 и јуни 2004 година. Завршила и една обука за наставници за методите на критичко читање (Охрид, 2002).

Вршела и низа други вонфакултетски активности: била член на Управниот одбор на Струшките вечери на поезијата, надворешен член на Советот на Институтот за македонска литература и на Комисијата за државна матура по македонски јазик и литература при Бирото за развој на образованието во Р. Македонија, а во моментов е член на Комисијата за нострификација на дипломи при Министерството за образование на РМ. Учествувала на бројни книжевни промоции и други културни манифестации (Струшки вечери на поезијата, Македонски духовни конаци, СКОМРАХИ и др.), потем во работата на неколку жири-комисии за доделување на значајни книжевни награди, како на пример, наградата „Браќа Миладиновци" на СВП (2003), Рациново признание (2004) и наградата „Григор Прличев" за најдобра поема (2008), а била и рецензент на еден учебник (за компаративна книжевност) за средното реформирано образование (2004), но и на бројни ракописи за публикување, особено на дебитантски остварувања од млади, сè уште неафирмирани автори. Во периодот 2002-2004 година соработувала во љубљанско-белградското списание *Балканис*, кадешто има објавено серија рецензии за актуелни остварувања во балканските литератури.

Со свои реферати учествувала на многу меѓународни симпозиуми и конференции во земјава (Рацинови средби, Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и др.) и во странство (Будимпешта, Загреб, Москва и др.), а била и во државната делегација која учествуваше на Деновите на македонската култура во Шведска во мај 2005 година.

Член е на Друштвото за компаративна книжевност на Македонија (ја вршела функцијата потпретседател во периодот 2004-2008), на Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност (AILC/ICLA), на Друштвото на писателите на Македонија (од декември 2009), како и на Европската мрежа за компаративни истражувања (REELC/ENCLS).

## Дејности по изборот во звањето вонреден професор

### Наставно-образовна дејност

Од 2005 година д-р Лидија Капушевска-Дракулевска е вонреден професор по предметот *компаративни поетики* (курсеви: поетика на романтизмот, поетика на фантастичниот расказ, поетика на симболизмот, модернистички поетики на 20 век и поетика на постмодерната) на Катедрата за општа и компаративна книжевност. Во текот на овој период ја започнува и

наставата по спец-курсевите: поетика на несознајното и литературата и градот, а во учебната 2009/2010 Катедрата ѝ ја доверува наставата по предмет за кој не е бирана – *македонска книжевност во компаративен контекст* 1 и 2.

Вклучена е и во наставата на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, насока: наука за книжевност. За постдипломците при Катедрата за општа и компаративна книжевност, како и за студентите од другите катедри, во неколку наврати ја изведувала наставата по специјалниот курс „Поетика на фантастичниот расказ“.

Во учебните 2008/2009 и 2009/2010 година била и гостин-професор на интердисциплинарните културолошки студии во книжевноста при Институтот за македонска литература каде што учествува во дел од наставата по предметот *феноменот автобиографија во културата*, по покана од предметниот професор Наташа Аврамовска.

Во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, учествувала со предавање („Што има ново во македонската литература“, 26.8.2009 година) и циклус предавања за современата македонска литература (август 2006).

Во периодот 2006-2008 година го уредувала електронското списание *Мираж*, гласило на Катедрата за општа и компаративна книжевност (од број 15 до број 20).

### Научноистражувачка дејност

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Капушевска-Дракулевска учествувала со свои реферати на повеќе меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство (Русија, САД, Португалија и др.), што се гледа од богатата библиографија што е наведена во Анекс 2 (некои од рефератите се веќе објавени во одделни зборници). Од приложеното се забележува дека преовладуваат теми од неколку области на компаративната книжевна наука: рецепција, интеркултура, имагологија, меморија и идентитет... Со овие настапи, д-р Капушевска-Дракулевска дава свој придонес за афирмација на македонската компаратистика на повеќе универзитети во странство.

Д-р Капушевска-Дракулевска учествува во неколку научноистражувачки проекти: *Поимник на книжевната теорија*, проект при МАНУ (2004-2006); *Сведоштво за македонското творештво - критичко читање на делото на Коле Чашуле*, проект при МАНУ (2006-2008); *Книжевната компаратистика: состојби и перспективи*, проект при Институтот за македонска литература (2009-2011); Интеракадемски проект на МАНУ со Полската академија на науките на тема: *Словенски проекции на Европа. Реалност и концепции* (2010-2012).

Во овој период, научниот и стручниот интерес на д-р Капушевска-Дракулевска е насочен кон промислување на современата македонска литература во компаративен контекст - литературата како интелектуална размена на една нација, како комплексен процес чии идеи се создаваат, се обликуваат и се пренесуваат. Во оваа смисла, по своето значење, особено се издвојува монографијата *Маргарита по трагите на Мајсторот* (Скопје, Магор, 2006, 294 стр.).

Оваа книга се одликува со една обемна, исцрпна и аргументирана анализа на книжевната материја што е предмет на обработка. Во студиите и есеите поместени во книгата, д-р Капушевска-Дракулевска покажува широка упатеност во тенденциите и резултатите во современата наука за книжевноста, особено компаратистиката, како и способност научните достигања од релевантната област да ги употреби за доаѓање до сопствени ставови и заклучоци. Низ функционални, продлабочени и прецизни анализи и интерпретации, таа доаѓа до значајни резултати што носат нови сознанија за односите помеѓу нашата и светската литература, на тој начин, создавајќи трудови што претставуваат убав и редок придонес во нашата наука за книжевноста.

Од изборот во звањето вонреден професор, д-р Капушевска-Дракулевска има објавено четириесетина статии во периодиката. Помеѓу тие трудови, според тематската област на која припаѓаат, можеме да разликуваме неколку групи текстови.

Во првата група текстови спаѓаат трудови во кои д-р Капушевска-Дракулевска го посветува своето внимание на некои појави во современата македонска литература, особено во поезијата. Компаратист по образование и по насоченост, таа ги разгледува тие појави во светлината на големите и длабоко детерминирани процеси што се одвиваат во европската и светската поезија. Со моќне широки познавања на книжевните (и поетските) струења во XIX и XX век сè до денес, таа ги открива нивните траги во современата македонска литература (особено во поезијата), покажувајќи како тие се проникнувале со националните специфики и со индивидуалните одлики на одделните книжевни (поетски) дела и како придонесувале македонската литература (особено поезија) да се вклопи во светските книжевни текови. Во оваа смисла, ги истакнуваме трудовите објавени надвор од Р. Македонија, со кои авторката ја популаризира нашата литература во странство: „Алиса во земјата на поезијата“ и „Во потрага по трошка смисла: еден поглед врз младата македонска книжевна продукција“ (Сараево), „Доминација на романот“ (Белград), „Женското поетско писмо во македонската литература“ (Перм, Русија), „Дијалог со светот: за кусиот расказ во современата македонска литература“ (Шри Ланка, Коломбо), „За македонската поезија во периодот на транзиција“ (Рим, Италија), „Еден поглед врз најновата македонска книжевна продукција“ (*Eurozine*, двојазично: на македонски и на англиски јазик) и др.

Во втората група спаѓаат текстови што се однесуваат на проблематиката на фантастичниот жанр во македонската и во светската проза. Д-р Капушевска-Дракулевска се потврдува како вистински стручњак за прашањата од овој сегмент на литературата. Ова особено се гледа од студиите: „Фантастичниот расказ и меморијата“, „Н. В. Гогољ и македонскиот фантастичен расказ“, „Географија на имагинарното“, панел-дискусијата „Ден на канадска култура за фантастичната литература - искуства од Канада и Македонија“ и др.

### Стручно-апликативна дејност

Вистинска книга-патоводител низ пределите на литературата на имагинарното кај нас претставува антологијата на современиот македонски фантастичен расказ - *Тешка ноќ* (Скопје, Магор, 2009), која претставува прва

антологија од овој вид во нашата културна средина, а чијшто составувач е д-р Капушевска-Дракулевска.

Во рамките на проектот на Владата на Р. Македонија „130 тома македонска книжевност“ (2008), таа ги приредила книгите: Влада Урошевиќ, *Непредвидени прошетки* (избор поезија / избор раскази и предговор) и Иван Цепароски, *Волја за мисла* (избор поезија и предговор). Составувач е и на една антологија на македонската поезија за Меѓународната колекција „Разноликост“ (2007), како и на еден избор од тринаесет современи македонски поети (заедно со Владимир Мартиновски), кој ќе биде објавен во Холандија во текот на месец јуни 2010 година. Автор е на неколку предговори и поговори на одделни книги (особено на поетски книги на современи македонски поети), како и на бројни рецензии по повод нови поетски објави или награди на наши реномирани автори. Во оваа пригода ќе го истакнеме предговорот кон еден избор на четири македонски поети објавен во Малага (Шпанија). Впрочем, во повеќе наврати, д-р Капушевска-Дракулевска се потврдува како достоен проследувач на македонската литература и култура и дава свој значителен придонес во нејзината афирмација во земјава и во странство.

Член е на повеќе домашни и странски здруженија за компаративна книжевност, а учествува и во работата на различни комисии, одбори и друштва, важни за образовните и културните процеси во Р. Македонија. На тој начин, д-р Капушевска-Дракулевска остварува и една поширока општествена активност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија високо ја вреднува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Лидија Капушевска-Дракулевска во областа на компаративната книжевна наука, со што покажува дека таа ги исполнува условите за избор во звањето редовен професор.

Имајќи го предвид досега изнесеното, а врз основа на досегашната успешна наставна и научна дејност, слободни сме да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја избере д-р Лидија Капушевска-Дракулевска во звањето редовен професор по предметот компаративни поетики.

Скопје, 31.5.2010 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Акад. д-р Влада Урошевиќ, редовен професор, с.р.
2. Акад. д-р Ката Ќулавкова, редовен професор, с.р.
3. Д-р Маја Бојаџиевска, редовен професор, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Лидија Ратко Капушевска-Дракулевска
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** книжевност – општа и компаративна книжевност

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | - од прв циклус: | |
| 1. | Романтизам (3+1), зимски, 2005/06 | 2,4 |
| 2. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), зимски, 2005/06 | 2,4 |
| 3. | Романтизам (3+1), летен, 2005/06 | |
| 4. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), летен, 2005/06 | 2,4 |
| 5. | Романтизам (3+1), зимски, 2006/07 | 2,4 |
| 6. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), зимски, 2006/07 | 2,4 |
| 7. | Романтизам (3+1), летен, 2006/07 | 2,4 |
| 8. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), летен, 2006/07 | 2,4 |
| 9. | Поетика на романтизмот (2+0), зимски, 2007/08 | 1,2 |
| 10. | Поетика на фантастичниот расказ (2+0), зимски, 2007/08 | 1,2 |
| 11. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), зимски, 2007/08 | 2,4 |
| 12. | Поетика на симболизмот (2+0), летен, 2007/08 | 1,2 |
| 13. | Симболизам и модернистички поетики на 20 век (3+1), летен, 2007/08 | 2,4 |
| 14. | Поетика на несознајното, спец-курс (2+0), летен, 2007/08 | 1,2 |
| 15. | Литературата и градот, спец-курс (2+0), летен, 2007/08 | 1,2 |
| 16. | Поетика на романтизмот (2+0), зимски, 2008/09 | 1,2 |
| 17. | Поетика на фантастичниот расказ (2+0), зимски, 2008/09 | 1,2 |
| 18. | Модернистички поетики на 20 век (2+0), зимски, 2007/08 | 1,2 |
| 19 | Поетика на несознајното 1, спец-курс (2+0), зимски, 2008/09 | 1,2 |
| 20. | Поетика на симболизмот (2+0), летен, 2008/09 | 1,2 |
| 21. | Поетика на постмодерната (2+0), летен, 2008/09 | 1,2 |
| 22. | Поетика на несознајното 2, спец-курс (2+0), летен, 2008/09 | 1,2 |
| 23. | Литературата и градот, спец-курс (2+0), летен, 2008/09 | 1,2 |
| 24. | Поетика на романтизмот (2+0), зимски, 2009/10 | 1,2 |
| 25. | Поетика на фантастичниот расказ (2+0), зимски, 2009/10 | 1,2 |
| 26. | Модернистички поетики на 20 век (2+0), зимски, 2009/10 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Македонска книжевност во компаративен контекст 1 (2+1), зимски, 2009/10 | 1,8 |
| 28. | Поетика на симболизмот (2+0), летен, 2009/10 | 1,2 |
| 29. | Поетика на постмодерната (2+0), летен, 2009/10 | 1,2 |
| 30. | Македонска книжевност во компаративен контекст 2 (2+1), летен, 2009/10 | 1,8 |
| 31. | Литературата и градот, спец-курс (2+0), летен, 2009/10 | 1,2 |
| | - од втор циклус: | |
| 32. | Поетика на фантастичниот расказ, спец-курс (16 часа), летен, 2006/07 | 0,8 |
| 33. | Поетика на фантастичниот расказ, спец-курс (16 часа), летен, 2008/09 | 0,8 |
| 34. | Феноменот автобиографија во културата (6 часа), летен, 2008/09, Институт за македонска литература | 0,3 |
| 35. | Феноменот автобиографија во културата (6 часа), летен, 2009/10, Институт за македонска литература | 0,3 |
| 36. | Настава во летни школи и работилници: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид – учесник, лето 2006 (5 часа) | 1 |
| 37. | Настава во летни школи и работилници: Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид – учесник, лето 2009 (предавање) | 1 |
| 38. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2005/06 | 0,3 |
| 39. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2006/07 | 0,3 |
| 40. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2007/08 | 0,9 |
| 41. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2008/09 | 1,8 |
| 42. | Одржување на вежби (изработка на семинарски труд), 2009/10 | 1,8 |
| 43. | Консултации со студенти 2005/06 (30 студенти) | 0,06 |
| 44. | Консултации со студенти 2006/07 (30 студенти) | 0,06 |
| 45. | Консултации со студенти 2007/08 (35 студенти) | 0,07 |
| 46. | Консултации со студенти 2008/09 (35 студенти) | 0,07 |
| 47. | Консултации со студенти 2009/10 (30 студенти) | 0,06 |
| 48. | Ментор на дипломска работа (10x0,2) | 2 |
| 49. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (3) | 1,5 |
| 50. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (11x0,1) | 1,1 |
| 51. | Уредник на електронското списание „Мираж“ (2006-2008), 6 броја | 2 |
| | Вкупно | 64,22 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација: „Спецификите на ромската литература во Р. Македонија", Филозофски факултет-Загреб (втора година) | 2 |
| | **Проекти:** | |
| 2. | Поимник на книжевната теорија, МАНУ (2004-2006) | 3 |
| 3. | Сведоштво за македонското творештво - критичко читање на делото на Коле Чашуле, МАНУ (2006-2008) | 3 |
| 4. | Книжевната компаратистика: состојби и перспективи, Институт за македонска литература (2009-2011) | 3 |
| 5. | Словенски проекции на Европа. Реалност и концепции /// SLAVIC PROJECTIONS OF EUROPE. REALITY AND CONCEPTIONS, интеракадемски проект на МАНУ со Полската академија на науките (2010-2012) | 5 |
| | **Објавени трудови:** | |
| 6. | Монографија: *Маргарита по трагите на Мајсторот*, Скопје: *Магор*, 2006, 294 стр. | 8 |
| 7. | „Херменевтика на лирскиот субјект", во: *Дијалог на интерпретации* (прир.: К. Ќулавкова, Ж. Бесиер, Ф. Дарос), Скопје, Ѓурѓа, 2005, стр. 331-348. | 2 |
| 8. | „Intercultural Encounters: Otherness in Macedonian Drama", in: *Intercultural Theatre* (Conference Proceedings), ed. by Jelena Luzina, Skopje: *Faculty od Dramatic Arts*, 2005, 121-139. | 2 |
| 9. | „Поетската слика кај Шопов", во: *Животот и делото на Ацо Шопов* (Меѓународен научен собир по повод 80-годишнината од раѓањето на Ацо Шопов, Скопје, 5-6 ноември 2003), Скопје: *МАНУ*, 2005, 231-236. | 2 |
| 10. | „Кон хаиуку поезијата на Владимир Мартиновски", во: *Мравка*, Струмица, 2005, бр.5, 26-28. | 2 |
| 11. | „Чествување на поезијата", во: *Културен живот*, Скопје, 2005, бр. 4, 78-80. | 2 |
| 12. | „Контракултурни ентитети (за еден аспект на *другоста* во македонската драма)", во: *Mirage*, Скопје, декември 2005, бр.13/14, достапно на: www.mirage.com.mk | 2 |
| 13. | „Фантастичниот расказ и меморијата", во: *Наше писмо*, Скопје, 2006 (XII), број 59, јануари-март, 40-45. | 2 |
| 14. | „По трагите на една фусноте во романот 'Чудотворци' од Славко Јаневски", во: *Портал*, Скопје, 2006, бр. 19-20, 39-41. | 2 |
| 15. | „Мотивот на забранета љубов во македонската драма", во: *Спектар*, Скопје, Институт за македонска литература, 2006, бр.47. | 2 |
| 16. | „Во потрага по романтичарскиот мит за Балканот", во: *Балканско слика на светот* (прир. Ката Ќулавкова), | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Зборник од меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6.12.2005, Скопје, МАНУ, 2006, 219-227. | |
| 17. | „Dialogue with the world (Regarding the short story in contemporary Macedonian literature)", *Nēthrā*, Journal of the International Centre for Ethnic Studies, Colombo&Sri Lanka, Vol. 9, No.2, 2006, 1-6. | 2 |
| 18. | „Бретоновата Надја меѓу фикцијата и фактите", во: *СУМ*, Штип, Центар за културна иницијатива, 2006 (XI) , бр. 53, 73-78. | 2 |
| 19. | „Моќта на поезијата ", во: *Културен живот*, Скопје, бр. 3-4, 2006, 78-82. | 2 |
| 20. | „Научната мисла и нејзините интерференции", во *Современост*, Скопје, год. 55, бр. 1, јануари 2007, 110-114. | 2 |
| 21. | „Доминација романа", во: *Књижевност*, Београд, год. LXII, бр.1, 2007, 150-157. | 2 |
| 22. | „Географија на имагинарното", во: *Синтези*, Скопје, бр.6, 2007, 73-74; исто во: *Свеске*, Панчево, 2007. | 2 |
| 23. | „Поетски концерт", во: *Разгледи*, Скопје, 2007, бр. 1-2, 60-65. | 2 |
| 24. | „Alisa u zemlji poezije", во: *Sarajevske sveske*, Sarajevo, no.15-16, 2007, 142-146; исто во: *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, книга 33, Скопје, 2007, 177-122. | 2 |
| 25. | „Бретоновата *Надја* во служба на надреализмот", во: *Книжевен контекст 5* (реферати од Симпозиумот по повод 20 години од Катедрата за општа и компаративна книжевност, 24.10.2006), Скопје, Институт за македонска литература, 2007, 93-101. | 2 |
| 26. | „Поетски преместувања",во: *Културен живот*, Скопје, 2007, бр. 1-2, 16-19. | 2 |
| 27. | „Разговор со поетот Михаил Ренцов", во: *Предавања на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, 13-30.8.2007, Скопје, 2008, 319-324. | 2 |
| 28. | „Индивидуалната и колективната меморија како траума", во: *Интерпретации* („Меморија и уметност"), (Зборник на трудови од Меѓународната конференција на тема *Меморија и интерпретација*, МАНУ, ноември 2007), прир. Ката Ќулавкова, Скопје, МАНУ, 2008, 111-123. | 2 |
| 29. | „Излог на книги: Анастасија Ѓурчинова, *Контексти*, Скопје, Култура, 2006", во: *Културен живот*, 2008, бр. 1-2, 92-95. | 2 |
| 30. | „Женское поэтическое письмо в македонской литературе", *Мировая литература в контексте культуры*, Пермь, 2008, 47-50. | 2 |
| 31. | „Од книжевен афинитет до творечки дијалог", во: *Спектар*, 2008, бр. 51, 53-60. | 2 |
| 32. | „Оралната традиција и модерниот поетски израз", во: *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, книга 34, Скопје, 2008, 65-76. | 2 |
| 33. | „Наследството на Овидиј во симболизмот", во: | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Метаморфози и метатекстови* (Зборник на трудови од Научната работилница одржана на 11.5.2007), Скопје, 2008, 91-102. | |
| 34. | „Од витрините на компаративната книжевност“, во: *Книжевен контекст,* Скопје, Институт за македонска книжевност, 2008, бр. 6, 93-98. | 2 |
| 35. | „Педесет години од 'Дождови' на Матеја Матевски”, во: *Дождови на Матеја Матевски во контекст на македонската Модерна* (реферати од Собирот во МАНУ, 6.12.2006), Скопје, МАНУ, 2009, 47-50. | 2 |
| 36. | „Еден поглед врз најновата македонска книжевна продукција, во *Корени,* Куманово, септември-декември, 2009, 4905-4911. Исто во: *Eurozine,* 26.11.2009, достапно на: www.eurozine.com (двојазично, македонски и англиски јазик) | 2 |
| 37. | „Светот како непрочитана книга“, во: Филолошки студии, УДЦ 821.163.3-994 (049.3) достапно на: www.philologicalstudies.org | 2 |
| 38. | „Ацо Караманов меѓу нас“, во: *Прилози* XXXIII-XXXIV 1-2, Скопје, МАНУ, 2008-2009, 437-444 (зборник на трудови во чест на акад. М. Ѓурчинов). | 2 |
| 39. | „U potrazi za mrvom smisla”, во: *Sarajevske sveske,* Sarajevo, no.25-26, 2009, 53-59. | 2 |
| 40. | „Alice nel paese della poesia (La poesia macedone nel periodo della transizione)“, in: *Slavia,* rivista trimestrale di cultura, Roma, XIX, n.2, 2010, 83-88. | 2 |
| | **Учество на научен/стручен собир/конференција со реферат** | |
| 41. | „Поезијата како меморија“, Меѓународен колоквиум посветен на Л. С. Сенгор: *Сенгор во полна слобода,* Скопје, 20 март 2006. | 1 |
| 42. | „Коле Чашуле како полемичар“, *XXXIII научна конференција на XXXIX меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,* Охрид, 28-29 август 2006. | 1 |
| 43. | „Женското поетско писмо во македонската литература”, меѓународен научен симпозиум *Развојот на македонската литература,* Институт за македонска литература, 25-26.10.2006. | 1 |
| 44. | „Поезијата во служба на јазикот“, *Меѓународен македонистички собир* во Охрид, август 2008 година. | 1 |
| 45. | „Современата македонска поезија во дијалог со англо-американските модерни поети“, *Меѓународна конференција по повод 50 години од Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје,* септември 2008 година. | 1 |
| 46. | „Интеркултурни средби: аспектот на другоста во македонската драма“, меѓународен научен симпозиум „Словенските јазици и култури во современиот свет“, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Филолошки факултет МГУ М.В.Ломоносов, Москва, 24-26 март 2009 година. | |
| 47. | „Вавилонско шаренило од гласови (македонската литература во периодот на транзиција)", *North American – Macedonian Conference,* Универзитет во Јута, Салт Лејк Сити, 5-7 ноември 2009 година. | 1 |
| 48. | „Н. В. Гогољ и македонскиот фантастичен расказ", *Меѓународна конференција по повод 200 год. од раѓањето на Гогољ*, Руска академија на науките, Москва, 10-11.11. 2009 година. | 1 |
| 49. | „Атанас Вангелов и францускиот симболизам", *Меѓународен научен собир посветен на д-р Атанас Вангелов*, 15-16.12.2009 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. | 1 |
| 50. | „The Presence of the Portuguese Contemporary Poetry at the Struga Poetry Evenings", 4th International Conference Iberian and Slavonic Cultures in Contact and Comparison "Res Publica(s)", Faculty of Humanities, University of Lisbon/ Camões Institute, 13-15 May, 2010. | 1 |
| | **Вкупно** | 102 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Книги од стручна област:** | |
| 1. | *Тешка ноќ,* антологија на современиот македонски фантастичен расказ, Скопје, Магор, 2009; избор и предговор: „Ноќните чари на фантастиката", 7-16. | 8 |
| 2. | Влада Урошевиќ, *Непредвидени прошетки* (избор поезија / избор раскази), *Микена,* Битола, 2008, 342 стр.; избор и предговор: „Феноменот Влада Урошевиќ: македонскиот Магрит во литературата", 5-23. | 8 |
| 3. | Иван Цепароски, *Волја за мисла* (избор поезија), *Микена,* Битола, 2008, 148 стр.; избор и предговор: „Поезијата на Иван Цепароски како поетика на средбата, 5-14. | 8 |
| | **Поглавје во книга:** | |
| 4. | „'El secreto' de la letra poética Macedonia", introducción in: *4 Poetas Macedonios,* Málaga, España, 2006, 7-19. | 3 |
| 5. | „За поезијата на Петко Дабески", поговор во: П. Дабески, | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Праболи и каприча* (одбрани песни во препев на дест јазици), Струга, СВП, 2006, 243-247. | |
| 6. | „Авангарда“, „Артизам“, „Имагинарно“, „Имажизам“, „Импресионизам“, „Ларпурлартизам“, „Мистификација“, „Модерна“, „Модернистички поетики“, „Огледалност“, „Романтизам“, „Симболизам“,„Фантастична книжевност“, „Фантастично“, „Чудесно“, во: *Поимник на книжевната теорија*, прир. Ката Ќулавкова, Скопје, МАНУ, 2007 (1-3, 62-63, 197-199, 200-201, 202-203, 287-288, 334, 346-349, 349-352, 388-389, 471-473, 496-499, 566-567, 567-569, 626-627) | 3 |
| 7. | „Јазикот и поезијата“, во: *Македонскиот есеј* (прир. Иван Џепароски), Битола, Микена, 2008, 358-366 | 3 |
| 8. | „Од еден идентитет до друг или автопортрет во прво лице множина“, предговор во: Андре Бретон, *Наѓа*, Скопје, Магор, 2009, 5-12. | 3 |
| 9. | „Анета Попова, 'Нај-кратки раскази'“, поговор во: Анета Попова, *Нај-кратки раскази*, Скопје, Антолог, 2009, 151-152. | 3 |
| 10. | „Номадизмот како поетски копнеж“, поговор во: Марина Мијаковска, *Номадска душа*, Скопје, Антолог, 2010, 59-61. | 3 |
| | **Идеен проект** | |
| 11. | Член на Комисијата при македонскиот ПЕН за избор на 10 македонски романи за објавување во рамките на проектот *100 словенски романи* на Словенскиот културен форум (2006). | 1 |
| 12. | Панел-дискусија *Ден на канадска култура за фантастичната литература - искуства од Канада и Македонија*, Универзитет Американ колеџ – Скопје, 14 април 2010 година. | 1 |
| | **Учество во промотивни активности** | |
| 13. | Промоции на книги (9) | 4,5 |
| | **Член на национална жири-комисија** | |
| 14. | Жири за избор на најдобра поема што го распишува книгоиздателството „Детска радост“ од Скопје (2008). | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 15. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: секретар на *Прилози* XXXIII-XXXIV 1-2, Скопје, МАНУ, 2008-2009 (зборник на трудови во чест на акад. М. Ѓурчинов). | 0,5 |
| 16. | Член на Управниот одбор на Струшки вечери на поезијата (2005-2007) | 1 |
| 17. | Надворешен член на Советот при Институтот за македонска книжевност во Скопје (2005-2007). | 0,5 |
| 18. | Член на факултетска комисија: член на Комисијата за евалуација на студиската програма за општа и компаративна книжевност | 0,5 |
| 19. | Член на факултетска комисија: член на комисија за попис на библиотеката | 0,5 |
| 20. | Член на Комисија за избор во звање (1 доцент) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Член на организационен одбор на меѓународниот собир *Literary dislocation*, September 1-3, 2011, Skopje-Ohrid, во организација на Институтот за македонска литература и Друштвото за компаративна книжевност. | 1 |
| 22. | Учество во Комисија за нострификација на дипломи при Министерството за образование на Р. Македонија. | 1 |
| 23. | Член на Друштвото за компаративна книжевност на Макредонија | 1 |
| 24. | Член на AILC/ICLA - Меѓународната асоцијација за компаративна книжевност | 1 |
| 25. | Член на Друштвото на писатели на Македонија | 1 |
| 26. | Член на REELC/ENCLS: RÉSEAU EUROPÉEN D'ÉTUDES LITTÉRAIRES COMPARÉES / EUROPEAN NETWORK FOR COMPARATIVE LITERARY STUDIES, Европска мрежа за компаративни истражувања | 1 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 62 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 64,22 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 102 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 62 |
| **Вкупно** | 232,22 |

**Членови на Комисијата**

1. Акад. д-р Влада Урошевиќ, редовен професор, претседател, с.р.
2. Акад. д-р Ката Ќулавкова, редовен професор, член, с.р.
3. Д-р Маја Бојаџиевска, редовен професор, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА БОТАНИКА И ДЕНДРОЛОГИЈА НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на IV седница одржана на 29.III 2010 година, донесе одлука број 0201-63/IV-3.2 со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор на наставник во сите звања на група наставна програма ботаника и дендрологија, во состав: д-р Александар Андоноски, редовен професор во пензија, д-р Коле Василевски, редовен професор и д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, редовен професор, сите од Шумарскиот факултет во Скопје.

Согласно со конкурсот распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по предлог на Шумарскиот факултет во Скопје, објавен на 20.III 2010 година во дневните весници „Дневник" и „Коха е ре", се пријави само кандидатот д-р Јане Ацевски, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Скопје за избор на наставник во сите звања на група наставна програма ботаника и дендрологија, на предметите ботаника, дендрологија, основи на дендрологија, фитоценологија и урбана дендрологија.

По разгледувањето на поднесената пријава и придружните документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Проф. д-р Јане Ацевски е роден на 26.V 1963 година во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Дипломирал на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1990 година. По завршувањето на студиите, во 1992 година се запишал на постдипломски студии од областа дендрологија и фитоценологија на Шумарскиот факултет во Скопје и едновремено се вработил како помлад асистент на Катедрата за ботаника и дендрологија. Во 1996 година магистрирал на тема „Дендрофлористички карактеристики на северните делови на Караџица". Истата година запишал докторски студии. Во следната 1997 година бил избран во соработничко звање - асистент. Во 2000 година ја одбранил докторската дисертација со наслов „Дендрофлористички карактеристики на планинскиот масив Галичица" и бил избран во наставно звање - доцент.

Во звањето вонреден професор бил избран во 2005 година, на група наставна програма ботаника и дендрологија.

Од 2002 година до сега е раководител на Катедрата за ботаника и дендрологија и на II циклус на студии од областа дендрологија и фитоценологија на Шумарскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во досегашната работа, а особено од изборот во звањето вонреден професор, самостојно или со други автори учествувал во подготвување и

изработката на повеќе наставно-образовни, научноистражувачки и стручно-апликативни активности.

Учествувал во повеќе комисии и тела на Шумарскиот факултет во Скопје и во комисии и тела од стручната област во други институции.

Активно ги владее рускиот и делумно англискиот јазик и ја користи компјутерската техника.

**Наставно-образовна дејност**

Досега, кандидатот д-р Јане Ацевски успешно ја изведува наставно-образовната дејност на додипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиските програми озеленување и унапредување на животната средина (ОУЖС) и шумарство по предметите дендрологија и фитоценологија, на студиската програма ОУЖС по предметот урбана дендрологија, а на студиските програми проектирање и технологија на мебел и ентериер и механичка технологија на дрвото по предметот основи на дендрологија.

Од изборот во звањето вонреден професор предава на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а од 2008/2009 година и на дисперзираните студии во Струмица, на студиската програма градинарство и цвеќарство, предмет декоративни растенија.

Д-р Јане Ацевски учествува и во наставата на постдипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје од областа на дендрологијата и фитоценологијата, по предметите: методологија на научноистражувачка работа, дендрологија 1, дендрологија 2, фитоценологија, типологија на шуми и насиите, отровна дендрофлора на Република Македонија и урбана дендрологија.

Досега, кандидатот бил ментор или член на одбрана на дипломска работа на повеќе дипломци, остварил голем број на консултации со студенти и постдипломци, подготвил пакет материјали по предметите дендрологија, основи на дендрологија и фитоценологија, а бил и стручен редактор на македонски превод на стручна книга со наслов „Шумски дрвја – водич за источниот дел на Соединетите Американски Држави".

Наставата ја изведувал на завидно педагошко рамниште,ползувајќи ги стекнатите искуства во научноистражувачката и апликативната работа и бројните контакти што ги остварил кај нас и во меѓународни рамки. Притоа, со дел од стручните лица извел и повеќе заеднички часови, претставувајќи им ги на неговите студенти успешните професионалци.

**Научноистражувачка дејност**

Од изборот во звањето вонреден професор до сега, кандидатот д-р Јане Ацевски изготвил сам или како соработник со други автори вкупно 13 национални и меѓународни научни и стручни трудови, а на еден од нив бил главен истражувач на научноистражувачкиот проект.

**Стручно-апликативна дејност**

Д-р Јане Ацевски, од изборот во звањето вонреден професор до сега изготвил самостојно или како соработник со други автори вкупно 10 стручно-апликативни трудови, односно студии, елаборати, проекти, програми, планови, стручни рецензии и решенија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Комисијата со внимание ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатот. Врз основа на погоре изнесеното, односно стручно-научните и педагошки квалитети, Рецензентската комисија констатира дека д-р Јане Ацевски ги исполнува сите услови за стекнување на наставното звање редовен професор на група наставна програма ботаника и дендрологија.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје на својата наредна седница да го промовира во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР кандидатот вонр. проф. д-р Јане Ацевски.

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Александар Андоноски, редовен професор во пензија, претседател с.р.
2. Д-р Коле Василевски, редовен професор, член с.р.
3. Д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, редовен професор, член с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Јанe Јордан Ацевски
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Шумарски факултет
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ботаника и дендрологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: (од изборот во звањето вонреден професор до сега) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2005/06 | 1,8 |
| 2 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2006/07 | 1,8 |
| 3 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2007/08 | 1,8 |
| 4 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2008/09 | 1,8 |
| 5 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2009/10 | 1,8 |
| 6 | Дендрологија (ШФС), 4+3 / 4 групи, летен сем. 2005/06 | 2,4 |
| 7 | Дендрологија (ШФС), 4+3 / 4 групи, летен сем. 2006/07 | 2,4 |
| 8 | Дендрологија (ШФС), 4+3 / 4 групи, летен сем. 2007/08 | 2,4 |
| 9 | Дендрологија (ШФС), 4+3 / 4 групи, летен сем. 2008/09 | 2,4 |
| 10 | Дендрологија (ШФС), 4+3 / 4 групи, летен сем. 2009/10 | 2,4 |
| 11 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2005/06 | 1,8 |
| 12 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2006/07 | 1,8 |
| 13 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2007/08 | 1,8 |
| 14 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2008/09 | 1,8 |
| 15 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2009/10 | 1,8 |
| 16 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2005/06 | 1,2 |
| 17 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2006/07 | 1,2 |
| 18 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2007/08 | 1,2 |
| 19 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2008/09 | 1,2 |
| 20 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2009/10 | 1,2 |
| 21 | Декоративни растенија (ФЗНХС - дисперзирани студии во Струмица), 2+1, летен сем. 2008/09 | 1,2 |
| 22 | Декоративни растенија (ФЗНХС - дисперзирани студии во Струмица), 2+1, летен сем. 2009/10 | 1,2 |
| 23 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+2, изборен, зимски сем. 2009/10 | 1,2 |
| 24 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+1, изборен, летен сем. 2005/06 | 1,2 |
| 25 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+1, изборен, летен сем. 2006/07 | 1,2 |
| 26 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+1, изборен, летен сем. 2007/08 | 1,2 |
| 27 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+1, изборен, летен сем. 2008/09 | 1,2 |
| 28 | Дендрологија 1 (ШФС), 3+2, II циклус, летен сем. 2005/06 | 2,25 |
| 29 | Дендрологија 1 (ШФС), 3+2, II циклус, летен сем. 2006/07 | 2,25 |
| 30 | Дендрологија 1 (ШФС), 3+2, II циклус, летен сем. 2007/08 | 2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | Дендрологија 1 (ШФС), 3+2, II циклус, летен сем. 2008/09 | 2,25 |
| 32 | Дендрологија 2 (ШФС), 3+2, II циклус, летен сем. 2005/06 | 2,25 |
| 33 | Дендрологија 2 (ШФС), 3+2, II циклус, летен сем. 2006/07 | 2,25 |
| 34 | Дендрологија 2 (ШФС), 3+2, II циклус, летен сем. 2007/08 | 2,25 |
| 35 | Дендрологија 2 (ШФС), 3+2, II циклус, летен сем. 2008/09 | 2,25 |
| 36 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, II циклус, зимски сем. 2005/06 | 2,25 |
| 37 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, II циклус, зимски сем. 2006/07 | 2,25 |
| 38 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, II циклус, зимски сем. 2007/08 | 2,25 |
| 39 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, II циклус, зимски сем. 2008/09 | 2,25 |
| 40 | Типологија на шуми и пасишта (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2005/06 | 2,25 |
| 41 | Типологија на шуми и пасишта (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2006/07 | 2,25 |
| 42 | Типологија на шуми и пасишта (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2007/08 | 2,25 |
| 43 | Типологија на шуми и пасишта (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2008/09 | 2,25 |
| 44 | Отровна дендрофлора на Република Македонија (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2005/06 | 2,25 |
| 45 | Отровна дендрофлора на Република Македонија (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2006/07 | 2,25 |
| 46 | Отровна дендрофлора на Република Македонија (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2007/08 | 2,25 |
| 47 | Отровна дендрофлора на Република Македонија (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2008/09 | 2,25 |
| 48 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2005/06 | 2,25 |
| 49 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2006/07 | 2,25 |
| 50 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2007/08 | 2,25 |
| 51 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, II циклус, изборен, зимски сем. 2008/09 | 2,25 |
| 52 | Дендрологија (ШФС), 4+3, летен сем. 2005/06<br>Теренска настава 28 часа | 1,12 |
| 53 | Дендрологија (ШФС), 4+3, летен сем. 2006/07<br>Теренска настава - 28 часа | 1,12 |
| 54 | Дендрологија (ШФС), 4+3, летен сем. 2007/08<br>Теренска настава - 28 часа | 1,12 |
| 55 | Дендрологија (ШФС), 4+3, летен сем. 2008/09<br>Теренска настава - 28 часа | 1,12 |
| 56 | Дендрологија (ШФС), 4+3, летен сем. 2009/10<br>Теренска настава - 28 часа | 1,12 |
| 57 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2005/06<br>Терен - 21 час | 0,84 |
| 58 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2006/07<br>Терен - 21 час | 0,84 |
| 59 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2007/08<br>Терен 21 час | 0,84 |
| 60 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2008/09<br>Терен - 21 час | 0,84 |
| 61 | Фитоценологија (ШФС), 3+2, зимски сем. 2009/10<br>Терен - 21 час | 0,84 |
| 62 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+2, изборен, зимски сем. 2009/10<br>Теренска настава - 7 часа | 0,28 |
| 63 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+1, изборен, летен сем. 2005/06<br>Теренска настава - 7 часа | 0,28 |

| | | |
|---|---|---|
| 64 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+1, изборен, летен сем. 2006/07<br>Теренска настава - 7 часа | 0,28 |
| 65 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+1, изборен, летен сем. 2007/08<br>Теренска настава - 7 часа | 0,28 |
| 66 | Основи на дендрологија (ШФС), 2+1, изборен, летен сем. 2008/09<br>Теренска настава - 7 часа | 0,28 |
| 67 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2005/06<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 68 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2006/07<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 69 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2007/08<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 70 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2008/09<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 71 | Урбана дендрологија (ШФС), 3+2, летен сем. 2009/10<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 72 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2005/06<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 73 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2006/07<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 74 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2007/08<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 75 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2008/09<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 76 | Декоративни растенија (ФЗНХС), 2+1, летен сем. 2009/10<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 77 | Декоративни растенија (ФЗНХС - дисперзирани студии во Струмица), 2+1, летен сем. 2008/09<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 78 | Декоративни растенија (ФЗНХС - дисперзирани студии во Струмица), 2+1, летен сем. 2009/10<br>Теренска настава - 10 часа | 0,4 |
| 79 | Консултации со студенти 2005/06, зимски сем., 52 студента | 0,104 |
| 80 | Консултации со студенти 2005/06, летен сем., 121 студент | 0,242 |
| 81 | Консултации со студенти 2006/07, зимски сем., 53 студенти | 0,106 |
| 82 | Консултации со студенти 2006/07, летен сем., 118 студенти | 0,236 |
| 83 | Консултации со студенти 2007/08, зимски сем., 50 студенти | 0,1 |
| 84 | Консултации со студенти 2007/08, летен сем., 114 студенти | 0,228 |
| 85 | Консултации со студенти 2008/09, зимски сем., 43 студенти | 0,086 |
| 86 | Консултации со студенти 2008/09, летен сем., 142 студента | 0,286 |
| 87 | Консултации со студенти 2009/10, зимски сем., 68 студенти | 0,136 |
| 88 | Консултации со студенти 2009/10, летен сем., 120 студенти | 0,24 |
| 89 | Консултации со студенти (II циклус) 2006/07, зимски сем., 2 студента | 0,004 |
| 90 | Консултации со студенти (II циклус) 2006/07, летен сем., 2 студента | 0,004 |
| 91 | Консултации со студенти (II циклус) 2007/08, зимски сем., 2 студента | 0,004 |
| 92 | Консултации со студенти (II циклус) 2007/08, летен сем., 2 студента | 0,004 |
| 93 | Консултации со студенти (II циклус) 2008/09, зимски сем., 1 студент | 0,002 |
| 94 | Консултации со студенти (II циклус) 2008/09, летен сем., 1 студент | 0,002 |
| 95 | Ментор на студенти (5 студенти од I год. + 3 студенти од II год. = 8) | 0,5 |
| 96 | Ментор на дипломска работа (x4) | 0,8 |
| 97 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (x17) | 1,7 |
| 98 | Член на комисија за утврдување на подобност на тема за докторат | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 99 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б. (декември 2009): „Шумски дрвја - водич за источниот дел на Соединетите Американски Држави" (стручна редакција на стручна книга). Наслов на оригиналот: Lisa J. Samuelson, Michael E. Hogan: Forest trees. a giude to the Eastern United States; Pearson Education Inc. Проект на Владата на Република Македонија. Македонско издание: Издавачки центар ТРИ, Скопје. | 3 |
| 100 | Ацевски Ј., Симовски Б. (2010): Дендрологија, пакет материјали | 0,5 |
| 101 | Ацевски Ј., Симовски Б. (2010): Фитоценологија, пакет материјали | 0,5 |
| 102 | Ацевски Ј., Симовски Б. (2010): Основи на дендрологија, пакет материјали | 0,5 |
| | **Вкупно** | 123,78 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Проект „Заштита на животната средина, просторно планирање и промоција на одржлив еко-туризам во Националниот парк Маврово" (2009-2010). UCODEP; Експерт за шумски екосистеми. UCODEP. | 3 |
| 2 | Brus R., Ballian D., Zhelev P., Pandža M., Bobinac M., Acevski J., Raftoyannis Y., Jarni K. (2010): Absence of geographical structure of morphological variation in *Juniperus oxycedrus* L. subsp. *oxycedrus* in the Balkan Peninsula (во печат). | 3 |
| 3 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б. (2009): „Сукцесивни процеси на старите моликови шуми на локалитетот Бегова Чешма во Националниот парк Пелистер". Шумарски преглед на Шумарскиот факултет во Скопје. Скопје. Год.42, стр.140-146. | 3,6 |
| 4 | Манџуковски Д., Ацевски д-р Ј., Јованов Т. (2009): „Проширување на ареалот на моликата (*Pinus peuce* Griseb.) во Р. Македонија". Шумарски преглед на Шумарскиот факултет во Скопје. Скопје. Год.42, стр.155-162. | 3,2 |
| 5 | Ацевски д-р Ј. (јуни 2009): „Избор на видови за пошумување (семе и садници)". Конференција за долгорочна програма за пошумување на Република Македонија. МАНУ, Шумарски факултет во Скопје, Ден на дрвото-засади ја својата иднина. Скопје. | 2 |
| 6 | Проект „Изготвување на студија и среднорочна програма на мерки за ревитализација на старите моликови шуми во локалитетот Бегова Чешма во Националниот парк Пелистер" (2007-2008). http://www.sf.ukim.edu.mk/proekti/begovacesma Шумарски факултет во Скопје; заменик-раководител. http://www.sf.ukim.edu.mk/proekti/begovacesma/4.Proekten tim.pdf ЈУНП „Пелистер", Битола / Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC) | 3 |
| 7 | Проект „Дендропарк - училница во природа" (2007-2008) http://www.sf.ukim.edu.mk/dendropark ДРЕН - Здружение на студенти на Шумарскиот факултет, во соработка со Шумарскиот факултет, Факултетот за земјоделски науки и храна и општина Гази Баба, Скопје; експерт-волонтер. http://www.sf.ukim.edu.mk/dendropark/Proekten_tim.html SECTOR (SIDA & REC) - Програма за поддршка на граѓански здруженија во област на животна средина во Југоисточна Европа (национални грантови). | 3 |
| 8 | Проект „Програма на мерки за контрола (ограничување и/или искоренување) на зелената дуглазија (*Pseudotsuga menziesii*) во Националниот парк Пелистер". ЈУНП „Пелистер", Битола. Скопје. (2007). Шумарски факултет во Скопје; член на стручен тим. ЈУНП „Пелистер", Битола / Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Манџуковски Д., Ацевски д-р Ј. (октомври 2007): „Некои ендемични и ретки дендровидови од Градиштанска Планина". Меѓународен симпозиум „Одржливо шумарство-проблеми и предизвици / Перспективи и предизвици во дрвната индустрија". Јубилеен зборник на трудови на Шумарскиот факултет во Скопје. Охрид. Стр.114-119. | 3,6 |
| 10 | Ацевски д-р Ј., Николов д-р Н. (2006): „Можности за примена на пирофитни (пожароотпорни) видови растенија во заштитата на шумите од пожари". Заштита на растенија. Скопје, год.XVII, стр.205-212. | 3,6 |
| 11 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б. (декември 2005): „Јаворите во Република Македонија". Наши шуми (ЈП Македонски шуми). Скопје, бр.28-29, стр.18-21. http://www.mkdsumi.com.mk/imgs/sp/br28-29.jpg | 1,8 |
| 12 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б. (мај 2005): „Дабовите во Република Македонија - Македонија земја на дабови". Наши шуми (ЈП Македонски шуми). Скопје, бр.26-27, стр.18-21. http://www.mkdsumi.com.mk/imgs/sp/br26-27.jpg | 1,8 |
| 13 | „Ендемизмот и реликтите во дендрофлората на планинските масиви Галичица и Баба" (2005). Шумарски факултет во Скопје; главен истражувач. Министерство за образование и наука на Република Македонија. | 6 |
| | **Вкупно** | 40,60 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б., Миовска м-р М., Стојановски м-р В. (февруари 2010): „Десетгодишен план за одржливо управување со шуми за дел од шумите во Националниот парк Галичица" (стручна ревизија на извештај). Национален парк „Галичица", Охрид / Kreditanstalt für Wiederaufbau (KfW), Фрајбург. Скопје. | 1 |
| 2 | Караделев д-р М., Колчаковски д-р Д., Јанчев д-р С., Ацевски д-р Ј., Костадиновски д-р М. (ноември 2009): „Студија за утврдување на природните вредности и просторна идентификација на границите на парк-шумата Водно и карактеристичниот пејзаж Гази Баба". Град Скопје / „Унига стил", Скопје. Скопје. | 2 |
| 3 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б., Атанасов Н., Нетков Љ., Парлапанов К. (ноември 2008): „Програма за избор на дрвни видови на соодветни еколошки месторастења за есенското пошумување во 2008 година". Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Скопје. | 1 |
| 4 | Трендафилов Б., Симовски Б. (август 2008): „Идејно решение за партерно уредување на Меморијален манастирски комплекс Св. Преображение" (стручен консултант). Фондација „Тоше Проески", Крушево (придонес од Шумарскиот факултет и ДРЕН, Скопје). Скопје. | 1 |
| 5 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б., Атанасов Н., Нетков Љ., Парлапанов К. (ноември 2008): „Програма за избор на дрвни видови на соодветни еколошки месторастења за есенското пошумување во 2008 година". Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Скопје. | 2 |
| 6 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б., Трендафилов Б. (јули 2008): „Проект за противерозивно и флористичко-фаунистичко уредување на зелениот појас Александрија". „Адора инженеринг", Скопје. Скопје. | 1 |
| 7 | Симовски Б., Нетков Љ., Атанасов Н., Трендафилов Б. (април 2008): „Дендропарк - планетарна урбана шума" (брошура, стручна рецензија). ДРЕН-Здружение на студенти на Шумарскиот факултет во Скопје. Скопје. http://www.sf.ukim.edu.mk/dendropark/Brosura_kompletirana_A5.pdf | 1 |
| 8 | Ацевски д-р Ј., Симовски Б. (февруари 2008): „Хортикултурно уредување на спортско-рекреативен и културно-верски центар Три | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Круши" (елаборат). Општина Кисела Вода, Скопје. Скопје. | |
| 9 | Ацевски д-р Ј., Гуровски С., Димишковски Т., Цветковска Г. (2008): Локален еколошки акционен план (член на стручен тим, област природа). Општина Кисела Вода, Скопје. Скопје. | 2 |
| 10 | Ацевски д-р Ј. (април 2007): „Студија за проценка на влијанието врз животната средина - надградба на автопат Е-75, делница Демир Капија-Смоквица" (член на експертски тим, област шумски екосистеми и вегетација, влијанија и мерки за ублажување). Агенција за државни патишта на Република Македонија / Градежен институт „Македонија", Скопје. Скопје. http://www.vlada.mk/files/doc/studija_s/PREVOD_EIA_Demir_Kapija_Smokvica_UPDATED_[illegible].pdf | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Катедра за ботаника и дендрологија. Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Шумарски факултет во Скопје, раководител (2002 - сега). | 1 |
| 2 | Постдипломски студии (втор циклус) од областа дендрологија и фитоценологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Шумарски факултет во Скопје, раководител (2002 - сега). | 2 |
| 3 | Член на рецензентска комисија за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање (x3) | 0,6 |
| 4 | Симовски Б., Никчевиќ С., Ацевски д-р Ј. (2008): Монографија, 1998-2008, 10 години ЈП Македонски шуми, фотографии. | 1 |
| 5 | Координативно тело на Владата на Република Македонија за пошумување во рамките на акцијата „Ден на дрвото - засади ја својата иднина", член (2008 - сега). | 1 |
| 6 | Рабаџиски д-р Б., Ацевски д-р Ј., Симаковски д-р Н. (2006): Шумарски преглед на Шумарскиот факултет во Скопје, год.41, стр.1-149, редакциски одбор. | 0,5 |
| | **Вкупно** | 20,10 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 123,78 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 40,60 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 20,10 |
| **Вкупно** | 184,48 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Александар Андоноски, редовен проф. во пензија, претседател с.р.
2. Д-р Коле Василевски, редовен професор, член с.р.
3. Д-р Јасминка Ризовска Атанасовска, редовен професор, член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЗАТА ВО АЛБАНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ЗА ДЕЦА ВО ПЕРИОДОТ 1945 – 2000 ГОДИНА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ШЕФЌЕТ ЗЕКОЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата седма редовна седница одржана на 2.6.2010 година, избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Прозата во албанската литература за деца во периодот 1945 – 2000 година", изработена од м-р Шефќет Зеколи. Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, должност ни е да му го приложиме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд „Прозата во албанската литература за деца во периодот 1945 – 2000 година" на м-р Шефќет Зеколи е компјутерски изработен текст на 221 страница, со проред од 32 реда по страница. Трудот е композициски составен од десет дела, кои се:

- *Вовед (4-7)*
- *Историскиот развој на албанската литература за деца со посебен осврт врз албанското прозно творештво за деца (8-63)*
- *Албанската литература за деца во поранешна Југославија (64-90)*
- *Класификација на албанската проза за деца (91-170)*
- *Списанија за деца (171-179)*
- *Застапеноста на албанската книжевност за деца во учебниците (180-183)*
- *Влијанието на усното творештво во албанската проза за деца (184-186)*
- *Темите и мотивите во албанското прозно творештво за деца (187-194)*
- *Уметничките, воспитните и сознајните вредности на албанската проза за деца (195-201)*
- *Јазикот и стилот на прозното творештво за деца (202-204)*
- *Литературната критика и проучувањето на албанската проза за деца (205-208)*
- *Заклучок (209-214)*
- *Конклусион (214-217)*
- *Литература (218-221).*

Како што се гледа и од содржинското претставување на трудот, кандидатот м-р Шефќет Зеколи поголемо внимание и посветил на албанската прозата за деца која е претставена во третото поглавје („Класификација на албанската проза за деца"), во кое својот предмет на истражување го насочил кон проучувањето на албанската проза во целост во двете рамништа на проучувањето на книжевноста, во синхрониски и дијахрониски аспект.

Во *воведниот дел*, кандидатот прецизно го дефинира предметот на истражувањето и ја актуализира клучната теза поврзана со насловот на трудот и описот на корпусот врз кој се вршени истражувањата за негова изработка. Своето истражување тој го насочува кон проучување, воопштено и конкретно,

на проблематиката на албанската проза за деца на сите можни начини на нејзиното претставување, која е и основен предмет на темата. Оттука произлегува определеноста на кандидатот во својот труд да го употреби компаративно-дескриптивниот метод, како еден од можните начини за истражувањето и проучувањето на посочениве прашања.

Во ***првиот дел*** на трудот кандидатот м-р Шефќет Зеколи дава историски преглед на албанската литература за деца од нејзините почетоци до 2000 година. Поглавјето е поделено на девет потпоглавја, во кои расправа за прашања кои се поврзуваат со историскиот развиток низ векови на албанската книжевност за деца. Најобемни партии му се деловите во кои се говори за делата на преродбениците и на авторите меѓу двете светски војни, време во кое се оформува албанската книжевност за деца. Во нив се посочуват прашања како што се дилемите околу почетоците на албанската книжевност за деца, дидактичната книжевност до 19 век, книжевноста за деца во времето на преродбата, албанската книжевност за деца меѓу двете светски војни, за време на војната и по Втората светска војна (последното се однесува само за Албанија). По краткото претставување на животописот на авторите, кандидатот се задржува на нивните прозни дела. Како позначајни и поистакнати за албанското прозно творештво за деца ги издвојува делата на: Наим и Сами Фрашери, П. Васа, Л. Гуракуќи, Н. Мједа, Папа К. Неговани, М. С. Гура, Н. Никај, Е. Колиќи, С. Спасе, М. Кутели, Т. Ѓули, Миѓени, С. Ваќари, Д. Силиќи, И. Кадаре, Д. Аголи, Б. Дедја, Н. Прифти, О. Грило, Ќ. Гурањаку, Н. Јоргаќи, А. Чачи, П. Марко и др.

***Вториот дел*** на трудот, кој, исто така, е доста обемен, посветен е на проучувањето на албанската проза за деца во поранешна Југославија. Поглавјето, понатаму е поделено на прозата за деца во Косово и на прозата за деца во Македонија и е придружено со широк преглед на развитокот на албанската книжевност за деца во скорешна Југославија. Така, понатамошниот интерес за истражувањето на албанската проза за деца во Косово, кандидатот го претставува со проучувањето на делата на Антон Чета, Ј. Реља, Марк Красниќи, Р. Хоџа, Тајар Хатипи; Ќ. Батали, Р. Кукај, М. Шеху, Р. Дедај, Х. Улќинаку, И. Кадриу, А. Буњаку, А. Дева, И. Елшани, З. Халили, В. Кикај, Г. Џафоли.

Посебно потпоглавје на својот докторски труд кандидатот м-р Шефќет Зеколи му посветува на развитокот на албанската проза за деца во Македонија. Меѓу најистакнатите автори, чии дела се предмет на истражување во докторската дисертација на кандидатот, се: Љутфи Руси, Мехмедали Хоџа и Али Хуруглица; Абдилазис Ислами, Нухи Винца, Адем Гајтани и Фејзи Бојку; Мустафа Спахиу, Калош Челику, Рамадан Зејнели, Пунторие Муча Зиба, Вахид Насуфи, Нехас Сопај.

***Третиот дел*** на трудот е резервиран за теориската поставеност на тезата и на истражувањето на конкретниот апликативен материјал, особено на анализата на формите на албанското прозно творештво за деца. Овој дел на трудот му е посветен на „Класификацијата на албанската книжевност за деца". На докторскиот труд на м-р Шефќет Зеколи овој дел му е најобемен и е основен дел за целата дисертација. Во него кандидатот расправа за прашања од областа на книжевноста за деца, формите на реализацијата, како и за јазично уметничкото пивно обликување.

При проучувањето на прашањата кои произлегуваат од овој дел на трудот, кандидатот употребува два модела на истражување. Покрај жанровската поделба (басна, расказ, новела и роман), врши и типолошка класификација на поединечни жанрови, а тоа се темели на два принципа: на мотивско-тематскиот

и на географско-просторниот принцип. Така, покрај „Албанската басна за деца во текот на Втората светска војна", ги имаме и "Расказот за деца во Македонија" и сл.

Авторот, откога воопштено зборува за поделбата на формите на книжевноста за деца, пристапува кон нивно одделно проучување. Така, одделно се проучува басната (стр. 72-109), расказот (113-130), новелата (131-141) и одделно романот (142-170). Се забележува дека класификацијата се темели врз мотивско-тематското рамниште, а тоа му помага да врши и типологизација на книжевните форми на некои од истражените жанрови.

***Четвртиот дел*** на трудот е резервиран за истражување на улогата и значењето на списанијата за деца за развитокот на уметничкото чувство (визуелно и вербално), во ***петтиот дел*** се зборува за застапеноста на прозата за деца во школските учебници по книжевност, додека во посебно поглавје, т.е. во ***шестиот дел*** на трудот, предмет на проучување се меѓусебните соодноси, особено влијанието на албанската усна книжевност за деца со пишуваната и во ***седмиот дел*** се проучуваат темите и мотивите на албанското прозно творештво за деца.

Во посебно поглавје, а тоа е ***осмиот дел*** на трудот, во три одделни потпоглавја, се проучуваат уметничките, воспитните и сознајните вредности на албанската книжевност за деца. ***Деветтиот*** и ***десеттиот дел*** на трудот обработуваат прашања кои се однесуваат на јазикот и стилот, односно на книжевната критика и на проучувањето на албанската проза за деца.

Кандидатот м-р Шефќет Зеколи во својата докторска теза, употребувајќи го дескриптивно-компаративниот метод, својојата тема ја образложи со умешното користење на соодветна специјализирана современа научна литература. Поради користење на обемни објаснувања во белешките, фусното се приложени на крајот на секое поглавје. Кон предложената тема кандидатот приложил и четири страници список на научна литература. Во индексот на имиња фигурираат значајни и признати личности од албанската, балканската и светската научна јавност и нивните дела во кои се поставуваат и проучуваат прашања тесно поврзани со поставената тема, а и прашања од поширок тематски дијапазон.

М-р Шефќет Зеколи, во предадената теза, својот предмет за проучување на албанското прозно творештво за деца го насочил кон истражување на особеностите и етапите на развојот на тоа творештво. Од една страна е историскиот преглед на развитокот на албанската проза за деца, а од друга страна, содржинско-тематската анализа на одделни дела кои му служиле како поврзувачка нишка меѓу двете групи прашања.

Докторска дисертација на м-р Шефќет Зеколи е студиозно изработена и научно образложена. Методот што го применувал, теорискиот и апликативниот (оперативниот материјал), гарантира дека се работи за оригинален труд од областа на книжевноста за деца, во кој со помош на најновите сознанија од овој домен на науката на историјата на книжевноста, значајно ќе придонесе во понатамошниот развиток на оваа научна област. Тоа истовремено докажува дека се работи за еден оригинален и трудољубив кандидат кој ветува дека ќе се изгради во сериозен научен истражувач.

***Предлог и заклучок.*** Со оглед на погоре изложеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатот м-р Шефќет Зеколи во својот докторски труд „Прозата во албанската литература за деца во периодот 1945 – 2000 година" успешно ја изработил и ја образложил поставената цел и задача и е во

согласност со законската регулатива на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", односно соодветствува со одобрената тема. Затоа, ни претставува особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, да му предложиме да го прифати извештајот за докторската дисертација и на кандидатот м–р Шефќет Зеколи да му одобри термин за усна ОДБРАНА.

Скопје, 6.6.2010 година

Рецензентска комисија

1. Д–р Зекирја Незири, редовен професор, с.р.
2. Д–р Нехас Сопај, редовен професор, с.р.
3. Д–р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.
4. Д–р Мирлинда Крифца, вонреден професор, с.р.
5. Д–р Агим Лека, доцент, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *КОНЈУНКЦИЈАТА КАКО КОХЕЗИВНО СРЕДСТВО ВО АЛБАНСКИОТ СТАНДАРДЕН ЈАЗИК* ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЗЕЌИРИЈА ИБРАХИМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата седма редовна седница одржана на 2.6.2010 год., нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: ***Конјункцијата како кохезивно средство во албанскиот стандарден јазик,*** изработена од м-р Зеќирија Ибрахими.

Рецензентската комисија, изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Факултетот за укажаната доверба, по разгледувањето на доставената докторска дисртација, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Конјункцијата како кохезивно средство во албанскиот стандарден јазик,* изработена од м-р Зеќирија Ибрахими, претставува педантно обработен и технички опремен текст во 222 страници, пишувани според стандардите за научна работа, со фонт Times New Roman со македонска поддршка, со големина на буквите 12, со маргини 2,5 мм и со простор меѓу редовите 1,5.

Дисертацијата е компонирана од:

- **Вовед** - тука се претставени основните проблеми кои се обработуваат во дисертацијата.
- **I поглавје** - тука се опфатени општите теми, како: *Општи дефиниции за текстот, Функција на текстот, Текст и контекст, Граници на текстот, Изотопија на текстот, Реализација и структура на текстот,* како и поттемата: *Тема-рема.*
- **II поглавје** – во оваа поглавје се опфатени теми од кохезијата, односно кохеренцијата на текстот, како: *Општи дефиниции за кохезијата, Кохезија и структура на јазикот, Кохезија и јазичен контекст,* а потоа се обработуваат видовите на кохезија, како: *Супституција и елипса, Лексичко поврзување и Референција,* во која се дадени и темите: *Видови на референција, Типови на референција,* како и *Граматичките категории и единици кои вршат референција.* На крајот на оваа поглавје се опфатени и *Некои други форми на кохезија,* како: *Деиксис, Паралелизам, Парафразирање, Претпоставка* и *Насловите како референција.*
- **III поглавје** – тука се обработува теорискиот аспект на конјункцијата, а тоа се врши преку овие теми: *Општи дефиниции за конјункцијата* и *Видови конјункција,* во која се опфатени внатрешната и надворешната конјункција. Потоа следува темата: *Конектори,* со поттемите: *Видови*

*конектори* и *Поврзување со конектори*, а поглавјето завршува со темите: *Поврзувањето во перспектива на говорот* и *Место на поврзување*.

- **IV поглавје** – во оваа поглавје се врши анализа на конјункцијата низ текстови, а тоа се прави преку темите: *Конекторите во разните функционални стилови* и *Определување на конекторите кај конкретни автори*.
- **Заклучок** – тука се наведени главните претпоставки и заклучоци од истражувањето. Заклучокот е преведен и на англиски јазик.
- На крај е дадена **Библиографијата**, во која е опфатена основната и помошната литература, а сосема на крај е даден уште еден **Индекс на имиња** и **клучни поими**.

## АНАЛИЗА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Во воведниот дел, авторот на трудот, м-р Зеќирија Ибрахими, ги дава основните принципи на неговата работа, го најавува избраниот проблем на истражување истакнувајќи дека негов предизвик за осврнување на оваа тема е релативно малото проучување на кохезивните односи во албанската лингвистика. Потоа дава еден краток опис на неговата работа, која понатаму се одвива индуктивно, од целина кон делови, а воедно дава и еден преглед на досегашните проучувања од оваа област во албанската лингвистика. Во овој дел кандидатот дава и кратко објаснување за методологијата на неговата работа, како и за основната литература со која ќе се служи. Сосема на крајот од воведниот дел, кандидатот ни ја отсликува и шемата врз основа на која се обработува трудот.

Првото поглавје, всушност, е кратко објаснување на основните начела од текстлингвистиката, низ кои авторот не може да премине без кратки објаснувања, бидејќи само така станува јасна темата на конјункцијата, која е централно прашање на овој труд. Во овој дел тој ги дава основните дефиниции за поимот текст, дава краток опис на развитокот на текстлингвистиката, а посебно се задржува на разните теории кои го проучувале текстот. Тука тргнува од најстарите проучувања во реториката, преку литературната критика, структуралната лингвистика, генеративната граматика, логиката, математичките теории за јазикот, па сè до теоријата на комуникацијата, врз основа на кои настојува да го објасни текстот. Во поттемите кои се проучувани во овој дел, авторот на трудот зборува и за *функцијата на текстот*, кадешто осврнувајќи се на Бринкер, ги определува петте фунцкии на текстот: *информативна, апелативна, задолжителна, функција на контакт* и *декларативна функција*. Во темата *Реализација и структура на текст*, тој всушност прави едно толкување на текстот од аспект на структурата и при тоа настојува да докаже дека текстот е семантичка единица, значи единица на значењето или единица на јазикот во употреба (според Halliday & Hassan). Интересно за проучување во овој дел за кандидатот е и темата *Текст и контекст*, кадешто тој преку дефиниции и примери ја објаснува улогата на контекстот во комуникацијата. Во првата глава се опфатени и темите за изотопијата на текстот, тоа во семантичка смисла, како и за границите на текстот, кадешто посебно се зборува и за можностите на распространување на текстот и пренесувањето на други видови текст, што значи дека иако формално и физички текстот може да се ограничи, сепак семантички и содржински тој останува неограничен. Во овој дел авторот на трудот зборува и за прашањето тема-рема, протолкувано од текстуален аспект. Осврнувајќи се на многу автори, тој се определува за поделбата на тематската прогресија според овој

редослед: *линеарна, тематска, со произведена тема* и со *проширена тема*. Со ова, всушност, го заклучува првото поглавје.

Во второто поглавје, кое впрочем е и централно во оваа дисертација, авторот, на темата на поглавјето *Кохезија и кохеренција* ги вклучува сите видови на кохезија, т.е. на кохеренција. Во почетокот дава основни дефиниции за поимите кохезија и кохеренција, нивните разлики и сличности. Имено, тој потврдува дека кај многу лингвисти, меѓу кои и Halliday & Hassan, овие поими се синоними, но сепак го поддржува мислењето на Чомски дека кохезијата се случува на површината на текстот, додека кохеренцијата во длабинските структури на текстот. Ако се суди според нивното ниво, кохеренцијата е едно ниво повисоко од кохезијата при креирање на текст.

Потоа авторот на трудот се задржува на теми поврзани со врските на кохезијата и јазичната структура и кохезијата и јазичниот контекст, теми несомнено важни при толкување на феноменот на кохезија во текстот. По ова, авторот се впушта во толкување на видовите кохезија, тргнувајќи од темата *Супституција и елипса*, потоа *Лексичко повторување*, која како категорија се појавува во текст со повторување на *лексеми, со синоними, со употреба на надредени термини или лексеми со пошироко значење* и *со лексеми кои посочуваат на односи*. Понатаму продолжува со темата *Референција*. Најпрвин, за оваа тема дава општи дефиниции, а потоа зборува за *типови* и *видови* референција. Во *видови референција* ја дава општата поделба на *надворешнојазична*, т.е. *егзофора* и *внатрешнојазична референција*, т.е. *ендофора*. Потоа се задржува кај ендофората, која според теориските претпоставки се дели на анафора, посочување во претходниот текст и катафора, посочување кон тоа што следува во текстот.

Еден важен дел на оваа поглавје е и темата *Граматички категории и единици кои прават референција*, кадешто кандидатот анализира низа категории и граматички единици врз кои се проследува референцијата. Тука несомнено главни единици кои служат за референција се заменките, особено личните и показните, но кандидатот успешно се пробива и врз примерите со личните имиња, членот, честиците, конекторите (сврзниците и другите сврзувачки средства), глаголските времиња, прилозите и прилошките сложенки, придавките, бројот како граматичка категорија, извиците, синтактичките единици и инструкциските знаци. На крајот на ова поглавје, м-р Зеќирија Ибрахими зборува и за *Некои други форми на кохезија*, кои бидејќи не се центар на неговото проучување, ги обработува помалку. Тука зборува за *деиксис, паралелизам, парафраза, претпоставка* и за *насловите како референција*.

Со ова стигнува до централното прашање на оваа тема, која е всушност трето поглавје од оваа дисертација, а тоа е *конјукцијата*. Тука се задржува на општите дефиниции на конјункцијата како поим од кохезијата на текстот. Поаѓајќи од етимологијата на зборот, која во основа значи поврзување, авторот на трудот се задржува на главните претпоставки за тоа што претставува конјункцијата и кој е најточниот назив за овој јазичен феномен во лингвистиката. Поставувајќи низа теории и дефиниции, од Халидеј & Хасан, Тео Ван Дијк, па се до Велчиќ, Ѓуркова и Дучевска, тој останува на тврдењето дека и во албанскиот јазик треба да се прифатат поимите *конјункција* за феноменот на поврзување во рамките на текстот, а поимот *конектор* за средствата со кои се врши ова поврзување.

При изработката на оваа тема, кандидатот успева да направи поделба на конјункцијата, и тоа од практични причини – за да се одреди што е поврзувањето во формално-граматичка смисла и во семантичко-прагматичка смисла. В прочем, од тоа изведува текстуална конјункција, која ја именува и како внатрешна

конјункција и граматичка конјункција, која ја именува и како внатрешна конјункција. Понатаму ја проучува текстуалната конјункција, која ја дели на: адитивна, спротивна, причинска и временска. Од друга страна, анализирајќи ја граматичката конјункција, тој го проучува поврзувањето од морфолошки аспект, т.е. сврзниците, а потоа се осврнува и на сите други видови поврзувања што се реализираат во рамките на синтаксата: од синтагмата, преку простата и проширената реченица, се до сложената реченица.

Вреди да се спомне и тоа дека во оваа поглавје кандидатот посебно се задржува на конекторите, кои ги третира како вид на сврзувачки средства што вршат поврзување на единиците на текстот. Поради потребата од анализа, конекторите ги дели на четири групи: релативни – конектори кои создаваат релации помеѓу единиците на текстот, поврзувачки – кои имаат функција само на поврзување на јазичните единици, без да насочуваат на некакви релации, прилошки конектори – кои создаваат прилошки односи на единиците на текстот, фразеолошки конектори – кои се идиоматски средства за поврзување, чија функција не е само поврзувањето, туку и естетската кохезија на текстот, и на крај се препозиционалните конектори, кои обично се користат во научниот стил, а се формирани од по неколку лексеми, кои на некој начин функционираат и како идиоми од тој стил.

По определувањето на видовите конектори, кандидатот успешно прави една анализа на текстот, при што еднаш ги отстранува, а потоа ги враќа конекторите, за на тој начин да се увиди улогата на конекторите во создавање на кохезија на текстот. Пред крајот на оваа поглавје авторот на трудот го разработува дискурсот кој се формира со различни конектори. И тука, повикувајќи се на Мирна Велчиќ, определува неколку видови на дискурс, кој се формира преку употреба на конектори. Таквите видови на дискурс, според кандидатот, се: адверсативен, експликативен, каузативен и конлузивен. При што, вели тој, адверсативните конектори служат за формирање на адверсативен дискурс, експликативните служат за формирање на објаснувачки (експликативен) дискурс, кој е својствен особено за научноистражувачкиот стил, каузативните создаваат каузативни релации, т.е. причинско-последичен дискурс и на крајот следува конклузивниот дискурс кој се создава од конектори кои служат за создавање на заклучоци, а посебно се наоѓаат во заклучоци и резимеа на научни текстови. На крајот на ова поглавје кандидатот се занимава и со проучување на местото на врзување, при што преку примери докажува дека конекторите се единици кои можат да се јават на сите позиции во текстот, иако некои од нив, како препозиционалните, претпочитуваат да стојат во почетокот на речениците.

Во следното поглавје, четвртото, кое всушност е и последно поглавје на оваа дисертација, кандидатот прави една интересна анализа на конекторите во текст. Поглавјето е поделено на два дела, при што во првиот дел се анализирани конекторите во различни функционални стилови, а во вториот дел се анализирани конекторите кај одредени автори. Имено, во првиот дел на ова поглавје, авторот на дисертацијата, повикувајќи се на поделбата на функционалните стилови, што ја прави Џеват Лоши во својата *Стилистика...*, ги проучува конекторите во функционалните стилови, при што го изоставува државно-административниот стил, што значи дека во овој дел тој се занимава со научно-техничкиот стил, општествено-политичкиот стил, како и со книжевниот стил. За да се изведат конекторите во различни стилови, со што би се направило стилско типизирање на разните текстови, авторот дава по пет различни фрагменти од различни текстови: научен, публицистички и книжевен текст. На тој начин, одредувајќи ги конекторите, нивниот процент на користење во секој текст, како и нивниот вид и дискурс, се доаѓа до заклучок кои се типичните конектори за секој функционален

стил. На овој начин може да се заклучи, на пример, дека препозиционалните конектори се типични за научниот стил, додека експликативниот дискурс е типичен за научниот, а помалку и за публицистичкиот стил. На крај, кандидатот ги анализира и конекторите кај одредени автори, при што избрал два автора од публицистиката и два автора од научни текстови. Анализирајќи ги тие текстови, преку набројување на присуството на одредени конектори кај секој од нив, со што всушност се одредува и процентот на употреба на секој конектор посебно, се доаѓа да заклучок кои се типичните конектори за конкретниот автор, значи кој е конекторскиот корпус на одреден автор и кој е типичниот дискурс за тој автор. Со ваква анализа, во која има многу прегледни и вкрстени табели на конектори, авторот на дисертацијата дава еден сосема нов придонес во албанската лингвистика во проучувањето на текстот на ваков начин.

По ова поглавје даден е и еден *Заклучок*, кој е преведен и на англиски јазик. Тука на некој начин се резимира целата теорија за текстот, за кохезијата, односно кохеренцијата, за видовите кохезија, а особено за конјункцијата и конекторите, со што всушност се доаѓа до интересни податоци, кои понатаму можат да помогнат и за други проучувања и анализи, и тоа не само во рамките на лингвистиката.

На крајот е дадена користената литература, со основната и помошната литература, а тука е дадена и кратка листа на користениот материјал за анализа. И од оваа библиографија може да се види и да се заклучи дека кандидатот го исцрпил речиси сиот материјал од областа, а мошне успешно се снашол и при избор на текстови за анализа.

И сосема на крај е приложен и *Индекс на имиња и клучни поими*, кадешто се дадени имињата на цитираните автори во дисертацијата, а и поважните поими во текстот, кои се точно одредени во која страна се користат, со што трудот станува сериозно научно дело, со исполнување на сите потребни елементи и критериуми за еден ваков вид на научна работа.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од сето гореизнесено може да се заклучи дека во својата дисертација *Конјункцијата како кохезивно средство во албанскиот стандарден јазик* кандидатот м-р *Зеќирија Ибрахими* сосема темелно и успешно ја обработил теоријата на текстлингвистиката, несомнено ги сфаќа и солидно ги толкува посебните поими и содржини, а особено научно и аналитички ги обработува темите поврзани со кохезијата, конјункцијата и другите кохезивни прашања, а со оглед на начинот на кој ја вршел анализата на овој јазичен феномен во разните функционални стилови и кај конкретни автори и, воопшто, како го анализирал прашањето на конјункцијата во својата неколкугодишна работа врз овој труд, Рецензентската комисија ја има таа чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му предложи да ја прифати рецензијата и на кандидатот *м-р Зеќирија Ибрахими* да му одобри усна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 7.6.2010 год.

Рецензентска комисија

1. Д-р Џеват Лоши, редовен професор, с.р.
2. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.
3. Д-р Агим Полоска, редовен професор, с.р.
4. Д-р Мируше Хоџа, вонреден професор, с.р.
5. Д-р Ваљбона Тоска, доцент, с.р.

# РЕФЕРАТ

## за избор на асистент по група предмети од областа болести на устата и пародонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје

Наставно- аучниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на 8-та редовна седница одржана на 20. 5. 2010 година, на предлог на Кадровскиот одбор , а во врска со распишаниот конкурс објавен во весникот "Вечер" од 13. 4. 2010 година за избор во научни, наставни и соработнички звања на Факултетот, формира Рецензентска комисија за избор на асистент по група предмети од областа болести на устата и пародонтот, во состав: проф. д-р Марија Накова , проф. д-р Златанка Белазелковска и проф. д-р Мира Поповска.

На конкурсот се пријави д-р Катарина Дирјанска , асистент на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолишкиот факултет.

По темелното разгледување на доставената документација, а врз основа и на личното познавање на кандидатката, Комисијата има чест на Наставно- научниот совет да му го достави следниов

### ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката д-р Катарина Дирјанска е родена на 26. 7. 1961. година.во Скопје. Основно и средно образование завршила во гимназијата "Јосип Броз Тито" во Скопје, во 1979 година. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1979 година и дипломирала во 1986 година. Стручниот испит го положила во 1987 година. Во 1994 година се здобила со звањето специјалист по болести на устата и пародонтот. Дел од специјалистичкиот стаж од 1991 до 1992, година го поминала на ВМА во Белград.

Во 1987 се вработила во Воената амбуланта во Куманово. Во периодот 1990-1995 година работела на стоматолошките одделенија при Воената болница во Скопје. На Клиниката за болести на устата и пародонтот при ООЗТ Стоматолошки клиники, се вработила во 1995 година. На постдипломски студии од областа болести на устата и пародонтот се запишала во учебната 1995 до 96 година, а во текот на 1997 е избрана за помлад асистент на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 2002 година многу успешно го одбрани магистерскиот труд, под наслов" Клиничко-биохемиска детекција на иницијалната пародонтална лезија".

Својата стручна активност ја реализира успешно, со тенденција за перманентно надградување на своето знаење од областа на оралната патологија и пародонтологија. Во изминатиот повеќегодишен период, д-р

Дирјанска била вклучена и во тимската изведба на практичната настава по предметот, прво како клинички лекар, а потоа посебно како помлад асистент. Активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Катарина Дирјанска учествувала на 1. и на 2. Конгрес на стоматолозите од Македонија во Охрид. Исто така, учествувала и на неколку стручни собири во земјата и во странство.

Добитник е на Благодарница и Диплома од Македонското лекарско друштво во 1995 и во 2000 година.

До изборот за помлад асистент, д-р Катарина Дирјанска има објавено три труда, рецензирани во Билтенот бр. 678 во 1997 година.

До повторниот избор во звањето помлад асистент д-р Катарина Дирјанска има објавено седум труда, рецензирани во Билтенот бр. 763 во 2000 година.

До изборот за асистент има објавено седум труда, рецензирани во Билтенот бр.826 во 2003 година.

За реизбор во звањето асистент има објавено седум труда, рецензирани во Билтен бр. 892 во 2006 година

Во 2009 година ја одбрани докторската дисертација под наслов "Улогата на слободните радикали во патогенетските механизми на пародонталната болест".

За оваа изборна постапка, д-р Катарина Дирјанска ги достави за рецензија следниве трудови :

25. Ристоска С., Миновска А. Радојкова-Николовска В., Стефановска Е., Дирјанска К., Ренџова В.
4. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; 51-52
Емоционален стрес и психолошки профил на мажите со хронична пародонтопатија

Авторите ја формираат целта на овој труд за да го проследат влијанието на психосоцијалниот стрес и психолошкиот профил врз прогресијата на хроничната пародонтална болест. За таа цел биле проследени 14 испитаници со локализирана и 14 со генерализирана форма на пародонтална болест во сите три клинички стадиуми на возраст од 20 до 50 години. Покрај ова, било одредувано нивото на серумскиот кортизол, концетрацијата на sIgA во плунката и индексот на денталниот плак. Врз основа на добиените резултати од статистичката анализа на податоците, авторите заклучиле дека долготрајниот емотивен стрес и психолошкиот профил кај мажите, условуваат покачување на нивото на кортизол, кој го супримира локалниот имунолошки одбранбен одговор и условува развој на генерализирана форма на пародонтопатија и тогаш кога денталниот плак е подеднакво присутен. Трудот има стручно- научен придонес.

26. Дирјанска К., Накова М., Ивановски К., Стефановска Е., Дејанова Б.
Улогата на липидната пероксидација во патогенетските механизми на пародонталната болест

4. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; 51-52

Авторите преземале испитување со цел да го утврдат патогенетскиот придонес на липидната пероксидација во појавата и прогресијата на пародонталната болест. Реализацијата на поставената цел била спроведена кај 60 пациенти, поделени во три подгрупи според клиничките стадиуми со дијагностицирана пародонтопатија. Како контролна група биле користени 20 испитаници без клинички знаци на пародонталната болест. Кај сите пациенти било одредувано нивото на липидната пероксидација во серум. Добиените резултати укажуваат на статистичка сигнификантност помеѓу липидната пероксидација, слободните радикали и антиоксидативниот капацитет. Добиените податоци ја поддржуваат тезата дека зголемената активност на липидната пероксидација може да има придонес во патогенетските механизми на пародонталната болест. Трудот има стручно-научен придонес.

27. Стефановска Е., Накова М., Радојкова В., Дирјанска К., Ристоска С.
Хемиска и механичка контрола на денталниот плак кај ментално-хендикапирани деца- клинички резултати
5. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Апстракти), Охрид, 2009; 67

Најчестата причина за слабата орална хигиена кај лицата со ментален хендикеп е нивната неспособност за отстранување на дентален плак. За таа цел, авторите дизајнирале студија да одредат дали постои разлика помеѓу ментално хендикепираните деца кои спроведувале хемиска плак контрола со стоматидин и деца кои спроведувале механичко отстранување на дентален плак со четки и паста за заби. За таа цел биле вклучени 60 деца, поделени по 30 во соодветна група. Кај сите пациенти биле одредувани индексот на гингивална инфламација и индексот на орална хигиена при првиот клинички преглед и по два, четири и шест месеци од испитувањето. Врз основа на податоците добиени со статистичка анализа било утврдено сигнификантно намалување на степенот на гингивалната инфламација и подобрување на оралната хигиена кај двете испитувани групи, без разлика на кој начин била спроведувана контролата на плакот. Трудот има стручно-апликативен придонес.

28. Дирјанска К.
Улогата на слободните радикали во патогенетските механизми на пародонталната болест
Докторска дисертација, Скопје, 2009

Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 957 од 2009 година на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на дадениот извештај може да се заклучи дека д-р Катарина Дирјанска покажува континуиран наставно-педагошки развој, а научната апликативност и е во перманентен подем, за што зборуваат успешно одбранетата докторска дисертација и трудови објавени во земјата и надвор од неа.

Резимирајќи ги заклучоците, со задоволство му предлагаме на Наставно- аучниот совет, д-р Катарина Дирјанска повторно да биде избрана во звањето асистент по група предмети од областа болести на устата и пародонтот на Катедрата за болести на устата и пародонтот.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Марија Накова с.р.
2. Проф. д-р Златанка Белазелковска с.р.
3. Проф. д-р Мира Поповска с.р.

# *РЕФЕРАТ*

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ БОЛЕСТИ НА ЗАБИТЕ И ЕНДОДОНТОТ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 7. редовна седница одржана на 24.3.2010 година, по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс за избор на наставници и соработници во сите звања,објавен во дневниот весник "Вечер" на 18.12.2009 година донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор во звањето постар асистент по предметот болести на забите и ендодонтот, во состав: проф д-р Љупка Матовска, проф д-р Марија Накова и проф д-р Снежана Иљовска.

На конкурсот се пријави и д-р Николче Јованоски, вработен на Клиниката за болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот клинички центар" Св. Пантелејмон" во Скопје.

Комисијата, откако го разгледа приложениот материјал и врз основа на личното познавање на кандидатот, го донесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Николче Јованоски е роден на 26.4.1969 година во Прилеп. Основно и средно образование завршил во родниот град со одличен успех, во 1987 година. Во периодот 1988 – 1991 година студирал на Ветеринарниот факултет во Загреб.

Во 1991/92 година се запишал на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на кој дипломирал во 1995 година со среден успех 8,39.

Во 1996 година се вработил на Стоматолошкиот клинички центар во Скопје.

Во 1997 година се запишал на постдипломски студии, во наредната 1998 година добил решение за специјализација по специјалноста болести на забите и ендодонтот, а специјалистичкиот испит го положил во 2001 година.

Истата година посетил два курса за обука со ласер, при Универзитетот во Ахен, Германија. За тој престој добил сертификат за оспособеност за примена на тврдиот ласер во стоматолошката терапија.

Д-р Николче Јованоски активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Николче Јованоски на Клиниката за болести на забите и ендодонтот е ангажиран со здравствена, со наставна и со научна дејност.

*Сида – преглед на оралната симптоматологија; МСП 2006; 2:260-*
*Поповска М., Атанасовска-Стојановска А., Ристоска С., Јованоски Н., Стрезовска С.*

Авторите во овој труд ги опишуваат промените и симптомите кај лицата заболени од СИДА. Клиничката слика е шаренолика и е слична со многу други заболувања. Покрај симптоми на опортуните инфекции, Капошовиот сарком, тешки вирози и системска кандидомикоза, присутни се и промени во оралната празнина и тоа на оралната лигавица.

*The Effect of intracoronarry whitening of discolorated avital teeth with Endoperox*
*11th Congress of the Balkan Stomatological Society, Sarajevo 2006 (Abstract Book, Abstracts) 429*
*Апостолска С., Ренџова В., Оџаклиевска С., Јованоски Н.*

Авторите направиле испитување на дејството на препаратот Endoperox – Septodont, на авитални дисколорирани заби. Оваа мешавина врз база на 60% раствор на уреа хидроген пероксид, интра коронарно ја аплицирале кај 20 (дваесет) дисколорирани ендодонтски лекувани заби. По нагризувањето на кавитетот со фосфорна киселина во траење од 1 (една) минута го аплицирале Ендопероксот во кавитетот и забот привремено го оптурирале. По 4 – 5 дена полнењето го отстранувале и во случаите каде што естетскиот ефект бил задоволителен, забот дефинитивно го реставрирале со соодветен естетски материјал. Во оние случаи каде што естетскиот ефект не задоволувал, постапката ја повторувале еднаш до два пати. Ефектот по првото аплицирање е постигнат во 75% од третираните заби.

Кандидатот има поднесена и прифатена пријава за изработка на магистерски труд со наслов:
"Евалуација на патохистолошките алтерации во денталната пулпа кај пациенти со пародонтална болест".

Покрај здравствените и наставните задолженија, д-р Јованоски се вклучува и во научноистражувачката работа на Клиниката.

Оттука произлегува и неговото учество во следниве трудови:

*Дентински кондиционери и препарирани површини*
*Стојановска В., Стевановиќ М., Стевановиќ ММ., Босилкова Г., Јованоски Н., Петревска М.*
*II конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1998 (Апстракти)*

Целта на овој труд е да се одреди дејствувањето на кондиционерите на заостанатиот слој дентински струганици.

Испитувањата биле следени во ин витро услови на Институтот за биохемија. Заостанатиот слој бил изложен на дејствување на кондиционерот, а потоа, со помош на фотометриски и турбидометриски анализи, бил одредуван процентот на растворените органски и неоргански калциум протеини, што укажува на декалцифицирачко и протеолитичко дејство на кондиционерот врз антисептичкото дејство на кондиционерот, по што било оправдано неговото користење како еден вид тоалета, со цел да се подобри атхезивноста помеѓу глacјономерите и дентинот.

Трудот има практичен придонес.

*Реставративните материјали и нивното инхибиниторно дејство на бактериите*
*Зафировска В., Стевановиќ М., Каранфиловска А., Оџаклиевска С., Јованоски Н.*
*II конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1998 (Апстракти)*

Целта на испитувањето на овој труд е да се испита влијанието на материјалите за дефинитивно затворање на кавитетите на нормалната орална флора, меѓу кои се наоѓаат и тие кои учествуваат во настанувањето на кариозната лезија. Испитувани биле 6 (шест) материјали за дефинитивно затворање. Тие материјали биле поставувани на хранлива подлога, со претходно засеани микроорганизми. Потоа била следена зоната на инхибиција за време од 24, 48 и 96 часа. Испитувањата биле вршени на Институтот за микробиологија и паразитологија, а добиените резултати покажале различна зона на инхибиција кај материјалите.

Резултатите се табеларно прикажани.

Трудот има научно значење.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, врз основа на поднесените документи и досегашните резултати во практичната настава на Клиниката за болести на забите и ендодонтот, му предлага на Наставно – научниот совет на Стоматолошкиот факултет, д-р Николче Јованоски да биде избран во звањето асистент по предметот болести на забите и ендодонтот.

**Рецензентска комисија**

1. Проф д-р, Љупка Матовска с,р
2. Проф д-р, Марија Накова с,р
3. Проф д-р, Снежана Иљовска с,р

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08 и 26/09) и член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 8. редовна седница одржана на 20. 5. 2010 година, а по предлог на Кадровскиот одбор , донесе решение за формирање Рецензентска комисија по конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на стоматолошката протетика на Катедрата за стоматолошка протетика, во состав: проф. д-р Ерол Шабанов, проф. д-р Елена Петкова, проф д-р Евдокија Јанкуловска, проф д-р Марија Зужелова и проф. д-р Ана Миновска.

На конкурсот за избор во наставно-научни и соработнички звања, распишан врз основа на член 131 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во врска со одлуката на деканот, објавен во дневниот весник „Вечер" на 13. 4. 2010 година, се јави доц. д-р Владо Ванковски. По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го донесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Д-р Владо Ванковски**, вработен на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, е роден во Скопје на 17. 5. 1960 година.

***Универзитетско образование:***

- **доктор на стоматологија:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, во учебната 1983/84 година;
- **специјалистички труд на ниво на магистериум:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, труд под наслов „Компаративна анализа на забалото со помош на периотест кај интактни природни заби, ендодонтски третирани и заби со протетичко помагало", 2001 година;
- **докторат на стоматолошки науки:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, докторска дисертација под наслов „Стрес-апсорбер како додаток на дистално поставен имплантат - носач на фиксно-протетичка конструкција", 2005 година.

***Работно искуство:***

Првото вработување го остварил во 1985 на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика - Универзитетски стоматолошки клинички центар - Скопје. Од 1. 4. 2010 е со двоен работен однос (УСКЦ - Стоматолошки факултет - Скопје).

За **доцент** на Катедрата за дентална имплантологија е избран во 2006 година (научен **соработник** на Катедрата за мобилна стоматолошка протетика - **2005**).

## СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

На Катедрата за мобилна стоматолошка протетика и на Катедрата за дентална имплантологија, на која бил избран за асистент, а подоцна како научен соработник и како доцент, своите стручни и научни усовршувања и истражувања ги насочил кон проблематиката од областа на стоматолошка протетика и имплантологијата.

Постар истражувач бил во **еден научно истражувачки проект**: „Состојба на оралното здравје, можности и реализација за санација и превентива кај ментално болни деца"(2003), финансиран од Министерството за образование на Република Македонија.

***Студиски престои:***

- Стоматолошки факултет во Софија, 1992 г.;
- Стоматолошки факултет во Софија (курс по имплантологија кај академик Н. Попов, 1992 г.);
- Стручен престој во Лихтенштајн, 1995 г.;
- Курс за микроимпланти, Германија, 2000 г.;
- Стоматолошки факултет во Софија, 2003 г.;
- Стоматолошки факултет, Франкфурт, 2004 г.

***- Една книга и еден учебник:***

1. Стоматолошки супраструктури над имплантати . Ванковски Владо, 2005;
2. Дентална имплантологија. Ванковски Владо и сор., 2010;

Резултатите поврзани со наставната и со научно-истражувачката дејност, како и другите негови активности до изборот во звањето доцент се објавени во билтените на Универзитетот, и тоа во: Билтен бр. 535, 1990; Билтен бр. 598, 1993; Билтен бр. 802, 2002; Билтен бр. 759, 2000; Билтен, јуни 2005; Билтен бр. 908/2006 година.

## АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ПО ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ

***Наставно-образовна дејност***

На Катедрата за дентална имплантологија при Стоматолошкиот факултет во Скопје вклучен е во секојдневната теоретска и практична настава со студентите, постдипломците и специјализантите, како и во клиничката практика и во постојаните консултации.

По изборот во звањето доцент самостојно ја изведува наставата по предметот дентална имплантологија. Учествува во наставата по предметот технологија на мобилни протези на Високата школа за стручни забни техничари, како и по предметот дентална имплантологија на истата студиска програма.

Бил активно вклучен во практичната настава по предметот клиничка мобилна протетика.

Бил член на Комисијата за подобност на докторска пријава (4).

Бил член на Комисијата за дипломска работа (3).

Бил член на Комисијата за специјализација (1).

***Награди и признанија:***

- Благодарница; Стоматолошки факултет - Скопје;
- Благодарница; МЛД;
- Сребрена плакета; Стоматолошки факултет - Скопје;
- почесно членство - член на Стоматолошката комора на Хрватска;
- почесно членство - член на Стоматолошката комора на БиХ.

***Научно истражувачка дејност:***

Бил активен учесник на повеќе семинари и конгреси во земјата и во странство со постер и со усни презентации на сопствени теми. Неговиот публицистички опус опфаќа вкупно 41 статија. За тековниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања ги приложува следниве трудови објавени во целост:

**35.** Zirconium – clinical experiences , **Ванковски В.**, Ковачевска Г., МАНУ, Прилози, Одделение за биолошки и медицински науки XXXI, 2009 год.

Во трудот, кој има научно-апликативна тежина, прикажан е начинот на изработка на циркониумските фикснопротетички конструкции со помош на компјутерската CAD-CAM технологија. Препарацијата на забната супстанција е спроведена по тангенцијална метода, што е контраиндицирано во светската литература за овој тип изработка на фикснопротетички конструкции. Во трудот е потврдена и е докажана издржливоста на циркониумските коронки и нивната отпорност на притисок и на мастикација при ваков тип препарација. Иследувањата се направени и клинички и лабораториски со современа технологија и со висока прецизност на добиените резултати.

**36.** Концепт на изработка на мостови конструкции над имплантати, **Ванковски В.**, Филиповски В., Војника Ф. Стоматологијата денес, Струга, 2008 год. Апстракти.

Покажани се примери на мостови конструкции кај кои еден од носачите претставува имплантат. Целта на трудот од практичен, поточно-апликативен аспект ги презентира искуствата на авторите за решавање на беззабоста со помош на фикснопротетичка конструкција кога еден од носачите не е природен заб.

**37.** Мини-дентални имплантати за ретенција на долна тотална протеза, Ковачевска Г., **Ванковски В.**, Македонски стоматолошки преглед бр.1-2, 2009, 22-27стр.

Во делот на стоматолошката протетика посебно место зазема мобилната протетика, поточно тоталната беззабост на долната вилица. Големо непознавање во секојдневната стоматолошка практика претставува беззабоста на долната вилица, која е подвижна и истовремено доста проблематична за протетичко санирање. Во трудот авторите со помош на микроимплантати ја решаваат беззабоста во долната вилица и на веќе постојната тотална протеза и обезбедуваат индиректна стабилизација и ретенција. Трудот има стручно и апликативно значење и може да биде секојдневно имплементиран во стоматолошките ординации како решение на сериозен проблем.

**38.** Imppression tasking a fixed overdenture in patients with fixed orthodonic treatment, Ковачевска Г., **Ванковски В.** 85-th.Congress of the European Orthodontic Society EOS-2009 sp.232.

Истражувањето опфатило 20 пациенти од 20 до 60- годишна возраст (14 жени и 6 мажи) коишто биле згрижени со имедијатно фиксни протези - ортодонтски третирани. Авторите укажуваат дека со методата која била применета се елиминирани несаканите последици во текот на земањето на отпечатокот кај пациентите кои носат ортодонтско помагало.

**39.** The Role of oral hygienemethods in patients with orthodontic devices. Zuzelova M., Kovacevska G., **Vankovski V.** 85-th.Congress of the European Orthodontic Society EOS-2009 sp.231.

Авторите ја обработуваат улогата на оралната хигиена кај пациентите со фиксно ортодонтски аномалии, при што за испитување се земени 50 пациенти на возраст од 16 до 25 години (27 жени и 2 мажа). Резултатите укажуваат дека 17,33 % од пациентите имаат инфламација на меките ткива и кај 4% се појавил кариес, што укажува дека добрата орална хигиена кај пациентите со ортодонски апарати ги заштитува пациентите од појава на инфламации на меките ткива и кариес.

**40.** Циркониум клинички и лабораториски искуства. **Ванковски В.**, Ковачевска Г., Вртаноски Г. (пленарно предавање, Загреб - 2009. Прв конгрес со меѓународно учество „Нови технологии во стоматологијата").

Искуствата со циркониумоксидот во устата на пациентите како основа на коронки или мостови конструкции од Full–керамика претставуваат тренд на стоматолошката протетика во 21 век. Нарачаната тема претставува интересна проблематика од секојдневната практика на стоматолозите поткрепена со безброј практични и лабораториски докажани иследувања.

**41.** Дијагноза, план и компјутерска симулација на пациенти за имплантирање и за протезирање.

**Ванковски В.** (пленарно предавање во Куманово, 2009, на симпозиум со меѓународно учество).

Пред да се пријде кон процесот на имплантирање потребна е целосна и детална дијагноза и планирање на терапијата. Трудот ги прикажува сите потребни елементи на дијагностицирање и на планирање на состојбата во устата на пациентот за да се изврши квалитетно имплантирање и протезирање. Во трудот има многу интересна компјутерска симулација на план за имплантирање, кој досега не е прикажан во поблиските простори.

***Универзитетски учебник:***

- Дентална имплантологија. Ванковски Владо и сор., 2010 (рецензиран во Билтен бр. 967-2009). Претставува учебник за студентите на Стоматолошкиот факултет, за студиите за високостручни забни техничари и за студиската програма за Високостручни стоматолошки сестри. Тој може да биде користен и од специјализантите и супспецијализантите од истата област. Учебникот ја опфаќа целата програма од курикулумот на Факултетот во сите три студиски програми.

***Стручно-општествена дејност:***

Од 2006 до 2010 е претседател на Стоматолошката комора на Македонија; 2009 - претседател на Македонскиот стоматолошки конгрес со меѓународно учество; 2009 - член на Комитетот за реформи во здравството при Министерството за здравство на РМ.

2008 и 2009 - член на Меѓународниот симпозиум за нови технологии во стоматологијата (Загреб и Сараево).

Од април 2009 година ја врши функцијата продекан на Стоматолошкиот факултет во Скопје и е раководител на забните техники при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар во Скопје

Бил член на Комисијата за упис на студенти на трите студиски програми на Стоматолошкиот факултет во Скопје во последните три години.

По повод одбележувањето на 50-годишниот јубилеј на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на 10. 12. 2009 година добитник е на сребрена плакета за придонес во развојот и афирмацијата на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

## Заклучок

Рецензентската комисија во полн состав ја разгледа приложената документација потребна за конкурирање на објавениот конкурс. Познавајќи го лично, а воедно и разгледувајќи го приложениот материјал и следејќи ја неговата досегашна како образовна така и стручно-општествена работа , Комисијата смета дека кандидатот д-р Владо Ванковски ги исполнува сите потребни услови да биде избран во звањето вонреден професор на Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Ерол Шабанов__________________ с.р.__

Проф. д-р Елена Петкова__________________с.р.__

Проф. д-р Евдокија Јанкуловска______________с.р.__

Проф. д-р Марија Зужелова_________________ с.р.__

Проф. д-р Ана Миновска___________________с.р.__

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Владо Крсте Ванковски
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Стоматолошки факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** стоматолошка протетика

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник – Билтен 967 | 8,0 |
| 2 | Член на комисија за подобност на докторат 4x0,5 | 2,0 |
| 3 | Пред. 1 цик.-дент.имплант-1+2 –стом. (1x15x0,04) | 0,6 |
| 4 | Пред. 1 цик.-дент.имплант-1+2 –заб.тех. (1x15x0,04)x3 сем. | 1,8 |
| 5 | Пред. 1 цик.-дент.имплант-1+2 –стом. сес.(1x15x0,04)x3 сем. | 1,8 |
| 6 | Пред. 1 цик.-парц.протеза-2+2-заб.тех. (2x15x0,04)x2 сем. | 2,4 |
| 7 | Вежби -дент.имплант-1+2 –стом.(2x15x0,03)x10 групи | 9,0 |
| 8 | Вежби -дент.имплант-1+2 –стом.сестри (2x15x0,03)x3 сем. | 2,7 |
| 9 | Вежби -дент.имплант-1+2 –заб.тех (2x15x0,03)x3 сем. | 2,7 |
| 10 | Вежби -парц.протеза-2+12 –стом. (12x15x0,03)x2 сем. | 5,4 |
| 11 | Вежби -клин.протетика-2+3 –стом. (3x15x0,03)x2 групи | 2,7 |
| 12 | Член на комисија за дипломска работа 3x0,1 | 0,3 |
| | **Вкупно** | **39,4** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Zirconium – Clinical Experiences – Труд со научни рез. н/с списание (МАНУ) | 3,6 |
| 2 | Труд со оригинално н/с рез. објавен во меѓ. списание | 1,8 |
| 3 | Труд со оригинално н/с рез. објавен во меѓ. списание | 1,8 |
| 4 | Труд со оригинално н/с рез. објавен во меѓ. списание | 2,4 |
| 5 | Труд со оригинално н/с рез. објавен во МСП | 2,4 |
| 6 | Пленарно предавање на Меѓ.стр.собир -Загреб | 3,0 |
| 7 | Пленарно предавање на собир со меѓ.учество -Куманово | 3,0 |
| 8 | Секциско пред. – Струга, 2008 – меѓ.учество | 2,0 |
| 9 | Секциско пред. – Струга, 2009 – меѓ.учество | 2,0 |
| | **Вкупно** | **22,0** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | Вкупно | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на програмски одбор на Меѓ.стр.собир – Загреб, 2008 | 1,0 |
| 2 | Член на програмски одбор на Меѓ.стр.собир – Сараево, 2009 | 1,0 |
| 3 | Претседател на орг.одбор на Стр.собир со меѓ.учество-Охрид, 2009 | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Продекан | 4,0 |
| 5 | Раководител на организациона единица | 3,0 |
| 6 | Подготовка на национален документ | 2,0 |
| 7 | Претседател на СКМ ,2006-2010 | 4,0 |
| 8 | Член на комисија за избор во звање (2хнас.доц.,1 ас.) | 0,6 |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | Вкупно | 16,6 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 39,4 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 22,0 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 16,6 |
| Вкупно | 78,0 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Е. Шабанов , претседател с.р.
2. Проф. д-р Е. Петкова , член с.р.
3. Проф. д-р Е. Јанкуловска , член с.р.
4. Проф. д-р М. Зужелова , член с.р.
5. Проф. д-р А. Миновска , член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНХИБИЦИЈА НА ДЕМИНЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ЕМАЈЛОТ ОКОЛУ БРЕКЕТИТЕ ВО ТЕК НА ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН IN VIVO И IN VITRO СТУДИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД Д-Р ЕФКА ЖАБОКОВА-БИЛБИЛОВА, М-Р СЦИ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 8. редовна седница одржана на 20. 5. 2010 година, по предлог на Научниот одбор, едногласно донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација поднесена од д-р Ефка Жабокова-Билбилова, м-р сци, под наслов: „ИНХИБИЦИЈА НА ДЕМИНЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ЕМАЈЛОТ ОКОЛУ БРЕКЕТИТЕ ВО ТЕК НА ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН IN VIVO И IN VITRO СТУДИЈА", од научната област детска и превентивна стоматологија, во состав:

1. проф. д-р Миле Царчев
2. проф. д-р Снежана Ильовска
3. проф. д-р Бона Бајрактарова
4. проф. д-р Јулијана Ѓоргова
5. проф. д-р Слобода Цекова-Стојкова.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставениот материјал, на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов „ИНХИБИЦИЈА НА ДЕМИНЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ЕМАЈЛОТ ОКОЛУ БРЕКЕТИТЕ ВО ТЕК НА ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН IN VIVO И IN VITRO СТУДИЈА", од д-р Ефка Жабокова-Билбилова, м-р сци, претставува самостоен и оригинален авторски труд од одбраната проблематика, изнесен на 129 страници, кој содржи кратка содржина и апстракт на англиски јазик, 76 табели, 42 графикона, 10 слики и 137 библиографски единици.

Содржината на докторската дисертација е презентирана во 9 поглавја, и тоа: Вовед, Литературен преглед, Цел на трудот, Материјал и методи, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Литература и Анекс, структурно систематизирани во функционална и методолошки логична целина.

Во поглавјето ВОВЕД, кој е презентиран на 2 страници, авторката ги истакнува посебните услови при фиксната ортодонтска терапија (идеална можност за акумулација на плак околу брекетите) и отежнатото спроведување на беспрекорна орална хигиена, поради што не е неочекувана појавата на декалцификација на емајлот околу брекетите. Понатаму авторката говори дека декалцификационите зони се посилно изразени во гингивалниот дел на лабијалните површини на емајлот, каде што и задршката на плакот е значително поголема. Овие декалцификациони обележја се јавуваат најрано за четири недели по ставањето на брекетите и прстените.

За да се спречи деминерализацијата на емајлот при примена на фиксноортодонтски апарати, авторката истакнува дека е неопходно да се преземат сите можни превентивни мерки. Тука, во прв ред, мисли на солидно отстранување на плакот преку педантна орална хигиена, но и примена на други средства и методи, како на пример флуорот применет во која било форма (раствори или преку дентални материјали кои ослободуваат флуор употребени за лепење на ортодонтските брекети и прстени), заедно со фиксноортодонтскиот третман.

Во следното поглавје ЛИТЕРАТУРЕН ПРЕГЛЕД, кое е изнесено на 15 страници, авторката цитира релевантни содржини од 137 автори. Авторката нагласува дека ортодонтските апарати (фиксни или мобилни) се мошне погодни за акумулација на плакот, бидејќи кариогените бактерии, главно, се размножуваат на цврсти, тешко достапни површини. Со зголемувањето на бројот на кариогени бактерии се зголемува и опасноста од кариес за време на ортодонтскиот третман. Едно од можните решенија за спречување на декалцификацијата на забите околу брекетите кај пациентите во тек на фиксноортодонтскиот третман е со континуирана употреба на 10% Casein Phosphopeptide Amorphous Calcium Phosphate (дентален крем GC Tooth Mousse), за време на севкупниот ортодонтски третман. Понатаму авторката истакнува дека ризикот од декалцификација на забите околу брекетите кај ортодонтските пациенти може да се редуцира со адекватна орална хигиена и со употреба на флуориди. Директниот контакт на микроорганизмите со емајлот полесно предизвикува деминерализација отколку површините запечатени со глас-јономер цемент. Уште повеќе, временскиот период од година до две, при фиксноортодонтскиот третман, е посилен фактор за настанување на забниот кариес, отколку експерименталниот период од 36 недели во *in vitro* услови.

Потоа авторот истакнува дека и покрај бројните истражувања во доменот на деминерализацијата на емајлот околу брекетите и ортодонтските прстени, не може да се каже дека дилемите во однос на оваа проблематика се веќе решени; и понатаму се прават напори во пронаоѓањето на начини и вклучување на превентивни средства и методи во тек на фиксноортодонтскиот третман, а со цел да се инхибира деминерализацијата на емајлот, односно настанувањето на кариесот. Превентивните средства (раствори, лакови, дентални креми) не овозможуваат целосна идеална

заштита на тврдите забни супстанции. Авторката нагласува дека е тешко да се очекува сите побарувања да бидат содржани во едно превентивно средство употребено во текот на фиксноортодонтскиот третман во инхибицијата на деминерализацијата на емајлот околу брекетите и ортодонтските прстени, поради што се користат повеќе превентивни форми (средства).

Во поглавјето ЦЕЛ НА ТРУДОТ, респектирајќи ги сознанијата стекнати од светската литература и прелиминарните испитувања за учеството на Ca, Mg, F и другите микроелементи во репараторните процеси на забниот емајл, авторката ја поставува целта на докторската дисертација: *in vivo* и *in vitro* проучување на инхибицијата на деминерализацијата на емајлот при примена на превентивен третман на забите подложени на ортодонтски третман. Целта на истражувањето планирано во предложената тема за докторска дисертација, авторката ја остварува преку:

1. одредување на масениот удел на калциум, натриум, калиум и магнезиум во забниот емајл по примена на превентивниот третман;
2. одредување на концентрацијата на калциум, натриум, калиум и магнезиум во артифициелната плунка по примена на превентивниот третман;
3. одредување на количината на инкорпорираниот флуор во забниот емајл по примена на превентивниот третман;
4. проценка на евентуалните промени во минералниот состав (Ca, Na, K, Mg) на емајлот во групите заби подложени на превентивен третман, во однос на нетретирани заби;
5. установување на можни промени во pH - вредноста на плунката како резултат на примена на превентивниот третман;
6. клиничка евалуација на ефектот на применетиот превентивен третман кај пациентите подложени на ортодонтски третман; дали забите кои биле здрави, остануваат интактни и на крајот од истражувачкиот период;
7. компарација на превентивниот ефект на средствата употребени во превентивна цел за време на ортодонтскиот третман, а кои се базираат на различен принцип на превентивно дејствување.

Во четвртото поглавје МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ, изнесено на 11 страници, даден е методолошкиот пристап во реализација на поставените цели. Авторката спроведува клинички испитувања, биохемиски анализи, лабораториски испитувања и статистичка обработка на добиените податоци.

Во клиничките испитувања авторката вклучува 40 испитаници со дијгностицирана ортодонтска аномалија - пред започнувањето на ортодонтскиот третман. Испитаниците ги дели во две подгрупи (по 20 испитаника), при што првата е третирана со денталниот крем GC Tooth Mousse, а втората група со флуориден препарат (Fluorogal - раствор со ниска концентрација на флуорид 0,05% F). Контролната група ја сочинуваат 20 испитаници. Кај сите испитаници (60), пред и на крајот од ортодонтскиот третман е регистриран ОХИ-индексот и КЕП-индексот.

Во рамките на биохемиските испитувања, авторката ја одредува pH на плунката на примероци земени пред да започне ортодонтскиот третман,

потоа во сите наредни планирани контролни прегледи (по еден, три, шест и дванаесет месеци), како и по завршувањето на ортодонтскиот третман.

Лабораториските испитувања авторката ги изведува во *in vitro* услови, кај 90 интактни заби, екстрахирани поради ортодонтски причини. Од испитуваните заби формира три групи од по триесет заби. Коронката од секој заб понатаму е сепарирана вертикално на половина при што едната половина претставува испитувана група, а другата половина - контролна група. На забите од испитуваната група во *in vitro* услови им е залепена брекета со употреба на GC Fuji Ortho™ LC. Потоа забите се складирани во артифициелна плунка. Еднаш дневно забите од испитуваните групи се третирани со денталниот крем GC Tooth Mousse во траење од 5 минути, по што повторно се вратени во артифициелната плунка. Првата група на испитувани заби е третирана со денталниот крем во временски период од 1 месец, втората група на заби во период од три месеци, а третата група е третирана во временски период од шест месеци. По секој изминат, предвиден временски период, од двете добиени забни половини со остар челичен тркалезен борер внимателно е отстранет дентинот, така што се добиваат емајлови површини кои се користат за понатамошните испитувања. Притоа, се испитувани повеќе параметри со современи истражувачки методи, како ПААС, ААС, СЕМ.

Испитувањата авторката ги реализира на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во лабораторијата на Фармацевскиот факултет во Скопје, и во Институтот за здравствена дијагностика и истражувања во биомедицинските и природни науки, при Медицинскиот факултет во Ниш.

Податоците од испитувањата се евалуирани со стандардни статистички параметри и компјутерска програма.

Добиените податоци релевантни за испитувањето, детално се анализирани, статистички се обработени и презентирани на 49 страници во поглавјето РЕЗУЛТАТИ. Прикажани се 56 табели, 33 графикони и 10 слики.

Резултатите добиени од клиничките испитувања покажуваат дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу средните вредности на КЕП - индексот пред и по ортодонтскиот третман кај двете испитувани групи, а кај контролната група се статистички сигнификантни.

Резултатите од биохемиските анализи покажуваат дека постојат статистички значајни разлики помеѓу вредностите на pH во одредените временски интервали кај испитаниците превентивно третирани со GC Tooth Mousse. Кај испитаниците третирани со Fluorogal, средните вредности на pH измерени пред почетокот на ортодонтскиот третман статистички значајно се разликуваат од средните вредности на pH по три месеци, шест месеци, дванаесет месеци и по завршувањето на третманот, додека разликите по еден месец не се статистички значајни. Вредностите на pH измерени по 1, 3 и 6 месеци од ортодонтскиот третман статистички значајно се разликуваат од средните вредности на pH во следните одредени временски интервали од

третманот. Средните вредности на pH измерени по 12 месеци од ортодонтскиот третман статистички значајно не се разликуваат од средните вредности на pH по завршувањето на третманот. Кај контролната група, средните вредности на pH, измерени пред почетокот на ортодонтскиот третман, статистички значајно не се разликуваат од средните вредности на pH по еден, три, шест, дванаесет месеци и по завршувањето на третманот. Вредностите на pH измерени по 1, 3 и 6 и 12 месеци од ортодонтскиот третман, статистички значајно не се разликуваат од средните вредности на pH во следните одредени временски интервали од третманот.

Резултатите од лабораториските испитувања покажуваат дека по третман од 1 и 3 месеци постојат статистички значајни разлики во однос на средните вредности на Ca во емајлот помеѓу забите од испитуваната и контролната група. По третман од 6 месеци, во однос на средните вредности на Ca во емајлот помеѓу забите од испитуваната и контролната група разлики постојат, но тие не се статистички значајни. По третман од 1, 3 и 6 месеци постојат статистички значајни разлики во однос на средните вредности на K, Na и Mg во емајлот помеѓу забите од испитуваната и контролната група

Ултраструктурните промени на емајлот покажуваат два степена на негова деминерализација. Кај забите чии брекети се залепени со Fuji Ortho™ LC, е присутен понизок степен на декомпензација, а кај забите чии брекети се залепени со Dentaurum (Orthodontic Bonding System) се забележува повисок степен на деградација на емајлот.

Инхибиција на деминерализација на емајлот се забележува во групата на заби каде што брекетите се залепени со Fuji Ortho™ LC, а забите превентивно се третирани со денталниот крем GC Tooth Mousse. Поизразена инхибиција на деминерализација на емајлот со поорганизирана емајлова структура, дефинирани емајлови призми и тенки интерпризматски простори е воочена во групата на заби третирани со Fluorogal.

Во поглавјето ДИСКУСИЈА, д-р Ефка Жабокова-Билбилова, м-р сци, ги анализира и ги коментира добиените резултати, со еден навистина впечатлив стил.

Кај испитаниците од двете испитувани групи (превентивно третирани во тек на фиксноортодонтскиот третман) е забележано минимално, статистички несигнификанто зголемување на КЕП-индексот по завршувањето на ортодонтскиот третман. Најмал пораст има во групата превентивно третирана со Fluorogal, каде што кај 15 % од испитниците не се појавени никакви знаци на деминерализација по завршувањето на фиксноортодонтскиот третман. Според авторката, зачувувањето на денталното здравје, поточно интегритетот на емајлот во периодот додека трае фиксноортодонтскиот третман, е резултат на примената на соодветни превентивни мерки, заедно со практикувањето на солидна орална хигиена од страна на пациентот.

Добиените наоди на авторката покажуваат дека со зголемувањето на временскиот интервал на превентивниот третман со денталниот крем GC Tooth Mousse се покачува саливарната pH; ова значи зголемување на

алкалноста, односно намалување на киселоста во оралниот медиум. За нормализирање на pH на плунката во однос на сите испитувани периоди на континуираното применување на денталниот крем GC Tooth Mousse, авторката констатира дека е потребен подолг временски период (кај овие испитаници 6 месеци по секојдневната примена на денталниот крем, pH - вредноста изнесувала 6,79, наспроти 6,49 пред почетокот на третманот). Намалувањето на продукцијата на киселини овозможува побрзо враќање кон неутралните саливарни pH - нивоа, што, пак, влијае на намалување на деминерализирачкиот ефект, односно на започнувањето на процесот на реминерализација. Така, релативно малите разлики во покачувањето на pH - вредноста (по 6 и 12 месеци), можат да дадат разлики во настанувањето на кариозните лезии.

Зголемување на pH на плунката авторот забележува и кај испитаниците третирани со Fluorogal, во одделните временски интервали. Пред почетокот на ортодонтскиот третман, вредноста на pH кај оваа испитувана група била 6,48, а во наредните проследувања (1, 3, 6 и 12 месеци), е регистрирано зголемување на саливарната pH, со највисока вредност по 6 месеци од ортодонтскиот третман (6,77).

Кај контролната група на испитаници не е забележана промена на концентрацијата на водородните јони (саливарната pH), во смисла на нејзино зголемување во одделните временски интервали (пред почетокот на ортодонтскиот третманот pH е 6,47, за по завршувањето на третманот да изнесува 6,50). Според авторката ова оди во прилог на позитивното влијание на превентивните средства (дентален крем и флуориден раствор), врз тенденцијата за нормализирање на саливарната pH. Ваквата состојба на саливарната pH кај контролната група компарирана со истата кај третираните групи (I и II), авторката ја објаснува со отсуството на други превентивни мерки, освен сугерираната орална хигиена (кај сите три групи). Ова го потврдува позитивниот ефект на превентивните третмани - посебно со Fluorogal врз ацидобазната рамнотежа.

Анализата на резултатите за застапеноста на Ca во емајлот по континуираната употреба на денталниот крем GC Tooth Mousse покажува дека постои статистички сигнификантна разлика во процентуалната застапеност на овој елемент во одделните временски интервали од испитувањето. Концентрацијата на Ca во емајлот, по едномесечната апликација на превентивниот дентален крем GC Tooth Mousse е 25.19%, а кај контролната група изнесува 23,32%. Во емајлот на забите, по три месеци од апликацијата на превентивниот дентален крем, според авторката се содржат значително повисоки вредности за Ca (26,05%), во однос на нетретираниот емајл, каде што вредноста на Ca е 23,83%. Со зголемување на временскиот интервал (по три месеци) од апликацијата на превентивниот препарат, во овој случај денталниот крем GC Tooth Mousse, авторката забележува значително повисока процентуалната застапеност на Mg во емајлот. Според авторoката, другите испитувани елементи (Na и K), во емајлот третиран (*in vitro*) со дентален крем, покажуваат значително повисоки вредности (статистички значајни) по шестмесечна апликација.

Компарација на добиените вредности за испитуваните елементи (Са, Na, K и Mg) во емајлот и артифициелната плунка во различните временски интервали (по 1, 3 и 6 месеци) од примената на превентивниот третман, со наоди од други автори не е направена поради оскудноста на такви подадоци во достапната научна литература од овој домен. Ова, секако, оди во прилог на оргиналноста на наодите на авторката во истражувачката студија.

Понатаму авторката нагласува дека покрај локалното позитивно влијание на ослободениот флуор од цементот употребен за лепење на брекетите во инхибицијата на емајлот околу брекетите и ортодонтските прстени, ослободувањето на флуорот од глас-јономер цементот овозможува континуирано присуство на ниски концентрации на флуор во оралниот медиум, кое, исто така, влијае инхибиторно врз деминерализацијата на емајлот околу брекетите и ортодонтските прстени.

Во поглавјето ЗАКЛУОЧОЦИ презентирано на 3 страници, авторот изнесува концизни и јасни заклучоци врз основа на добиените резултати од испитувањето. Резултатите потврдуваат дека за зачувување на денталното здравје, поточно, интегритетот на емајлот во периодот додека трае фиксноортодонтскиот третман, примената на соодветни превентивни мерки е императив. Очекуваниот ефект од овие мерки е инхибицијата на деминерализирачките процеси на емајлот.

Резултатите од *in vivo* и *in vitro* испитувањата, реализирани во рамките на докторската дисертација, јасно укажуваат на фактот дека флуорослободувачките материјали, употребени при фиксноортодонтскиот третман, ја инхибираат деминерализацијата на емајлот околу брекетите и ортодонтските прстени. Оттука произлегува препораката за нивна употреба како дополнителни превентивни методи/средства *покрај основната - добра орална хигиена.*

Во поглавјето ЛИТЕРАТУРА се содржани 137 референци од домашни и, пред сè, странски автори. Поголемиот дел од цитатите се од понов датум.

Деветтото поглавје АНЕКС опфаќа 18 табели и 8 графикони каде што се прикажани вредностите на испитуваните параметри во контролната група на заби.

# ЗАКЛУЧОК

Рецензентската комисија по разгледувањето на поднесената докторска дисертација под наслов „ИНХИБИЦИЈА НА ДЕМИНЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА ЕМАЈЛОТ ОКОЛУ БРЕКЕТИТЕ ВО ТЕК НА ОРТОДОНТСКИ ТРЕТМАН IN VIVO И IN VITRO СТУДИЈА" од д-р Ефка Жабокова-Билбилова, м-р сци, заклучи дека дисертацијата претставува самостоен и оригинален научен труд што ги исполнува потребните суштински и формални критериуми предвидени за научен труд од ваков вид.

Оформеноста на дисертациониот труд, богатиот литературен преглед, прецизно поставените цели на испитувањето, презентацијата и анализата на добиените резултати, компаративната дискусија со резултатите од други автори, како и концизните и јасни заклучоци, ја прават дисертацијата оригинална и со апликативна вредност.

Сумирајќи ги сите согледувања, Рецензентската комисија позитивно ја оценува приложената докторска дисертација од д-р Ефка Жабокова-Билбилова, м-р сци, под наслов: „Инхибиција на деминерализацијата на емајлот околу брекетите во тек на ортодонтски третман in vivo и in vitro студија" и со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, да го усвои рецензентскиот извештај и да овозможи натамошен тек за одбрана на докторската дисертација.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Миле Царчев, с.р

---------------------------------------------------------

2. Проф. д-р Снежана Иљовска, с.р

---------------------------------------------------------

3. Проф. д-р Бона Бајрактарова, с.р

---------------------------------------------------------

4. Проф. д-р Јулијана Ѓоргова, с.р

---------------------------------------------------------

5. Проф. д-р Слобода Цекова-Стојкова, с.р

---------------------------------------------------------

Прав. факултет
Бр. 03-480/1
200_ год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "УСТАВНОПРАВНИОТ СТАТУС НА КОСОВО ОД 1946 ДО 2008 ГОДИНА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ХАЗЕР СУСУРИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОР ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со одлуката на Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, на седницата одржана на 27.6.2008 година (одлука број 02-494/45), формирана е Комисија за оцена на подобноста и способноста на кандидатот м-р Хазер Сусури и предложената тема на докторската дисертација, во состав: проф. д-р Саво Климовски, проф. д-р Рената Десковска и проф. д-р Тања Каракамишева.

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, на седницата од 21.7.2008 година (одлука број 02.494-28), го усвои Извештајот за оцена на подобноста и способноста на кандидатот м-р Хазер Сусури, како и подобноста на предложената тема на докторската дисертација: „Уставноправниот статус на Косово од 1946 до 2008 година". Истовремено на кандидатот му е одреден ментор - проф. д-р Саво Климовски, како и членови на Комисијата за оцена на поднесениот текст на докторатот, во состав: проф. д-р Саво Климовски, ментор, проф. д-р Рената Десковска, проф. д-р Тања Каракамишева, проф. д-р Татјана Петрушевска и проф. д-р Осман Кадриу.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТРУДОТ

Кандидатот го поднесе текстот на докторската дисертација од 334 страници со проред на текстот еден, во следните 9 страници се опфатени скратениците што се употребени, како и изворите и користената литература која кандидатот ја користел по повод изработката на докторатот.

ПРЕДМЕТ НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД

Темата, односно предметот на истражување е уставноправниот статус на Косово од 1946 до 2008 година.

Докторскиот труд на кандидатот м-р Хазер Сусури се состои од вовед, девет дела, заклучок и резиме.

**ВОВЕДОТ (10-13)** ги содржи во кратки црти причините за изработката на докторатот - уставноправниот статус на Косово во временскиот период од 1946 до 2008 година, предметот и општествената оправданост, целта како и методите кои се употребени при истражувањето на темата на докторската дисертација.

**ВО ПРВИОТ ДЕЛ (14-15)**, кој се состои од една глава, кандидатот ги третира идеолошките и политичките основи на независност, односно даден е краток осврт на историскиот развој на уставноправната положба - статусот на Косово. Во тој поглед кандидатот го третира појавувањето на идеолошките и политичките основи за косовската независност опфаќајќи го и периодот на косовската независност како ентитет во борбата против фашизмот.

**ВО ВТОРИОТ ДЕЛ (16-26)** под наслов „Уставноправната положба на Косово под Југословенската федерација во периодот од 1946 - 1999 година и односите на релација република и покраина", кошто се состои од две глави, докторандот ги третира периодите на развој на уставноправниот статус во горенаведениот период.

Во првата глава, во кратки суштински црти, кандидатот ја третира уставната положба, односно статусот на Косово во периодот од 1945 до 1946 година, од 1946 до 1953 година, од 1963 до 1968, уставните промени од 1968, 1971 и 1972 година на Уставот на СФРЈ од 1963 година. Додека, пак, во втората глава докторандот го третира политичкиот статус на Косово во поранешната СФРЈ во временскиот период од 1974 до 1989 година, со посебен осврт на односите федерација, република и покраина. Кандидатот осврнувајќи се на положбата на Косово со Федерацијата и со Република Србија, посебно истражувањето го посветува на единствените и договорните

функции помеѓу покраината Косово и Република Србија. Во оваа глава кандидатот ја третира посебно уставноправната положба на Косово изедначувајќи ја со положбата на република, со конститутивниот елемент на покраината Косово и Југословенската федерација.

**ВО ТРЕТИОТ ДЕЛ (35-37)**, кандидатот го третира прашањето на противуставна супрематија на уставноправната положба на Косово утврдена со Уставот на СФРЈ од 1974 година и Уставот на САП Косово од 1974 година, со уставните промени на Уставот на Република Србија од 1989 година. Докторандот исто така ја третира и противуставната процедура, т.е употребата на репресивни мерки од страна на Република Србија и федерациите за суштинските промени на положбата на САП Косово како конститутивен елемент на Југословенската федерација и рамноправната положба на САП Косово со останатите републики на СФРЈ. Во докторската дисертација се простудирани и предметните противуставни промени кои предизвикувале немир на Косово и ескалирале до непослушност од страна на граѓаните на Косово со формирањето на паралелни органи на власта во однос на Република Србија, како и прогласувањето на независност на Косово со Уставот на Република Косово од 7 септември 1990 година. Докторандот го третира и прашањето за конфликтот на вооружените сили на Федерална Југославија, односно Србија со Ослободителната војска на Косово, до Рамбуевската конференција која ја третирала уставноправната положба на Косово со перспектива за решавање на ова прашање во рамките на југословенскиот федерализам. Докторандот во тој правец го третира и потпишувањето на Рамбуевскиот договор од страна на косовската делегација, како и неговото одбивањето од страна на српската делегација, документ кој бил основен меѓународен извор на правото за одредувањето на конечниот уставноправен статус на Косово.

**ВО ЧЕТВРТИОТ ДЕЛ (38-45)**, докторандот ја истражува уставноправната положба на Косово под привремената администрација на Обединетите нации (UNMIK), како преоден период за конечното решавање на уставноправната положба на Косово. Кандидатот посебно ги истражува меѓународните правни извори кои го основале статусот на Косово под

привремена администрација на Обединетите нации (UNMIK), третирајќи го Воено-техничкиот договор помеѓу KFOR и Владата на Федерална Република Југославија и Република Србија и кумановскиот договор, од 9 јуни 1999 година. Исто така, кандидатот третира и друг многу значаен извор на правото од меѓународен карактер за дефинирање на статусот на Косово како ентитет под привремената управа на Обединетите нации (UNMIK), Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на Обединетите нации од 10 јуни 1999 година.

**ВО ПЕТТИОТ ДЕЛ (46-63),** кандидатот во докторската дисертација го истражува прашањето на политичкото уредување на Косово како ентитет под привремената управа на Обединетите нации (UNMIK), односно основањето на привремената администрација и примената на меѓународно политичкиот статус на Косово, во временскиот период од 10 јуни 1999 до 17 февруари 2008 година, до денот на еднострането прогласување на независност на Косово. Во овој дел кандидатот ги истражува овластувањата на привремената администрација на Обединетите нации на Косово, примената на законите коишто се во сила по донесувањето на уставната рамка за привремена самоуправа на Косово, институцијата специјален пратеник на генералниот секретар на Обединетите нации, заедничката привремена структура на привремената администрација на Косово, изборот и функционирањето на локалната власт на Косово, односот помеѓу Локалната власт на Косово и привремената администрација на Обединетите нации на Косово, како и општината како основна единица на локалната самоуправа на Косово.

**ВО ШЕСТИОТ ДЕЛ (64-100),** докторандот го истражува нормативното уредување на уставниот проект на Косово како ентитет под привремената управа на ОН (UNMIK). Во овој контекст, кандидатот ја третира уставната рамка со привремената самоуправа на Косово како највисок акт на Косово под привремена администрација на Косово како меѓународен протекторат. Во таа рамка, докторандот ги третира највисоките институции утврдени со уставната рамка за привремена самоуправа на Косово, истражувајќи ја уставната положба на Собранието на

Косово, како највисок државен законодавен орган на Косово, ограничените функции на Собранието на Косово од страна на специјалниот пратеник на генералниот секретар на Обединетите нации на Косово, уставната положба на Владата на Косово како државен извршен орган. Во овој контекст, докторандот ја третира и уставната положба на судството на Косово под привремената управа на ОН и неговите судски функции и положбата на судството, истражувајќи ги судовите и нивните функции со посебен осврт на функциите на Врховниот суд на Косово. Во рамките на судскиот систем во согласност со уставната рамка за привремена самоуправа на Косово, кандидатот ја истражува институцијата јавен обвинител на Косово, јавниот правобранител, адвокатурата, како и институцијата омбудсман. Во рамките на оваа глава, докторандот, исто така, во согласност со Уставната рамка за привремена самоуправа на Косово, ја истражува институцијата претседател на Косово како гарант за единството на народот на Косово и гарант за демократското функционирање на институциите под привремена самоуправа на Косово, ограничена под авторитетната контрола и одлучувањето на привремениот специјален претставник на генералниот секретар на Обединетите нации за Косово.

Во рамките на институциите кои се основани врз основа на Уставната рамка за привремена самоуправа на Косово, кандидатот ги истражува и институциите како што се независните органи и канцеларии, заштитните трупи на Косово, а исто така и меѓународното присуство на безбедносните сили на Косово, KFOR и слично.

**ВО СЕДМИОТ ДЕЛ (101-113)**, кандидатот во докторската дисертација ја истражува постапката на завршување на политичкиот меѓународен статус на Косово како ентитет под привремена управа на Организацијата на обединетите нации, преминувањето на државната власт од органите на привремената администрација на Обединетите нации на носителите на локалната власт. Граѓанската трансформација на статусот на Косово докторандот ја третира со постапката на интервенција од страна на Советот за безбедност на Обединетите нации во процесот на одредувањето на политичкиот статус на Косово согласно со Резолуцијата 1244/1999 на

Советот за безбедност на Обединетите нации, односно трансформацијата на политичкиот статус на Косово како ентитет под привремена управа на Обединетите нации. Во овој дел кандидатот го обработува прашањето за меѓународно договарање помеѓу делегацијата на Косово и делегацијата на Србија во Виена, Република Австрија, предводена од страна на специјалниот пратеник на Обединетите нации, Марти Ахтисари, односно Канцеларијата на Обединетите нации на специјалниот пратеник за Косово (UNOSEK) со седиште во Виена, Австрија.

**ВО ОСМИОТ ДЕЛ (114-166),** кој опфаќа 12 глави, докторандот го опфаќа прашањето од научно - емпириско гледиште, генезата на политичкиот статус на Косово како независна и суверена држава.

Во првата глава, докторандот го третира дефинирањето на уставноправната положба на Косово кон предлогот на Ахтисари, истражувајќи ги заклучоците на сеопфатниот предлог за политичкиот статус на Косово од 2 февруари 2007 година, специјалниот пратеник на генералниот секретар на Обединетите нации, Марти Ахтисари - Пако Ахтисари, во поглед на одредувањето на идниот правнополитички статус на Косово кој обезбедува сеопшта стабилност, и како таков би се применувал на целата територија на Косово. Предлогот на Ахтисари е третиран како меѓународен правен извор со кој ќе се дефинира прашањето за политичкиот статус на Косово. Докторандот исто така ја истражува и улогата на специјалниот пратеник на генералниот секретар на Обединетите нации за процесот на идниот статус на Косово, неговата изјава дека Косово во неговиот иден статус треба да биде независен субјект под меѓународен надзор, со што со предлогот на Ахтисари е обезбеден фонд за идната независност на Косово и со којшто предлог независноста е применлива, супстанцијална и во којашто сите припадници можат да живеат во мир. Во тој поглед, докторандот го обработува и прашањето на евентуалното договорно прифаќање на предлогот на Ахтисари пред Советот за безбедност на Обединетите нации, меѓутоа тој наидува на приговор од страна на Русија и државите коишто неа ја поддржуваат, од една страна, додека од друга страна се САД, Англија и другите земји од Европа, членки на Советот за

безбедност на ООН коишто неа ја поддржувале. Во тој правец, докторандот ги истражува создадените услови, прифатливи за албанските лидери на Косово, коишто го прифаќаат предлогот на Ахтисари, коишто го определуваат статусот на Косово како независна и суверена држава под меѓународен надзор.

Кандидатот го разгледува предлогот на Ахтисари од аспект на документ битен за одредување на политичкиот статус на Косово, истражувајќи ги општите одредби, основните права и слободи, правата на националните малцинства на Косово, децентрализацијата и локалната самоуправа, културното и верското наследство, економските и имотните прашања, безбедноста, Комисијата за избори, присуството на меѓународните сили, статусот на цивилниот меѓународен претеник на Косово и сл.

Во втората глава на докторската дисертација кандидатот го истражува начинот на одредувањето на суштинските одредби на Косово врз основа на предлогот на Ахтисари, како што се: правата и слободите на човекот, државните органи на Косово, Собранието на Косово, Уставниот суд, народниот правобранител, Централната изборна комисија, децентрализацијата, односно локалната самоуправа, како и постапката за уставните измени.

Во третата глава кандидатот ги анализира правата на малцинствата од предлогот на Ахтисари, кои треба да бидат содржани во Уставот на Косово во согласност со Европската карта за локална самоуправа.

Четвртата глава е посветена на локалната самоуправа за косовските Срби како и останатите национални малцинства, надлежностите на општините со српско население како што се надлежностите во однос на образованието и вршењето настава на нивниот јазик, финансирањето на општините со српско население на Косово, нивната соработка со институциите на Република Србија, критериумите за основање нови општини на Косово и слично.

Во петтата глава кандидатот ја објаснува организациската структура на судството на Косово согласно со предлогот на Ахтисари.

Во шестата глава кандидатот ја истражува институционалната заштита на верското и културното наследство на Србите на Косово.

Седмата глава е посветена на обврските на Косово во однос на надворешниот долг, а во осмата глава е разработен секторот за безбедност на Косово.

Во деветтата глава, кандидатот го истражува меѓународниот надзор за остварување на самостојноста и сувереноста на Косово, вклучително и меѓународното граѓанско присуство на специјалниот пратеник на Европската унија.

Десеттата глава е посветена на присуството на европската мисија за политичка безбедност и одбрана, а единаесеттата глава се однесува на меѓународното воејно присуство на Косово.

Дванаесеттата глава ги третира обврските на Косово за донесување закони во периодот на транзицијата.

**ВО ДЕВЕТТИОТ ДЕЛ (166-324)**, во 14 глави, кандидатот ги истражува основите за одредување на политичкиот статус на Косово.

Во првата глава кандидатот ја определува уставноправната положба на Косово како независна и суверена држава под меѓународен надзор. Во таа смисла, тој го истражува унилатералното прогласување на независноста на Косово, значењето на Декларацијата за независност на Косово како политичко-правен акт на Собранието на Косово, нејзините карактеристики, како и нејзините специфики.

Во втората глава, користејќи го споредбено - правниот метод, кандидатот го анализира Уставот на Република Косово како највисок правен акт, а посебно општите и посебните карактеристики на Уставот на Република Косово од 2008 година, нормативниот дел, општите одредби, основните права и слободи, правата на малцинствата, Собранието на Република Косово, претседателот на Република Косово, Владата на Република Косово, правосудниот систем, Уставниот суд, економските односи, локалната самоуправа и територијалната организација, Секторот за безбедност, независните институции на Косово, како и завршните и преодните одредби на тој акт.

Третата глава е посветена на основните карактеристики на политичкиот систем и уставниот поредок на Република Косово.

Четвртата глава е посветена на правата на малцинствата, особено застапеноста на нивните вработувања во јавните институции, како и застапеноста во локалните државни органи.

Во петтата глава кандидатот дава приказ на карактеристиките на претставничките државни органи на Република Косово, а во таа смисла на: структурата на Собранието, изборот и мандатот на пратениците на Собранието на Република Косово, претседателот, потпретседателот, односно претседателството на Собранието на Република Косово, нејзините надлежности, а посебно законодавната функција и функцијата на политичката контрола на Собранието на Република Косово.

Во шесттата глава кандидатот ја третира институцијата претседател на Република Косово како највисок државен орган на Републиката, а посебно неговата надлежност, изборот, мандатот, имунитетот и разрешувањето.

Во седмата глава кандидатот дава осврт на општите начела за одредување на извршната власт, надлежноста на Владата и премиерот, изборот на Владата, министерствата и застапувањето на малцинствата.

Осмата глава е посветена на правосудниот систем на Косово, при што е ставен акцент на општите начела и уставното уредување на судската власт, организацијата и функционирањето на судовите, именувањето и разрешувањето на судиите, нивниот реизбор и имунитет, неспоивоста на судската функција, надлежностите, функциите како и постапката за работа на EULEX - судиите на Косово, надлежноста и структурата на Судскиот совет на Косово, привремениот состав на Судскиот совет, државниот обвинител, надлежноста и функционирањето на обвинителите на EULEX на Косово, како и Советот на обвинителите на Косово.

Во деветтата глава, кандидатот ја истражува институцијата Уставен суд преку приказ на општите начела за контрола и заштита на уставноста, судската контрола на уставноста, јурисдикцијата, овластените странки пред Уставниот суд, составот и мандатот на судиите на Уставниот суд, постапката

за одлучување пред Уставниот суд, како и правното дејство на одлуките на овој Суд.

Десеттата глава дава анализа на економските односи утврдени во Уставот на Косово, при што се акцентирани општите начела на економските односи, одредувањето на сопственоста и нејзините карактеристики, како и богатството и природните извори.

Во единаесеттата глава на докторската дисертација, кандидатот ја истражува локалната самоуправа и територијалната организација во Република Косово преку општите начела на локалната самоуправа и територијалната организација, организацијата и функционирањето на локалната самоуправа, оригинерните, делегираните и проширените надлежности на општината, нормативната самостојност на општината, финансиската, политичко- административната автономија на општината, како и облиците на остварување на локалната самоуправа.

Во дванаесеттата глава на докторската дисертација, кандидатот дава осврт на улогата и положбата на институциите на безбедност во Републиката и ги прикажува општите начела на безбедносните сили на Косово, нивната собраниска контрола преку собраниската Комисија и слично. Во тој правец, кандидатот ги потенцира институциите: претседател на Република Косово како врховен командант на безбедносните сили на Косово, премиерот на Република Косово како ефективен контролор и надзорник над безбедносните сили на Косово, Советот за безбедност на Република Косово, Полицијата на Република Косово, Косовската агенција за разузнавање како безбедносна институција за откривање, истражување и надзор над заканите насочени кон безбедноста на Косово, како и цивилните власти на авијацијата на Косово.

Во тринаесеттата глава кандидатот ги објаснува независните институции на Република Косово: Канцеларијата на омбудсманот, општата аудитиција на Република Косово, Централната изборна комисија, Централната банка на Република Косово, како и Независната комисија за медиуми и независните агенции.

Во четиринаесеттата глава од овој дел, кандидатот ја определува правната супремација на пакетот документи на Ахтисари во однос на Уставот на Република Косово, меѓународниот цивилен пратеник, како и присуството па меѓународните сили на Косово.

**Во Заклучокот (325-328),** кандидатот ги сублимира резултатите на истражувачката работа со конкретни научноистражувачки предлози.

**Во Резимето (329-331),** докторандот го резимира целокупниот научно- истажувачки труд во кратки сублимирани црти.

Заклучни согледувања

Трудот на кандидатот м-р Хазер Сусури „Уставноправната положба на Косово 1946-2008 година" е последната верзија од неколкуте пријавени теми за изработка на докторската дисертација, кои во неколкугодишен континуитет мораа да се приспособуваат на објективните околности на стекнување самостојност и уставноправен статус на Косово, во еден згуснат сплет на внатрешни и меѓународни односи, особено во последните 4-5 години во стекнување и оспорување на нејзиниот легитимитет и независност следени со една нова уставноправна реалност преточена во норми на меѓународната заедница, коишто преку документот на Марти Ахтисари, ги усвои законодавното тело на Косово.

Токму затоа кандидатот м-р Сусури беше исправен пред дилемата која методолошки ќе го одведеше трудот на посигурниот уставно-историски пристап кој би започнувал уште од документот на Призренската лига, или, пак, ќе се направи еден историски, но многу повеќе социолошко-политички и правен пристап кој ќе ја прикаже реалната уставно-правна состојба и статус на Косово и ќе даде сопствен придонес во надминување на многу нереални и неадекватни уставно-правни решенија кои би ја акцептирале идната уставно-правна положба на една модерна и просперитетна, демократски и проевропски ориентирана држава.

Се разбира дека Комисијата и, пред се, менторот инсистираа на вториот пристап затоа што само на тој начин, за кандидатот многу потежок,

докторската дисертација ќе дадеше вистински научен приказ во согледувањата, но и во разрешувањето на дилемите коишто ги наметнуваше прифатениот меѓународно-правен документ преточен во уставни норми.

Во таа смисла, Комисијата, на својата седница одржана на 4 март 2010 година, му достави и конкретни забелешки на кандидатот во кои откако му беше укажано дека предговорот треба да се стави во функција на вовед, каде што појасно ќе биде утврдена општествената оправданост на темата, целта на докторската дисертација како и методите кои би требало да се употребат при истражувањето, како и на потребата од еден посериозен осврт на положбата на Косово во периодот од 1946 до 1999 година при што би се дал еден избалансиран и научно фундиран пристап во објаснување на односите на релацијата република-покраина. Комисијата посебно му забележа на кандидатот дека за периодот од 1999 до 2008 година се користени претежно албански извори и презентирани се документи само на едната страна што неминовно ја наметнува потребата од еден непристрасен приод во користењето на изворите, кој, пак, сугерира да се преиспита заклучокот дали само и исклучиво Косово е причината за распадот на поранешна СФРЈ.

Исто така, Комисијата главно му укажа на кандидатот дека во натамошните истражувања што е можно повеќе да го напушти учебникарскиот пристап, затоа што дисертацијата обилува со дескрипција на планот на Ахтисари,а е многу потребно да се објаснат и некои битни обележја на статусот на Косово, при што, како пример, му упати сугестија да оцени дали делот за човековите права (стр.187-225) треба да остане, бидејќи не е во функција на темата, а многу повеќе кандидатот да се задржи на објаснување на реалната примена и функционирањето на одредбите од Уставот, посветена на самите институции (Собранието, Уставниот суд и други).

Кандидатот м-р Сусури се согласи со поголемиот дел од сугестиите на Комисијата и менторот и во посебен додаток на докторската дисертација им ги приложи на членовите на Комисијата извршените измени.

На тој начин, членовите на Комисијата оценија дека докторската дисертација во основа ги задоволува научните и законските критериуми со сугестија до кандидатот дека со оглед на фактот што се работи за една актуелна тема, при нејзиното евентуално објавување, потребно е повеќе да се задржи и натаму да ги продлабочи дадените предлози и сугестии.

Затоа, а врз основа на заклучните согледувања и дадените предлози и сугестии, Комисијата одлучи да му го достави на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје следниов

Предлог

Се прифаќа позитивниот предлог на Комисијата за оцена на докторската дисертација „Уставноправната положба на Косово 1946-2008 година" и се предлага на Наставно-научниот совет да определи Комисија и датум за одбрана на докторската дисертација.

Јуни 2010 година,

Комисија,

Скопје

1. Д-р Саво Климовски, редовен професор, ментор, с.р
2. Д-р Осман Кадриу, редовен професор, член, с.р
3. Д-р Татјана Пертушевска,редовен професор, член, с.р
4. Д-р Рената Дескоска, вонреден професор, член, ср
5. Др. Тања Каракамишева,вонреден професор,член, ср

# ПРЕГЛЕД
## на пријавени и прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Градежниот факултет во Скопје

на 364 седница на Наставно – научниот совет одржана на 03.06.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | м-р Идавер Хусеини, дипл.инж.геол. | Анализа на чувствителноста на геомеханичката стабилност на косините во површинските копови за јаглен од главните влијателни фактори | Проф. д-р Љупчо Димитриевски, Градежен факултет во Скопје. |

# ПРЕГЛЕД
**на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје**

на 364 седница на Наставно – научниот совет одржана на 03.06.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | **Ментор** |
|---|---|---|---|
| 1 | Наум Маневски, дипл. град. инж. | Нелинеарна статичка анализа за пресметка на нерегуларни армирано бетонски рамовски конструкции | Проф. д-р Љупчо Лазаров, Градежен факултет во Скопје |
| 2 | Владимир Бабамов, дипл. град. инж. | Анализа на процедурите за обештетување при изведување на инвестициони објекти според FIDIC условите | Проф. д-р Валентина Панчовска Жилеска, Градежен факултет во Скопје. |
| 3 | Бакарема Стивен, дипл. град. инж | Договарање на изведба на инвестициони објекти – права и обврски на учесниците на договорот | Проф. д-р Валентина Панчовска Жилеска, Градежен факултет во Скопје. |
| 4 | Кире Ѓорѓиоски, дипл.град.инж. | Интерпретација на однесувањето на армирано-бетонска конструкција на дејство на земјотрес преку PUSHOVER анализа | Проф. д-р Љупчо Лазаров, Градежен факултет во Скопје |
| 5 | Ацо Велевски, дипл.град.инж. | Примена на метод на повратна анализа во цврсто врзани карпести маси | Проф. д-р Милорад Јовановски, Градежен факултет во Скопје |

# РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација "УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМИКАТА ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СИСТЕМИ НА ЗЕМЈИТЕ ВО ТРАНЗИЦИЈА", изработена од м-р Ванчо Велинов, пријавена на Економскиот институт во Скопје

Врз основа на член 241 од Статутот на УКИМ а во врска со поднесената докторска дисертација на кандидатот м-р Ванчо Велинов со наслов "Унапредување на економиката во здравствените системи на земјите во транзиција ", Советот на Економски институт во Скопје, на 21.1.2010 год. донесе одлука бр. 09-78/1 за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. Д-р Биљана Ангелова
2. Д-р Верица Јанеска
3. Д-р Татјана Петковска
4. Д-р Татјана Петковска Мирчевска и
5. Д-р Неда Петроска Ангеловска

Членовите на Комисијата со потребното внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Советот на Економскиот институт, го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ванчо Велинов се однесува на мошне актуелната проблематика која се однесува на економиката во здравството во општествените системи во транзиција.

Со напуштањето на социјалистичкиот концепт на уредување и протежирање на приватната иницијатива и претприемништвото, сé повеќе се наметнува и потребата од примена на економиката во здравствениот сектор, што подразбира функционирање на здравството во услови на пазарно работење и остварување на профит, без да бидат нарушени фундаменталните начела во здравството како што се правичноста, солидарноста и хуманоста.

Одговорите на проблемите кои произлегоа од структурните реформи во здравството, а како дел од нив и во системот за финансирање во здравството, ги дава економската наука. Економиката на здравствена заштита треба да понуди адекватен модел, кој ќе даде основа за практично решение на проблемите, пред сé, на прашањата поврзани со мобилизацијата на ресурсите за здравствена заштита на

населението и економски ефикасна алокација на тие ресурси во самиот здравствен сектор.

Во текот на последниве триесетина години, вниманието на креаторите на здравствената политика во западноевропските земји е насочено кон ограничениот пораст на уделот на здраствената потрошувачка во БДП. Делот од економската наука кој се занимава со проблемите на здравјето е долги години преокупиран со барање на решенија со кои ќе се постигне подобрување на таквото рацио. Кога здравствената заштита се финансира од колективни извори - како што е во најголем број случаи, феноменот на егалитарноста во потрошувачката и нејзиното мало учество во БДП е речеси неизбежна.

Големиот пораст на издатоците за здравствена заштита се потешко се менаџира под силните социјални притисоци и изразените барања за повисоко ниво на правичност и подостапна здравствена заштита што наметнуваат потреба од воведување промена во здравствениот систем и иницирање реформи во скоро сите земји. Од економската наука се очекува да даде конструктивно решение кое ќе биде одржливо на подолг рок. Од науката на ова поле се очекуваат одговори на многу важни прашања, во смисла: како да се ограничи порастот на трошоците на здравствената заштита, како да се подигне ефикасноста на употребата на ресурсите со истовремено уважување на основните принципи на медицинската етика, како да се подигне степенот на сатисфакција на граѓаните преку здравствената служба, како да се изберат приоритетите за употреба на ограничените ресурси, како да се намали нееднаквоста во здравјето, кои се условени со социоекономските фактори итн.

Оттука, научната и стручна оправданост на предложениот труд произлегува од потребата за потенцирање на неопходноста од примената на економиката во здравството како научна дисциплина и како практика при работењето во здравството. Во истражувањето се содржани концепти за одржлива техничка и алокативна ефикасност на расположливите ресурси потребни за унапредување на здравствената заштита на населението.

## Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација на кандидатот м-р Ванчо Велинов, со наслов "Унапредување на економиката во здравствените системи на земјите во транзиција ", е составена од воведен дел, три тематски подрачја, заклучни согледувања и библиографија. Трудот е напишан на 241 страница, од кои 8 страници отпаѓаат на содржина, резиме и вовед, 195 на основната содржина, 8 страници на заклучни согледувања и 19 страници на цитираната литература.

Во првиот дел од трудот, кој содржи три глави, кандидатот го става фокусот на основните економски одлуки во здравствениот сектор, економските аспекти на здравјето и здравствената заштита и алокација на ресурсите наменети за здравствена заштита. Во тој контекст тој поаѓа од еден од најчесто истакнуваните проблеми а тоа е перманентниот раст на трошоците за здравството, кои во повеќето здрзвствени системи

имаат тенденција на пораст. Факторите кои го предизвикуваат овој раст на трошоците се поврзуваат со стареењето на населението, користењето на висока и скапа технологија во дијагностицирањето, на лекувањето, појава на нови болести и др. Во рамките на овој дел, канидатот дава преглед на неколку различни системи на здравствена заштита со цел да ги идентификува и објасни основните механизми за финансирање на подделните видови здравствена заштита. Во овој дел, кандидатот поаѓа од хипотезата за имперфекноста на финансирањето на здравствената заштита преку државниот буџет, но и неопходноста од потребата државата да ги превземе обврската и одговорноста во областа на здравствената заштита. Во овој дел се направени компаративни анализи со цел да се даде одговор на неколку групи прашања поврзани со финансирањето на специфичните здраствени услуги како што се: финасирањето на болниците и на болничката здравствена заштита, начинот на плаќање на лекарите, снабдувањето со лекови и партиципацијата на пациентите. Кандидатот прави аналитички осврт на приватизацијата во здравството како еден од модалитетите кои се нудат како решение за финансиските и други проблеми кои постојат во здравствениот систем на една земја. Во тој контекст, кандидатот истакнува дека, од економски аспект, вклучувањето на здравствениот сектор во сферата на пазарното работење е "меч со две острици", бидејќи приватизацијата во здравството и профитната здравствена заштита се поврзани со низа проблеми кои оневозможуваат успешно функционирање на здравствениот сектор. Во оваа смисла, овој дел на трудот ги опфаќа економските аспекти на здравјето и здравствената заштита на населението елаборирани преку економската природа на здравствените услуги, неизвесноста на идните здравствени потреби, асиметричната информираност, екстерните ефекти во здравството, интерперсоналниот однос лекар - пациент, улогата на државата, здравствениот систем и економскиот систем и здравјето како ресурс.

Во вториот дел од трудот, кандидатот ја обработува имперфекноста на пазарот во здравството, моделите на финансирање на здравствената заштита и фармакоекономијата. Во овој дел на трудот кандидатот поставува неколку постулати поврзани со пазарот и здравството, односно дали пазарните механизми во здравствениот сектор можат да ги решат: финансирањето на здравствениот систем, контролата на вкупната здравствена потрошувачка и исполнувањето на целите на здравствената политика како што се повисоко ниво на правичност и подостапна здравствена заштита. Во тој контекст, тој заклучува дека, за да можат да дејствуваат пазарните механизми во здравството неопходно е исполнување на неколку претпоставки како што се: извесност за идните здравствени потреби, перфектно знаење за здравствената состојба, отсуство на екстерни ефекти, слободна одлука на потрошувачот и др., со чие исполнување би се подобрило значајно функционирањето на пазарот.

Имајки предвид дека ваквите услови е тешко или речеси невозможно да бидат целосно исполнети, кандидатот решението го фокусира на нужноста од интервенција на државата за мобилизација и алокација на ресурсите наменети за здравствена заштита на населението. Асиметричната информираност е една од причините

заради која пазарот на здравствени услуги не може да успее, смета м-р Велинов. Во пазарни услови, барањето за здравствени услуги може да биде индуцирано од понудата при што може да се појави непотребно користење на здравствени услуги, како, на пример, непотребно долго останување во болница заради добрите услови во болницата што е детално појаснето со Роемеровиот закон.

Во овој дел од трудот се детално појаснети и моделите на финансирање на здравствената заштита, и тоа: моделот на национална здравствена служба, задолжителното здравствено осигурување и приватно здравствено осигурување. Кандидатот поаѓа од првиот модел на финансирање на здравството кој гарантира слободно користење на здравствената заштита за сите жители со слободен избор на лекар. Буџетското финансирање засновано на даноците, кое се применува во овие системи, има редистрибутивен карактер и се заснова на даноците и идејата за солидарно финансирање на здравствената заштита. Кај вториот модел, задолжителното здравствено осигурување, здравствените трошоци се покриваат од фондовите за задолжително здравствено осигурување. И третиот модел, приватното здравствено осигурување, кој е поврзан со неизвесноста и зголемениот ризик, кои се карактеристични за здравјето и здравствената заштита на вработените.

Во овој дел на трудот кандидатот посебен дел посветил и на фармакоекономијата и снабдувањето со лекови, кои се исто така нераскинливо поврзани со финансирањето на здравството. Во овој дел се истакнати посебните карактеристики на медикаментите како производи, политиката на цени на лековите, промотивните активности на производителите и каналите на дистрибуција на лековите кои се специфични и различни од останатите производи, поради специфичноста на лековите како производи. Заради тоа, истакната е потребата во производството и дистрибуцијата на лекови да се укаже не само на строгите ограничувања кои ги поставува законската регулатива туку и на нормите кои ги наметнуваат високите бариери на медицинската етика.

Во третиот дел од докторскиот труд се обработени правичноста и економската ефикасност на вложувањето во здравствената заштита и економската евалуација во здравството. Здравствените системи во многу земји во светот посебно внимание посветуваат на принципите на правичност и еднаквост. Оцената за успешноста на финансирањето на здравствената заштита, истакнува кандидатот, треба да го содржи и степенот во кој се остваруваат целите на правичноста и еднаквоста на здравствената заштита.

Светската здравствена организација, во своите документи, во текот на последниве две децении го промовира и истакнува правото на здравје како фундаментално човеково право. Во овој дел на трудот кандидатот го истакнува принципот на правичност во здравствената заштита и неговата поврзаност со финансирањето на здравствената заштита што, како од теоретски така и од практичен аспект претставува многу комплицирано прашање. Доколку, правичноста во здравствената заштита се перципира како еднаква потрошувачка, тогаш, истакнува м-р Велинов, во анализата треба да се земе предвид: социјалната политика или посматрањето на здравјето на популационите групи како што се

жителите на одделни географски региони, припадниците на поодделни социоекономски групи на население и сл.

Во овој дел на трудот кандидатот го објаснува проблемот на правичност и од аспект на неговата хоризонтална и вертикална поставенот. Правичноста во хоризонтална смисла подразбира пациентите со ист здравствен проблем да имаат исто пристап до ресурсите од ист вид и квалитет, во место во кое живееат и со исто време на чекање. Вертикалната правичност се однесува на употребата на ресурсите при давање на различни видови здравствени услуги, кога различната состојба треба да добие и соодветно, различни ресурси. Понатаму, во овој дел од трудот се презентирани правичноста и економската ефикасност, економската ефикасност и медицинската етика, правичноста и начинот на финансирање на здравствената заштита и мерењето на правичноста.

Посебен дел е посветен на анализите, односно економската евалуација во здравството која може да се направи преку анализа на најниски трошоци, cost benefit анализа, cost - effectivness анализа и cost - utility анализа. Анализите преку примери се детално обработени во трудот.

Во заклучните согледувања, кандидатот истакнува

Оцена и предлог

Врз основа на деталното проучување на докторската дисртација на кандидатот м-р Ванчо Велинов, под наслов "Унапредување на економиката во здравствените системи на земјите во транзиција ", Комисијата оцени дека докторската дисертација дава одговор на поставените постулати, воспоставени во тезите на пријавата на докторскиот труд.

Докторскиот труд претставува оригинален пристап кон третирањето на проблематиката на економиката во здравството. Истражувањето е базирано на теоретски постулати и компаративни анализи на здравствените системи, пред се меѓу земјите со развиени здраствени системи како што се Германија, Холандија и Франција и земјите во транзиција.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон елаборирањето на поставениот предмет на истражување и мошне успешно ги инкорпорира научниот и стручниот третман на економиката на здравствените системи, како и посочување на важни препораки кои можат да се инкорпорираат во анализите за креирање на модел на здравствена заштита кој ќе ги задоволи принципите на правичност и економската ефикасност на вложувањата во здравствената заштита и економската евалуација во здравството.

Научната и стручна оправданост на предложениот труд произлегува од потребата за потенцирање на неопходноста од примената на економиката во здравството како научна дисциплина и како практика при работењето во здравството.

Трудот заслужува и посебно внимание, пред се, поради оригиналниот методолошки пристап во истражувањето кој може да се

оцени како интегрален, целисходен и исцрпен според обемноста на обработениот материјал и истражување. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен систематски приказ на теоретските и практичните искуства од областа на економиката во здраството.

Имајќи ги предвид изнесените ставови, Комисијата беше едногласна во заклучокот дека кандидатот м-р Ванчо Велинов, во својата докторска дисертација под наслов "Унапредување на економиката во здравствените системи на земјите во транзиција", целосно успеал да одговори на појдовно воспоставените цели на истражувањето. Појдовните тези се развиени и аргументирани со сопствени оригинални ставови и заклучоци.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. Да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација под наслов "Унапредување на економиката во здраствените системи на земјите во транзиција" и

2. на м-р Ванчо Велинов да му се овозможи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 28 мај 2010 година

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

1.______________________
/Д-р Биљана Ангелова/ с.р.

2.______________________
/Д-р Верица Јанеска / с.р.

3.______________________
/Д-р Татјана Петковска / с.р.

4.______________________
/Д-р Татјана Петковска Мирчевска / с.р.

5.______________________
/Д-р Неда Петровска Ангеловаска / с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИКРОСАТЕЛИТСКАТА ДНК КАЈ РАЗЛИЧНИ ВАРИЕТЕТИ НА ДОМАТ (*Lycopersicon esculentum* Mill.)", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕЛИЗАБЕТА МИСКОСКА-МИЛЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-1224/3 на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, донесена на XVII седница одржана на 31.5.2010 година, формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИКРОСАТЕЛИТСКАТА ДНК КАЈ РАЗЛИЧНИ ВАРИЕТЕТИ НА ДОМАТ (*Lycopersicon esculentum* Mill.), пријавена и изработена од м-р Елизабета Мискоска-Милевска, асистент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Комисијата во состав: д-р Зоран Т. Поповски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Лефтерија Станковиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Ѓорѓи Мартиновски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Силвана Манасиевска-Симиќ, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Благица Димитриевска, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ја прегледа горенаведената докторска дисертација и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИКРОСАТЕЛИТСКАТА ДНК КАЈ РАЗЛИЧНИ ВАРИЕТЕТИ НА ДОМАТ (*Lycopersicon esculentum* Mill.), изработена од м-р Елизабета Мискоска-Милевска, напишана е на 166 страници со вообичаен проред. Текстот е поделен во 8 поглавја, и тоа: Вовед, Преглед на литературата, Цели, Материјал и методи, Резултати со дискусија, Заклучоци, Литература и Прилози. Во нea се вклучени 16 табели, 8 графикона, 124 слики и 2 шеми.

Во Воведот се презентирани информации за доматот и неговото значење во исхраната на човекот. Притоа доматот е опишан како исклучително полиморфна земјоделска култура чија карактеризација на морфолошко и биохемиско ниво не е доволна. Поради тоа, во Воведот се поместени содржини кои се однесуваат на молекуларните маркери и нивната примена во проучување на диверзитетот и варијабилноста на доматот, како и за идентификација на различни сорти на домати. Во таа смисла, посебен акцент е ставен на ДНК-микросателитските маркери кои се корисни заради нивната независност од надворешните услови, високото ниво на полиморфизам, неограничената достапност и огромните можности за автоматизација при нивното истражување.

Прегледот на литературата се состои од 6 потпоглавја, и тоа: Ботаничка класификација на доматот (*Lycopersicon esculentum* Mill.), Организација на геномот на доматот и негово секвенционирање, Карактеризација на доматот со морфолошки и биохемиски маркери, Молекуларни маркери, ДНК-

микросателити и ДНК-микросателити кај доматот. Во Прегледот на литературата, илустрирано и детално цитирајќи бројни автори се дава преглед на ботаничката класификација на доматот, неговото потекло и доместикација. Притоа е опишана организацијата на геномот на доматот кој има големина од 950 Mb, кои се спакувани во 12 хромозоми и чија примарна структура е веќе детерминирана. Во продолжение е даден осврт на карактеризацијата на доматот со примена на морфолошки и биохемиски маркери презентирајќи податоци од бројни истражувања, вклучувајќи ги и сопствените. Во понатамошниот тек на Прегледот, кандидатката дава преглед на молекуларните маркери и нивната примена во истражување на растителниот геном од различни аспекти и нивното комбинирање со морфолошки параметри и биохемиски карактеристики. Инаку, молекуларните маркери се од посебна важност за модерното земјоделско производство бидејќи со нивна примена може да се одреди и автентичноста на производите добиени од одделни земјоделски култури. Во продолжение на Прегледот се дадени детални информации за ДНК-микросателитите и нивната широка примена кај растителните таксони во идентификацијата и заштитата на сорти, мапирањето, следењето на чистота на семе, популациските и еволутивните студии. Притоа микросателитите се опишани како кратки ДНК-секвенци со големина 2-10 bp, кои се повторуваат повеќепати, притоа градејќи униформни низи со должина до неколку стотици bp. Микросателитите како маркери се користат кај многу култури. Главен критериум за нивна примена е нивната висока полиморфност и рашireност низ геномот. Тие се покажале како полиморфни како помеѓу видовите така и меѓу сортите. Микросателитите се најверодостојни маркери со кои е возможно да се идентификуваат генотипови во рамки на еден вид. Нивната кодоминантна наследност, висок степен на полиморфизам и лесна употреба ги прави корисни за идентификација на различни сорти домати. На крајот на Прегледот е направен осврт кон ДНК-микросателитите и нивната примена кај доматот. Цитирајќи бројни автори, даден е детален преглед на истражувањата направени кај доматот со употреба на ДНК-микросателитски маркери.

Целите на докторската дисертација беа прецизно идентификувани и тие опфаќаа: воведување на брза и прецизна метода за изолација на ДНК од свежи листови и семе на домат, одредување на генетската дистанца и генетскиот диверзитет помеѓу испитуваните варијетети на домати, конструкција на дендрограм и добивање информации за апликативноста на полиморфизмот на употребените ДНК-микросателити во идентификација на различни варијетети на домат.

Во поглавјето Материјал и методи се презентирани растителниот материјал на кој се вршени молекуларните анализи и методите коишто се користени во текот на истражувањето. Опишани се шесте варијетети на домати, и тоа: var. *grandifolium* од subsp. *cultum*; var. *cerasiforme* (со црвени плодови), var. *cerasiforme* (со жолти плодови), var. *pruniforme* и var. *pyriforme* од subsp. *subspontaneum*; и var. *racemigerum* од subsp. *spontaneum*. Во продолжение се наведени дванаесетте микросателитски локуси коишто се анализирани во истражувањето, и тоа: LESSF-локус, LECH13-локус, LE21085-локус, LEMDDNa-локус, LEEF1Aa-локус, LELEUZIP-локус, LEW1PIG-локус, LELE25-локус, LE20592-lokus, TMS9-локус, LE2A11-локус и LECHSOD-локус. Понатаму детално се прикажани методите за изолација на ДНК од свежи листови и семе на домат. При тоа е направена компаративна анализа на предностите и

недостатоците на CTAB-методата во споредба со изолацијата на ДНК со примена на комерцијален кит (Wizard ® Genomic DNA purification kit на Promega). Во продолжение се опишани техниките за проверка на интактност на ДНК и квантификација на изолираната ДНК. Понатаму се опишани условите за полимеразно верижна реакција – Polymerase Chain Reaction (PCR) и опишани се постапките за стандардизирање на PCR-реакциите за користените ДНК-микросателити. Во продолжение се прикажани принципите на техниките и постапката за фрагмент-анализи и секвенционирање на PCR-амплифицирана ДНК со ДНК-анализатор ABI Prism 3130. Притоа се опишани принципите за работа на апаратите кои се користени, како и постапките преку кои се применети фрагмент-анализата (*GeneMapper® Software*) и ДНК-секвенционирањето (*Sequencing Analysis Software*). На крајот од ова поглавје е направен преглед на статистичката анализа на податоците за проценка на алелните и генотипските фреквенции, вредностите за PIC-тестот за одделните ДНК-микросателити (според Botstein и сор. 1980), одредување на забележаната и очекуваната хетерозиготност (според Nei 1987), тестот за генетска диференцијација (според Weir и Cockerham 1984), AMOVA-тестот, како и анализа на генетската дистанца (според Slatkin 1995). За статистичката анализа на податоците беа користени софтверските програми Power Marker и MEGA3.

Поглавјето Резултати и дискусија ги содржи наодите од лабораториските анализи и коментарите поврзани со нивното толкување. Притоа, врз основа на анализите за интегритетот на изолираната ДНК, е констатирано дека ДНК изолирана од лист со комерцијален кит дава задоволителни резултати, додека за ДНК изолирана од семе, CTAB-методата се покажала како поефикасна. Количината на изолираната ДНК од 50 mg листови со Wizard ® Genomic DNA purification kit на Promega во просек изнесуваше 14,88 μg, додека со CTAB-екстракцискиот протокол во просек беа изолирани по 17,68 μg ДНК од 50 mg семе. Во двата случаја нивото на чистота на ДНК, која била користена за PCR е во рамките на теоретските вредности за добро пречистена ДНК и се движеше помеѓу 1,7 и 1,9. Условите за PCR биле стандардизирани преку оптимизирање на температурата на анилирање, концентрацијата на $MgCl_2$, количината на прајмери и бројот и должината на циклуси. Притоа се добиени ампликони со должина од 111 до 363 bp. Резултатите од неколку илјади направените амплификации електрофоретски се анализирани на 2% агарозен гел. Ампликоните добиени за испитувани ДНК-микросателитски прајмери се анализирани со фрагмент-анализа на ДНК-анализатор, а добиените алелни варијанти се анализирани статистички со софтверската програма Power Marker. Најголем број на алелни варијанти (6) е забележан на LEEF1Aa-локусот и LE20592-локусот, а само еден алел е забележан на LECHSOD-локусот. LECHSOD-локусот, поради мономорфноста, е исключен од статистичките анализи. Кај испитуваните варитети се забележани три специфични алели на LE2A11-локусот, два специфични алели на LE20592-локусот и по еден специфичен алел на LECH13-локусот, LEMDDNa-локусот, LEEF1Aa-локусот и LELEUZIP-локусот. Најмала просечна вредност за PIC во однос на сите испитувани варитети е забележана за LEMDDNa-локусот (0,0601), а најголемата за LEEF1Aa-локусот (0,7552). Просечната вредност на PIC за сите осум микросателитски локуси изнесува (0,3571) и според класификацијата на Botstein и сор. (1980) тие припаѓаат на групата умерено информативни маркери. Генерално, за сите ДНК-микросателитски локуси е констатирана голема генетска диференцијација во однос на испитуваните варитети. Притоа,

LEEF1Aa-локусот, LE20592-локусот, TMS9-локусот и LE2A11a-локусот покажаа многу голема генетска диференцијација, LEMDDNa-локусот покажа умерена генетска диференцијација, додека LECH13-локусот, LE21085-локусот и LELEUZIP-локусот покажаа мала генетска диференцијација во однос на испитуваните варијетети. Со метод на ДНК-секвенционирање е потврдена хомозиготноста кај изолати на ДНК за LE20592-локусот и LE2A11-локусот. Анализата на молекуларната варијанса (AMOVA) покажа дека од вкупните варијации кај следените варијетети врз основа на испитуваните микросателитски локуси, 25,3% ги претставуваат варијациите помеѓу варијететите, додека 74,7% ги претставуваат варијациите во рамките на варијететите. Резултатите од генетската дистанца според Slatkin, во однос на испитуваните варијетети покажаа дека најмалата генетска дистанца (16,7415) е забележана помеѓу *Lycopersicon esculentum* subsp. *subspontaneum* var. *cerasiforme* (жолт) и помеѓу *Lycopersicon esculentum* subsp. *subspontaneum* var. *cerasiforme* (црвен), а најголемата генетска дистанца (34,9859) е забележана помеѓу *Lycopersicon esculentum* subsp. *subspontaneum* var. *pyriforme* и *Lycopersicon esculentum* subsp. *cultum* var. *grandifolium*. Резултатите од одредувањето на генетската дистанца според Slatkin, во однос на испитуваните подвидови, покажаа дека најмалата генетска дистанца (22,1446) е забележана помеѓу *Lycopersicon esculentum* subsp. *subspontaneum* и *Lycopersicon esculentum* subsp. *spontaneum*, а најголемата генетска дистанца (29,7147) е забележана помеѓу *Lycopersicon esculentum* subsp. *subspontaneum* и *Lycopersicon esculentum* subsp. *cultum*. Со MEGA3-софтверската програма, врз база на добиените информации за генетската дистанца се конструирани дендрограми на кои се транспонирани добиените вредности за генетска дистанца помеѓу варијететите на испитуваните домати.

Заклучоците се презентирани во 22 точки. Тие се однесуваат на сите аспекти од извршените истражувања кои се во врска со користените методски пристапи, лабораториските анализи и статистичката обработка на добиените податоци. Во нив синтетски се извлечени клучните констатации од резултатите добиени со популациско-генетските анализи на испитуваните варијетети домати со ДНК-микросателитски локуси. На крајот е заклучено дека испитуваните микросателитски локуси се одликуваат со висок степен на употребливост во одредување на генетската дистанца и генетскиот диверзитет кај испитуваните варијетети домати.

Во поглавјето Литература се цитирани 123 литературни единици, речиси исклучиво од меѓународни научни извори, и три бази на податоци од меѓународен карактер.

Во Прилозите се наоѓаат добиените електрофорограми од фрагмент-анализите и графички прикази од ДНК-секвенционирањето на микросателитските локуси вклучени во истражувањето.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИКРОСАТЕЛИТСКАТА ДНК КАЈ РАЗЛИЧНИ ВАРИЕТЕТИ НА ДОМАТ (*Lycopersicon esculentum* Mill.), пријавена и изработена од м-р Елизабета Мискоска-Милевска, асистент по предметот ботаника на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, по својата форма, содржина, дефинираните цели, поставеноста на експериментите, методологијата на

истражувањето, добиените резултати, нивното коментирање и донесените заклучоци претставува самостоен и оригинален научен труд и ги исполнува сите критериуми предвидени за докторска дисертација. Целото истражување од одгледување на растенијата до лабораториските анализи е реализирано на ФЗНХ во Скопје што дава посебна вредност на оваа дисертација. Воедно, оваа дисертација претставува прв научен обид за систематска примена на ДНК-микросателитите во одредување на варијабилноста кај една земјоделска култура во Македонија. Во таа смисла, трудот претставува значаен научен придонес во областите на ботаниката и молекуларната биологија и нивната примена во идентификација и детерминација на различни варијетети на домати. Имајќи го сето ова предвид, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да ја прифати и да ја повика кандидатката на јавна одбрана.

**КОМИСИЈА**

**Д-р Зоран Т. Поповски,**
**вонреден професор на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р**

**Д-р Лефтерија Станковиќ,**
**редовен професор на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р**

**Д-р Ѓорѓи Мартиновски,**
**редовен професор на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р**

**Д-р Силвана Манасиевска-Симиќ,**
**доцент на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р**

**Д-р Благица Димитриевска,**
**доцент на**
**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р**

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕХАНИЗМИ ЗА РЕКОНФИГУРАБИЛНОСТ НА РЕСУРСИ ВО ИНТЕРОПЕРАБИЛНИ ХЕТЕРОГЕНИ БЕЗЖИЧНИ СРЕДИНИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВЛАДИМИР АТАНАСОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, донесена на седницата одржана на 26.5.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Владимир Атанасовски, со наслов „Механизми за реконфигурабилност на ресурси во интероперабилни безжични хетерогени средини".

По извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Механизми за реконфигурабилност на ресурси во интероперабилни безжични хетерогени средини" од м-р Владимир Атанасовски е изложена во 5 поглавја. Заедно со библиографијата, дисертацијата се состои од 85 страници. Дисертацијата содржи список на референци кои биле користени при изработката на дисертацијата, како и референци на кои кандидатот се јавува како автор.

## 2. Предмет на докторската дисертација

Управувањето со ресурсите во смисла на нивна реконфигурабилност станува еден од фундаменталните истражувачки проблеми во безжичниот мрежен свет, особено со воведувањето на нови мрежни концепти како, на пример, когнитивноста кај мрежните уреди и мрежните корисници, хетерогеноста во мрежната инфраструктура (кориснички и пристапен дел) итн. Ресурсите во безжичниот мрежен контекст претставуваат скапоцен и дефицитарен аспект и нивното правилно организирање и користење е суштинско за ефикасна работа на безжичните мрежи и за задоволување на различните кориснички потреби. Поради тоа, особено внимание во дизајнот и анализата на безжичните мрежи се посветува токму на проблемите поврзани со управувањето со ресурси.

Предмет на обработка на докторската дисертација се механизмите за реконфигурабилност на ресурси во интероперабилни хетерогени безжични средини. Поимот реконфигурабилност во дисертацијата се однесува на можноста за прераспределба, реискористување и резервација на поефикасен начин на постојните ресурси (спектрални и мрежни) заради подобрување на различни системски перформанси. Од друга страна, интероперабилната хетерогеност може да се однесува или на корисничкиот дел (во смисла на различни типови мобилни корисници, особено кај когнитивни радиомрежи) или на пристапниот дел (во смисла на хетерогени безжични пристапни технологии).

## 3. Анализа на трудот

Текстот на докторската дисертација е организиран во пет глави. Воведната глава го дефинира проблемот кој е предмет на обработка во докторската дисертација. Втората глава е посветена на анализа на управувањето со спектрални ресурси во безжични мрежи кај кои е можно опортунистичко користење на спектарот од страна на интелигентни и автономни кориснички уреди (т.н. когнитивни радиоуреди). Притоа, анализата на управувањето со спектралните ресурси е правена од телесообраќаен аспект и предложен е нов Марков модел за аналитичка пресметка на загуби кај примарни и секундарни корисници, како и пресметка на веројатност за прекин на сервис на секундарни корисници во 2-појасно сценарио со опортунистички пристап кон спектарот. Моделот е потоа искористен за добивање увид во реконфигурабилноста на спектралните ресурси (нивна прераспределба, реискористување и резервирање) и можностите за зголемување на перформансите на примарните корисници (т.е. намалување на нивните загуби) при минимално деградирање на перформансите на примарните корисници (т.е. зголемување на нивните загуби). Анализата покажува дека можни техники за управување со спектарот се зголемување на бројот на расположливи канали, ограничување на бројот на дозволени секундарни корисници и резервација на канали. Последната техника е особено значајна во услови на мал и среден понуден секундарен сообраќај. Придобивките за секундарните корисници лежат во зголемувањето на капацитетот на секундарниот систем, намалувањето на сите видови загуби кај секундарните корисници, при што најголем бенефит постои кај загубите по сообраќај, и намалување на веројатноста за прекин на секундарните корисници. Развиениот модел во втората глава од докторската дисертација е применлив во повеќе кориснички сценарија, како на пр. когнитивни радиомрежи, мрежи со две множества на корисници со различни QoS-параметри и слично.

Третата глава нуди анализа на перформансите на управувањето со мрежни ресурси во хетерогени безжични мрежи. Во оваа глава е воведена, дефинирана и елаборирана комплетно нова архитектура базирана на IEEE 802.21-стандардот. Најпрвин е дадена симулациска анализа во QualNet-симулаторот на перформансите на овој стандард во различни сценарија. Симулациската анализа покажува дека IEEE 802.21-стандардот може да обезбеди намалување на латентноста при вертикално преземање на корисникот од една во друга радио-пристапна мрежа во рамките на хетерогената структура, како и намалување на џитерот и пакетските загуби. Потоа, IEEE 802.21-стандардот е искористен за спецификација и дефинирање на нова архитектура

за управување со ресурси во интероперабилни безжични хетерогени средини наречена RIWCoS-архитектура. RIWCoS-архитектурата е исто така симулациски евалуирана во QualNet-симулаторот користејќи новодефинирана перформансна метрика наречена сервисна одржливост. Сервисната одржливост овозможува увид во одржливоста на сервисот на мобилните корисници во смисла на доделена апликациска податочна брзина при движење во рамките на интероперабилни хетерогени структури. Симулациската анализа покажува дека RIWCoS-архитектурата има супериорна сервисна одржливост во споредба со класичните методи за доделување на ресурси во безжичните мрежи денес. Дополнително, третата глава од докторската дисертација воведува нов алгоритам (наречен SAES-алгоритам) за ефикасно сортирање на апликации во итни ситуации како една од клучните карактеристики на RIWCoS-архитектурата. SAES-алгоритамот е симулациски евалуиран во QualNet-симулаторот и докажано е дека ја зголемува сервисната достапност (новодефинирана метрика) за крајните корисници.

Четвртата глава воведува нов концепт на управување со ресурси, базиран на полиси креирани од различни мрежни ентитети (пр. регулатори, оператори, корисници). Детално се опишани минимално неопходните системски блокови за поддршка на ваков систем и елаборирани се основните концепти околу дефинирањето на полисите и експресивноста на различни ресурси со нивна помош. Потоа, главата дефинира и елаборира нова архитектура за управување со ресурси, специфично наменета за когнитивни радиоуреди и нивна работа во интероперабилни безжични хетерогени средини. Како резултат на големата скалабилност која ја нудат онтологиите со кои се пишуваат полисите, новопредложената архитектура обезбедува брзо и ефикасно резонирање и скратување на времето потребно за оптимизација и адаптација. Дополнително, во главата е дадена и анализа на перформансите на новопредложената архитектура со помош на реално тестно сценарио во лабораториски услови кое покажува можност за флексибилно приспособување на корисниците кон мрежните услови со помош на воведените полиси. Уште повеќе, новопредложената архитектура за управување со ресурси базирана на полиси обезбедува можност за справување со различни критични или итни ситуации преку креирање посебни полиси за специфични намени.

Заклучокот и придонесите од докторската дисертација се резимирани во петтата глава од дисертацијата.

### 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувањата на проблематиката од докторската дисертација, м-р Владимир Атанасовски успешно ги објавил во меѓународни списанија и на меѓународни и домашни конференции. Во врска со дисертацијата објавени се следниве трудови:

Меѓународни списанија:

[1] L. Gavrilovska, **V. Atanasovski**, "Wireless Broadband Initiatives Enabling Multimedia Applications," *Proceedings of the international workshop "Infrastructures and Engineering for Knowledge Society"*, published by Romanian Academy Ed., Bucharest, 2008, ISBN: 978-973-0-05369-2.

[2] L. Gavrilovska, **V. Atanasovski**, "Interoperability in Future Wireless Communications Systems: A Roadmap to 4G," *Microwave Review*, Vol. 13, No. 1, June 2007, pp.19 - 28.

Меѓународни конференции:

[3] V. Pavlovska, D. Denkovski, **V. Atanasovski** and L. Gavrilovska, "RAC2E: Novel Rendezvous Protocol for Asynchronous Cognitive Radios in Cooperative Environments," *21st Annual IEEE International Symposium on Personal, Indoor and Mobile Radio Communications (PIMRC2010)*, Istanbul, Turkey, September 2010. (прифатен)

[4] V. Pavlovska, D. Denkovski, **V. Atanasovski** and L. Gavrilovska, "A Policy Reasoning Architecture for Cognitive Radio Networks," *8th International Conference on Communications (COMM 2010)*, Bucharest, Romania, June 2010.

[5] B. Jankuloska, M. Pavloski, M. Zahariev, **V. Atanasovski** and L. Gavrilovska, "Efficient Spectrum Utilization: A Cognitive Approach," *8th International Conference on Communications (COMM 2010)*, Bucharest, Romania, June 2010.

[6] P. Latkoski, V. Rakovic, O. Ognenoski, **V. Atanasovski** and L. Gavrilovska, "SDL+QualNet: A Novel Simulation Environment for Wireless Heterogeneous Networks," *3rd International ICST Conference on Simulation Tools and Techniques (SIMUTools) 2010*, Torremolinos, Malaga, Spain, March 2010.

[7] **V. Atanasovski**, D. Denkovski, T. Farnham, L. Gavrilovska, A. Gefflaut, V. Kolar, P. Mahonen, E. Meshkova, B. Motz, J. Nasreddine, V. Pavlovska, M. Petrova, S. Quadri and K. Rerkrai, "Cognitive Radio for Home Networking," *Demonstration at IEEE Symposia on New Frontiers in Dynamic Spectrum Access Networks (DySPAN) 2010*, Singapore, April 2010.

[8] J. Riihijarvi, M. Petrova, **V. Atanasovski** and L. Gavrilovska, "Extending Policy Languages with Utility and Prioritization Knowledge," *IEEE Symposia on New Frontiers in Dynamic Spectrum Access Networks (DySPAN) 2010*, Singapore, April 2010.

[9] O. Ognenoski, P. Latkoski, **V. Atanasovski** and L. Gavrilovska, "Resource Management Aspects in Future Wireless Systems: RIWCoS Approach," *2nd International Symposium on Applied Sciences in Biomedical and Communication Technologies (ISABEL 2009)*, Bratislava, Slovacka, November 24-27, 2009.

[10] L. Gavrilovska and **V. Atanasovski**, "Resource Management in Wireless Heterogeneous Networks," *9th IEEE International Conference on Telecommunications in Modern Satellite, Cable and Broadcasting Services (TELSIKS 2009)*, Nis, Serbia, October 7-9, 2009.

[11] V. Rakovic, O. Ognenoski, A. Kaloxylos, A. Boucouvalas, **V. Atanasovski** and L. Gavrilovska, "A RAT Selection Mechanism in Emergency Scenarios," *1st International Conference on Wireless Communications, Vehicular Technology, Information Theory and Aerospace & Electronic Systems Technology (Wireless VITAE 2009)*, Aalborg, Denmark, May 2009.

[12] **V. Atanasovski** and L. Gavrilovska, "Managing Emergency Situations in IEEE 802.21 Enabled Networking Environments," *International IEEE Conference EUROCON 2009*, Saint-Petersburg, Russia, May 2009.

[13] L. Gavrilovska, **V. Atanasovski**, V. Rakovic, O. Ognenoski and A. Momiroski, "Providing Interoperability in Heterogeneous Environments towards 4G," *50th International Symposium ELMAR-2008*, September 10-13, 2008, Zadar, Croatia.

[14] L. Gavrilovska, **V. Atanasovski**, V. Rakovic, O. Ognenoski and A. Momiroski, "Performance of Vertical Handovers in Heterogeneous Wireless Systems utilizing

IEEE 802.21," accepted to the Workshop "Cognitive Radio Technology and Reconfigurable Wireless Communications", *IEEE Communications 2008 Conference*, Bucharest, Romania, June 5-7, 2008.

[15] L. Gavrilovska, **V. Atanasovski**, "Reconfigurable Interoperability Towards Seamless Communications," *10th International Symposium on Wireless Personal Multimedia Communications (WPMC 2007)*, Jaipur, India, December 03-06, 2007.

[16] L. Gavrilovska, **V. Atanasovski**, "Enabling Communications in Emergency Scenarios," *8th IEEE International Conference on Telecommunications in Modern Satellite, Cable and Broadcasting Services (TELSIKS 2007)*, Nis, Serbia, September 26-28, 2007.

Домашни конференции:

[17] **V. Atanasovski**, L. Gavrilovska, D. Denkovski and V. Pavlovska, "Policy Regulated Networking in Cognitive Radio Environments," *9th National Conference with International Participation ETAI 2009*, Ohrid, Macedonia, September 26-29, 2009.

## 5. Оригинални придонеси на дисертацијата

Главните придонеси на докторската дисертација лежат во:

- Развој на нов телесообраќајно базиран аналитички модел за моделирање на однесувањето на примарните и секундарните корисници во 2-појасно сценарио со опортунистички пристап кон спектарот и негово користење за:
  - проценка на загубите на примарните и секундарните корисници при различни услови на сообраќајни оптоварувања;
  - проценка на перформансите на можни техники за управување со спектралните ресурси во смисла на поддршка на секундарни корисници;
  - проценка на намалувањето на загубите на секундарните корисници со ексклузивна резервација на канали за нивно користење (при минимално зголемување на загубите на примарните корисници);
  - проценка на веројатноста за прекин на сервис на секундарните корисници и проценка на перформансите на резервирањето канали (како техника за управување со ресурси) заради намалување на таа веројатност (при минимално влошување на перформансите на примарните корисници).
- Симулациска анализа на ефектите од имплементирањето на IEEE 802.21-стандардот во хетерогени безжични сценарија и доказ за неговата ефективност во:
  - намалувањето на латентноста на вертикалниот хендовер;
  - намалувањето на пакетскиот џитер;
  - намалувањето на пакетските загуби.
- Дефиниција, развој и евалуација на нова архитектура за управување со ресурси во хетерогени безжични мрежи базирана на IEEE 802.21-стандардот, која овозможува:

- реконфигурабилна интероперабилност на различни безжични пристапни технологии;
- зголемена сервисна одржливост за корисниците споредено со традиционалните методи за нивно опслужување (SNR-базирани);
- зголемена сервисна достапност во услови на моментален испад од работа на одредена конститутивна мрежа.

- Дефинирање, развој и евалуација на нов концепт за управување со ресурси, базиран на полиси и негово користење за:
  - воведување на способност за резонирање во безжични мрежи (особено кај когнитивни радиомрежи);
  - олеснување на процесот на управување со ресурси преку богата експресивност на различни параметри во полисите на унифициран јазик;
  - скратување на времето потребно за конфигурирање на одредени ресурси во мрежата;
  - флексибилност и реконфигурабилност на корисничката комуникација во зависност од условите во радиоооколината.

## Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација „Механизми за реконфигурабилност на ресурси во интероперабилни безжични хетерогени средини", на кандидатот м-р Владимир Атанасовски, е даден значаен научен придонес во областа на управувањето со ресурси во интероперабилните безжични хетерогени системи. Дадени се придонеси во развојот на телесообраќајна анализа на 2-појасни мрежи со опортунистички пристап кон спектарот, во доменот на дизајн и евалуација на перформанси на нова архитектура за реконфигурабилност на ресурси во хетерогени безжични средини и во доменот на развој на нов концепт за управување со ресурси кој користи резонирање базирано на полиси.

Со постигнатите резултати кандидатот м-р Владимир Атанасовски покажал длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата и истражувачки дух и иницијатива, што резултира во значителен научен придонес во областа на интероперабилните безжични хетерогени мрежи и телекомуникациите воопшто. Резултатите од работата на докторската дисертација претставуваат респектабилен опус и се публикувани во седумнаесет научни труда, од кои два во меѓународни списанија, четиринаесет на меѓународни конференции и еден на домашна конференција. Освен тоа, кандидатот м-р Владимир Атанасовски, за време на изработката на докторската дисертација, активно учествувал во шест научно-истражувачки проекти, од кои пет меѓународни (финансирани од ЕУ преку ФП7-програмата и НАТО) и еден домашен. Дел од анализираните и предложени концепти кои кандидатот ги елаборира во докторската дисертација се вградени во прототип решенијата изработени во рамките на меѓународните проекти.

Врз основа на погоре изложеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Владимир Атанасовски да му одобри јавна одбрана на

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**на Економскиот институт во Скопје**

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Имер Зенку | Внатрешниот пазар на електрична енергија во Европската Унија и можноста за интегрирање на Република Македонија во Унијата | д-р Дејан Пендев |
| *2.* | Слацана Шавкуловска | Влијание на финансиската криза врз македонската економија | д-р Биљана Ангелова |
| *3.* | Сузана Арсова-Костадинова | Бизнис инкубатор фактор за поттикнување и развој на претприемништвото и малите и средни претпријатија | д-р Дејан Пендев |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на
**магистерски труд** на
**Институтот за македонска литература** во Скопје

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Златко Славенски | Контактот на театарот со сајбер културата и со современата технологија<br><br>The Contact of the Theatre with Cyberculture and with Contemporary Technology | Проф. д-р Мишел Павловски |
| 2. | Каролина Накова | Фолклорните и етнографските елементи во творештвото на Петре М. Андреевски<br><br>The Folklore and Etnograpfic Elements in the Works of Petre M. Andreevski | Проф. д-р Марко Китевски |
| 3. | Елена Јаневска | Фолклорните и етнографските елементи во битовите драми на Васил Иљоски, Антон Панов и Ристо Крле<br><br>The Folklore and Etnograpfic Elements in the Social Plays by Vasil Iloski, Anton Panov and Risto Krle | Проф. д-р Марко Китевски |
| 4. | Лира Грабулоска | Модата како културен феномен<br><br>Fashion as a Cultural Phenomenon | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ БОЛЕСТИ НА УСТАТА И ПАРОДОНТОТ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата VIII редовна седница одржана на 28. V 2010 година, по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот конкурс во весникот "Вечер" од 13. IV 2010 година, за избор во наставно-научни и соработнички звања на Факултетот донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за реизбор на асистент по предметот БОЛЕСТИ НА УСТАТА И ПАРОДОНТОТ, во состав: проф. д-р Златанка Белазелкоска, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Ана Миновска.

На конкурсот се пријави д-р Вера Радојкова-Николовска, асистент на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет.

Во врска со доставениот материјал и личното познавање на кандидатката, Комисијата го дава следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката д-р Вера Радојкова-Николовска е родена на 22.III 1963 година во Скопје. Основно училиште и гимназија завршила во родниот град со одличен успех.

Во учебната 1981/82 год. се запишала на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а дипломирала со среден успех 9,21 во 1988 год.

Во учебната 1989/90 година се запишала на постдипломски студии од областа болести на устата и пародонтот. Испитите, предвидени со програмата, ги положила со среден успех 9,64.

Во 1992 година се вработила на Клиниката за болести на устата и пародонтот како клинички лекар. По положувањето на стручниот испит, од 1994 година се наоѓа на специјализација по соодветниот предмет. Специјалистичкиот испит со успех го положила на 15.I 1998 година.

Во звањето помлад асистент по предметот болести на устата и пародонтот е избрана во 1997 година, а повторно е избрана во истото

звање во 2000 година. Во звањето асистент е избрана во 2003 година, а повторно реизбрана во 2006 година.

Откако е примена на Клиниката за болести на устата и пародонтот, д-р Вера Радојкова-Николовска покажува постојан интерес за усовршување во струката и за следење на стручната и научна литература.

СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ. Д-р Вера Радојкова-Николовска во текот на досегашната работа покажала перманентен стремеж во збогатувањето на стручната и научната активност, како и професионално одговорен приод кон дијагностицирањето и третманот на оралната патологија и пародонтопатија. Учествувала со реферати, како автор и коавтор, на симпозиуми и конгреси во земјава и надвор од неа. Активно учествувала со сопствен труд на Вториот конгрес на стоматолозите од Македонија во Охрид во 1998 година. Имала усна презентација на Собирот на стоматолозите на Република Македонија, одржан во Скопје 2000 година, како и на

8 Меѓународен студентски конгрес во Дојран 2001 година, за кое учество поседува и сертификат. Земала учество на трансферот на наука во два наврата. На 10.IV 1996 година Стручниот колегиум на Клиниката за болести на устата и пародонтот даде позитивна согласност и препорака до Комисијата за постдипломски студии на Стоматолошкиот факултет за прифаќање на поднесокот за магистерски труд под наслов "Компаративни метрички анализи на длабочината на гингивалнниот сулкус и пародонталниот џеб".

Трудот е финализиран и предаден на понатамошна постапка на 22. V 2000 година и успешно е одбранет на 12. VII 2000 година, по што кандидатката се здоби со звањето магистер на стоматолошки науки од областа болести на устата и пародонтот.

Досега активно учествувала на повеќе национални семинари и конгреси, како и на балканските стоматолошки конгреси во Романија (2001), во Турција (2002), Македонија (2004) и во Србија и Црна Гора (2005).

Во 1995 и 1997 година е добитник на Благодарница од Македонското лекарско друштво, а во 1999 година е добитник на Пофалница по повод 40 годишнината од основањето на Стоматолошкиот факултет.

Во 2002 година се здобила со диплома од Македонското лекарско друштво.

Активно се служи и зборува англиски јазик.

Од 2004 година е вклучена во тимот истражувачи за реализација на проектот: "Проценка на состојбата на оралното здравје и потребниот третман кај населението од Република Македонија со примена на базичните критериуми на Светската здравствена организација (СЗО)", при што од страна на Колаборациониот центар на Светската здравствена организација и Министерството за здравство се здобила со сертификат за калибрирање и тренинг за собирање и прикажување на податоци за оралното здравје во епидемиолошки и научни цели на територијата на Република Македонија.

Во мај 2005 година поднесе предлог-пријава за изработка на докторска дисертација под наслов "Влијанието на половите хормони врз пародонтално ткивната афекција", која со успех ја одбрани во 2008 година.

НАСТАВНА ДЕЈНОСТ. Д-р Вера Радојкова-Николовска има долгогодишно педагошко искуство. Како асистент имала можност за континуирана наставна едукација која во значителна мера го подобрува квалитетот на практичната настава по предметите болести на устата и пародонтот, орална патологија и орално здравје. Вежбите ги води со педагошка зрелост, уводните предавања се методолошки разработувани, а предвидената програма е во целост реализирана. Ментор е на четири студентски теми.

НАУЧНИ И СТРУЧНИ ПУБЛИКАЦИИ. Д-р Вера Радојкова-Николовска досега има објавено повеќе стручни и научни публикации. До првиот избор за помлад асистент има објавено 6 труда кои се рецензирани во Билтен бр.677. Трудовите приложени при првиот реизбор за помлад асистент се рецензирани во Билтен бр. 763. Трудовиte приложени за избор возвањето асистент се рецензирани во Билтен бр. 826, а за реизбор во звањето асистент во Билтен бр.891.

За оваа изборна постапка ги пријавува следниве трудови:

26. **Степен на коскена ресорпција кај возрасни пациенти со пародонтална болест** (англиски)

Радојкова- Николовска В, Накова М, Ивановски К, Пандилова М, Дирјанска К, Ристоска С.

7th Congres of Balkan Stomatological Society (Proceedings).Kusadasi/ Turkey; Balkan Stomatological Society, (Bostanci H editor) 2002:269

Трудот е рецензиран во Билтен бр.945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

27. **Кетак-молар алтернатива за заби во постериорна регија**
Ефтимоска М, Димитрова М, Стевановиќ М, Радојкова -Николовска В, Апостолска С.
3.Конгрес на стоматолозите од Македонија,(Апстракти) Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија, 2002:169.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.909 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2007 година.

28. **Correlation between oral hygiene, dental plaque and gingival inflammation in individuals with crowding**
Smileva Nacevska M, Belazelkoska Z, Radojkova-Nikolovska V.
78th Congres of the Europian Orthodontic Society (Book of Abstracts) Sorrento, Italy, 2002:308
Трудот е рецензиран во Билтен бр.826 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2002 година.

29. **Orthodontic treatment of an adult patient with classII/2 malocclusion: a case report**
Dzipunova B, Radojkova-Nikolovska V, Gjorgova J.
First international orthodontic congress of Serbia and Montenegro (Abstract book) Belgrade, 2003:51
Трудот е рецензиран во Билтен бр.892 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2005 година.

30. **The effects of nutritional vitamin intake on periodontal health**
Pandilova M, Ivanovski K, Ugrinska A, Minovska A, Radojkova- Nikolovska V, Ristoska S.
9th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Ohrid/Macedonia; Balkan Stomatological Society, 2004:97
Трудот е рецензиран во Билтен бр.945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

31. **Application of electronic pressure sensitive probing method in periodontal practice**
Radojkova- Nikolovska V, Nakova M, Pandilova M, Dirjanska K, Stefanovska E, Ristoska S.
9th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Ohrid/Macedonia; Balkan Stomatological Society, 2004:115.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

32. **Clinical assessment of gingival sulcus depth**
Radojkova- Nikolovska V, Nakova M, Pandilova M, Dirjanska K, Stefanovska E.
10th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Belgrade/Serbia and Montenegro; Balkan Stomatological Society, 2005:114.
Трудот е рецензиран во Билтен бр.945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

33. **Можна асоцираност помеѓу пародонталното заболување и коронарната артериска болест**
Радојкова- Николовска В., Миновска А., Георгиевска- Исмаил Љ., Малеска - Ивановска В.
Макед. стоматол. преглед 2005: 29(1-2)69-76.
Поновите литературни сознанија укажуваат на фактот дека пародонталната болест може да има етиопатогенетски придонес, како и да влијае на текот на бројни системски заболувања, посебно на кардиоваскуларните. За таа цел, авторите дизајнирале студија за одредување на вредностите на простагландинот Е2 (како важен инфламаторен маркер) во плазмата и гингивалниот флуид, како и пародонталниот статус кај пациенти со акутен миокарден инфаркт(АМИ) и хронична пародонтопатија. Првата група била оформена од 20 пациенти со акутен миокарден инфаркт и пародонтопатија (кои не користат аспирин), додека втората група ја сочинувале 20 пациенти со дијагностицирана пародонтална болест, без знаци на постоење на кардиоваскуларно заболување (кои исто така не користат аспирин).
Кај двете групи испитаници биле одредувани пародонталните индексни вредности (дентален плак, забен камен, гингивална инфламација, гингивално крварење, епителна апикална миграција и индекс на луксација), како и нивото на ПгЕ2 во плазмата и гингивалниот флуид.
Добиените резултати укажуваат на сигнификантно повисоки вредности за ПгЕ2 во плазмата и гингивалниот флуид кај двете групи испитувани пациенти, при што нивото на ПгЕ2 во плазмата бележи повисоки вредности во првата испитувана група, додека нивото на ПгЕ2 во гингивалниот флуид е поизразено застапено кај втората група испитаници. Пародонталниот статус укажува на умерено изразено пародонтално заболување со измерена епителна апикална миграција помеѓу 2 и 5 мм.

Добиените податоци ја поддржуваат тезата дека локализираната перзистентна инфекција може да влијае на системското ниво на инфламаторните медијатори како простагландин Е2. Трудот има стручно-научен придонес.

34. **Influence of fixed orthodontic appliances on periodontal index values**
Radojkova-Nikolovska V, Nakova M, Dzipunova B, Ristoska S.

10th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Belgrade/Serbia and Montenegro; Balkan Stomatological Society, 2005:114

Широката примена на фиксните ортодонтски помагала и нивното влијание врз пародонтално ткивниот комплекс беше мотив авторите да ја формираат целта на овој труд: преку следење на индикативни параметри да се утврди состојбата на пародонталното здравје кај носителите на фиксни ортодонтски апарати. Во испитувањето биле вклучени 20 пациенти, на возраст од 12 до 18 години, кај кои во текот на една година биле следени индексите на дентален плак, гингивално воспаление, гингивално крварење и нивото на коскена ресорпција. Резултатите укажуваат на значајно зголемување на сите индексни вредности, за што авторите сметаат дека се должат на ортодонтското оптоварување, како и на зголемената плак акумулација и неможноста за одржување адекватна орална хигиена. Трудот има стручен придонес.

35. **Multidisciplinary approach in adult patient: a case report**

Dzipunova B, Radojkova-Nikolovska V, J Gjorgova, Simjanovska Lj

10th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Belgrade/Serbia and Montenegro; Balkan Stomatological Society, 2005:96
Трудот е рецензиран во Билтен бр.892 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2005 година.

36. **Emotional stress and gingival inflammation**

Ristoska S.Minoska A, Pandilova M, Radojkova-Nikolovska V.

10th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Belgrade/Serbia and Montenegro; Balkan Stomatological Society, 2005:114

Трудот е рецензиран во Билтен бр.945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

37. **The level of C-reactive protein (CRP) in gingival fluid in patients with gingival inflamation**

Dirjanska K, Nakova M, Ivanovski K,Radojkova- Nikolovska V, Pandilova M, Stefanovska E.

9th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Ohrid/Macedonia; Balkan Stomatological Society, 2004:276

Трудот е рецензиран во Билтен бр.945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

38. **Влијание на половите хормони врз пародонтално-ткивната афекција** (докторска дисертација)

Вера Радојкова Николовска

Стоматолошки факултет, Скопје, 2008 година.

Докторскиот труд е рецензиран во Билтен бр.950 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на дадениот извештај може да се заклучи дека ас. д-р Вера Радојкова-Николовска покажува континуиран наставно-педагошки развој, а научната апликативност и е во перманентен подем, за што зборуваат успешно одбранетите магистерски труд и докторска дисертација, како и стручните и научни трудови објавени во земјава и надвор од неа. Стручната дејност на ас. д-р Вера Радојкова-Николовска секојдневно се надградува. Резимирајќи ги заклучоците, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет, ас. д-р Вера Радојкова-Николовска повторно да биде избрана во звањето асистент по предметот болести на устата и пародонто.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Златанка Белазелкоска, с.р.**

______________________________

2. **Проф. д-р Марија Накова, с.р.**

______________________________

3. **Проф. д-р Ана Миновска, с.р.**

______________________________

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ:МАТЕМАТИЧКИ МЕТОДИ ВО ХЕМИСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО, МОДЕЛИРАЊЕ И СИМУЛАЦИЈА НА ХЕМИСКИТЕ ПРОЦЕСИ, ОПТИМИЗАЦИЈА НА ХЕМИСКИТЕ ПРОЦЕСИ И МОДЕЛИРАЊЕ И СИМУЛАЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, донесена на XXXX седница одржана на 9.6.2010 година, именувани сме за членови на Рецензентска комисија за избор на доцент по групата предмети: математички методи во хемиското инженерство, моделирање и симулација на хемиските процеси, оптимизација на хемиските процеси и моделирање и симулација. На конкурсот објавен на 4.5.2010 во дневен весник „Дневник" се пријави само кандидатот д-р Мирко Маринковски.

По извршениот преглед на доставената документација од страна на кандидатот д-р Мирко Маринковски, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Име и презиме: Мирко Маринковски
Датум и место на раѓање: 12.10.1975, Скопје

**Образование:**

- доктор на технички науки на ТМФ-Скопје во април 2010 година, со тема: „Математичко моделирање на фотокаталитичка оксидација на нафтален", насока: процесно инженерство;
- магистер на технички науки на ТМФ во Скопје, април 2006 година, со тема: „Извлекување на тешки метали од отпадни води со атсорпција на активен јаглен и природен зеолит", насока: процесно инженерство, просечен успех: 10;
- дипломиран инженер-технолог (VII/1 степен) на ТМФ во Скопје, април 2000 година, со тема: „Моделирање на атсорпциона колона со фиксен слој за системите кисели бои-активен јаглен", насока: прехранбено-биотехнолошко инженерство, просечен успех: 9,35;
- средно образование: информатика-применета математика, „Раде Јовчевски-Корчагин", Скопје, мај 1994 година, просечен успех: 4,00.

**Наставно-образовна дејност:**

- демонстратор од февруари 2000 година по предметите: математички методи во хемиското инженерство и примена на компјутери во процесното инженерство;
- демонстратор од февруари 2001 година по предметите: математички методи во хемиското инженерство, математичко моделирање, примена на компјутери во процесното инженерство I и примена на компјутери во процесното инженерство II;
- помлад асистент од ноември 2002 година по групата предмети: математички методи I, математички методи II, математички методи, математичко моделирање I, математичко моделирање II, моделирање и оптимизација на процеси и примена на компјутери во процесното инженерство;
- асистент од септември 2006 година по групата предмети: математички методи I, математички методи II, математички методи (изборен), математичко моделирање I, математичко моделирање II, моделирање и оптимизација на процеси (изборен) и примена на компјутери во процесното инженерство.

**Сегашен статус:**

- асистент по групата предмети: математички методи во хемиското инженерство, математички методи (изборен), моделирање и симулација на хемиските процеси, моделирање и симулација (изборен), оптимизација на хемиските процеси, анализа и синтеза на процеси I и анализа и синтеза на процеси II, од 2009 година до денес.

**1. Печатени трудови:**

1. Zvezdelina Yaneva, Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, Bogdana Koumanova, *Dynamic studies of nitrophenols sorption on perfil in a fixed-bed column,* Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, 27 (2) 123-132 (2008);
2. Radmila Tomovska, Mirko Marinkovski, Radek Fajgar, *Current state of nanostructured $TiO_2$-based catalysts: Preparation methods*, Nanotechnology-Toxicological Issues and Environmental Safety, Springer, 207-229 (2007);
3. Mirko Marinkovski, Liljana Markovska and Vera Meshko, *Equilibrium studies of Pb(II), Zn(II) and Cd(II) ions onto granular activated carbon and natural zeolite,* Chemicals as Intentional and Accidental Environmental Threats, Springer, 477-486 (2006);
4. Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Experimental study and modeling of zinc adsorption by granular activated carbon and natural zeolite,* IJEP, 27(4) 285-299 (2006);

5. Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Modeling of adsorption kinetic of zinc onto granular activated carbon and natural zeolite*, J. Serb. Chem. Soc., 71(8-9) 957-967 (2006);
6. Liljana Markovska, Vera Meshko, Vladimir Noveski, Mirko Marinkovski, *Solid diffusion control of the adsorption of basic dyes onto granular activated carbon and natural zeolite in fixed-bed columns*, J. Serb. Chem. Soc., 66(7) 463-475 (2001).

**2. Учество на меѓународни научни собири:**

1. Mirko Marinkovski, Radmila Tomovska and Radek Fajgar, *UV-laser preparation and characterization of $TiO_2$-based photocatalysts containing $SiO_2$*, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2008;
2. Liljana Markovska, Mirko Marinkovski and Vera Meshko, *Concentration-dependent diffusion of Zn(II) on granular activated carbon and natural zeolite*, XIX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2006;
3. Radmila Tomovska, Mirko Marinkovski, Radek Fajgar, *Current state of nanostructured $TiO_2$-based catalysts preparation methods*, NATO Advanced Research Workshop, Varna, Bulgaria, 12-17 August 2006;
4. Mirko Marinkovski, Vera Meshko, Liljana Markovska, *Adsorption rate constants estimation of Cd and Pb onto granular activated carbon and natural zeolite with MATLAB software*, Third Humboldt Conference on Computational Chemistry, Varna, Bulgaria, 24-28 June 2006;
5. Mirko Marinkovski, Vera Meshko, Liljana Markovska, *Equilibrium studies of Pb(II), Zn(II) and Cd(II) ions onto granular activated carbon and natural zeolite*, NATO Advanced Study Institute on Chemicals as Intentional and Accidental Global Environmental Threats, Borovetz, Bulgaria, 16-27 November 2005;
6. Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Modeling of cadmium (II) ions adsorption kinetic on natural zeolite and granular activated carbon*, 1st South East European Congress of Chemical Engineering, SEECChE, Belgrade, 2005
7. Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Removal of Zn(II) and Cd(II) ions from aqueous solutions by granular activated carbon and natural zeolite*, 1st South East European Congress of Chemical Engineering, SEECChE, Belgrade, 2005;
8. Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Modeling of adsorption of zinc onto granular activated carbon and natural zeolite*, XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2004;
9. Liljana Markovska, Vera Meshko, Mirko Marinkovski, *Dynamic process simulation by SPEEDUP*, DAAD Summer Academy, Ohrid, 2-13 September 2000.

### 3. Учество на домашни научни собири:

1. Gorjana Gjurchinovska, Mirko Marinkovski, Perica Paunovic, Radmila Tomovska, Radek Fajgar, *$TiO_2$ photocatalytic oxidation of naphthalene in gas phase*, Book of abstracts of the VIII Congress of Pure and Applied Chemistry for the students of Macedonia, Skopje, 2009;
2. Liljana Markovska, Vera Meshko, Mirko Marinkovski, *Simulation of fixed-bed adsorption column with SPEEDUP*, Book of abstracts of the IV Congress of Pure and Applied Chemistry of the students of Macedonia, Skopje, 2000.

### 4. Учество на проекти

1. Adsorptive removal of toxic organic compounds and heavy metals from wastewaters by natural and low cost adsorbents, Bilateral Macedonian-Bulgarian project, Financing fund: Ministry of science of Macedonia and Ministry of science of Bulgaria, 2005-2007. Principal investigators: d-r Vera Meshko and d-r Ivan Pentchev;
2. Моделирање и симулација на атсорпција на тешки метали врз природни атсорбенти, проект финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, 2002-2004. Главен истражувач: д-р Лилјана Марковска;
3. Technology transfer center in chemical engineering and textile engineering, CD_TEMPUS-JEP-16045-2001, contractor: d-r Fernando Martins, Faculty of Engineering, University of Porto, Portugal. Coordinator: d-r Liljana Markovska;
4. Моделирање и симулација на реактор со симулиран движечки слој-примена на процесот на изомеризација и сепарација на ксилени, проект финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, 2000-2003. Главен истражувач: д-р Вера Мешко.

### 5. Нерецензирани материјали

1. Лилјана Марковска, Мирко Маринковски, *Фитување на параметри во математички модели со MATLAB Curve Fitting Toolbox*, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2005 (интерна скрипта);
2. Лилјана Марковска, Мирко Маринковски, *Компјутерска поддршка за оптимизација на процеси*, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2005 (интерна скрипта);
3. Лилјана Марковска, Кирил Лисичков, Мирко Маринковски и Фросина Мешкова, *Компјутерска поддршка за развој на процеси II дел*, Скопје, 2003, материјали за учење за курсот „Компјутерска поддршка за развој на процеси", проект CD_TEMPUS-JEP-16045-2001: „Центар за трансфер на технологија во хемиското и текстилното инженерство".

### 6. Одржани вежби

Одржани практични вежби во компјутерска лабораторија во рамките на курсот „Компјутерска поддршка за развој на процеси", Скопје, 2004, проект CD_TEMPUS-JEP-16045-2001.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци, анализата на трудовите, образецот кон извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање, како и досегашната работа како асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, може да се заклучи дека кандидатот д-р Мирко Маринковски совесно, посветено и професионално ги исполнува сите обврски во наставата на повеќе дисциплини. Неговата педагошка активност заслужува да биде истакната не само поради успешното пренесување на знаењето на студентите, туку и поради неговиот севкупен однос со нив, што е добра основа тој и во иднина да се развива во добар наставен и педагошки работник.

На научноистражувачко поле, д-р Мирко Маринковски успешно се развиваше во полето на хемиско и контролно инженерство, особено во заштитата на околината и моделирањето на хемиските процеси, работејќи на четири домашни и странски научноистражувачки и развојни проекти. Резултат на ваквиот негов развој се постигнатите поени во следниве области: наставно-образовна дејност - 19,72 поени, научноистражувачка дејност – 66,6074 поени и стручно-апликативна дејност - 13 поени, или вкупно 99,3274 поени, што е повеќе од доволно од минималниот број поени потребни за прв избор во наставно-научното звање доцент.

Од горенаведените причини, а во согласност со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Мирко Маринковски, дипл.инж.технолог, да биде изберан во звањето доцент по предметите: математички методи во хемиското инженерство, моделирање и симулација на хемиските процеси, оптимизација на хемиските процеси и моделирање и симулација.

Рецензентска комисија,

1. Д-р Лилјана Марковска, редовен професор
на Факултетот за технички науки,
Меѓународен балкански универзитет-Скопје, с.р.

2. Д-р Перица Пауновиќ, доцент
на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, с.р.

3. Д-р Радек Фајгар, виш научен соработник
на Чешката академија на науки, Република Чешка, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Мирко Светозар Маринковски
**Институција:** Технолошко-металуршки факултет -Скоје
**Научна област:** технологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Настава во летни школи и работилници** | |
| | NATO-Advanced Research Workshop (ARW)-nanotechnology-Toxicological Issues and Environmental Security, 12-17 August, 2006, Varna, Bulgaria. | 1 |
| | NATO-Chemicals as Intentional and Accidental Global Environment Threats, 16-27 November 2005, Borovetz, Bulgaria. | 1 |
| | DAAD-Numerical methods in Engineering, summer Academy, 2-13 September, 2000, Ohrid. | 1 |
| 2. | **Одржување на вежби-прв циклус студии** | |
| | Математички методи во хемиското инженерство (3 часа) | 1,35 |
| | Моделирање и симулација на хемиските процеси (3 часа) | 1,35 |
| | Моделирање и симулација (2 часа) (изборен) | 0,9 |
| | Оптимизација на хемиските процеси (2 часа) | 0,9 |
| | Анализа и синтеза на процеси I (2 часа) | 0,9 |
| | Анализа и синтеза на процеси II (3 часа) | 1,35 |
| | Анализа и синтеза на процеси (изборен) (2 часа) | 0,9 |
| 3. | **Консултации со студенти** | 0,07 |
| 4. | **Интерна скрипта од вежби** | |
| | Лилјана Марковска, Мирко Маринковски, *Фитување на параметри во математички модели со MATLAB Curve Fitting Toolbox,* ТМФ, Скопје, 2005 (интерна скрипта). | 3 |
| | Лилјана Марковска, Мирко Маринковски, *Компјутерска поддршка за оптимизација на процеси*, ТМФ, Скопје, 2005 (интерна скрипта). | 3 |
| | Лилјана Марковска, Кирил Лисичков, Мирко Маринковски и Фросина Мешкова, *Компјутерска поддршка за развој на процеси II дел*, Скопје, 2003, материјали за курсот „Компјутерска поддршка за развој на процеси". | 3 |
| | **Вкупно:** | **19,72** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одбранета докторска теза** | 8 |
| 2. | **Одбранета магистерска работа** | 4 |
| 3. | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Моделирање и симулација на атсорпција на тешки метали врз природни атсорбенти, проект финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, 2002-2004. Главен истражувач: д-р Лидјана Марковска. | 3 |
| | Моделирање и симулација на реактор со симулиран движечки слој-примена на процесот на изомеризација и сепарација на ксилени, проект финансиран од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, 2000-2003. Главен истражувач: д-р Вера Мешко. | 3 |
| 4. | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | Adsorptive removal of toxic organic compounds and heavy metals from wastewaters by natural and low cost adsorbents, Bilateral Macedonian-Bulgarian Project, Financing fund: Ministry of science of Macedonia and Ministry of science of Bulgaria, 2005-2007, Principal investigators: d-r Vera Meshko and d-r Ivan Pentchev. | 5 |
| | Technology transfer center in chemical engineering and textile engineering, CD_TEMPUS-JEP-16045-2001, Contractor: d-r Fernando Martins, Faculty of Engineering, University of Porto, Portugal. Coordinator: d-r Liljana Markovska. | 5 |
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во референтно научно/стручно списание** | |
| | Zvezdelina Yaneva, Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, Bogdana Koumanova, *Dynamic studies of nitrophenols sorption on perfil in a fixed-bed column*, Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, 27(2), 123-132, (2008). | 3,6 |
| | Radmila Tomovska, Mirko Marinkovski, Radek Fajgar, *Current state of nanostructured $TiO_2$-based catalysts: Preparation methods*, Nanotechnology-Toxicological Issues and Environmental Safety, Springer, 207-229, (2007). | 4,8 |
| | Mirko Marinkovski, Liljana Markovska and Vera Meshko, *Equilibrium studies of Pb(II), Zn(II) and Cd(II) ions onto granular activated carbon and natural zeolite*, Chemicals as Intentional and Accidental Environmental Threats, Springer, 477-486, (2006). | 4,8 |

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 5. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во референтно научно/стручно списание** | |
| | Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Experimental study and modeling of zinc adsorption by granular activated carbon and natural zeolite*, IJEP, 27(4), 285-299, (2006). | 5,152 |
| | Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Modeling of adsorption kinetic of zinc onto granulated activated carbon and natural zeolite*, J. Serb. Chem. Soc. 71 (8-9) 957-967, (2006). | 5,2888 |
| | Liljana Markovska, Vera Meshko, Vladimir Noveski, Mirko Marinkovski, *Solid diffusion control of the adsorption of basic dyes onto granular activated carbon and naturale zeolite in fixed bed columns*, J. Serb. Soc. 66 (7) 463-475, (2001). | 3,9666 |
| 6. | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | Gorjana Gjurchinovska, Mirko Marinkovski, Perica Paunovic, Radmila Tomovska, Radek Fajgar, *$TiO_2$ photocatalytic oxidation of naphthalene in gas phase*, Book of abstracts, VIII congress of Pure and Applied Chemistry for the Students oof Macedonia, 8-10 October, 2009. | 1 |
| | Mirko Marinkovski, Radmila Tomovska and Radek Fajgar, *UV-laser preparation and characterization of $TiO_2$-based photocatalysts containing $SiO_2$*, XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2008. | 1 |
| | Radmila Tomovska, Mirko Marinkovski, Radek Fajgar, *Current state of nanostructured $TiO_2$-based catalysts preparation methods*, NATO Advanced Research Workshop, 12-17 August 2006, Varna, Bulgaria. | 1 |
| | Liljana Markovska, Mirko Marinkovski and Vera Meshko, *Concentration-dependent diffusion of Zn(II) on granular activated carbon and natural zeolite*, XIX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2006. | 1 |
| | Mirko Marinkovski, Vera Meshko, Liljana Markovska, *Adsorption rate constants estimation of Cd and Pb onto granular activated carbon and natural zeolite with MATLAB software*, 24-28 June 2006, Varna, Bulgaria. | 1 |
| | Mirko Marinkovski, Vera Meshko, Liljana Markovska, *Equilibrium studies of Pb(II), Zn(II) and Cd(II) ions onto granular activated carbon and natural zeolite*, 16-27 November 2005, Borovetz, Bulgaria. | 1 |
| | Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Modeling of cadmium (II) ions adsorption kinetic on natural zeolite and granular activated carbon*, 1st South East European Congress of Chemical Engineering, SEECChE, Belgrade, 2005. | 1 |

| 6. | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
|---|---|---|
| | Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Removal of Zn(II) and Cd(II) ions from aqueous solutions by granular activated carbon and natural zeolite*, 1st South East European Congress of Chemical Engineering, SEECChE, Belgrade, 2005. | 1 |
| | Mirko Marinkovski, Liljana Markovska, Vera Meshko, *Modeling of adsorption of zinc onto granular activated carbon and natural zeolite*, XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2004. | 1 |
| | Frosina Meshkova, Mirko Marinkovski, *Tools and libraries for scientific calculations*, Book of abstracts, V congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia, 8-10 October, 2003. | 1 |
| | Liljana Markovska, Vera Meshko, Mirko Marinkovski, *Dynamic process simulation by SPEEDUP*, DAAD Summer Academy, Ohrid, 2000. | 1 |
| | **Вкупно:** | **66,6074** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | |
| | Еколошко-технолошки елаборат-ДПТУ ПЕХАР ДООЕЛ-Скопје | 1 |
| | Студија за управување со цврсти техногени отпадоци од металуршката индустрија во регионот на град Скопје, Министерство за животна средина и просторно планирање | 1 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | XX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2008 | 1 |
| | XIX Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2006 | 1 |
| | XVIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, 2004 | 1 |
| 2. | **Студиски престој во странство до три месеци** | |
| | Едномесечен престој (6.10-5.11. 2009)-Institute for process fundamentals of the ASCR (ICPF), Institute of chemical processes (CAS), Czech academy of science, Prague, Czech Republic, project of d-r Radek Fajgar, "Laser-induced decomposition of cobalt and nickel carbonyls for preparation of carbon encapsulated metal nanoparticles", Czech Science Foundation Grants no. GA203/07/0546. | 0,5 |
| | Два месечен престој (5.5-4.7. 2008) на Institute for process fundamentals of the ASCR (ICPF), Institute of chemical processes (CAS), Czech academy of science, Prague, Czech Republic, project of d-r Radek Fajgar "Laser-induced decomposition of cobalt and nickel carbonyls for preparation of carbon encapsulated metal nanoparticles", Czech Science Foundation Grants no. GA203/07/0546. | 0,5 |
| | 3 неделен престој на Универзитетот во Порто, Факултет за инженерство, Порто, Португалија, во рамките на проектот TEMPUS JEP-16045-2001. | 0,5 |
| 3. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник)** | |
| | Примена на нова современа технолошка постапка за добивање на никел и негови соли од примарни и секундарни никелови суровини, Министерство за образование и наука, предлог - проект. | 0,5 |
| | Управување со отпаден пепел од термоелектрани во Р. Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, предлог - проект. | 0,5 |
| | Кинетика на лужење на манган од оксидно-карбонатни. манганови руди, Министерство за обрзование и наука, предлог - проект. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник)** | |
| | Синтеза, карактеризација и апликација на нанодимензионирани нестихиометриски оксиди-Магнели фази, Министерство за образование и наука, предлог – проект. | 0,5 |
| | Примена на процесот на $TiO_2$ фотокаталитичка оксидација за деградација на органски соединенија (полутанти) во воздух, Министерство за образование и наука, предлог - проект. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | **Член на факултетска комисија** | |
| | КТС (кредит - трансфер систем) | 0,5 |
| 5. | **Координатор за студиска програма** | |
| | КТС за хемиско процесно инженерство | 1 |
| 6. | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Велес, Неготино, Кавадарци, Богданци и Гевгелија, 2006. | 0,5 |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Велес, Неготино, Кавадарци, Богданци и Гевгелија, 2007. | 0,5 |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Струга и Охрид, 2008. | 0,5 |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Гевгелија, Богданци, Струмица, Берово, Делчево, Виница, Штип, Куманово, 2009. | 0,5 |
| | Презентација на програмата на ТМФ во Струга и Охрид, 2010. | 0,5 |
| | Вкупно: | 13 |
| | | |
| | | |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 19,72 |
| | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:** | 66,6074 |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС:** | 13 |
| | **Вкупно поени:** | 99,3274 |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ НАЦРТНА ГЕОМЕТРИЈА, ТЕХНИЧКО ЦРТАЊЕ, КОМПЈУТЕРСКО ПОМОГНАТО ПРОЕКТИРАЊЕ И 3Д-МОДЕЛИРАЊЕ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ГРАФИЧКИ КОМУНИКАЦИИ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на 12. седница оддржана на 11.5.2010 година, донесе одлука со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за избор на помлад асистент по предметите нацртна геометрија, техничко цртање, компјутерско помогнато проектирање и 3Д-моделирање во Институтот за графички комуникации и математика на Архитектонскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс објавен во „Дневник" и „Коха" на 19.4.2010 година за работното место помлад асистент по предметите нацртна геометрија, техничко цртање, компјутерско помогнато проектирање и 3Д-моделирање во Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет во Скопје, се пријави кандидатот Филип Ценовски.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ја доставил комплетната потребна документација. Врз основа на увидот во целокупната документација за кандидатот, Комисијата му го доставува на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Филип Ценовски, дипл. инж. арх. е роден на 9 јуни 1975 година во Скопје.

Средно образование завршил во ПМГ „Раде Јовчевски Корчагин" и се добил со звањето информатички техничар.

На Архитектонскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1994/1995 година, а дипломирал на 14.10.2002 година со просек од положените испити 9,08, а дипломскиот труд го положил со оценка 10 на тема „Метафаза" Крива Паланка.

Успешно ги завршил обврските по предметот компјутерско проектирање, испитот по предметот нацртна геометрија го положил со оценка 8, а перспектива со 10.

Од 2003 година работел во АРТИНГ-друштво за проектирање, инженерство и производство во Скопје.

Во 1994 година бил ангажиран во списанието за информатика „Поинтер", како член на уредувачкиот одбор.

Од 1994 до 1999 година бил стипендист на Министерството за образование на Фондот за талентирани ученици и студенти.

Во 2003/04 година се запишал на постдипломски студии по архитектура и урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје и моментално работи на дефинирање на темата за магистерскиот труд.

Од октомври 2007 година вработен е како помлад асистент по предметите нацртна геометрија, техничко цртање, компјутерско помогнато проектирање и 3Д-моделирање во Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет во Скопје (Билтен број 920 од 15 мај 2007 година).

## НАСТАВА И ПЕДАГОШКА РАБОТА

Кандидатот за време на судиите бил ангажиран како демонстратор во кабинетот за проектирање на станбени згради, угостителски објекти и објекти за колективно домување во V и VI семестар.

По вработувањето како помлад асистент во Институтот за графички комуникации и математика на Архитектонскиот факултет во Скопје, помл. ас. Филип Ценовски одржува редовни вежби по предметите нацртна геометрија и перспектива со техничко цртање (2007 година), но и редовни вежби од групата предмети од компјутерската техника, вовед во компјутерски помогнато проектирање (CAD/CAAD), компјутерски помогнато проектирање (CAD/CAAD) и 3Д-моделирање за кои подготвува и матреријал за успешно одржување на вежбите, кои се конципирани кон изучување и применување на современата сметачка технологија, односно примена на апликативните програми за уредување и едитирање на текст, изготвување на проектна документација и визуелизација (креирање на просторен модел, материјализација и анимација). Освен ангажираноста на матичната Катедра, по потреба работи и во архитектонските студија во II семестар (сесија 2007/2008) и изборната продлабочена настава во VIII и IX семестар (сесија 2009). Покрај зголемениот обем на вежби (работни часови), пом. ас. Филип Ценовски се обидува да пронајде време за работа со студентите и надвор од редовната настава. Своето искуство во примената на компјутерската техника ја споделува со колегите и студентите но и своето знаење од областа на архитектонската теорија, историја и практика.

Покрај редовната студиска педагошка работа, пом. ас. Филип Ценовски учествува и како ментор на Летната школа за архитектура во манастрот Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, во сесиите 2008 и 2009 година во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје. Во 2010 година е именуван за секретар на Школата.

Во 2009 и 2010 година ги организирале и ги водеше стручните екскурзии во Република Турција, каде што сопствениот афинитет кон вредностите на античката, византиската и отоманската уметност и филозофија, особено вредностите на архитектурата, се обиде да им ги пренесе на студентите онаму каде што тие и биле создавани.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во рамките на постдипломските студии, помл. ас. Филип Ценовски изработува три семинарски труда како дел од една целина – Архитектонски речник:

Фрагмент: За фрагментот и идеалот на класичната уметност, неговата етимологија и аспектите кои произлегуваат од неговиот корен фрагере. Семинарскиот труд се занимава со истражување на релацијата помеѓу делот и неговиот првобитен контекст-целината.

Фолдинг: Семинарскиот труд зборува за поврзаноста на „Теоријата на хаосот" и „Барокната теорија" како основа да се сфати фолдингот во денешните архитектонски излагања и практика, за неговата суштина, модулација, влијанието од дејството на силите, како и надворешното и внатрешното единство (складност).

Деконструкција: За деконструкцијата како паралелен тек на постмодернизмот, особености и можност за нов израз. За деконструктивистичката постапка, влијанието врз структурата одвнатре и однадвор, внатрешната преобразба и редефинирањето на неговото значење.

## СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Конкурсни трудови:

- Март 2007 година – учество на јавен анонимен конкурс за идејно урбанистичко-архитектонско решение за Музеј на ВМРО во Скопје.
- Јануари 2008 година – учество на јавен анонимен конкурс за идејно урбанистичко-архитектонско решение за православен храм на плоштадот „Македонија" во Скопје (јавна набавка конкурс бр. 4/08).

  Проектот за православниот храм на плоштадот „Македонија" е обид да се пронајде супстанција од која ќе произлезе формалната структура на објектот, кој како симбол ќе ги наметне своите идеи, идеали и морални вредности. Таа супстанција е всушност вистинската вредност на духот на православната мисла и црквата како структура преку која ја согледуваме догматиката за вечноста.
- Мај 2009 година - учество на јавен анонимен конкурс за изработка на идејно архитектонско решение за обнова на Стопанска банка на плоштадот „Македонија" во Скопје.

  Конкурсниот труд воведува нова структура или нова комплексна обвивка на постојниот објект. Нејзината конструкција овозможува природно внатрешно воздушно струење со кое се постигнуваат значителни енергетски заштеди и нов конфор во работните простории. Освен еколошкиот и економскиот аспект, фасадната структура придонесува постојниот објект да добие нов лик од кој ќе произлезе и новиот визуелен впечаток на комплексот.

## АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТИ И РЕАЛИЗАЦИИ

- 11 мај 2009 година – изработка на идеен архитектонски проект за трговски, економски и административен училиштен центар во Малишево, Косово (норвешка донација).
- Јануари 2010 година – изработка на идеен и основен архитектонски проект за индивидуален семеен објект во Скопје, нас. Ѓорче Петров.
- Март 2010 година – изработка на идеен и основен архитектонски проект за доградба на индивидуален семеен објект во Скопје, нас. Карпош.

## ИЗЛОЖБИ И ПУБЛИКАЦИИ

- Март 2009 година - изложба на ААМ (Асоцијација на архитекти на Македонија), учество со второнаграден конкурсен труд на идејно урбанистичко-архитектонско решение за библиотека во Гевгелија.
- 3-11 ноември 2009 година - 60 години Архитектонски факултет, учество со второнаграден конкурсен труд на идејно урбанистичко-архитектонско решение за библиотека во Гевгелија.

## ПУБЛИКАЦИИ

- EUROPAN 7 (SUBURBAN CHALLENGE, URBAN INTENSITS AND HOUSING DIVERSITS (заедно со С.Тасиќ)
- Април 2010 - Стручна лектура на македонското издание на триесет и деветтото германско издание на „Нојферт", кое го објавува „Арс ламина" од Скопје.

Кандидатот активно ги владее англискиот и српскиот јазик, а посетувал настава за германски јазик.

Се служи со стандардната гама на софтварски пакети како AutoCAD, ArchiCAD, Artlantis, Corel Draw, Microsoft Office, Acrobat Reader, Quark X press, Mavin Hal и Mavin Kit), поврзани со подготовката на проектна документација, дизајн и обработка на графика и текст.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложените референци, како и од личното познавање на кандидатот, Комисијата го истакнува следново:

Кандидатот помл.ас. Филип Ценовски се одликува со одговорност, темелност и етичност во однос на студентите и колегите како негови главни карактерни особини. И покрај големиот број на вежби, континуирано се занимава и со проблемите од архитектонската дејност, со изработка на проекти и проширување на неговите стручни сознанија. Кандидатот својата љубов кон професијата ја манифестира и со активното учество на повеќе конкурси и изложби.

Комисијата ги цени резултатите што кандидатот ги постигнува во наставата и стручната дејност, како и на полето на примената на сметачките машини.

Поради сето досега изнесено, а во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, членовите на Комисијата со задоволство му препорачуваат на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, кандидатот помл. ас. Филип Ценовски, д.и.а., повторно да биде избиран во звањето помлад асистент на група предмети по нацртна геометрија, техничко цртање, компјутерско помогнато проектирање и 3Д-моделирање во Институтот за графички комуникации на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1.Проф. д-р Косто Мангаровски д.и.а, претседател, с.р.
2.Проф. д-р Бранко Трпковски д.и.а, член, с.р.
3.Проф. д-р Анета Христова-Поповска д.и.а, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, на 13. седница одржана на 31.5.2010 година, донесе одлука со која се именува рецензентска комисија за избор на еден асистент од областа на архитектонските конструкции на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, во состав:

- д-р Тихомир Стојков, редовен професор – претседател
- м-р Митко Хаџи-Пуља, вонреден професор - член
- д-р Огнен Марина, доцент – член

На распишаниот конкурс објавен во дневните весници „Дневник" и „Коха" од 15.5.2010 година во законски определениот рок се пријави м-р Димитар Папастеревски, д.и.а., помлад асистент по групата предмети од областа на архитектонските конструкции во Институтот за високоградба.

Врз основа на увидот во поднесената документација и од личното познавање на кандидатот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1. Биографски податоци**

1.1. Додипломско образование:

- Во периодот 1986-1990 година завршил средно образование во општата гимназија, „Јосип Броз Тито" во Битола, насока физика-техника;
- Во периодот 1990-2002 година завршил студии на Архитеконскиот факултет-Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со просечен успех 8,22;
- Во 2002 година, под менторство на проф. д-р Тихомир Стојков, ја одбранил дипломската работа на тема: „Висока школа за архитектура и дизајн во Охрид", со оценка 10.

1.2. Постдипломско образование и усовршување:

- Во периодот 2004-2009 година на Архитектонскиот факултет во Скопје, ги ислушал постдипломските (магистерски) студии по архитектура и урбанизам;
- Во периодот 2005-2006 проследил обука на тема „Енергетска контрола на згради;
- изработка на проекти за енергетска контрола и енергетска ефикасност на архитектонски објекти" и се стекнал со професионален сертификат издаден од ENSI – Energy Saving International AS;
- Во 2008 година во својство на истражувач, престојувал во Холандија, во Dem Hag, кадешто зел учество во проектот на тема: „Куќа во транзиција" (Habitat Ypenbirg);
- Во 2010 година, на Архитектонскиот факултет во Скопје го одбранил магистерскиот труд под наслов: „**Метод на консеквентно гернерирање на архитектонски цртеж од архитектонски детал до основен проект**" и се стекнал со научен степен магистер по архитектура и урбанизам.

## 2. Работно искуство

- Во периодот 1995-1996 година бил вработен во архитектонското студио „Венци", Скопје;
- Во периодот 2002-2003 година работел во Фабриката за префабрикувани елементи „Карпош" АД - Скопје;
- Во 2003 година (од 1.10.2003) е избран во звањето помлад асистент по предметите архитектонски конструкции 2 и детаљ и обработка на архитектонски простор на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (Универзитетскиот билтен бр. 835);
- Во 2007 година е преизбран во звањето помлад асистент по предметите архитектонски конструкции 2 и детаљ и обработка на архитектонски простор на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (Универзитетскиот билтен бр. 914).

## 3. Наставна дејност

Како помлад асистент учествувал во организацијата и изведувањето на вежбите по предметот архитектонски конструкции 2 (III и IV сем.), во изведувањето на вежбите по предметите детаљ и обработка на архитектонски простор (VIII и IX сем.) и менаџмент и управување со инвестициони проекти (V сем.)

Во изминатиот период, помл. ас. м-р Димитар Папастеревски активно соработувал со проф. д-р Тихомир Стојков во изготвуавњето на 6 наставни помагала – практикуми I - VI кои се користат во изведувањето на наставата по предметот архитектонски конструкции 2

Во 2007 година, како ментор, учествувал на Меѓународната летна школа за архитектура на тема: „Град за сите"(„Citu for all")

## 4. Научноистражувачка работа

4.1. Семинарски трудови (постдипломски студии):

- *Архитектонски речник*, ментор проф. д-р Минас Бакалчев;
- *Што ако...*, ментор проф. д-р Минас Бакалчев;
- *Примена на современи дрвени конструкции во ниската станбнена изградба*, ментор: проф. Владимир Бошковски;
- *Осврт кон методите за развивање на истражувачкиот процес за обнова на ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" во Скопје*, ментор: проф. Д-р Тихомир Стојков.

4.2. Студии и научноистражувачки проекти:

- 2007 - соработник во Студијата за обнова на ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" во Скопје, научноистражучки проект изработен на Архитектонскиот факултет во Скопје, спонзориран од страна на Амбасадата на Швајцарската федерација во Скопје. Раководител на проектот: проф. д-р Тихомир Стојков;
- 2007 - студиски проект: „Куќа во транзиција: Habitat Ypenbirg", Dem Hag, Холандија

## 5. Проекти, архитектонски конкурси, изложби и специјални награди

5.1. Проекти:

- 2008 - соработник во изработката на основниот проект (фаза архитектура) со проект за изведба за обнова на ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци" во Скопје. Проектот со проектната документација е работен на Архитектонскиот факултет во Скопје. Раководител на проектот: проф. д-р Тихомир Стојков

5.2. Архитектонски конкурси:

- 2007, Идеен проект за библиотека во Берово, распишан од UNDP (архитектонски и урбанистички конкурс);
- 2007, Идеен проект за спомен-куќата на Мајка Тереза, Скопје, распишан од министерството за култура на Р. Македонија (архитектонски и урбанистички конкурс, втора награда) ;
- 2007, Идеен проект за музејскиот комплекс „Македонска борба" на плоштадот „Карпош" во Скопје, распишан од Министерството за култура на Р. Македонија (архитектонско-урбанистички конкурс, откуп) ;
- 2008, Идеен проект за спомен-куќа на Тодор Проевски, Гумење, Крушево, распишан од Министерството за култура на Р. Македонија (архитектонски и урбанистички конкурс, втора награда).

5.3. Изложби:

- 2006 (11.9 - 19.11.2006), национална презентација на 10. Меѓународна изложба: Bienale Di Venezia, Венеција, на тема: „Град, архитектура, општество - Град на можни светови" (комесар на изложбата: Фросина Зафировска, куратори: проф. д-р Минас Бакалчев и проф. м-р Митко Хаџи-Пуља), група автори;
- 2007, национална презентација на проектот: „Куќа во транзиција: Habitat Ypenbirg", Dem Hag, Холандија (коавтор);
- 2008 - (10.9 - 19.11.2008), национална презентација на 11. Меѓународна изложба: Bienale Di Venezia, Венеција, на тема: „Out There – Architecture beuond building – Metak – Out Cuts", Куратор: Aaron Betsky (комесар на изложбата: Фросина Зафировска, куратори: проф. д-р Минас Бакалчев и проф. м-р Митко Хаџи-Пуља), група автори.

5.4. Специјални награди:

- 2006, Меѓународна изложба: Bienale Di Venezia, Венеција, на тема: „Град, архитектура, општество - Град на можни светови" (специјална награда од жирито на Биеналето во Венеција), група автори;
- 2006, (декември): Голема годишна награда за архитектура на Асоцијацијата на архитекти на Македонија (ААМ) за 2006 година, за проектот: „Град, архитектура, општество - Град на можни светови" покровител на наградата Претседателот на Р. Македонија (Труд изложен на Биеналето во Венеција, 2006 година), група автори;
- 2008, Специјална награда на жирито на БИМАС 2008 за проектот на тема: „Куќа во транзиција: Habitat Ypenburg" (труд изложен во Den Hag, Холандија, 2007 година), коавтор;
- 2008 - Меѓународна изложба: Bienale Di Venezia, Венеција, на тема: „Out There-Architecture beyond building – Metamak – Out Cuts" (специјална награда од жирито на Биеналето во Венеција), група автори

**6. Учество во работилници**

- 2007, ментор во работилница на тема: „Оживување на левиот брег на реката Вардар" организатори: град Скопје и Архитектонски факултет - Скопје;
- 2008, ментор во работилница на тема: „Моја архитектура" организатори: Архитектонски факултет - Скопје и Факултет за технички науки - Нови Сад, Р. Србија

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на досегашната работа и постигнатите резултати во наставната, научноистражувачката и апликативната дејност на Архитектонскиот факултет, како и добиените референтни признанија и награди за својата работа на полето на архитектурата надвор од Факултетот во периодот по неговиот реизбор во звањето помлад асистент, Комисијата го изразува своето длабоко уверување дека м-р Димитар Папастеревски се потврдил како личност со високи педагошки и творечки способности.

Комисијата особено ја нагласува неговата успешна работа како соработник во наставно-педагошкиот процес на Факултетот и како исклучително комуникативна и омилена личност подеднакво меѓу наставниците и студентите, секогаш спремна да им помогне во разбирањето и совладувањето на материјата од предметите за кои бил избран. Високо може да се оцени и неговиот капацитет при соработката во различни видови на проекти, во организацијата на наставата и во изготвувањето на наставните помагала по предметот архитектонски конструкции 2. Во таа смисла, Комисијата смета дека м-р Димитар Папастеревски, помлад асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје, се стекнал со извонредна основа за сопствено понатамошно академско и професионално надградување.

Од наведените причини, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, врз основа на чл. 130 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 35/2008) и чл. 24 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатот м-р Димитар Папастеревски, д.и.а., да биде избран за асистент по групата предмети од областа на архитектонските конструкции на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Д-р Тихомир Стојков, редовен професор, претседател, с.р.
2. М-р Митко Хаџи-Пуља, вонреден професор, член, с.р.
3. Д-р Огнен Марина, доцент, член, с.р.

**И С П Р А В К А**

**НА РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ ОД АСТРОНОМИЈА И ОПШТА ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ,** објавен во Билтенот бр. 987 од 1.06.2010 година

**Треба да гласи**

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИ ОД ТЕОРИСКА ФИЗИКА И ОПШТА ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Членови на Комисијата

1. Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ во Скопје

2. Д-р Благоја Вељаноски, редовен професор на ПМФ во Скопје

3. Д-р Ненад Новковски, редовен професор на ПМФ во Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФАКТОРСКА ВАЛИДНОСТ НА НЕКОИ ТЕСТОВИ ЗА ПРОЦЕНКА НА EUROFIT-БАТЕРИЈАТА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ФАДИЛ МАМУТИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Факултетот за физичка култура и членовите 45 и 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 28 V. 2010 година, донесе одлука бр. 0201-81/4 за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Фадил Мамути. На седницата беше предложена Комисија во состав: проф. д-р Вујица Живковиќ, ментор, проф. д-р Јован Јовановски, претседател, насл. доц. д-р Георги Георгиев, член, проф. д-р Жарко Костовски, член и проф. д-р Бесник Телаи, член.

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет, Комисијата го поднесува следниот:

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов **ФАКТОРСКА ВАЛИДНОСТ НА НЕКОИ ТЕСТОВИ ЗА ПРОЦЕНКА НА EUROFIT-БАТЕРИЈАТА**, од кандидатот м-р Фадил Мамути, содржи 388 страници текст, разделен на 9 глави, и тоа: **1. ВОВЕД**, напишана на 12 страници, **2. ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА**, напишана на 30 страници, **3. ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**, напишана на 3 страници, **4. МЕТОД НА РАБОТА**, напишана на 10 страници, 5. **РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА**, напишана на 214 страници, **6. ЗАКЛУЧОЦИ**, напишана на 41 страница, 7. **ТЕОРЕТСКО И ПРАКТИЧНО ЗНАЧЕЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И МОЖНОСТА ЗА ГЕНЕРАЛИЗАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**, напишана на 10 страници, **8. ЛИТЕРАТУРА**, напишана на 18 страници (наведени 161 библиографска единица) и **ПРИЛОЗИ**, напишана на 45 страници.

Кај ваков вид истражувања, во методолошко-техничка смисла, квалитетот, бројот, обемот, пропорционалниот однос на главите и подглавите ги задоволуваат и најстрогите критериуми.

Во таа смисла, во понатамошниот текст ќе се задржиме, во најкуси можни црти, на секоја глава одделно.

Во првата глава - **ВОВЕД**, авторот, во 12 страници, дава краток осврт на карактеристиките на Eurofit-тест батеријата за вреднување на телесниот развој, и моторичките способности на школската популација во Европа. Исто така авторот, објаснува што е физичкиот фитнес и причините за креирање на Eurofit тест-батеријата за деца и возрасни. Понатаму авторот дава краток осврт врз останатите тестови кои се применети во неговото истражување, со цел нивното компарирање

со актуелната батерија тестови Eurofit. Тука пред се се мисли на тестови кои во голем број истражувања се користени во насока на дефинирање на одредени структури на антрополошкиот простор на слична популација испитаници.

Во втората глава - **ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА**, која е напишана на 30 страници, со 51 цитирана библиографска единица, кандидатот м-р Фадил Мамути дава увид на истражувањата кои имаат голема блискост со предметот на ова истражување. Презентираните истражувања се поделени во две групи. Во првата група се презентирани истражувањата кои се од Eurofit-тест батеријата, додека во втората група се презентирани истражувањата кои се покажаа доста моќни во нашата истражувачка литература од областа на физичката култура. Врз основа на презентираниот материјал можеме да кажеме дека изборот на приложените трудови во целост одговара на предметот на истражувањето и во голема мера ја расветлува проблематиката опфатена во ова истражување.

Во третата глава – **ПРЕДМЕТ, ЦЕЛ И ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**, која е презентирана на 3 страници, авторот најнапред јасно го дефинира предметот на неговото истражување. Во таа смисла, предмет на неговото истражување претставуваат антропометриските карактеристики, моторичките и функционалните способности кај учениците од 11, 12, 13 и 14-годишна возраст од двата пола во Република Македонија. Цел на истражувањето претставува факторската валидност на некои тестови за проценка на антропометриските карактеристики, моторичките и функционалните способности дефинирани во Eurofit тест-батеријата, но проширени со одредени тестови што во нашата литература се покажаа како доста од коректни методолошки аспект во проценката на горенаведените карактеристики и способности. Во продолжение, со еден коректен методолошки пристап, кандидатот поставил вкупно 13 хипотези кои во целост одговараат на поставениот предмет и цели на истражувањето,

Во четвртата глава - **МЕТОД НА РАБОТА**, која е напишана на 10 страници, инкорпорирани се повеќе подглави, и тоа: примерок на испитаници, примерок на варијабли, програма и постапка на мерењето на антропометриските, моторичките и функционалните варијабли. Во оваа глава, авторот во целост го презентира трансверзалниот модел на истражување. Во истражувањето се опфатени 400 испитаници, поделени на 8 суппримерци. Секој суппримерок е составен од најмалку 50 испитаници, и тоа за секоја генерација и пол посебно. За изработката на дисертацијата авторот предвидел варијабли за проценка на морфолошките латентни димензии, и тоа за лонгитудиналната димензионалност на скелетот, трансферзалната димензионалност на скелетот, волуменот и масата на телото и варијаблите за проценка на поткожното масно ткиво. Во однос на варијаблите за проценка на моторичките способности, применети се варијабли за проценка на: експлозивната сила, репетитивната сила и издржливоста на сила, рамнотежата, флексибилноста, фреквенцијата на движењата како и варијаблите за проценка на агилноста. За проценка на функционалните способности на испитаниците, исто така е применета батерија на тестови со солидни метриски карактеристики.

Сите резултати на ова истражување се обработени со вообичаени стандардни постапки кои даваат информации за централните и дисперзионите статистики за секоја манифестна варијабла поодделно. За таа цел се пресметани:

средна вредност, стандардна девијација, минимален и максимален (нумерички) резултат, распон помеѓу измерените резултати, коефициент на варијабилност. Меѓусебната поврзаност на применетите варијабли за секој суппримерок поодделно е пресметана со помош на матрица на интеркорелација а нивната факторизацијата е извршена со помош на Hoteling-овата метода на прва главна компонента. Факторската валидност за секоја варијабла и истражуван простор посебно за секоја возрасна категорија и пол е направена со помош на квадрираните сатурации на секоја варијабла спрема секоја добиена латентна димензија одделно, односно врз основа на квантитативно изразената вредност на комуналитетите ($h^2$). На овој начин е обезбеден методолошки валиден и коректен пристап кон одредување на факторски највалидните тестови за проценка на секоја добиена латентна димензија поодделно.

Во петтата глава – **РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА,** напишана на 214 страници, со помош на табеларен приказ, авторот на еден многу јасен, концизен и стручен јазик ги презентира сите добиени резултати. Основните статистички параметри за секој анализиран простор (антропометриски, моторички и функционален), за целиот примерок на испитаници, како и за секоја од применетите суппримероци, се прикажани на 29 табели. Применетата факторска анализа за целиот примерок на испитаници, како и за секоја од применетите суппримероци, прикажани се на 241 табели. Врз основа на презентираниот материјал и дискусија по нив, може да се каже дека авторот во целост одговорил на поставените хипотези, со што во голема мера дал придонес во расветлувањето на многу важни сегменти за антропометрискиот, моторичкиот и функционалниот простор, а тоа јасно е прикажано со добиените батерии на тестови за сите генерации од двата пола посебно (11, 12, 13 и 14-годишна возраст)..

Во шестата глава – **ЗАКЛУЧОЦИ**, дадени се вкупно 32 заклучока, од кои се гледа дека авторот поседува извонредни способности за сублимирање на голем број податоци со јасни и концизни заклучоци. Со нив се дадени целосни одговори на сите поставени прашања, сублимирани во целите, задачите и хипотезите на истражувањето, со што во целост се разјаснува третираната проблематика во неговата докторска дисертација.

Во седмата глава – **ТЕОРЕТСКО И ПРАКТИЧНО ЗНАЧАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**, која е напишана на 10 страници, авторот укажува на теоретското и практичкото значење на истражувањето. Добиените резултати даваат нови научни информации, со што во целост ја збогатуваат кинезиолошката теорија, во насока на добивање посуптилни и метриски повалидни тестови за проценка на антрополошкиот статус на младината. На овој начин придонес се дава не само на национално ниво, туку и пошироко. Се надеваме дека овие резултати ќе ја заинтересираат и европската истражувачка јавност, бидејќи тие во голема мера покажаа дека е потребна одредена корекција на веќе етаблираната Eurofit батерија во насока на промовирање на нови факторски повалидни тестови добиени во вакви или слични истражувања, а сè со цел добивање на повалидни податоци потребни за соодветно следење на развојните аспекти на физичкиот фитнес на европската младина. Практичното значење на овој труд, пред сè, оди во насока на изработка на една национална батерија за вреднување на телесниот развој и моторичките способности на школската популација во Р. Македонија, како еден важен

предуслов за создавање национална стратегија за превенција од сè поголемиот број цивилизациски закани насочена кон здравјето на нашата популација.

Во осмата глава - **ЛИТЕРАТУРА**, која е напишана на 18 страници, авторот има презентирано 161 библиографска единица од повеќе автори од земјата и од странство. Користената литература е соодветна и во целост одговара на поставените цели на истражувањето, а тоа говори за познавањето на проблематиката од страна на авторот, како и за неговиот сериозен приод во решавањето на проблемот на истражувањето.

Во главата **ПРИЛОЗИ**, која е напишана на 45 страници, авторот сите варијабли од антропометрискиот, моторичкиот и функционалниот простор ги има презентирано текстуално и со слики. За секоја варијабла е образложена стандардната постапка на мерење. Со цел да не се оптоварува текстот, авторот, описот и техниката на мерењето на антропометриските, моторичките и функционалните варијабли, ги прикажува на крај.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот материјал како и врз основа на досега изнесеното, Комисијата е на мислење дека докторската дисертација по својата содржина, обем, квалитет и значење е оригинална. Од тие причини, Комисијата му предлага на Наставно – научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје да го усвои приложениот извештај за докторска дисертација на кандидатот м-р Фадил Мамути на тема: **ФАКТОРСКА ВАЛИДНОСТ НА НЕКОИ ТЕСТОВИ ЗА ПРОЦЕНКА НА EUROFIT - БАТЕРИЈАТА,** и на кандидатот да му се одобри јавна одбрана.

Комисија

Проф. д-р Вујица Живковиќ, ментор с.р.

Проф. д-р Јован Јовановски, претседател с.р.

Насл. доц. д-р Георги Георгиев, член с.р.

Проф. д- р Жарко Костовски, член с.р.

Проф. д-р Бесник Телаи, член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДНЕСУВАЊЕ НА АРМИРАНОБЕТОНСКИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ВИСОКОЈАКОСЕН БЕТОН ПОД ДЕЈСТВО НА ПРОМЕНЛИВИ ТОВАРИ ВО ТЕК НА ВРЕМЕ" ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТОНИ АРАНЃЕЛОВСКИ, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 363 седница одржана на 29.4.2010, нè именува за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов **„ОДНЕСУВАЊЕ НА АРМИРАНОБЕТОНСКИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ВИСОКОЈАКОСЕН БЕТОН ПОД ДЕЈСТВО НА ПРОМЕНЛИВИ ТОВАРИ ВО ТЕК НА ВРЕМЕ"**, изработена од м-р Тони Аранѓеловски, дипл.град.инж., асистент на Градежниот факултет во Скопје.

По прегледот на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов **„Однесување на армиранобетонски елементи од високо-јакосен бетон под дејство на променливи товари во тек на време"**, изработена од м-р Тони Аранѓеловски, дипл.град.инж., изложена е на 360 страници, разработена е во 11 глави и содржи 238 слики, 90 табели и список на литература со 59 наслови.

### 1.Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето во дисертацијата е однесувањето на армиранобетонските елементи од високојакосен бетон под дејство на променливите товари во тек на време.

Течењето и собирањето на бетонот се долготрајни процеси кои имаат големо влијание врз однесувањето на армиранобетонските елементи и конструкции кои предизвикуваат перманентен истражувачки интерес.

Во анализата на конструкцијата, експлоатационите товари се најзначајна променлива која има непосредно влијание на временскиот развој и конечната вредност на деформациите од течењето на бетонот.

Дејството на долготрајните и променливите товари предизвикува значително зголемување на дилатациите во бетонот и арматурата, зголемување на широчината на пукнатините и деформациите, намалување на крутоста на затегнување при свиткување и намалување на напрегањата на прилепување на врската меѓу арматурата и бетонот што води кон промена на напрегањата во бетонот и арматурата.

Еден од значајните фактори кој има влијание на развојот и конечните вредности на деформациите од течење на бетонот е историјата на товарење на конструктивните елементи и кај определени реални бетонски конструкции констатирано е големо несогласување помеѓу пресметаното и стварното однесување на конструкцијата со тек на време. Тоа е најмногу изразено кај конструкциите кај кои во фазата на експлоатација доста долго е присутен и променливиот товар како кај градските патни и железнички мостови,

кранските патеки кај индустриските објекти, меѓукатните конструкции на катните складишта и на меѓукатните конструкции на катните паркиралишта. Според тоа може да се заклучи дека на однесувањето на реалните конструкции во тек на време, покрај влијанието што го имаат постојаните товари, големо влијание имаат и променливите товари.

Заради сѐ почестата примена на високојакосните бетони во инженерската практика и заради решавање на одредени проблеми кои не можат да се надминат со примена на обичен армиран бетон се наметнува и потребата од проучување на однесувањето на елементите и конструкциите од бетон со зголемен квалитет во тек на време за дејство на товари со различен карактер.

За што попрецизно дефинирање на влијанието на променливите товари неопходни се експериментални истражувања при што е потребно да се варираат повеќе параметри: механичките и деформабилните карактеристики на бетонот, интензитетот, карактерот и времетраењето на променливиот товар, староста на бетонот при товарење, димензиите на елементите и др.

Во рамките на дисертацијата, за посеопфатно дефинирање на влијанието на променливите товари врз однесувањето на армиранобетонските елементи од високојакосен бетон во тек на време, реализирана е обемна експериментална програма. При тоа, следено е однесувањето на елементите при дејство на: краткотрајни товари до лом, долготраен постојан товар “G“, долготраен товар со интензитет кој е еднаков на збирот од постојаниот товар “G“ и дел од променливиот товар “Q“ со интензитет во висина од 50% како квази перманентен товар G+Q/2, долготраен постојан товар и повторуван променлив товар кој се менува во циклуси на товарење/растоварување од по 24 часа и долготраен постојан товар и повторуван променлив товар кој се менува во циклуси на товарење/растоварување од по 48 часа.

Покрај разгледуваните истории на товарење, при реализирањето на експерименталната програма, анализирано е и влијанието на различните физичко механички карактеристики на бетонот, при што за изработка на гредите користен е бетон класа C30/37 и класа C60/75.

За теоретска анализа на однесувањето на армиранобетонските греди изложени на различни истории на товарење во тек на време употребен е софтверскиот пакет DIANA ver.9.2 кој овозможува физичка нелинеарна анализа по методот на конечни елементи со примена на моделите: Smeared crack модел и Total strain crack модел. Верификацијата на математичкиот модел е направена со споредба на теоретските и добиените експериментални резултати.

Денес, за пресметување на деформациите од собирање и течење на бетонот, односно граничните состојби на употребливост, се користат модели кај кои покрај дејството на постојаните товари предвид се зема и дејството на променливите товари. Променливите товари најчесто во анализата се земаат како квазиперманентен товар, односно се претпоставува еден дел од променливиот товар да дејствува како постојан товар преку коефициентот на учество $\Psi_2$ како што е дадено во Европските норми EN1992-1-1:2004, односно EUROCODE-2.

Од анализата, за разгледуваните истории на товарење, користејќи го моделот на EUROCODE-2 определени се коефициентите на учество $\Psi_2$ со кои дејството на променливите товари може да се замени со дејство на квазиперманентен товар, определување на квазиперманентната комбинација при докажување на

граничните состојби на употребливост. Оваа комбинација се користи за пресметување на влијанието на долготрајното дејство на постојаниот и променливиот товар на широчината на пукнатините и големината на деформациите предизвикани од течење на бетонот.

## 2.Содржина на дисертацијата

Теоретските и експерименталните истражувања се дадени во единаесет поглавја со список на користена литература.

Во глава 1 се дадени вовед, основа на проблемот и значење, предмет и цел на истражувањето и содржината на докторската дисертација, со кои се дефинира влијанието на собирањето и течењето на бетонот на бетонските конструкции не само при дејство на постојани, но и при дејство на променливи товари.

Во глава 2 се опишани деформабилните својства на бетонот, односно однесување на бетонот при краткотрајни, долготрајни и циклични товари. Детално се дадени сите компоненти на собирањето: пластично собирање, собирање на бетонот во текот на првите 24 часа, автогено собирање, собирање при сушење, собирање од термално потекло и јаглеродно собирање. Покрај деформациите од собирање, дадени се и карактеристиките на деформациите од течење на бетонот како параметар кој директно влијае на временскиот развој и конечните вредности на деформациите.

Во глава 3 е направен преглед на некои експериментални истражувања на влијанието на постојаните и променливите товари врз деформациите од течењето на бетонот кои се објавени во литературата. Од анализата на експерименталните истражувања утврдено е влијанието на постојаните и променливите товари на развојот на дилатациите во бетонот и арматурата, растојанието помеѓу пукнатините, широчината на пукнатините и големината на деформациите. Спроведените експериментални истражувања за определување на влијанијата од променливите товари, променливиот товар го третираат како цикличен товар кој дејствува во неколку циклуси на товарење-растоварување или во голем број на циклуси на товарења-растоварување во многу краток период на испитување од неколку часа до неколку дена. Оттука произлегува и идејата за изучување на влијанието на променливиот товар кој на една реална конструкција се задржува подолго време.

Во глава 4 се прикажани врските помеѓу напрегањата и дилатациите на бетонот при краткотрајно дејство на товарот на притисок и затегнување и при дејство на постојани товари во тек на време со посебен осврт на врските кои се дадени во CEB-FIP Model Code 1990, европскиот стандард EN1992-1-1 Проектирање на бетонски конструкции (EUROCODE-2) и според препораките за проектирање на бетонските конструкции на Јапонското друштво на градежни инженери (JSCE Guidelines for concrete No.3 Standard specifications for concrete structures 2002 Structural performance verification). Според наведените прописи, стандарди и препораки, дадени се моделите за прогнозирање на деформациите од собирање и течење на бетонот, како и моделот B3 кој денес е еден од најсовремените модели за дефинирање на влијанието од течењето на бетонот. Дадени се карактеристиките на линеарните теории на течење, како и главните причини за нелинеарната природа на течењето. Освен за однесувањето на бетонот, дадени се врските помеѓу напрегањата и дилатациите за арматурата и врската помеѓу бетонот и арматурата.

Во глава 5 се разработени методите за анализа на течењето кај конструкциите кои денес најчесто се користат за анализа на бетонските конструкции. Даден е опис на алгебарските методи кои дозволуваат употреба на различни функции на течење, а апроксимацијата е во фазата на анализата на решението. Освен алгебарските методи, прикажани се и методите кои употребуваат упростени функции на течење (поедноставни врски помеѓу напрегањата и дилатациите) кои овозможуваат релативно едноставно пресметување на конструкциите.

Во глава 6 е даден начинот на пресметувањето на граничните состојби на употребливост на армиранобетонските конструкции преку ограничување на напрегањата на притисок и затегнување, пресметување на широчината на пукнатината и пресметување на деформациите. Прикажани се повеќе актуелни методи и постапки за определување на овие карактеристични параметри кои го дефинираат однесувањето на армиранобетонските елементи.

Во глава 7 се изнесени современите методи за нумеричка анализа на армиранобетонските конструкции кои се употребуваат: Smeared crack модел, total strain crack моделот, ортогоналните и неортогоналните модели кои наоѓаат и практична примена во сотверскиот пакет DIANA.

Во глава 8 се изложени експерименталните истражувања на влијанието на променливите товари врз однесувањето на армиранобетонските елементи. Во неа е дадена целта на експерименталното испитување и преку описот на експерименталната програма се добива јасна претстава за сите елементи на експерименталното истражување: поделба на гредите по серии и групи, материјали и начин на изработка на гредите и контролните тела, мерната техника и начинот на товарење и испитување на елементите. Во продолжение дадени се резултатите од испитувањата на механичките и деформабилните својства на бетонот класа C30/37 иC60/75, и тоа: јакост на притисок, јакост на затегнување при свиткување, јакост на затегнување при цепење, модул на еластичност, автогено собирање, собирање при сушење и течење. Сите наведени својства на бетонот се испитани при старост на бетонот од 40 и 400 дена. За двете класи на бетон испитани се вкупно 75 контролни тела. Исто така, извршено е испитување на арматурата за профилите со $\phi8$ и $\phi12$ на вкупно 20 пробни епрувети со испитување на: јакоста на развлекување, јакоста при кинење и модулот на еластичност. Анализата на резултатите од следењето на однесувањето на 24 армиранобетонски греди зазема најголем дел во оваа глава. Од експерименталните испитувања на армиранобетонските греди добиени се голем број на податоци за измерените деформации, широчина на пукнатините и дилатациите во бетонот и арматурата кои во однос на товарењето и времето на испитување можат да се поделат на:

- податоци кои се добиени при испитување на краткотраен товар до лом при старост на бетонот од 40 и 400 дена;
- податоци кои се добиени при следењето на однесувањето на армиранобетонските греди под дејство на долготраен постојан товар во период од 360 дена;
- податоци кои се добиени при следењето на однесувањето на армиранобетонските греди под дејство на долготраен постојан товар и повторуван променлив товар.

Сите карактеристични резултати се прикажани за секоја серија на греди одделно и споредбено. Јасната графичка и табеларна презентација на резултатите е надополнета со нивна детална анализа.

Во глава 9 е опишан предлогот за решение при дефинирањето на влијанието на променливите товари на однесувањето на армиранобетонските елементи во тек на време, користејќи ја постапката со квазиперманентен товар. За решение на проблемот е користена една варијанта на решението со кое од вредност нула на деформацијата ќе се добие експериментално измерената деформација на ниво на дејство на постојаниот товар и на тој начин да се определи големината на квазиперманентниот товар. Предложени се коефициенти на учество на квазиперманентниот товар, добиени со нумеричкото решение на модел од софтверот DIANA, кои можат да се споредуваат со оние дадени во EUROCODE-2.

Во глава 10 се презентирани заклучоците од ова истражување и дадени се препораки за натамошни истражувања во оваа област.

Во глава 11, авторот дава преглед на литературата што ја користел при изработката на дисертацијата која содржи 59 наслови.

## 3.Придонес на дисертацијата

Истражувањето, кое е спроведено во рамките на докторската дисертација, покрива една карактеристична област од бетонските конструкции во изучувањето на влијанијата од променливите товари на развојот на деформациите предизвикани од течењето на бетонот која станува предмет на интерес на голем број истражувачи. Знаејќи дека најголем дел од изразите во најсовремените модели за дефинирање на собирањето и течењето имаат емпириски карактер, се цени дека посебен придонес на овој труд е успешно реализираната обемна експериментална програма. Од извршената експериментална и теоретска анализа на армиранобетонските греди кои при старост на бетонот од 40 и 400 дена се испитани на краткотрајни товари до лом и анализата на резултатите од испитувањето на гредите во временски период од 360 дена изложени на дејство на различни истории на товарење, а потоа испитани до лом, донесени се повеќе значајни заклучоци за однесувањето на армиранобетонските елементи на дејство на променливите товари.

Во однос на главната тема, која е предмет на истражување во трудот, главниот заклучок е дека се потврдува фактот дека изразените по времетраење променливи товари треба да се имаат предвид при доказот на граничните состојби на употребливост. При дејство на долготраен постојан и повторуван променлив товар, однесувањето на армиранобетонските греди од обичен и високојакосен бетон зависи од историјата на товарење, односно должината на циклусите на товарење со променлив товар 24 или 48 часа. Врз основа на добиените резултати и препораки во еврокодовите каде што вклучувањето на променливите товари се врши преку т.н. квазиперманентен товар, односно преку коефициентот $\Psi_2$, може да се констатира дека неговата вредност зависи од времетраењето на циклусите на товарење со променливиот товар. За разгледуваните истории на товарење може да се усвои $\Psi_2$=0.50 за $\Delta_t$=24 часа и $\Psi_2$=0.65 за $\Delta_t$=48 часа за гредите од обичен бетон. За истите истории на товарење за гредите од високојакосен бетон не можат да се предложат коефициентите $\Psi_2$ бидејќи е констатирана постабилизирана состојба на пукнатини, која не зависи од времетраењето на променливиот товар. Во овој случај, моментот на појава на пукнатини и експлоатациониот момент се со приближно еднаква вредност. Оттука произлегува и заклучокот дека при дефинирањето на коефициентот $\Psi_2$ треба да се имаат предвид бројот и широчината на пукнатините во поодделните фази на товарење, односно

состојбата на напрегањата во армиранобетонските елементи која и во еврокодовите не се анализира посебно.

## 4.Заклучок

По извршениот преглед на докторската дисертација под наслов „Однесување на армиранобетонски елементи од високојакосен бетон на дејство на променливи товари во тек на време” од кандидатот м-р Тони Аранѓеловски, дипл.град.инж., Комисијата го изнесува следниов

ЗАКЛУЧОК

Во докторската дисертација се третира еден исклучително значаен и се уште недоволно истражен сегмент од анализата на армиранобетонските конструкции. Досегашните истражувања во областа на собирањето и течењето на бетонот и нивното влијание на бетонските конструкции се многубројни, но изучувањето на влијанието на променливите товари во светски размери е сосема малку проучувано, особено подолгото задржување на променливите товари на конструкциите. Затоа извршените анализи и изнесените резултати, предлози, мислења и сугестии се од големо значење и претставуваат значаен научен придонес во теоријата на армираниот бетон.

На ова место посебно треба се спомене реализираната експериментална програма, која претставува продолжение на експерименталните истражувања кои во изминатите 35 години се реализираат на Градежниот факултет во Скопје и придонес кон експерименталните истражувања во областа на бетонските конструкции.

Експерименталните резултати, според својот обем, значење и оригиналност, се меѓу ретките и во светски рамки и можат да послужат како основа за понатамошни теоретски истражувања.

Согласно со погоре изнесеното мислење, ни претставува особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оцена на Рецензентската комисија за поднесената докторска дисертација на м-р Тони Аранѓеловски и согласно со законските одредби за докторирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје да закаже јавна одбрана.

Рецензенти

Проф. д-р Санде Атанасовски с.р.

Проф. д-р Питер Марк с.р.

Проф. д-р Петар Бабамов с.р.

Проф. д-р Зоран Десовски с.р.

Проф. д-р Горан Марковски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА МИКРОАРМИРАЊЕТО СО ЧЕЛИЧНИ ВЛАКНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА АРМИРАНОБЕТОНСКИТЕ ГРЕДИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МЕРИМА ШАХИНАГИЌ-ИСОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 29.4.2010 година, ги назначи членовите на Комисијата за оцена и преглед на докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕ НА МИКРОАРМИРАЊЕТО СО ЧЕЛИЧНИ ВЛАКНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА АРМИРАНОБЕТОНСКИТЕ ГРЕДИ, од кандидатката м-р Мерима Шахинагиќ-Исовиќ, дипломиран градежен инженер, повисок асистент на Градежниот факултет при универзитетот "Џемал Биједиќ" во Мостар, Босна и Херцеговина. По извршениот преглед на докторската дисертација, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Докторската дисертација на кандидатката м-р. Мерима Шахинагиќ-Исовиќ под наслов: „ВЛИЈАНИЕ НА МИКРОАРМИРАЊЕТО СО ЧЕЛИЧНИ ВЛАКНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА АРМИРАНОБЕТОНСКИТЕ ГРЕДИ" преку експериментално и теоретско истражување ја разгледува проблематиката на временски зависните деформации на армиранобетонските греди со додаток на челични влакна и влијанието на староста на микроармираниот бетон врз неговите физичко-механички својства. Со испитување на армиранобетонските пробни елементи со краткотраен статички товар до состојба на лом, утврдено е и влијанието на микроармирањето врз нивната напонско-деформациска состојба.

Докторската дисертација е презентирана на 174 страници со вкупно 7 поглавја, кратко резиме (содржина на трудот) и список на употребените симболи. Во дисертацијата се прикажани вкупно 70 табели, 123 слики и 96 формули.

Познавањето на долготрајните, временски зависни својства на бетонот е од особено значење за неговата употреба како конструктивен материјал, поради што ваквите истражувања, особено кога се проследени со обемни и добро осмислени експериментални испитувања имаат исклучително значење за збогатување на збирката на вредни сознанија од оваа област.

На почетокот на трудот се дадени **Содржина**, **Резиме** и **Приказ на користените симболи.**

Во поглавјето 1 под наслов **Увод**, дадена е општа слика на полето на денешните истражувања на микроармираните материјали. Презентиран е краток историски развој на овие материјали, општо, економските и технолошките предности во однос на нивната примена и досегашните истражувања на својствата на микроармираните бетони. Во уводот е истакната целта на истражувањето на полето на дефинирање на реолошките својства на

микроармираниот бетон и тоа посебно на собирањето на армиранобетонските греди.

Истакнато е дека со сè почестата примена на микроармираниот бетон во инженерската практика и со решавањето на одредени проблеми кои не можат да бидат разрешени со примена на обичниот армиран бетон, се наметнува потребата од попродлабочено проучување на однесувањето на елементите и конструкциите од микроармираниот бетон во тек на време.

Во ова поглавје е изнесена и целта на истражувањето, како и кус осврт на содржината на сите поглавја поодделно.

Во поглавјето 2 под наслов **Особености на микроармираниот бетон**, даден е преглед на досегашните истражувања на дефинирањето на основните својства на матрицата (бетонот) и влакната (посебно челичните), како и на својствата на микроармираниот бетон во свежа и во стврдната состојба, со посебен осврт на реолошките својства.

Опишани се општите принципи за дефинирање на рецептурата за изработка на мешавината на микроамираниот бетон со челични влакна, вградливоста и обработливоста, збивањето и негата на примероците, јакоста на притисок, јакоста на затегнување, извлекувањето на челичните влакна, јакоста на затегнување при свиткување и деформациите од собирање и течење на микроармираниот бетон со челични влакна. Од наведениот приказ јасно се согледува дека кандидатката детално ја проучила достапната литература од областа која ја анализирала, дала сублимиран преглед на однесувањето на микроармираниот бетон во свежа и стврдната состојба, како и теоретски основи на механиката на микроармирањето со сите добри и лоши карактеристики на овој материјал неопходен за објаснување на анализите во следните поглавја.

Во поглавјето 3 под наслов **Досегашни истражувања на полето на деформациите од собирање**, кандидатката дава целосен приказ на досегашните искуства на полето на временски зависните деформации од собирањето на бетонот кои укажуваат на доста широко подрачје на истражување и комплексност на проблемот. Собирањето претставува временска деформација на намалување на волуменот на бетонот без дејствување на надворешни сили. На временскиот тек и конечните вредности на собирањето влијаат бројни фактори: температурата и влажноста на околината, димензиите и облиците на попречниот пресек на бетонскиот елемент, видот и количината на цементот, водоцементниот фактор, гранулометрискиот и минеролошкиот состав на агрегатот, јакоста на бетонот, начинот на вградување и негата на бетонот, староста на бетонот во моментот на прекин на негата и низа други фактори.

Во ова поглавје се опишани аспектите на проучување на причините за собирањето на бетонот: механичките, термичките, хиролошките, во чии рамки посебно е разгледуван модулот на еластичност (Е-модул) и коефициентот на термичкото ширење на бетонот (СТЕ), хидратацијата и хидратационата топлина на цементот, условите на околината и останатите релевантни карактеристики за дефинирање на интензитетот на деформациите од собирањето.

Опишани се и основните видови собирање: температурно (термичко) собирање, пластично собирање, хемиско собирање, автогено собирање, собирање заради сушење, собирање заради карбонатизација. Оваа поделба е

дефинирана по анализирањето на големиот број податоци од достапната стручна и научна литература. Кандидатката истакнува дека никаде не е јасно нагласена границата помеѓу наведените видови на собирање. И покрај тоа што разни автори се занимавале со истражување на одделните видови на собирање, во литературата многу ретко можат да се сретнат примери на едно место да бидат објаснети сите наведени видови, што претставува дополнителен придонес на оваа дисертација.

Посебно значајно е поглавјето 4 со наслов **Резултати од експерименталните истражувања**. Тука кандидатката ги прикажува резултатите од извршените експериментални истражувања на однесувањето на елементите (гредите) од обичен бетон и бетон со висока јакост, со и без челични влакна во тек на подолг временски период, т.е. во тек на t=400 дена, за четири различни мешавини на бетонот. На идентичните греди е утврдено и влијанието на староста на бетонот врз состојбата на напрегања и деформации при дејство на краткотрајни оптоварувања до лом. Товарот е аплициран со две концентрирани сили на третина од распонот на гредата. Разгледуван е односот оптоварување/угибите во средината на гредата, како и односот на интензитетот на товарот со дилатациите во бетонот и арматурата по висина на попречниот пресек на гредата.

На определен број на контролни (пробни) тела, кои се вградени при изработката на соодветните греди, утврдени се следниве основни физичко-механички и реолошки својства на бетонот: јакост на притисок, јакост на затегнување при свиткување, јакост на затегнување при цепење, модулот на еластичност и деформациите од собирањето (автогено и собирање заради сушење).

Во поглавјето 5 со наслов **Нумеричка анализа на микроармираниот бетон**, предложен е нумерички модел за пресметување на големината на вкупното собирање на гредите изработени од микроармиран бетон со матрица од обичен бетон МБ30 (ПБАБ 87), односно C30/37 (EC2) и бетони со висока јакост МБ70 (ПБАБ 87), односно C60/75 (EC2) и соодветно армирани со класична арматура.

Дадени се основните податоци за програмскиот пакет DIANA, со кој е извршена анализа на дадените проблеми. Опишан е материјалниот модел со посебен акцент на бетонот и арматурата, како избран тип на материјал, потоа Mohr-Coulomb-ов и Drucker-Prager-ов модел за моделирање на староста на избраниот материјален модел. Собирањето на бетонот е моделирано според важечките стандарди: European CEB-FIP Model Code 1990, American Concrete Institute Code 209 и Dutch NEN 6720 code.

Во поглавјето 6 со наслов **Заклучоци и препораки**, дадени се позначајните заклучоци кои произлегуваат од извршените експериментални и теоретски истражувања, како и предлог за понатамошни истражувања. Може да се каже дека покрај ова со трудот се отвораат и многу нови прашања на полето на дефинирање на однесувањето на елементите и конструкциите од микроармираниот бетон во тек на време.

Во поглавјето 7 со наслов **Литература**, даден е список на стручната и научна литература користена при изработката на дисертацијата.

## 2. НАУЧЕН ПРИДОНЕС И ЗАКЛУЧОЦИ НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Врз основа на деталниот преглед на докторската дисертација, Комисијата оценува дека темата која е обработена е актуелна и комплексна и нуди можности за квалитетни сознанија и заклучоци. Истражувањето на сложената материја како што се временските деформации на бетонот, особено кога е придружено со експериментални испитувања, изискува добро познавање на проблематиката, значителни материјални средства и доста време.

Придонесот на оваа докторска теза може посебно да се согледа во анализите и резултатите изложени во поглавјето 4.

Експерименталните истражувања се спроведени во лабораторијата на Градежниот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во периодот 2007-2008 година.

Експерименталната програма се состои од изработка, следење на однесувањето во тек на време и статичко испитување до лом на 16 пробни елементи (греди) со попречен пресек 15/28cm и вкупна должина од 300cm., како и изработка и испитување на 151 пробно тело со различни облици и димензии кои служат за утврдување на механичките и реолошките својства на вградениот бетон.

Гредите се изработени од марка бетон МБ 30 (ПБАБ 87), односно C30/37 (EC2) и марка бетон МБ70 (ПБАБ87), односно C60/75 (EC2), со и без челични влакна. Сите греди се армирани со подолжна ребраста арматура РА400/500-2, и тоа: во долната зона со 2ФР12, во горната зона со 2ФР8 и со попречна глатка арматура ГА240/360- 22Ф6,. Покрај ова, 8 греди (од 16) се армирани и со челични влакна, и тоа 4 греди од МБ30 (ПБАБ 87), односно C30/37 (EC2) и 4 греди од МБ 70 (ПБАБ 87), односно C60/75 (EC2). Процентот на микроармирањето во однос на целиот волумен на бетонот изнесува 0,45%. Користените челични влакна во мешавината на композитот се ЧВ (JV 50/30; ИРИ ДД Љубљана), должината на влакната е 32mm, а ефективниот пречник 0,5mm.

Сите 16 греди по предвидениот начин и време на испитување, се оптоварени со краткотраен товар до лом, при што е утврдена состојба на напрегања и деформации за четири вида на бетон: обичен бетон (OSC), бетон со висока јакост (HSC), обичен бетон со челични влакна (FROSC) и бетон со висока јакост со челични влакна (FRHSC). Кај осум (8) греди, изработени од четири различни видови на бетонски мешавини, следени се деформациите од собирање во тек на време од 420 до 430 дена.

Од механичките и реолошките својства на бетонот, испитувани се: јакост на притисок, јакост на затегнување при свиткување, јакост на затегнување при цепење, модул на еластичност, автогено собирање, собирање заради сушење и течење. Сите наведени својства се анализирани и определени за сите четири вида бетон (OSC, HSC, FROSC и FRHSC). Јакоста на притисок, јакоста на затегнување при свиткување и јакоста на затегнувње при цепење се испитувани на 24 пробни тела, од кои, 12 пробни тела се испитани по 35-40 дена, а 12 пробни тела по 420-430 дена. Статичкиот модул на еластичност при притисок е определен со испитување на 48 пробни тела, од што 24 пробни тела служат за определување на јакост на притисок.

И за определување на модулот на еластичност, 12 пробни тела се испитани по 35-40 дена, а 12 пробни тела по 420-430 дена. Деформациите на бетонот се

следени во временскиот период од 420 до 430 дена, при што автогеното собирање е испитувано на 8 пробни тела, собирањето заради сушење на 14 пробни тела, а течењето на 9 пробни тела.

Имајќи го сето ова предвид, може да се заклучи дека истражувањето со одвива паралелно во два правца. Едниот е споредба на однесувањето на елементите и телата изработени од обичен и од високојакосен бетон, а другиот се однесува на определување на влијанието на микроармирањето со челични влакна врз однесувањето на елементите изработени од двата вида на бетон.

Деталната анализа на добиените резултати дава јасна слика за двете нивоа на спроведеното истражување.

Генерално може да се заклучи дека микроармирањето има поизразено влијание кај телата и елементите изработени од обичен бетон отколку кај оние изработени од високојакосен бетон. Челичните влакна ја зголемуваат јакоста на затегнување, а имаат одредено негативно влијание врз јакоста на притисок и модулот на еластичност. Микроармирањето особено влијае на зголемување на дуктилноста на елементите и намалување на деформациите од долготрајните дејства.

Од друга страна, староста на бетонот има влијание врз неговите физичко-механички својства. Ова влијание е поголемо кај обичниот бетон.

При дефинирањето на деформациите во тек на време може да се заклучи дека во најголем број на случаи микроармирањето ги намалува деформациите од долготрајните дејства.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Во трудот е истражувано влијанието на микроармирањето со челични влакна врз однесувањето на армиранобетонските греди изработени од обичен и од високојакосен бетон во тек на време.

Покрај теоретската анализа, реализирана е и обемна експериментална програма која се состои од изработка, следење во тек на 430 дена и испитување до лом на 151 пробно тело и 16 пробни елементи изработени од обичен и од високојакосен бетон. Дел од гредите, покрај со ребреста арматура, армирани се и со челични влакна со процент на микроармирање од 0,45%.

Врз основа на извршениот преглед, Комисијата заклучи дека трудот дава низа на квалитетни сознанија и релевантни податоци од областа на однесувањето на микроармираниот обичен и високојакосен бетон и дека со него се отвора поле за понатамошни истражувања во оваа област. Особен придонес претставуваат резултатите од успешно спроведеното експериментално истражување врз основа на кои, како и при сите сериозни научни истражувања, се предлага соодветен модел за теоретска анализа на разгледуваниот проблем.

Материјата во дисертацијата е изложена на осмислен и прегледен начин, при што секое поглавје е богато документирано со соодветни табели, слики, формули и други прилози.

Имајќи ги предвид изнесените податоци може да се заклучи дека докторската дисертација претставува оригинален и успешно изработен труд со значителен научен и апликативен придонес.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да го прифати извештајот за докторската дисертација под наслов: ВЛИЈАНИЕ НА МИКРОАРМИРАЊЕТО СО ЧЕЛИЧНИ ВЛАКНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА АРМИРАНОБЕТОНСКИТЕ ГРЕДИ, изработена од кандидатката м-р. Мерима Шахинагиќ-Исовиќ, дипломиран градежен инженер, и да го определи датумот за јавна одбрана.

Членови на Комисијата:

Вонр. проф. д-р Горан Марковски с.р.

Проф. д-р Санде Атанасовски с.р.

Проф. д-р Зоран Десовски с.р.

Проф. д-р Кирил Граматиков с.р.

Проф. д-р Фуад Чатовиќ с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДНЕСУВАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИ ОД САМОВГРАДУВАЧКИ БЕТОН ПОД ВЛИЈАНИЕ НА ДОЛГОТРАЈНИ ДЕЈСТВА ВО ТЕК НА ВРЕМЕ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ХАЈДАР САДИКУ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 29.4.2010 година, ги назначи членовите на Комисијата за оцена и преглед на докторската дисертација под наслов ОДНЕСУВАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИ ОД САМОВГРАДУВАЧКИ БЕТОН ПОД ВЛИЈАНИЕ НА ДОЛГОТРАЈНИ ДЕЈСТВА ВО ТЕК НА ВРЕМЕ, од кандидатот м-р Хајдар Садику, дипломиран градежен инженер, од Приштина, Косово. По извршениот преглед на докторската дисертација, Комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Во докторската дисертација под наслов: ОДНЕСУВАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИ ОД САМОВГРАДУВАЧКИ БЕТОН ПОД ВЛИЈАНИЕ НА ДОЛГОТРАЈНИ ДЕЈСТВА ВО ТЕК НА ВРЕМЕ, кандидатот м-р Хајдар Садику преку експериментално и теоретско истражување го разгледува однесувањето на армиранобетонски елементи изработени од самовградувачки бетон, со посебен осврт на однесувањето во тек на време. Сè поголемата примена на самовградувачкиот бетон, како при градба на нови објекти, така и при санација и зајакнување на постојни, изискува подетално проучување на овој материјал. Неговата употреба за изведба на нови армиранобетонски елементи сè уште не е така честа, меѓутоа имајќи ги предвид предностите при санација и зајакнување, овој материјал наоѓа сè почеста примена.

Особено е значајна за изучување врската на постојниот бетон и новиот релативно тенок слој од самовградлив бетон. Како таа се однесува при краткотрајни товари, а како во тек на време. Со цел да се дефинираат овие однесувања, во рамките на дисертацијата е реализирана обемна експериментална програма составена од елементи - греди изработени од обичен бетон, греди од самовградувачки бетон и греди со јадро од обичен и обвивка од самовградувачки бетон

Докторската дисертација е презентирана на 232 страници со вкупно 12 поглавија, кратко резиме и содржина на трудот.

На почетокот на трудот е дадено **Резиме** кое е нумерирано како поглавје 1, а на крајот **Содржината.**

**Поглавје 2: Самовградувачки бетон**. Даден е краток историјат на овој материјал од неговата појава во 1986 год. па сè до денес, неговите предности и недостатоци, материјалите за неговата изработка и барањата кои треба да ги исполнат, дизајнирање на рецептурата, методите за испитување на неговите карактеристики и начинот на вградувањето. Прикажан е и преглед на употребата на овој материјал во регионот со материјалите кои се користат за негово производство.

**Поглавје 3: Деформациски карактеристики на бетонот**. Во ова поглавје е даден преглед на деформациските својства на бетонот, односно

односот меѓу напрегањата и деформациите. Осврт е направен на врските при краткотрајно дејство на товарот и на оние во кои е вклучен параметарот време. Детално се опишани и обработени зависностите при собирањето и течењето на бетонот.

**Поглавје 4: Врски меѓу напрегањата и деформациите во бетонот и арматурата**. Прикажани се неколку посовремени алгебарски врски меѓу напрегањата и деформациите кај бетонот, како при краткотрајно така и при долготрајно дејство на товарот. Објаснет е принципот на суперпозиција при дејство на променливи товари. Кусо се опишани постапките пропишани во Eurocode 2, ACI Committee 209 и Model B3.

**Поглавје 5: Методи за анализа на течењето во конструкциите**. Направен е кус преглед на најпознатите методи како што се: EM method, AAEMM, RC method, ID method, , Levi and Pizzeti method и др.

**Поглавје 6: Приказ на резултатите од слични експериментални испитувања**. Даден е приказ на експерименталните програми и на дел од добиените резултати на извршени покарактеристични испитувања од оваа проблематика: истражувања на проф. Горан Марковски; во Advanced Concrete Masonry Centre; Mang Tia, Yanjun Liu, Danny Brown; Jianxin Mal, Jorg Dietz и Mohammed Abdul Hameed.

**Поглавје 7: Експериментално истражување за определување на влијанието на долготрајните товари врз однесувањето на елементи од самовградувачки бетон**. На почетокот се прикажани принципите кои се запазени при експерименталното истражување. Детално е опишана експерименталната програма, материјалите и технологијата, мерната техника, начинот на товарење и испитување на пробните тела и елементи. Поодделно се прикажани резултатите од извршените експериментални испитувања: карактеристиките на вградените материјали, нивните механички и реолошки карактеристики и кај пробните елементи односот на интензитетот на товарот и угибите, дилатациите во бетонот и арматурата во кркатеристичните пресеци, појавата, развојот и отворот на прснатините и тоа при старост на бетонот од t=40 и од t=400 дена.

**Поглавје 8: Верификација на резултатите од експерименталното истражување со соодветен математички модел**. Во ова поглавје е направен обид да се предложи едноставен пресметковен модел со употреба на готово софтверско решение со кој ќе бидат добиени резултати слични на експерименталните.

**Поглавје 9: Споредба на добиените експериментални резултати**. Направена е опсежна анализа на добиените резултати. Во соодветни табели, цртежи и дијаграми презентирани се измерените вредности за дилатациите во бетонот и арматурата, угибите во средината на распонот, појавата, развојот и отворот на прснатините, за сите пробни елементи поодделно. Во истото поглавје се дадени и споредбени резултати од елементите на поодделните серии. Дел од резултатите се однесуваат на гредите испитани до лом при старост на бетонот од 40 дена, дел од вредностите се оние што се добиени при долготрајното дејство на товарот и дел за однесување на гредите при испитување до лом при старост на бетонот од 400 дена.

**Поглавје 10: Заклучоци**. Изведени се врз основа на добиените резултати од експерименталната анализа со што нивното значење станува поголемо.

## 2. НАУЧЕН ПРИДОНЕС И ЗАКЛУЧОЦИ НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Темата што се обработува во дисертацијата е крајно актуелна, при што добиените резултати имаат големо практично значење.

Може да се каже дека последните години се години на нови материјали и технологии. Всушност и реалниот напредок во градежништвото најмногу се темели токму на имплементацијата на современи материјали и технологии на градба.

Самовградувачкиот бетон е еден многу значаен репрезент од оваа група на нови материјали. Неговите предности се недвосмислен детерминирани, особено кога се употребува при сè почестите процеси на санација и зајакнување на конструктивните елементи.

За да може самовградувачкиот бетон да најде соодветна примена во процесот на градба, пред сè треба да биде составен од квалитетни материјали со јасно дефинирани својства, да биде изработен и вграден според точно утврдени процедури, да биде соодветно негуван и сл.

Со оглед на тоа што станува збор за релативно нов материјал, постојат уште многу непознати за неговото однесување, особено кога се работи за однесувањето во тек на време под дејство на долготрајни товари. Од ова сознание е произлезена и темата која се обработува во овој труд. Покрај испитувањето на однесувањето на чистиот самовградувачки бетон, извршено е и испитување на т.н. „џакетирани“ греди, односно на греди чие јадро кое е изработено од обичен бетон подоцна се обложува со самовградувачки бетон. На овој начин се симулира санација или зајакнување на постојна армиранобетонска греда. Целта не е само да се дефинира нивното однесување во тек на време, туку и да се анализира однесувањето сè до состојба на лом. За да можат да се извлечат релевантни заклучоци, паралелно се изведени и испитани идентични по геометрија греди, но едните изработени само од обичен бетон, а другите од самовградувачки.

Имајќи го предвид исклучително малиот фонд на експериментални резултати од ваков или сличен вид, трудот има големо значење во дефинирањето на однесувањето на овој материјал. Комисијата цени дека темата која е обработена е актуелна и комплексна и нуди можности за квалитетни сознанија и заклучоци. Истражувањето на сложената материја како што се временските деформации на бетонот, особено кога е придружено со експериментални испитувања, изискува добро познавање на проблематиката, значителни материјални средства и доста време.

Големиот број на добиени експериментални резултати претставуваа одлична основа за изработка на едноставен, практичен, пресметковен модел за теоретска анализа на проблемите поврзани со самовградувачкиот бетон.

Експерименталната програма се состои од изработка, следење на однесувањето во тек на време и статичкото испитување до лом на 18 пробни елементи (греди) со попречен пресек 15/28cm и вкупна должина од 300cm, како и од изработка и испитување на соодветен број пробни тела со различни облици и димензии кои служат за утврдување на механичките и реолошките својства на вградениот бетон. Третина од гредите се изработени од обичен бетон, третина

од самовградувачки и третина со јадро од обичен бетон и обвивка од самовградувачки бетон.

Од механичките и реолошките својства на бетонот со испитување се определени: јакост на притисок, јакост на затегнување при свиткување, јакост на затегнување при цепење, модул на еластичност, автогено собирање, собирање заради сушење и течење. Дел од својствата се испитани на старост на бетонот од 40 дена, а преостанатите на старост од 400 дена.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Во трудот е истражувано однесувањето во тек на време на армиранобетонски елементи изработени од самовградувачки бетон и на елементи со јадро од обичен бетон обвиткано со слој од само вградувачки бетон, односно т.н. „пакетирани" греди. Паралелно со ова се изработени, следени во тек на време и испитани до лом, соодветен број на елементи изработени од обичен бетон.

Спроведени се опсежни експериментални истражувања за определување на влијанието на краткотрајниот и долготрајниот товар врз однесувањето на пробните елементи. Добиените резултати даваат јасна слика за однесувањето на елементите изработени од самовградувачки бетон и на елементите со комбиниран пресек и тие можат да бидат користени при решавање на практични проблеми од оваа област.

Успешно спроведената обемна експериментална програма уште еднаш го потврди правилото дека за резултатите добиени со експериментално истражување нема соодветна алтернатива.

Имајќи предвид дека докторската дисертација претставува оригинален и успешно изработен труд, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да го прифати извештајот за докторската дисертација под наслов: ОДНЕСУВАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИ ОД САМОВГРАДУВАЧКИ БЕТОН ПОД ВЛИЈАНИЕ НА ДОЛГОТРАЈНИ ДЕЈСТВА ВО ТЕК НА ВРЕМЕ, изработена од кандидатот м-р Хајдар Садику, дипломиран градежен инженер, и да го определи датумот за јавна одбрана.

Членови на Комисијата

Вонр. проф. д-р Горан Марковски с.р.

Проф. д-р Санде Атанасовски с.р.

Проф. д-р Зоран Десовски с.р.

Проф. д-р Голубка Нечевска Цветановска с.р.

Проф. д-р Мисим Мисими с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03 . 797/1
11 -9 2010 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, донесена на 31.6.2010 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент на научната област граѓанско материјално право, по конкурсот објавен во весникот „Дневник“ на 28.4.2010 година.

Во својство на членови на Рецензентската комисија за избор на асистент на научната област граѓанско право, на Наставно – научниот совет му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот “Дневник“ од 28.4.2010 година за избор на асистент на научната област граѓанско материјално право се пријавија две кандидатки: м-р. Наташа Басарова и м-р Елена Игновска.

1. Кандидатката м-р Наташа Басарова, во прилог на својата пријава ги достави следниве документи: уверение за завршени постдипломски магистерски студии и положени испити и диплома за стекнат научен степен магистер на менаџмент во образованието на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кратка биографија, работна книшка, сертификат за завршена обука во рамките на проектот „ Македонија - земја на информатичари“ на програмата „Основни вештини по информатичка технологија“, диплома за завршен курс за водење на книговодство и уверение за завршен втор степен по германски јазик.

Кандидатката м-р. Наташа Басарова е родена во Велес на 30.7. 1979 година. Дипломирала на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, отсек: социологија, во ноември, 2005 година. Завршила постдипломски студии на Филозофскиот факултет во Скопје, отсек педагогија, група: образовен менаџмент, со одбраната на својот магистерски труд „Комуникациски вештини на директорите на училиштата“.

Ги владее добро англискиот и германскиот јазик. Има 3 месеци и 10 дена работно искуство како професор по граѓанско образование во средното училиште „8 Септември“.

1. М-р. Елена Игновска достави: Одлука за стекнат научен степен магистер по граѓанско право, уверение за стекнат научен степен Магистер по биоетика, биографија, список на објавени стручни и научни трудови и по еден примерок од трудовите.

Елена Игновска е родена е на 7.6.1982 година во Скопје.

Основно и средно образование завршила во Скопје. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први" во 2005 година, со просек на студии 9,34. Во текот на редовните студии, ги посетувала и едногодишните родови студии, организирани од Здружението на жените во Скопје. Постдипломските студии ги запишала исто така на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во областа на граѓанското право, каде што ги завршила сите испити со просечна оценка 9,6, а го одбранила својот магистерски труд насловен „Новите репродуктивни технологии и родителското право" на 30 ти март 2010 година. Во 2008 година ги започнала „Ерасмус Мундус" магистерските студии по биоетика како „Ерасмус Мундус" стипендист на трите универзитети: Католичкиот универзитет Лувен, Радбуд универзитетот во Најмеген и универзитетот во Падова. Го одбранила својот магистерски труд под наслов „Вредноста на животот на ембрионот низ призмата на неговиот потенцијал за развој и контекстот во кој што се развива", на универзитетот во Падова на 29. 6. 2009 година и се стекнала со научен степен Магистер.

Од 2006 година, м-р Елена Игновска е вработена на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје како помлад асистент на научната област граѓанско право. Кандидатката учествува во извршувањето на асистентските обврски на додипломските студии на предметот семејно и наследно право.

М-р Елена Игновска остварила студиски престои и учествувала на голем број конференции, семинари, школи и обуки:

1. Седмата европска конференција за социјални науки и историја, со презентација на сопствен текст „Етика во семејното право", организирана од Меѓународниот институт за социологија и историја на Универзитетот во Лисабон, 27.1.2008-2.2.2008 година.

2. Семинарот „Медитеранот како нов центар во Европа, организиран од Институтот за меѓународна социологија, Горициja, Италија, 3.9.2007-14.9.2007.

3. Програмата за обука на медијатори, на Централниот европски универзитет во Будимпешта, 8.6.2007-22.6.2007 година.

4. Семинарот „Јавно и приватно право. Решавање на спорови во современите општества, Меѓународен универзитет-Дубровник, 28.5.2007 - 1.6.2007 година.

5. Тренинзите, предавањата и едукацијата за работа со млади и тимска работа на тема „Организирање на тимска работа со млади", организирани од ОНО - Младинска невладина организација, во соработка со Леонардо и Сократ - програмата, 16.7.2006 - 22.7.2006 година.

6. Обуката на тема „Конфликт и почитување во контекст на европскиот граѓански концепт", како стипендист на Федералното министерство за социјална сигурност и заштита на потрошувачите на Австрија, 7.8.2005 - 15.8.2005 година.

7. Летната школа на тема „Заштита на сведоците во споредбеното право", организирана од АТА, Интернационалниот македонски летен универзитет, 1.7.2005 - 21.7.2005 година.

8. Проектот „Алтернативи на насилство", со главна тема „Арбитража и мирен начин на решавање на спорови", во организација на Балканскиот центар за мир, 1.3.2004 - 1.4.2004 година.

9. Обуката на тема „Трговија со луѓе", во организација на ТЕМИС, Здружението на жени правници на Македонија, февруари- март, април - мај 2003 година.

М-р Елена Игновска активно ги владее англискиот и италијанскиот јазик, а го изучува грчкиот јазик. Има одлични познавања на МС Office.

М-р Елена Игновска е автор на следните објавени трудови:

1. „Глобализацијата - прогрес, регрес или негација на семејниот живот", во Годишникот на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје во чест на Борислав Благоев, том 43, 2007.
Текстот ја разработува глобализацијата како тренд кој ги разнишува статичните правила и норми на однесување во сферата на семејниот живот. Општествените промени ја добиваат најголемата динамика во последните дваесетина години под влијание на отвореноста спрема светот на секоја поединечна култура. Ваквиот импакт е со најголеми димензии кога станува збор за семејниот живот. Реформите во семејното право се подложни на постојани адаптирања во согласност со општествените потреби. Во последниве децении реформите на семејното право доведуваат до изедначување на правата и обврските на мажите и жените, либерализирање на бракоразводниот режим, приближување па дури и изедначување на брачните и на вонбрачните заедници, како и правно регулирање на заедниците помеѓу лицата од ист пол. Материјата на семејното право се придвижува со динамиката која и ја наметнуваат секојдневните турбуленции во животот на човекот. Како што глобализацијата го рашири концептот за човековите права, тие засилено дојдоа до контакт/конфликт со семејните права.

2. „Перспективи за хармонизација на европското граѓанско право од областа на семејното право", Зборник во чест на Панта Марина, Скопје, 2007, стр. 748-754.

Во текстот е нагласена потребата за поголемо обединување на одредбите од семејното право во услови кога не е во целост хармонизирана оваа материја на полето на Европската унија. Ваквата тенденција треба да воспостави компромис помеѓу ставот за ексклузивна национална надлежност во семејните работи (со оглед на сензитивноста во нејзината природа) и ставот за поставување на супранационален инструмент кој оваа материја ќе ја третира унифицирано.

Политиката на ЕУ во однос на семејството беше водена од желбата за усогласување на професионалниот и семејниот живот. Во изминатите 30 години е постигнат постепен развој и индиректни бенефиции за членовите на семејството. Беше предвидено дека придобивките во оваа сфера по Амстердамскиот договор, во релација со судската соработка во граѓанската материја, ќе воведат минимална координација и ќе се применуваат само во предмети со прекуграничен елемент и само во функција да се елиминираат пречките за функционирање на заедничкиот пазар (повеќе отколку да служат како правна основа за креирање на европско семејно право). Новите европски активности најавуваат проширување на европските надлежности во приватните работи (потесно во областа на семејното право). Ваквиот ефект на "снежна топка" несомнено води кон артикулирање на семејноправната материја.

2. „Издржување на брачните другари по развод на бракот во Република Македонија и во некои земји од Европската унија", Евродијалог, Скопје, 2007.

Во текстот авторката ги анализира карактерот на издржувањето на брачните другари по развод на бракот, и односот меѓу разводот на бракот и издржувањето, компаративно во националното право на некои земји од Европската унија во релација со семејното право на Република Македонија.

Преку анализа на позитивните права и практичната импликација на одредбите за издржувањето на брачните другари, поставен е систем на заеднички принципи кои ги доближуваат и обединуваат заедничките карактеристики, како рамка врз основа на која можат да се надградуваат останатите прашања за издржувањето.

3. „Конвенцијата за правата на детото - декларативна или практична импликација", Зборник во чест на проф. д-р, Тодорка Оровчанец - 2006, стр. 684-694.

Текстот го нагласува исклучителното значење на Конвенцијата за правата на детето на ОН на меѓународен план, поради тоа што во неа, за прв пат, се обезбедува сеопфатна заштита на правата и на интересите на детето. Во текстот авторката посебно се задржува на имплементацијата на Конвенцијата во Законот за семејството на Република Македонија преку неговите измени и дополнувања во правец на надминување на пропустите и недореченостите во решавањето на одредени прашања. Ова е голема придобивка која го менува концептот на третирање на детето како субјект, а не како објект во постапките кога се засегнати неговите интереси. Прашањето за доследност во применувањето на Конвенцијата се анализира низ призмата на мерките и решенијата на одделните земји кои ја ратификувале Конвенцијата.

4. „Уделот на правото во комплексниот состав на биоетиката", објавен во Универзитетскиот зборник во чест на Тодор Џунов, стр. 732-743, Скопје, 2009.
Во текстот се елаборира кратката, но интензивна патека на развој на биоетиката, како посебна научна дисциплина за новите животни предизвици, која неопходно интегрира во себе повеќе научни области, и тоа: медицина, етика, филозофија, социологија и право. Посебно внимание се посветува на улогата на правото во ваквата симбиоза, преку развојниот теориски и емпириски пристап во земјите кои веќе имаат изградено свое научно портфолио во интерпретацијата на биоетиката.
Авторката ги анализира двата екстрема на уделот на правото во ваквата структура, и тоа: 1) целосна правна регулираност која може да се појави во два модела, и тоа: 1. антиципирачко право - чија улога е да ги предвиди и предвреме да ги уреди новите медицински технологии (пред тие да ги покажат своите последици) и 2. пост фестум право (кое се активира откако ќе се добијат првите критики од примената на новите технологии во практиката) и 2) минорна правна регулираност каде што правото доаѓа во втор план во однос на интерните етички кодекси на медицинската професија, социолошките алатки на следење на новите состојби и почитувањето на автономијата на изборот на поединецот.
Според авторката, на средината од овие два екстрема е улогата на правото во форма на "слабо право" кое дозволува целосна индивидуална слобода на пациентите, но се активира во процесот на регулирање на веќе донесените одлуки, или пак, самото право се повикува на етичките норми.
Со оглед на тоа што е неспорна неопходноста од правни норми во биоетиката, авторката понатаму конфронтира два спротивставени фронта: 1. обединувачки, биоправо кое е особено актуелно во овој момент од развојот на биоетиката, со неговиот разграден елемент; 2. целосна независност на медицината, етиката и правото.

5. „Family Law Ethics", (во печат) Edwin Mellen Press, LTD, UK
Текстот ја разработува положбата на жената во правниот и социолошкиот живот на Балканот, следејќи ја развојната историска патека, а преку анализа на социолошките однесувања и појави.
Авторката ја анализира амплитудата од традиционалното, патријахално семејство преку неговата еволуција, почнувајќи од феминистичките движења и економската еманципација на жената, па се до модерниот тренд на етаблирање на жена со кариера, која постепено ја напушта улогата на жена- носител на домаќинството во семејството.

Магистерскиот труд на Елена Игновска е насловен „Новите репродуктивни технологии и родителското право" и е објавен под наслов „Биорепродуктивна етика и право. Новите репродуктивни технологии и родителското право, Бигос, 2010.
Трудот е составен од вовед, пет дела и заклучен осврт. Користена е соодветна научна матодологија, цитати, фусноти и солидна и исцрпна библиографија. Кандидатката се обидела да ја структурира материјата на начин кој што ја отсликува логичката поврзаност и значењето на одделните делови од трудот.

новите репродуктивни технологии, каде се елаборира нивната историска, медицинска, психолошка, етичка и правна позадина.
Во првата подглава, се споредуваат трите позначајни начини на спроведување на асистираната репродукција со цел да се извлечат заклучоци за значењето на фактот дали зачнувањето се случува внатре или надвор од телото на жената во поглед на моментот на настанување на родителскиот однос и во поглед на статусот на ембрионот. Паралелно со нивната анализа, авторот ги наведува и спорните ситуации кои може да настапат со нивната примена од аспект на родителските права и обврски, како што се заканата од мултидимензионален родителски однос, која е спротивна со правото на детето да има двајца родители, како и опасноста од комерцијализација на телото на сурогат мајката. Авторот смета дека заедничка проблематика на сите три начини на остварување на репродуктивната функција се следниве две прашања: 1. Каков е статусот на ембрионот и 2. Како се воспоставува татковскиот и мајчинскиот однос и кога тие започнуваат? Во следните глави, авторот се обидува да ги одговори овие прашања.

Третиот дел е насловен „Родителско право и родителска одговорност". Овој дел е составен од две глави 1. "Концепти за определување на родителскиот однос", каде што авторката ги образложува сопственичките теории, биолошките теории, старателските теории и теориите кои го фаворизираат најдобриот интерес на детето и 2. "Родителското право во Конвенцијата на ОН за правата на детето, компаративно, и во Законот за семејството на Република Македонија". Авторката смета дека старателската врска е покомпатибилна со најдобриот интерес на детето од билошката врска и дека родителските права произлегуваат од правно релевантен однос, наместо од самиот факт на биолошка поврзаност. Понатаму, авторката ги анализира карактеристиките на родителските права и обврски кои се обработени од призмата на детето и се издигнати на степен на основни вредности во Конвенцијата на правата на детето и начинот на којшто тие се имплементирани во Законот на семејството на Република Македонија.
Во четвртиот дел - „Спорни ситуации во примената на новите репродуктивни технологии врз веќе воспоставените норми за родителско право и родителска одговорност", се обединуваат двете одделно разработени теми, од една страна, на новите репродуктивни технологии, и од друга страна, на родителските права и обврски. Така, првата подглава ги обработува ин витро креираните ембриони и правото на потенцијалните родители да одлучуваат за имплантација на ембрионот во утерусот на жената (каде што се тангирани правата на потенцијалниот татко и неговите родителски права, потенцијалната мајка и нејзините родителски права, како и почитувањето на зачнатиот ембрионски живот како и сурогат мајчинството, оправданост vis-á-vis неоправданост и неговите импликации врз комплексноста и мултидимензијалноста на родителскиот однос.
Петтиот дел - „Колизија и кооперација меѓу правната и етичката конфигурација на родителските права и обврски со примената на новите репродуктивни технологии" разработува две одвоени прашања: 1. До кој степен може развојот на новите репродуктивни технологии да биде конструктивен без да ја повреди суштината на родителскиот однос,

Во воведниот дел, авторот ја посочува логиката на структурата на деловите од трудот и го објаснува изборот на соодветната методологија, која главно е компаративна и интердисциплинарна. Ваквата методологија произлегува од природата на обработуваната тематика која се наоѓа во пресекот на повеќе дисциплини како медицина, право, етика, филозофија и социологија.

Првиот дел е поделен на четири подглави.

Првата подглава- „Биоетичка подлога", ја воведува дискусијата преку призмата на биоетиката, како понова научна дисциплина која што ги истражува етичките дилеми на животот на раскрсницата со медицинскиот и научниот развој. Авторката ја елаборира оправданоста и неопходноста за појавата на новата интердисциплинарна наука, која за свој предмет ги има есенцијалните животни функции и потреби на човекот кои што се предизвикани од енергичниот развој на науката и технологијата. Во втората подглава –„Почетните дискуси за правната димензија на биоетиката во Америка, земјата колевка на биоетиката„, авторката прави преглед на развојната патека на биоетиката и нејзиниот неизбежен, почетен спој со правната регулатива. Имено, авторката ги елаборира почетните замисли на авторите кои ја основаат биоетиката како посебна дисциплина, најавувајќи дека биоетиката не треба да биде без никакво влијание, како своевиден советодавен орган кој ќе ги толкува добрите наспроти лошите медицински одлуки. Напротив биоетиката се концепира како ефикасен агент-посредник меѓу етичките дилеми и нивната манифестациона форма - правото.

Во третата подглава, „Од биоетика до право, однос меѓу вредности и правила. Дали може да се зборува за сублимат биоправо?", авторката ја анализира генезата на правното регулирање на биоетичките дилеми, настојувајќи да најде одговор на прашањето дали е посоодветно биоетичките дилеми да се решаваат со ad hoc принципи или со формални правила издигнати на степен на императивни норми, применливи во секој сличен случај, и дали биоетичките дилеми треба да бидат предмет на правно регулирање пред да настанат, или само подоцна кога емпириски ќе се испитаат нивните последици. Авторката заклучува дека изборот на едната или другата опција е невозможен. Најчесто станува збор за паралелно и координирано постоење на двете опции.

Во четвртиот дел – „Соработка меѓу двете дисциплини биоетика и право", веќе е надмината дилемата дали треба примената на новите технологии во медицината да биде предмет на биоетиката или правото ексклузивно. Заклучокот е во насока на нивно коегзистирање и остварување на постојана комуникација и меѓусебно надополнување и коригирање. Автороката предупредува дека соработката меѓу овие дисциплини треба да се одвива етапно и студиозно, без да се наметнуваа доминација на било која од нив.

Вториот дел од трудот е насловен „Етичка и правна оправданост на појавата на новите репродуктивни технологии". Вториот дел е составен од две подглави: 1. "Почетокот на примената на новите репродуктивни технологии", каде што авторката ги презентира одделно почетоците на примената на вештачката инсеминација, ин витро оплодувањето и сурогат мајчинството, и 2. Оправданост на појавата и примената на

Во воведниот дел, авторката тргнува од анализата на општествената и научната оправданост на истражувањето на новите репродуктивни технологии и нивниот удел во семејното право. Авторката се повикува на Универзалната декларација за човековите права и Европската конвенција за човекови права, каде што правото на оплодување во функција на оформување на семејство е декларирано и заштитено. Авторката ги споредува двете спротивни искуства во животот на човекот: од една страна, искусувањето на родителската улога, и од друга страна, начинот на кој што се доживува стерилноста како причина за неискусување на родителската улога. Отаму, авторот ја црпи оправданоста на примената на новите репродуктивни технологии и нивното значење во семејниот живот, но и потребата за соодветна правна регулатива. Авторот се обидува да воспостави правно-релевантна врска меѓу новите репродуктивни технологии и семејното право и наведува спорни ситуации кои можат да се појават со примената на новите репродуктивни технологии кои директно ја загрозуваат постојната семејно-правна регулатива во сферата на родителското право, како и концептот на родителството генерално. Така, авторката ги доведува во прашање критериумите кои се суштествени за настанување на родителскиот однос и родителското право, и тоа биолошката vis-á-vis старателска компонента, поставувајќи ја својата главна хипотеза дека родителското право е повеќе правен отколку биолошки однос. Во рамките на елаборирање на својата главна хипотеза, авторката исто така поставува неколку споредни хипотези и се обидува да одговори на прашањето кога започнува родителската улога како начин на вршење на родителските права и должности. Имено, дали родителството започнува од моментот на зачнувањето и продолжува во текот на бременоста, или започнува само по раѓањето на детето? Авторката е внимателна во донесувањето на заклучоците кои, покрај правна, несомнено имаат и етичка заднина, имајќи предвид дека почетокот на родителското право во себе го опфаќа и комплексниот одговор на прашањето за почитување на започнатиот ембрионски живот, наспроти индивидуалното право на родителите да одлучуваат за посакуваноста на родителската функција, во смисла на одредбата за слободно и одговорно родителство, дополнително условено и со физичкиот интегритет на жената во чија утроба се наоѓа ембрионот.

Преку анализата на генералните поими за почетокот на родителските права и обврски и значењето на ембрионскиот живот, авторката се задржува на анализа на новиот Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување на Република Македонија. Авторката има предвид дека Законот е донесен релативно подоцна во однос на другите европски земји и дека генерално ја следи развојната тенденција на неговите претходници, ограничувајќи ја и усогласувајќи ја со позитивноправната традиција на Република Македонија. Во трудот се дава анализа на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување на Република Македонија и неговата доследна примена, а авторката нуди и ставови и препораки за целосна негова усогласеност со позитивната семејно-правна и наследноправна традиција на Република Македонија и генералните правила во меѓународните документи.

родителските права и обврски и 2. До кој степен може репродуктивното право, родителскиот однос, родителските права и обврски да бидат флексибилни и подложни на модификации во прилог на примената на новите репродуктивни технологии?
Последниот дел е насловен „Анализа на усогласеноста на Законот за семејството со Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување на Република Македонија". Во овој дел, авторката преку призмата на претходно разработените концепти на родителското право и новите репродуктивни технологии, ја анализира усогласеноста на македонското позитивно право кое ја регулира материјата со двата закони: законот за биомедицинско потпомогнато оплодување и Законот за семејството.

Заклучна оцена и предлог

Комисијата со внимание ги разгледа пријавите на кандидатките и имајќи ги предвид критериумите од Законот за високото образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, и соработнички звања на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и другите општи акти на Факултетот, донесе одлука да предложи м-р Елена Игновска да биде избрана во звањето асистент на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

М-р Елена Игновска ги исполнува сите услови за избор во соработничкото звање асистент. Комисијата констатира дека таа совесно и одговорно ги извршувала сите асистентски обврски на предметот семејно и наследно право. Освен тоа, м-р Елена Игновска учествувала на поголем број семинари, конференции и обуки во земјата и во странство. Покрај тоа што кандидатката успешно ги завршила магистерските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први"во Скопје, со одбрана на нејзиниот магистерски труд посветен на исклучително значајна и актуелна тема, посебно треба да се истакне дека таа ги завршила „Ерасмус Мундус" магистерските студии по биоетика, организирани на три познати и реномирани европски универзитети. Покрај наведеното, Комисијата констатира и дека м-р Елена Игновска објавила повеќе трудови во домашни и во странски публикации.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата има особено задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му го достави следниов

П Р Е Д Л О Г

М-р ЕЛЕНА ИГНОВСКА да биде избрана за соработник во звањето асистент на научната област граѓанско материјално право.

Скопје, 2.6.2010

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Родна Живковска с.р.

2. Проф д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска с.р.

3. Проф д-р Дејан Мицковиќ с.р.

# ПРЕГЛЕД

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 27.05.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Линдита Селмани, дипломиран професор по географија | „ТУРИСТИЧКИ ВРЕДНОСТИ НА КУМАНО-ВСКО-ЛИПКОВСКИОТ РЕГИОН" | д-р Ристо Мијалов, ред. проф. на ПМФ – Скопје. |
| Викторија Мангароска, дипломиран инженер архитект | „КУЛТУРНИОТ ТУРИЗАМ КАКО ФАКТОР ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СКОПЈЕ" | д-р Михаило Зиков, ред. проф. на ПМФ – Скопје. |
| Велимир Граоркоски, дипломиран инженер по информатика | „МОДЕЛ НА АДАПТИВНО ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ" | д-р Ристо Мијалов, ред. проф. на ПМФ – Скопје. |
| Виолета Шонтевска, дипломиран инженер по хемија | „ПРИМЕНА НА ВИБРАЦИОНАТА СПЕК-ТРОСКОПИЈА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ФИЛОСИЛИКАТ-НИ МИНЕРАЛИ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕ-ДОНИЈА" | акад. Глигор Јовановски, ред. проф. на ПМФ – Скопје. |